РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

Билтен број 984 Скопје,
15 април 2010 година

## Содржина на Билтен број 984 од 15 април 2010 година


**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**

1. Рецензија на докторската дисертација **Анализа на преводните текстови од полски на македонски јазик (од аспект на теоријата на преводот)**, изработена од **м-р Лидија Танушевска**, пријавена на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје.......1-9
2. Реферат за избор на двајца асистенти по наставниот предмет англиска книжевност на Катедрата за англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје **(м-р Калина Малеска-Гегај, м-р Владимир Цветкоски)**...........10-12

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник (во сите звања) за следниве научни области (дисциплини): општа социологија социолошки теории 1 и социолошки теории 2), социологија на етичките групи и социологија на спортот на Институтот за социологија при Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Константин Миноски)**..13-21
2. Реферат за избор на наставник (во сите звања) за научните области: праисториска археологија и методологија на археолошките истражувања, на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Драги Митревски)**....................................22-31
3. Реферат за избор на наставник (во сите звања) за научните области (дисциплини): средновековна западна уметност, ранохристијанска уметност и методологија на историјата на уметноста на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Снежана Филипова)**....................................32-44
4. Рецензија на докторската дисертација **Архитектурата на комплексот Марков манастир**, поднесена од **м-р Елизабета Касапова**, пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје....................................45-48
5. Рецензија на докторската дисертација **Византиските цркви во Ниш од XI до XVII век**, поднесена од **м-р Миша Ракоција**, пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје....................................49-53
6. Рецензија на ракописот **Експериментално истражување на однесувањето** од **проф. д-р Виолета Петроска-Бешка**, пријавен на Филозофскиот факултет во Скопје............54-59
7. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Филозофскиот факултет во Скопје **(м-р Бунјамин Мемеди, м-р Агим Рушити, м-р Македонка Радуловиќ, м-р Кирил Митиќ, м-р Маја Фузевска, м-р Хатиџе Ислами, м-р Љубен Тевдовски, м-р Ана Поповска, м-р Маја Анастасова)** ....................................60

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на два асистента по предметот медицина на трудот на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Драган Мијакоски, м-р сци., д-р Сашо Столески, м-р сци.)**....................................61-84
2. Реферат за избор на асистент по предметот инфектологија на Медицинскиот факултет во Скопје **(ас. д-р Милена Стевановиќ)**....................................85-88
3. Реферат за избор на еден асистент по предметот судска медицина на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Горан Павловски)**....................................89-91
4. Реферат за избор на три помлади асистенти по предметот хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Кемал Рушити, д-р Наташа Толеска, д-р Илир Веља)**......92-94
5. **Приговор** на рефератот за избор на два научни соработника по предметот дерматовенерологија на Медицинскиот факултет во Скопје, поднесен од **ас. д-р Сузана Николовска**, објавен во Билтенот на Универзитетот бр. 981 од 1.3.2010 година....................................95-96
6. **Одговор** на Рецензентската комисија на приговорот за избор на два научни соработника по предметот дерматовенерологија на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтенот на Универзитетот бр. 981 од 1.3.2010 година..........97-100

## ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"


1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје (**м-р Наташа Најденова Левиќ, м-р Сања Пандеска, м-р Сејдефа Џафче, м-р Александар С.Н. Костовски**) ....................101
2. Преглед на пријавени теми за изработка на магистерски труд на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје (**Славчо Богев, Елизабета Спироска, Орце Лазаров, Јана Илиева, Фатбарда Сулејмани, Весна Трајановска, Бранко Јаневски**)....................102
3. Рецензија на докторската дисертација **Преговарањето на меѓународни конференции**, изработена од **м-р Арлинда Меметај**, пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје....................103-109


## ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА


1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за македонска литература во Скопје (**Крсто Скубев, Билјана Дураковска-Величковска, Јелисавета Тапасковска, Николина Јосевска**) ....................110


## ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ


1. Преглед на одобрени магистерски програми и наслови на теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за музичка уметност во Скопје (**Васко Пиличев, Марјан Јанкоски, Петруш Петрушевски, Борис Светиев, Огненка Герасимовска, Ангеле Михајловски, Ѓорѓи Алаѓозоски, Марко Костиќ, Ивана Андоновска Свилар, Томислав Таневски, Сашко Темелкоски, Татјана Огнаноска, Ана Кароска, Весна Павлова, Благој Маротов, Сашо Татарчевски, Дејан Стоев, Елена Настевска, Александра Кузман, Хава Ејупи, Наташа Лалчевска, Петре Јованов, Ардиан Јашари, Катерина Весковска, Милица Василевска-Калајџиевска, Хабибе Кубур, Оливер Оливер, Снежана Дамчевска, Иван Иванов, Слободанчо Стојков, Кристијан Кароски, Марко Митковски, Самира Мустафовска, Трајче Роглев, Весна Бумбаровска-Захариевска, Магдица Димитровска, Филип Пеоски, Нина Вулековиќ, Елизабета Ѓорѓиева, Благовесна Булоска, Коста Тодоровски, Горан Јанаќев, Слободан Трајанов, Јован Трајанов, Ристе Велков, Диелза Сулејмани, Делина Хајра, Беса Лугичи, Ана Мусева, Ирена Крстеска, Елисавета Василева, Сања Симоновска, Милена Гиевска, Даниел Лазаровски, Фросина Богданоска, Ана Дробац, Цветанка Дебарлиева, Марјан Ивановски, Денис Ајдуковиќ, Ванчо Аревски, Маја Станковска, Џардан Џиноли, Здравко Ангелов, Арбен Асланај, Гоце Михајловски, Шкумбин Барјактари, Денис Емин, Џемал Џакиќ, Александар Гошев, Атанас Алексов, Марко Марковски, Мартин Вучиќ, Марија Ќосевска, Горан Муратовски, Ана Гашиќ, Марија Лазарова, Ана Костова, Љупка Стерјоска, Садете Гашу, Куштрим Гаши, Вулнет Таипи, Елизабета Илиевска**)....................111-117
2. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Факултетот за музичка уметност во Скопје (**м-р Татјана Ивановска**)....................118


## ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА


1. Реферат за избор на помлад асистент на група предмети во научната област микробиологија на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (**Билјана Петрова**)....................119-124


## ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ


1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Економскиот факултет во Скопје (**м-р Емануела Есмерова**)....................125
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет во Скопје (**Христина Серафимовска, Драгољуб Миљковиќ, Наталија Трајчевска, Татјана Зорева, Александар Николовски, Дејан Деспотоски, Марија Мандалова, Сања Николиќ, Весна Илиевска, Невена Георгиевска Војноска, Дејан Ристовски**)....................126-127
3. Рецензија на докторската дисертација **Економско планирање на развојот на туризмот во Македонија**, изработена од **м-р Билјана Петревска**, пријавена на Економскиот факултет во Скопје....................128-132

4. Рецензија на докторската дисертација **Влијанието на емоционалната интелигенција врз лидерството**, изработена од **м-р Ангелина Танева -Вешоска**, пријавена на Економскиот факултет во Скопје.......................................................................133-141
5. Реферат за избор на наставник по предметите државно сметководство и сметководство на непрофитни организации и анализа на финансиски извештаи на Економскиот факултет во Скопје **(д-р Зоран Миновски)**..........................................142-153

**ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Реферат за избор на еден насловен вонреден професор по предметот фармакоекономика на Фармацевтскиот факултет во Скопје **(д-р Рубинчо Зарески)**.......................................................................................................154-163
2. Реферат за избор на еден помлад асистент по групата предмети: храна и исхрана и токсикологија на Фармацевтскиот факултет во Скопје **(Тања Петреска Ивановска, Ксенија Мицкова Димитрова)**.......................................................................164-169

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"**
1. Реферат за избор во соработничко звање-асистент од областа математички науки, по предметите: математика, за групата предучилишно воспитание, на албански наставен јазик и математика 1 и математика 2, за групата одделенска настава, на албански наставен јазик, на Педагошкиот факултет "Св. Климент Охридски" во Скопје **(м-р Методи Главче)**..............................................................................................170-172

**ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**
1. Рецензија на докторската дисертација **Оружјето на античкото кралство Македонија**, изработена од **м-р Бошко Ангеловски**, пријавена на Институтот за национална историја во Скопје.......................................................................................173-178

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**
1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Економскиот институт во Скопје **(м-р Елена Парнарџиева-Станоевска)**.......................................179
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје **(Сандра Шумантева, Агим Цафери, Самоил Малчески)**............180

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Машинскиот факултет во Скопје **(Тони Петрески, Ильчо Јованоска)**.......................................... 181

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**
1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје **(Кирил Крстевски)**.......................................182

**ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**
1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Институтот за национална историја во Скопје **(м-р Влado Муковски, м-р Ѓорѓија Сајковски, м-р Дончо Лозановски, м-р Аце Ѓоргиев, м-р Мино Нетковски)**...................................183
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за национална историја во Скопје **(Александар Јаневски)**........................................184

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**
1. Рецензија на трудот **Филозофија на правото** од авторот **акад. Владо Камбовски**, пријавен на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје.................................185-193

**АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања по групата предмети од областа на архитектонските конструкции во Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет во Скопје **(д-р Огнен Марина)**....................................194-202

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**

1. Реферат за подобност на темата за изработка на докторската дисертација **Организационо-правни и институционални активности и проблеми на ветеринарната служба во Република Македонија во претпристапниот период за членство во Европската унија** и оспособеноста на кандидатот **м-р Слободан Чокревски** за научна работа, пријавена на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.................203-209
2. Реферат за подобност на темата за изработка на докторската дисертација **Идентификација на типот на анимални протеини во храна и добиточна храна, ефекти од употреба во исхраната на луѓето и животните и компарација на различни методи за нивна детекција** и оспособеноста на кандидатот **м-р Радмила Чрчева Николовска** за научна работа, пријавена на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.................210-215

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје (**Марина Филиповска, Зоран Мирчевски, Анче Јованоска, Јасмина Костадиновска, Снежана Соколова, Александра Арсиќ**).................216
2. Преглед на прифатени теми за изработка на докторска дисертација на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје (**м-р Антонио Опосимовски**).................217

**ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите звања на наставна група машини, енергетика и транспорт, по предметите основи на машинството со енергетика, машини 1, машини 2, теорија на режење и алат, внатрешен транспорт, нумеричко управување на машините, информатика и електротехника со електроуреди на Шумарскиот факултет во Скопје (**д-р Владимир Коњозов**).................218-224
2. Реферат за избор на наставник во сите звања на група наставна програма - примарна преработка на дрвото и предметот хемиска преработка на дрвото на Шумарскиот факултет во Скопје (**д-р Горан Златески**).................225-234

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Економија на инвестициите**, трето издание, од **проф. д-р Методија Несторовски**, пријавен на Економскиот факултет во Скопје.................235-244

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Рецензија на докторската дисертација **Улогата на националните институции во имплементирањето на меѓународните стандарди за човековите права и перспективите за нивниот развој во Република Македонија**, изработена од **м-р Елена Тодорва**, пријавена на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје.................245-251

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**

1. Рецензија на докторската дисертација **Архаизмите во албанските говори во Република Македонија**, изработена од **м-р Зарија Нуредини**, пријавена на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје.................252-257

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден научен работник по предметот фармакологија на Медицинскиот факултет во Скопје (**д-р Димче Зафиров, д-р Драгица Зенделовска**).................258-270

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „АНАЛИЗА НА ПРЕВОДНИТЕ ТЕКСТОВИ ОД ПОЛСКИ НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК (ОД АСПЕКТ НА ТЕОРИЈАТА НА ПРЕВОДОТ)", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ЛИДИЈА ТАНУШЕВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", на својата 3. редовна седница одржана на 23. 12. 2009 г., избра Рецензентска комисија за оцена на докторската дисертација под наслов „Анализа на преводните текстови од полски на македонски јазик (од аспект на теоријата на преводот)", изработена од м-р Лидија Танушевска, член на Катедрата за славистика - отсек полонистика, во следниов состав: д-р Германија Шокларова-Љоровска, редовен професор, акад. Зузана Тополињска, редовен професор, д-р Драги Михајловски, редовен професор, д-р Станислава-Сташа Тофоска, доцент и д-р Анета Дучевска, доцент. Заблагодарувајќи се за довербата, имаме чест на Наставно-научниот совет да му го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Предмет на докторската дисертација „Анализа на преводните текстови од полски на македонски јазик (од аспект на теоријата на преводот)" се одбрани стратегии, техники или проблеми што се однесуваат на преведувањето, кои се избрани врз основа на тоа што тие функционираат не само како меѓујазични релации, туку и како внатрејазични средства за пренесување на значењето на дадениот текст. Докторската дисертација содржи 224 страници компјутерски обработен текст и се состои од следниве делови:

1. Вовед
2. Метафора
3. Тематска прогресија
4. Гледна точка (перспектива)
5. Модуланти
6. Парафраза
7. Непреводливост
8. Заклучок

Библиографија

Кандидатката м-р Лидија Танушевска ја застапува теоријата на преводот што има функција на теорија на градење на текстот, гледана низ призмата, пред се, на јазичните, а не на културните разлики. Преводот го сфаќа како напишан текст, чија структура зависи од тоа како ќе го оформи неговиот преведувач, т.е. автор. Преводот зависи од јазичната и вонјазичната компетенција на авторот, од начинот на неговата комуникација со целната група, од средствата со кои се постигнуваат различни функционални стилови, како и од решенијата што се употребуваат за преведување на „непреводливото" итн.

Во **Воведот**, пред да ги образложи темата, методите и целите на нејзиниот труд, авторката дава краток осврт на развојот на науката на преводот, од нејзините почетоци до нејзиниот подем во современа наука, како подлога врз која ја гради понатамошната анализа. Во ова поглавје, авторката презентира научни сознанија на најистакнатите теоретичари на преводот воопшто, како и на полските теоретичари, кои укажуваат на принципите, на механизмите, како и на проблемите со кои се судрува преведувачот. Ќе приведеме некои нивни сфаќања што се презентирани во овој дел, а коишто наоѓаат примена во нејзината анализа на текстовите како на оригиналот, така и на преводот: „Значењето на јазичните знаци од еден јазик може да биде предадено со соодветни јазични знаци од друг јазик" (Р. Јакобсон). „Оригиналот треба да се сфати како систем, а не како сума на елементи, како органска целина, а не како механички збир на елементи. Преводот треба да биде еквивалентен со оригиналот, запазувајќи ја истата функционалност и истиот ефект" (З. Клеменсјевич, О. Војтасјевич). „Целта на преводот е на туѓиот читател да му се пренесе оригиналот" (Ј. Леви). „Преводот треба да ги одразува скриените содржини на оригиналот" (Ј. Најда). „Стратегиите на преводот треба да се приспособат кон општествените и културните норми" (Г. Тури). „Литературата, односно литературното дело, е систем на системи, значи, полисистем кој е културно условен" (И. Е. Зохар). „Преводот на литературното дело е повеќекратно искажување, додека оригиналот е еднократно" (Е. Балцежан). „Преведувачот им припаѓа на двете култури: на изворната како примач и на целната како испраќач (како пресоздавач)" (А. Беднарчик). „Преводот е втор живот на оригиналот и благодарение на него се откриваат врските меѓу јазиците" (В. Бенјамин). „Секое значење е подвижно и зависи од тоа како творецот ја конструира дадената ситуација" (Р. В. Лангакер). Научната теорија за преводот во втората половина на 20 век, преводот го третира како процес и производ, а денес повеќе се интересира за преводот, отколку за оригиналот.

За потребите на анализата се ексцерпирани дела на најистакнатите полски писатели (Бруно Шулц, Витолд Гомбрович, Јежи Анджејевски, Густав Херлинг Ґруѓињски, Станислав Лем, Стефан Хвин, Лешек Колаковски, Олга Токарчик, Анджеј Сташук и на поетесата Вислава Шимборска), како и на нивните преводи на македонски.

Во второто поглавје од дисертацијата се разгледува **метафората**. На самиот почеток се објаснува поимот кој гласи: стилска фигура во која еден збор или израз се употребува преносно, за означување на друг поим, а не на она што обично го означува. Таа се однесува на нашето внатрешно доживување на светот, на нашите емотивни процеси. Во продолжение се зборува за останатите нејзини карактеристики, за видовите метафори (ориентациска или просторна, онтолошка, појмовна, сликовна и др.). Потоа се преминува кон директна конфронтација на текстот од оригиналот и од преводот. Притоа се констатира дека метафората од оригиналот во преводот се предава на три начини:

1. со метафора која е со ист лексички состав и со исто метафоричко значење (*Ja nie jestem od lakierowania rzeczywistości - јас не сум за*

*лакирање на стварноста; prowincjonalna dziura - провинциска дупка*);

2. со метафора со сличен лексички состав, а со исто или со слично метафоричко значење (*Zawróciła mu w głowie - му го сврте умот; metrowe rachunki - дебели сметки*);

3. со заменување на метафората со друг вид израз, кој не е метафора (*obdarzony niedźwiedzim zdrowiem - надарен со силно здравје; Publiczność była niezmordowana w oklaskach - Публиката неуморно аплаудираше; Wielka aktorka wolno wylizywała się z wojennych ran - Големата глумица полека заздравуваше од големите рани*).

На крајот следува сумирање на резултатите од извршената анализа. Се констатира дека најчесто се среќаваат идентични метафори, обично востановени метафори кои во двата јазика веќе станале фразеологизми. Со буквален превод (од збор на збор) обично се предаваат персонификациите, сликовните метафори, чисто авторските, индивидуалните, оказионалните, еднократните и др., како и оксиморните, хипонимите и хиперонимите.

Третото поглавје е насловено **Тематска прогресија**. Самиот термин е позајмен од кај Франтишек Данеш. Некои научници за ова ги употребуваат термините: тематска структура (Халидеј) и метод на развој (Фрајс). Се тргнува од заложбата дека во реченицата дадената информација, по правило, ѝ претходи на новата информација, така што дадената информација се третира како тема, а новата како рема. Под терминот тема се подразбира дел од реченицата за кој станува збор, додека под терминот рема - она што се зборува за дадената тема. Тематската прогресија е начин на организација на текстот, при што исказот има карактер на порака, додека тематизација е структурирањето на исказот, т.е. редоследот по кој се појавуваат елементите. Има два типа на тематска прогресија: 1) постојана, која ја користи истата тема, а се менува ремата; 2) линеарна, во која ремата на претходната реченица станува тема на следната. Двата вида тематски прогресии можат да бидат прекинати.

Кај постојаната прогресија, повторената тема се среќава со збогатена содржина на исказот, со што се поместува границата помеѓу темата и ремата ( *минувачите, цапајќи.... - сите што цапаа*). Кај овој вид прогресија се забележани следниве повторувања: а) именката се предава со заменка (*трговците - тие*); б) еден вид заменска придавка се предава со друг вид заменска придавка (*нашата тишина - таа тишина*); в) повторување на иста лексема - глагол (*верувам - верувам*), сврзник (*бидејќи - бидејќи*) и група од неколку зборови (*сè што не е...*); г) повторување на формите на истото глаголско време и истото лице; д) повторување на глаголски именки од различни глаголи; ѓ) повторување на негацијата.

Кај линеарната тематска прогресија, лексемата што ја претставува темата, во следната реченица обично е повторена и има формален показател кој упатува на ремата од претходната реченица, што зборува за нивната меѓусебна поврзаност. Во улога на тема е употребена именка без член, а како рема истата именка има член (*куќа - куќата*); друга именка како тема е употребена без член, а како рема, место член, има показна заменка, што значи, има уште понагласено упатување (*мирис - таа*

*мирисба*); преку транспозиција именка е предадена со соодветна придавка (*попладнето - попладневната*); и обратно, придавка (нечленувана) предадена со именка (членувана) (*брутален - бруталноста*); нечленувана придавка предадена со именка со показна заменка (*семоќна - таа семоќ*).

Во ова поглавје се констатира дека во поглед на тематската прогресија нема големи разлики помеѓу полскиот и македонскиот јазик. Тие се забележуваат во мал број случаи кои ги диктира вообичаениот редослед на зборовите. Во македонскиот јазик, кратката заменска форма која се појавува како повторување на ремата во улога на тема стои пред глаголот, а во полскиот по глаголот ( *го подигнав - podniosłem go*). Исто така, и анафората во македонскиот го зазема првото место, а во полскиот второто (*така Клоска..... Kloska więc...*). За разлика од полскиот, во македонскиот јазик имаме почеста употреба на релативната реченица како соодветник на глаголскиот прилог и на полската активна глаголска придавка на сегашното време, која во македонскиот јазик не постои во таква форма.

Четвртото поглавје ја опфаќа **перспективата (гледната точка)**, која е многу важна за разбирање на текстот. Концептуализацијата на дадената ситуација зависи од тоа чија гледна точка се сака да биде застапена, дали гледната точка на нараторот, на ликовите во делото, или на читателите. Според употребените јазични средства, таа може да биде просторна или временска. Постојат формални показатели според кои таа може да се открие. Помеѓу нив се членот, заменските форми, глаголските времиња, партикулите и др.

Како што е познато, според членот, се разликува категоријата определеност од неопределеноста. Именските групи со неопределен член, како и именските групи со бројот *еден* во улога на неопределен член, упатуваат на објект за кој нараторот смета дека не му е познат на читателот. Од тематско-рематските односи знаеме дека темата го претставува познатото, затоа во македонскиот јазик таа добива определен член, додека ремата го претставува непознатото, новото и во согласност со тоа, таа не добива член, или пак добива неопределен член (еден). Со неопределен член, односно без член, се појавуваат и именските групи во конструкции со помошниот глагол *имам/немам*, како и со помошниот глагол *сум* (во состав на именскиот предикат), исто така, како именски групи кои се доопределени поблиску со релативна реченица, но истите можат да се појават и со член.

Членуваните форми се во состојба и да изразуваат временска перспектива, т.е. минатост од гледна точка на нараторот (*Во средата, значи, на третиот ден од работата врз писмото, Коњечни продолжи да пишува - W środę, więc, trzeciego dnia pracy nad pismem, pisał Konieczny dalej*).

Во истото поглавје, во делот за ***Заменките како маркери на перспективата*** се констатира дека во поглед на заменките во двата јазика нема големи разлики. Употребата на личните заменки значи дека од перспектива на нараторот одредениот субјект или објект веќе е спомнат во текстот, а со самото тоа му е познат и на читателот. Личните заменки во текстот можат да бидат изоставени, под определени услови, а тоа почесто се случува во полскиот текст. Во македонскиот текст остануваат, за да го изразат родот, кога во реченицата нема друг

показател. Полските показни заменки на македонски јазик се предадени со членот или со показни заменки. Преку употребата на показните заменки нараторот сака нешто да потенцира, а не само да го определи како познато, т.е. сака да му го сврти вниманието на читателот. Тоа најубаво се гледа во следниов пример: *Dziewczyna uśmiechnęła się, ale w tym uśmiechu nie było ani wdzięku, ani sympatii - Девојката се насмевна, но во таа насмевка немаше благодарност,ниту пак симпатија).* Значи, во начинот на кој се смееше девојката немаше ни благодарност, ниту симпатија, туку напротив, имаше нешто друго - неблагодарност и антипатија, можеби презир и ситење и др. Имаше дополнителен набој, наелектризираност, негативна енергија. Истата реченица, но со член би изгледала вака: *Девојката се насмевна, но во насмевката немаше благодарност, ниту пак симпатија.* Значи, девојката, иако се насмевна, не беше благодарна, ниту пак задоволна. Овде станува збор само за констатација, но не и за емотивен набој.

Показните заменки за просторна ориентација различно се предадени од разни преведувачи. Полската показна заменка *ten* за блиска просторна ориентација на македонски е предадена со сите три можни варијанти, а најчесто со *овој*, кој и во македонскиот јазик го има истото значење, блискост. Истата заменка *ten* е предадена со показната заменка *оној*, која означува оддалеченост, како и со показната заменка *тој*, која во овој поглед е неутрална. Последниве примери се најретки. Полската показна заменка *tamten* за оддалечена ориентација е предадена со *оној*, кој, исто така, е со далечна ориентација. Показната заменка *ów* повеќе е со временска ориентација и означува временска оддалеченост. Се предава со показната заменка *овој*, како и со *тој* (*owego dnia - овој ден; owej wczesnej zimy - таа рана зима*). Со временска ориентација е и показната заменка *tamten* за далечна перспектива, предадена со *тој* ( *za tamtych dni - во тие денови*). Со временска ориентација е употребена и заменката *ten* предадена со *тој* (*poranki te - тие утра*). Може да се заклучи дека системот на показните заменки за просторна и временска ориентација е расколебан и дека е можно меѓусебно заменување, според правилото „секој со секого".

Граматичките времиња ја покажуваат перспективата на јунакот или на нараторот, кој може да биде и автор. Сегашното и идното време секогаш се показатели на перспективата на јунакот, додека нараторот може да биде и јунак. Категоријата определеност, како и категоријата засведоченост, најверно се предадени преку формите на минато определено свршено и минато определено несвршено време, кога тоа има актуелно значење. Во двата случаја станува збор за настани кои навистина се случиле и за кои зборува очевидецот, или, пак, некој кој не се сомнева во нивното случување и во вистинитоста на она што се кажува за нив. Категоријата неопределеност, под која ги подразбираме случаите кога не може точно да се определи времето на настанот, се однесува на вообичаени, повторливи, омнитемпорални, неактуелни настани и е поврзана со несвршениот вид или ретко со свршениот вид, кога тој секундарно се однесува како несвршен вид. Категоријата незасведоченост (прекажаност) се изразува преку т.н. л-форма, која е најкарактеристична за минатото неопределено време, кое под својата форма покрива многу различни значења, меѓу кои и значењето прекажаност, односно незасведоченост. Полското време czas przeszły (dokonany и niedokonany) или перфект ги содржи основните значења на

македонските времиња, минато определено свршено, минато определено несвршено и минато неопределено време. Полската л-форма (перфектот) не го одразува значењето прекажаност. Тоа се прави на други начини, со лексички средства.

Во ова поглавје се разработени и одделни партикули како показатели на перспективата, кои подетално се разгледуваат во следното поглавје.

Во петтото поглавје авторката ги дава основните карактеристики на **модулантите** и наведува дека тие се единици од рамништето на текстот, а не на реченицата. Нивната категоријално-граматичка природа е разнолика, пр., партикули, сврзници и други видови лексеми. Модулантите би биле еквивалент на терминот *discourse markers* според англискојазичната терминологија. Дистинктивните обележја на модулантите се скриен дијалог помеѓу испраќачот и примачот, некакво предикативно, одподметно толкување (логичка валоризација, модална осуда, определување на степенот на познавање на реалноста на содржината, интеграција во ситуациите или коментирање на содржината преку ослабување или потсилување на нејзината вистинитост, или преку објективизација или субјективизација на текстот). Модалната вредност најјасно се гледа преку т.н. оператори на модалноста - тие го изразуваат односот на испраќачот на информацијата кон содржината на испратеното, ја определуваат веродостојноста на прекажаното и на самиот испраќач. Модулантите имаат важна улога и во процесот на насочувањето на вниманието на читателот. Некои од модулантите во своето значење содржат сукцесивност што придонесува за кохезивноста на текстот, други, пак, имаат анафорска или катафорска функција, со што укажуваат на поврзаноста на претходниот или на следниот текст.

Интересни се сложените форми на некои модуланти, како, на пример: *niechby* и *jakby*. Модулантот *niechby* е составен од две партикули: *niech,* која се употребува во заповедниот начин и *by*, која е со потенцијално значење, а овде го засилува и желбеното значење. Модулантот *jakby* е составен од заменката *jak* и партикулата *by* , на која може да ѝ се додаде и глаголска морфема за лице и број (на пример: *gdybym* за 1. л. едн., *gdybyście* за 2. л. мн.). Од македонска гледна точка, интересни се модулантите со додадена морфема - ż/-że. Овие модуланти во полскиот текст се со посилно изразена модалност од нивните соодветници во македонскиот превод на истиот текст. Од анализираните модуланти со повеќе преводни еквиваленти се забележани полскиот модулант *przecież,* кој е предаден со четири соодветници (*нели, па, впрочем* и *всушност*) и македонскиот модулант *па,* кој е предаден со четири, односно шест еквиваленти (*też, przecież, no, więc*) како и *па + дури+ни,* односно *па+дури+и,* двата предадени со *nawet*. Повеќето модуланти се преведени со повеќе од еден соодветник.

Шестото поглавје ѝ е посветено на **парафразата**. Парафразата обично се дефинира како кажување на истото со други зборови, за подобро разбирање. Во лингвистиката се сфаќа како синонимно преформулирање, т.е. заменување на еден исказ со друг или, пак, изразување на истата содржина со други структурни јазични средства. Од аспект на теоријата на преводот постои сфаќање, според кое, таа претставува преформулирање засновано на внатрејазичната синонимија, со цел да се пренесе значењето од еден на друг јазик. Парафразата е

стратегија во меѓујазичниот превод, значи допуштени се сите технички средства што можат да ја отсликаат, да ја пренесат атмосферата со сите елементи кои се содржани во оригиналот. Парафразата се смета за една од синтаксичките трансформации, односно за површинско преобразување на длабинската структура.

Еден од начините на парафраза во преводот е транспозицијата, сфатена како „посредно", односно небуквално преведување, при коешто преведувачот заменува една зборовна група со друга. Се користи кога буквалниот превод не ја пренесува целосно или делумно смислата на одреден израз или реченица. Значи, се работи за синтаксичка трансформација, за избор на можности кои ги користат двата јазика. Во случајов, станува збор за предавање на личните глаголски форми со друг вид форми, кои по потекло и според нивното основно значење се глаголски, а по форма се различни и со самото тоа спаѓаат во други видови зборовни групи под името глаголски прилог, глаголска придавка, глаголска и одглаголска именка. Сите тие можности, начини на предавање на глаголското дејство, со мали исклучоци, им се познати на двата јазика, но во некои конкретни ситуации, пообична, поприфатлива за едниот јазиќ е едната форма, додека за другиот другата. Така, кога во полскиот изворен текст се појавува лична глаголска форма - во македонскиот, покрај личната глаголска форма, можат да се појават и:

а) глаголски прилог (*wychodził - излегувајќи*);

б) глаголска придавка (*powziąłem - фрленото*);

в) глаголска именка, одглаголска именка (*kończy się - крај*)

Полскиот глаголски прилог на македонски е предаден со пасивна глаголска придавка (*na siedząco - преседена (нож)*).

Полската придавка, освен со придавка, на македонски јазик се предава со именка: *pustynne - пустини; dwupiętrowy - на два ката; wietrzny - со ветришта; szalonym - со безумност.*

Полската активна глаголска придавка се предава со пасивна глаголска придавка во македонскиот: *pękająca - напукната,* или со именка (по потекло од глагол): *czuwający - чувар.* Полската пасивна глаголска придавка се предава со глагол ( лична глаголска форма) во македонскиот: *przykryte - се крие.*

Полската именка во македонскиот превод може да биде предадена со: глаголски прилог (*szeptem - шепотејќи*); глаголска именка (*krokami - со чекорење*); пасивна глаголска придавка (*w poważaniu - почитувана*); членувана придавка (*chłopca - момчешкото*). Полската одглаголска именка во македонскиот е предадена со глагол, односно лична глаголска форма (*widok - виде*). Полската глаголска именка е предадена, исто така, со лична глаголска форма (*bez burzenia - без да ја урриваат*).

За парафраза се смета замената на активниот со пасивниот залог. Како единствена морфолошка опозиција на флективната категорија залог кај глаголите се јавуваат партиципите (активниот наспроти пасивниот). Во македонскиот јазик има само пасивна глаголска придавка и нема морфолошки еквивалент за активната глаголска придавка, односно придавски партицип во полскиот јазик. Оттука произлегуваат и разликите во поглед на категоријата залог кај глаголот во двата јазика.

Во врска со **непреводливоста,** повеќето теоретичари на преводот сметаат дека еквиваленцијата не подразбира идентичност на текстот на оригиналот и на текстот на преводот, туку разбирање на смислата преку интерпретација на семантичките релации во текстот или

дискурсот, и тогаш може да се зборува за релативна непреводливост, одделни случаи кои може да се интерпретираат како исклучоци од општиот принцип на преводливост од еден на друг јазик. Поборниците на непреводливоста сметаат дека секој превод, во кој е изгубено нешто од оригиналот е пример за непреводливост. Ваквите тврдења се резултат на прекумерните и нереални очекувања. При проблематичните случаи преведувачот може да се определи за функционален еквивалент, за замена која е блиска на целниот читател, испуштање и, на крајот, за објаснување со фуснота. Основните извори на релативната непреводливост се културните и јазичните разлики.

За културни елементи ги сметаме оние елементи кои се тесно поврзани со дадена земја, а кои се однесуваат на оригиналот. Едни од културните елементи се сопствените (личните) имиња и топонимите, кои кај читателите на оригиналот и кај читателите на преводот не предизвикуваат исти реакции.

Проблем за преведувачот претставува и латиничното писмо при предавањето на имињата од туѓо потекло. Од гледна точка на преведувањето специфични се имињата кои значат нешто и треба да бидат преведени, затоа што таквите имиња пренесуваат некаква замисла на авторот. Проблеми, кои исто така влегуваат во културните елементи, се називите поврзани со обичаите и традициите на една култура, како што се празниците, кулинарните специјалитети, називите на институции и сл.

Јазичните разлики предизвикуваат тешкотии во преведувањето, кога недоволно се познава јазикот на оригиналот. Под добро владеење на јазикот подразбираме познавање на идиоматиката, полисемијата, хомонимијата, морфолошкиот потенцијал на јазикот и сл. Проблеми од ваков тип се неологизмите, јазичните игри и деминутивите.

Како особен проблем за преводот е поезијата, која бара поголема креативност од преведувачот, познавање на поезијата и посебна концентрација.

Во **Заклучокот**, односно осмото поглавје, се сумираат резултатите од спроведената анализа преку елаборација на стилските особености на ексцерпираните дела од конкретните автори, во кои се огледуваат споменатите стратегии, техники и проблеми на преводот.

Така, на пример, во поглед на метафората, највпечатлив е стилот на Бруно Шулц со неговите оригинални, авторски и индивидуални, еднократно употребени метафори. Метафорите, пак, од „секојдневниот живот" се повообичаени за оние автори, кај кои е застапен разговорниот стил, како, на пример, кај Лешек Колаковски, Станислав Лем, делумно кај Витолд Гомбрович и Олга Токарчук. Во делото на Јежи Анджејевски во најголем број се појавуваат културно условените метафори.

Во поглед на тематската прогресија, најдоследна линеарна прогресија, која овозможува непрекинато течење на дејството, се појавува кај Колаковски, Токарчук и Анджејевски, додека прекинатата прогресија е карастерична за Шулц, Гомбрович и Сташук, како и за поезијата на Шимборска.

Перспективата на нараторот, кој често се совпаѓа со авторот, обично е понагласена во македонскиот превод отколку во оригиналот, што значи дека тоа е одлука на преведувачот, како, на пример, во делото на Анджејевски, Лем, Шулц и Хвин, изразена преку присуството или отсуството на членот. Перспективата на читателот, изразена со

употребата на заменските форми, е јасно изразена кај Гомбрович и кај Лем. Перспективата на јунакот, често изразена со неопределеноста на минатото време, е нагласена кај Токарчук, Груѓињски и Колаковски.

Улогата на модулантите кои означуваат сукцесивност, последователност и надоврзување со претходниот текст е особено воочлива кај Олга Токарчук, Бруно Шулц и Јежи' Анджејевски. Модулантите кои означуваат епистемична модалност се карактеристични во делото на Колаковски, додека модулантите кои се чисто експресивни се типични за Шимборска, дијалозите на Лем, Гомбрович.

Во поглед на парафразата, најчести парафрази употребени како упростување на сложениот стил се јавуваат кај Сташук, Шулц и Гомбрович. Парафрази во вид на транспозиции, поради јазичните рестрикции, се појавуваат многу често кај Груѓињски. Во поезијата на Шимборска, пак, каде што би се очекувало да се појават парафрази, најчесто се среќава буквалниот превод.

Во однос на непреводливоста, како најтежок за превод поради културните разлики се издвојува романот „Апелација" на Анджејевски, секако, тука се вбројува и поезијата на Шимборска, поради игрите на зборови и полисемијата, а како најмаркиран во поглед на интенционалните лични имиња се појавува романот на Токарчук. Во поглед на неологизмите, како компилициран преведувачки зафат кој се граничи со непреводливоста, се издвојува и романот на Лем.

ЗАКЛУЧОК

Докторската дисертација на м-р Лидија Танушевска пополнува голема празнина во компаративното проучување на преводот на литературни дела од полски на македонски јазик и во иднина може да послужи како образец и при преведување на дела од македонската литература на полски јазик, а тоа, пак, ќе овозможи поблиско запознавање на литературите, традициите и културите на двата народа.

Со оглед на претходно изнесените факти во врска со докторската дисертација на м-р Лидија Танушевска под наслов „Анализа на преводните текстови од полски на македонски јазик (од аспект на теоријата на преводот)", ни претставува чест да му предложиме на

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" да го прифати нашиот извештај и да ја повика кандидатката м-р Лидија Танушевска на одбрана на својот труд.

Комисиј

1. Д-р Германија Шокларова-Љоровска, редовен професор, с.р.
2. Акад. Зузана Тополињска, редовен професор, с.р.
3. Д-р Драги Михајловски, редовен професор, с.р.
4. Д-р Станислава-Сташа Тофоска, доцент, с.р.
5. Д-р Анета Дучевска, доцент, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ДВАЈЦА АСИСТЕНТИ ПО НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ ***АНГЛИСКА КНИЖЕВНОСТ*** НА КАТЕДРАТА ЗА АНГЛИСКИ ЈАЗИК И КНИЖЕВНОСТ ПРИ ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, на својата трета редовна седница одржана на 22. 12. 2009 година, донесе одлука за формирање Рецензентска комисија за избор на **двајца асистенти** по наставниот предмет ***англиска книжевност*** на Катедрата за англиски јазик и книжевност, во следниов состав: д-р Зоран Анчевски, редовен професор, д-р Рајна Кошка-Хот, редовен професор и д-р Драги Михајловски, редовен професор.

На објавениот конкурс за избор на двајца асистенти по наставниот предмет ***англиска книжевност*** на Катедрата за англиски јазик и книжевност (конкурсот е објавен во весникот *Утрински весник* на 14. 12. 2009), се пријавиле двајца кандидати: м-р Калина Малеска-Гегај и м-р Владимир Цветкоски. Врз основа на доставените потребни материјали, како и врз онова на познавањето на кандидатите, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**1.** Кандидатката м-р Калина Малеска-Гегај има поднесено уверение и диплома за завршени студии по *англиски јазик и книжевност со општа и компаративна книжевност* (просечен успех 9,29), како и уверение и диплома за завршени постдипломски студии од областа *англиска книжевност* (просечен успех 9,7), издадени од Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје.

Од поднесената куса биографија на кандидатката ги извлекуваме следниве неопходни податоци: родена е во 1975 година во Скопје, Република Македонија, завршила високо образование и постдипломски студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, посетувала настава од областа на книжевноста и уметноста за време на својот студиски престој во текот на летниот семестар (јануари 1999 – мај 1999) на престижниот американски универзитет „Принстон", магистрирала со одбрана на трудот „Деконструкција на текстовната логика во делата на Марк Твен, Џорџ Орвел и Венко Андоновски" во 2006 година и во моментот работи на својата пријавена докторска дисертација од областа на книжевноста (2007). Кандидатката исто така има поднесено податоци за богато работно искуство. Веднаш по дипломирањето се вработила како професор по англиски јазик во приватното училиште „Еј-би-си" во Скопје, потоа, од мај 1999 до јули 2001, работи како новинар во дневниот весник *Македонија денес* и во неделникот *Денес*, како преведувач во Центарот за печат и информации на НАТО-мисијата во Македонија (2001 – 2003), како хонорарен асистент по англиски јазик и книжевност на приватниот ММ колеџ (летен семестар, 2003), како асистент за медиуми во Канцеларијата за односи со јавноста „Проксима", полициска мисија на ЕУ во Македонија (2003 – 2005) и како асистент по англиска книжевност на приватниот Њујорк-универзитет во Скопје (од 2006 до денес).

Покрај ова работно искуство, кандидатката наведува дека во текот на 13 години работи како хонорарен преведувач (писмен и устен превод) и дека е

член на Организациониот одбор на конференцијата „Глокал" што од 2007 година се одржува секоја година, а се однесува на теми од областа на културата и комуникациите. Кандидатката, покрај одличното познавање на македонскиот, англискиот и српскиот јазик, добро го познава и се служи со францускиот јазик.

Од списокот на објавени трудови заклучуваме дека кандидатката м-р Калина Малеска-Гегај е активна како истражувач и критички проследувач на теми од областите на англо-американската литература, македонската литература, компаративистиката, книжевниот превод, како и од областа на книжевноста и филмот. Своите трудови ги има објавувано во угледни пишувани и електронски списанија и медиуми во земјата и во странство. Покрај тоа, кандидатката е автор и на две збирки раскази и еден роман објавени во текот на последната деценија; таа е редовен пишувач за детското списание *Росица*, а за својата раскажувачка дејност има добиено и награда за кус расказ од списанието *Студентски збор* (1996).

За нејзината работа како асистент по англиска книжевност на Њујорк-универзитетот во Скопје сведочат и трите извонредни препораки од нејзини колеги-професори и предавачи на Универзитетот, од кои се гледа дека м-р Калина Малеска-Гегај е веќе изграден професионалец во наставата по англиска книжевност со извонредни комуникациски и организациски способности, со истенчено чувство за внесување иновации во наставната практика и со несебична колегијалност и подготвеност за соработка во најразлични истражувачки проекти.

Од погоре изнесеното, недвојбено се наметнува заклучокот дека образовниот и стручниот потенцијал, соодветното работно искуство што го поседува кандидатката м-р Калина Малеска-Гегај, но и нејзиниот постојан континуитет во напредокот како академски истражувач, говорат дека во нејзиниот случај се работи за извонредно погоден и соодветен наставен профил за предметите од областа на англиската книжевност. Имајќи ја исто така предвид комплетноста на нејзината личност може лесно и сигурно да се предвиди дека кандидатката м-р Калина Малеска-Гегај и понатаму ќе продолжи да се развива во научната и педагошката област.

**2.** Кандидатот м-р Владимир Цветкоски има поднесено уверение и диплома за завршени студии по *англиски јазик и книжевност со британски културолошки студии-преведувачка насока* (просечен успех 8,77), како и уверение и диплома за завршени постдипломски студии од областа на *англиската книжевност* (просечен успех 10,00), издадени од Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје.

Од поднесената куса биографија на кандидатот ги извлекуваме следниве неопходни податоци: роден е во 1981 година во Скопје, Република Македонија, завршил високо образование и постдипломски студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, учел шпански јазик во приватна школа (1997 – 2001), бил посетител на Зимската школа за млади политичари (Фондација „Конрад Аденауер", 2006), магистрирал со одбрана на трудот „Џон Драјден од аспект на теоријата на преведувањето" во 2009 година и во моментот работи на својата пријавена докторска дисертација под наслов „Преведувачката теорија на Езра Паунд и практиката на преведувањето на стандарден македонски" (2009). Кандидатот исто така има поднесено податоци за работно искуство кое во целост е во доменот на преводот, за што наведува склучени договори со неколку преведувачки агенции.

Покрај ова работно искуство, кандидатот е и главен и одговорен уредник во книгоиздателството „Макавеј". Кандидатот, покрај одличното познавање на англискиот и српскиот јазик, течно ги познава и се служи со шпанскиот, бугарскиот и српскиот јазик.

Од списокот на објавени трудови заклучуваме дека кандидатот м-р Владимир Цветкоски е активен и како книжевен преведувач, а има напишано и објавено неколку есеи од областа на книжевноста и преводот (ја има добиено и наградата за есеј „Орфеева лира", од Собирот на младата балканска литература, Крумовград, Република Бугарија, 2009).

Од погоре изнесеното се наметнува заклучокот дека кандидатот м-р Владимир Цветкоски ги исполнува образовните критериуми со успешно завршените додипломски и постдипломски студии по книжевност, но со назнака дека неговиот научен интерес е првенствено поврзан со доменот на теоријата на преводот. Меѓутоа, за жал, кандидатот формално не го исполнува критериумот за избор во звањето *асистент* нагласен во членот 24 од Правилникот на Универзитетот „Кирил и Методиј" кој изричито бара од кандидатот покрај „постдипломски студии според Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 64/2000 со измените)" да има „*и еден мандат како помлад асистент* или работно искуство од три години". Како што се гледа од поднесената документација, кандидатот нема никакво работно искуство во настава од областа на англискиот јазик и книжевност.

Заклучок

Согласно горе изнесеното Рецензентската комисија смета дека кандидатката м-р Калина Малеска-Гегај во целост ги исполнува критериумите за избор во звањето **асистент** според Правилникот на Универзитетот Св. „Кирил и Методиј" и има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" за местото асистент по наставниот предмет ***англиска книжевност*** на Катедрата за англиски јазик и книжевност, да ја избере кандидатката м-р Калина Малеска-Гегај.

Согласно горе изнесеното Рецензентската комисија смета дека кандидатот м-р Владимир Цветкоски не ги исполнува во целост критериумите за избор во звањето **асистент** според Правилникот на Универзитетот Св. „Кирил и Методиј" и му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" да распише повторен конкурс за местото еден асистент по наставниот предмет ***англиска книжевност*** на Катедрата за англиски јазик и книжевност.

Скопје, 19.3.2010

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Д-р Зоран Анчевски, редовен. професор, с.р.
2. Д-р Рајна Кошка-Хот, редовен професор, с.р.
3. Д-р Драги Михајловски, редовен професор, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК (ВО СИТЕ ЗВАЊА) ЗА СЛЕДНИВЕ НАУЧНИ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ): ОПШТА СОЦИОЛОГИЈА (СОЦИОЛОШКИ ТЕОРИИ I И СОЦИОЛОШКИ ТЕОРИИ II), СОЦИОЛОГИЈА НА ЕТНИЧКИТЕ ГРУПИ И СОЦИОЛОГИЈА НА СПОРТОТ НА ИНСТИТУТОТ ЗА СОЦИОЛОГИЈА ПРИ ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Во врска со распишаниот конкурс објавен во „Утрински весник" на 27.1.2010 година за избор на еден наставник (во сите звања) за следниве научни области (дисциплини): општа социологија (социолошки теории I и социолошки теории II), социологија на етничките групи и социологија на спортот, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата VI редовна седница одржана на 3.3.2010 година, определи Комисија во состав: проф. д-р Марија Ташева, проф. д-р Димитар Мирчев и проф. д-р Ѓорѓе Младеновски.

Комисијата утврди дека на распишаниот конкурс се јавил само еден кандидат, и тоа д-р Константин Миноски, досегашен доцент на Институтот за социологија при Филозофскиот факултет во Скопје. По направената анализа на пристигнатите материјали, Рецензентската комисија има чест на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да му го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Кандидатот д-р Константин Миноски е роден на 19.11.1964 година во Скопје. Во 1991 година дипломирал на Институтот за социологија при Филозофскиот факултет во Скопје со просечна оценка 9,28. На истиот Институт во 1998 ги завршил постдипломските студии на насоката социологија на политиката, со одбрана на магистерскиот труд „Етничките колективитети и изборната демократија во Република Македонија", под менторство на проф. д-р Димитар Мирчев. На 31.5.2005, на истиот Институт, ја одбранил докторската дисертација „Влијанието на општествените и развојните фактори врз етнополитичката мобилизација во Република Македонија (1990-2000)", под менторство на проф. д-р Димитар Мирчев.

На Филозофскиот факултет, Институт за социологија се вработил во 1993, во својството стручен соработник на проектот „Социолошки аспекти на етничкиот соживот во Република Македонија". Во звањето асистент на истиот Институт бил избран во 1996, а во 1995 бил избран во звањето доцент по предметите социолошки теории, општа социологија и социологија на етничките групи.

### Наставно-образовна дејност

Во изминатиот период, д-р Константин Миноски успешно ги изведуваше предавањата и вежбите од I циклус на студии со студентите на Институтот за социологија по областите (дисциплини): општа социологија и социологија на етничките групи (предметите: социолошки теории 1, социолошки теории 2, социологија на етничките групи и социологија на спортот), како и предавања и

вежби на Институтот за социјална работа и социјална политика од областа социологија на етничките групи (58,05 поени). Исто така, доц. д-р Константин Миноски успешно ги изведуваше предавањата на II циклус студии од областа општа социологија и социологијата на етничките групи (1,75 поени). Земајќи го предвид целокупниот професионален ангажман на доц. д-р Константин Миноски, преку неговото исклучително залагање, може да се констатира дека е видлив неговиот сериозен и одговорен пристап кон наставно-образовната дејност, за што релевантни показатели се менторството на 21 дипломска работа (4,2 поена), како и учеството во комисии за оцена и одбрана на дипломски работи на студентите (0,5 поени). Кандидатот д-р Миноски, во периодот на остварувањето на својата наставно-образовна дејност како доцент, бил член на две комисии за оцена и одбрана на докторат (1 поен), а во три комисии за оцена и одбрана на магистерски труд (0,9 поени).

Во согласност со член 12 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 138, од 6 јули 2009 година), кандидатот д-р Константин Миноски од наставно-образовната дејност остварил 66,4 поени и со тоа го надминал минималниот број поени (15) што треба да ги оствари за да биде избран во звањето вонреден професор.

## Научноистражувачка дејност

Во поглед на научноистражувачката работа може да се констатира дека доц. д-р Константин Миноски има забележителни ангажмани. Тој има менторство над два магистерски труда: „ Мултиетничкото општество и јазикот на образованието: македонската и европските практики - споредбена анализа на образовните системи во мултиетничките општества" и „Разликите во образовните постигнувања по етничка основа кај учениците во основните училишта во општините: Штип, Кочани и Радовиш" (2 поениа.

Во изминатиот период, д-р Константин Миноски објавил повеќе научни трудови:

1. Миноски К. „Етнополитичката мобилизација и конфликт – концептот на Тед Гур", во: *Современата американска социологија – Роберт Мертон како повод*, Филозофски факултет, Институт за социологија, Скопје, 2005, стр. 235-250 (4 поени).
2. Миноски, коавтор со К. Димитриевска В., Петковска, А. „Вредносните системи и животните ориентации на средношколската младина во Република Македонија во постконфликтниот период", во: Социолошка ревија бр.1/2, 2006, стр.5-17 (3,2 поени).
3. Миноски К., „Огист Конт и социологијата", Филозофија, година 6, бр. 23, стр,37 – 49, септември 2007 (4 поени).
4. Minoski, K. *National Affiliation and Ethnic Distance in the Republic of Macedonia*, во *Culture in Transition - Transition of Culture,* Jagiellonian University, Institute of Sociology, Krakow, 2009, стр. 98-107 (2 поена).

Доц. д-р Миноски учествувал на голем број научни собири со свои реферати:

1. Minoski K, Petkovska A. : Science and Society – Macedonian Case; "Bringing science closer to society", EUROSCIENCE - Bulgarian Section and the Austrian

Science and Research Liaison Office - Sofia (ASO-Sofia), in co-operation with the National Institute of Meteorology and Hydrology, Institute of Sociology at the Bulgarian Academy of Sciences, Union of Scientists in Bulgaria Sofia, 2007, (1 поен);

2. Меѓународен научен/стручен собир „Социологијата и општествените промени", со реферат: „Општествените промени во Република Македонија во периодот од 1991 до денес: од нација-држава до бинационална држава?", Филозофски факултет – Скопје, Институт за социологија, 2006 (1 поен).
3. Меѓународен научен/стручен собир: „Македонија и соседите", со реферат: „Етничките конфликти на Балканот – историски континуитет?", Филозофски факултет – Скопје, Институт за историја, 2006 (1 поен);
4. Меѓународен научен/стручен собир со реферат: Миноски, К. „Етничноста и глобализацијата - безбедносни аспекти", „Македонија помеѓу глобализациските процеси и геополитиката", Министерство за одбрана и Филозофски факултет, Скопје, 2007 (1 поен).
5. Меѓународен научен/стручен собир: Глобално- локално/ локално-глобално, Краков-Скопје, со реферат:„Глобализацијата и етничноста", Филозофски факултет –Скопје, Институт за социологија, 2009 (1 поен).
6. Научен/стручен собир со реферат: Миноски, К. „Спенсер, Дарвин и еволуционизмот во социологијата", научен собир по повод двесте години од раѓањето на Чарлс Дарвин и 150 години од објавувањето на неговото дело *За потеклото на видовите,* Здружение на филозофите на Р. Македонија, Филозофски факултет – Скопје, Институт за филозофија, 2009 (1 поен).

Доц. д-р Миноски учествувал во реализацијата на следниве проекти:

1. „Проблеми во локалната самоуправа – примерот на општините: Берово, Валандово, Виница, Илинден, Кавадарци, Кисела Вода, Конче и Могила", 2005 (раководител)(6 поени).
2. Learning for Europe-Curriculum development and counseling in education, JEP _40109_2005. Consortium member, TEMPUS Project (2006-2009) (5 поени).
3. „Културните потреби, навики и ставови на граѓаните на Република Македонија во функција на сензибилизација на македонската јавност за темелните вредности на македонската култура произлезени од нејзиното културно наследство и предизвиците на современиот живот", МЦКУ, Скопје, 2008-2010 (3 поени).

Во согласност со член 12 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 138, од 6 јули 2009 година), кандидатот д-р Константин Миноски од научноистражувачката дејност остварил 35,2 поена и со тоа го надминал минималниот број поени (10) што треба да ги оствари за да биде избран во звањето вонреден професор.

**Стручно-апликативна дејност**

Во рамките на стручно-апликативната дејност, доц. д-р Константин Миноски ги реализирал следниве активности:

- учество во работата на комисијата за државниот натпревар по социологија, Крива Паланка 2008 (1 поен).

- Дејности од поширок интерес:
  - член на Дисциплинската комисија на Филозофскиот факултет, 3 год. (1,5 поени);
  - учество во изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект, British Council, "Exclusion to Inclusion: what are we doing to ensure the arts and culture sector embraces all sections of society?", Athens, Greece, 23-25 May, 2008 (1 поен);
  - учество во изготвување и пријавување национален научно-истражувачки проект: „Истражување на јавното мислење: за промоција на значењето и ефектите од образованието во Р. Македонија насочена кон родителите, наставниот кадар, учениците, јавноста", 2007 (0,5 поени);
  - учество во изготвување и пријавување на национален научно-истражувачки проект: „Истражување на јавното мислење за перцепцијата на корупцијата во Р. Македонија", 2007 (0,5 поени);
  - изготвување и пријавување на национален научноистражувачки проект (носител): „Етничките идентитети и меѓуетничките односи во Р. Македонија 2001 – 2010", 2010 (1 поен);
  - учество во комисијата за доделување на државната награда „Мајка Тереза" при Министерството за култура на Република Македонија, 2008 и 2009 (2 поена).

Во согласност со член 12 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 138, од 6 јули 2009 година), кандидатот д-р Константин Миноски од стручно-апликативната дејност остварил 7,5 поени и со тоа го надминал минималниот број поени (5) што треба да ги оствари за да биде избран во звањето вонреден професор.

## ПРЕДЛОГ

Членовите на Рецензентската комисија, со оглед на достигнувањата и способностите на кандидатот во изминатиот период, можат да констатираат дека доц. д-р Константин Миноски мошне успешно ги реализирал задачите поврзани со наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност. Во согласност со член 12 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.138, од 6 јули 2009 година, член 12), кандидатот доц. д-р Константин Миноски со постигнати вкупно поени го надминал минималниот број поени по сите основи (40) што треба да ги оствари за да биде избран во звањето вонреден професор.

Со оглед на изнесеното, како членови на Рецензентската комисија, имаме чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на

Филозофскиот факултет во Скопје, кандидатот доц. д-р Константин Миноски да биде избран во звањето вонреден професор по научните области (дисциплини): општа социологија (социолошки теории I и социолошки теории II), социологија на етничките групи и социологија на спортот.

**Рецензентска комисија**

Скопје, 22. III 2010

1. Проф. д-р Марија Ташева, с.р.

2. Проф. д-р Димитар Мирчев, с.р.

3. Проф. д-р Ѓорѓе Младеновски, с.р.

**АНЕКС 2**

## ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Константин Михајло Миноски**
(име, татково име и презиме)

**Институција: Филозофски факултет/ Институт за социологија**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: ): општа социологија (социолошки теории I и социолошки теории II), социологија на етничките групи и социологија на спортот**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| - | **Одржување на настава од I циклус студии** | |
| 1. | Социолошки теории I (4+2/2), зимски семестар 2005/2006 | 2,4 |
| 2. | Социолошки теории II (4+2/2), летен семестар 2005/2006 | 2,4 |
| 3. | Социолошки теории I (4+2/2), зимски семестар 2006/2007 | 2,4 |
| 4. | Социолошки теории II (3+2/2), летен семестар 2006/2007 | 1,8 |
| 5. | Социологија на етничките групи (2+2), зимски семестар 2006/2007 | 1,2 |
| 6. | Социолошки теории I (4+2/2), летен семестар 2007/2008 | 2,4 |
| 7. | Социолошки теории II (3+2/2), зимски семестар 2007/2008 | 1,8 |
| 8. | Социологија на етничките групи (2+2), зимски семестар 2007/2008 | 1,2 |
| 9. | Социологија на спортот (2+1), зимски семестар 2007/2008 | 1,2 |
| 10. | Етничките идентитети и етничките односи на Балканот (2+1), летен семестар 2007/2008 | 1,2 |
| 11. | Етничките малцинства во Централна и Источна Европа (3+1), летен семестар 2007/2008 | 1,8 |
| 12. | Социолошки теории I (4+2/2), летен семестар 2008/2009 | 2,4 |
| 13. | Социолошки теории II (3+2/2), зимски семестар 2008/2009 | 1,8 |
| 14. | Социологија на етничките групи (2+2), зимски семестар 2008/2009 | 1,2 |
| 15. | Социологија на спортот (2+1), зимски семестар 2008/2009 | 1,2 |
| 16. | Етничките идентитети и етничките односи на Балканот (2+1), летен семестар 2008/2009 | 1,2 |
| 17. | Етничките малцинства во Централна и Источна Европа (3+1), летен семестар 2008/2009 | 1,8 |
| 18. | Социолошки теории I (4+2/2), зимски семестар 2009/2010 | 2,4 |
| 19. | Социолошки теории II (3+2/2), зимски семестар 2009/2010 | 1,8 |
| 20. | Социологија на етничките групи (2+2), зимски семестар 2009/2010 | 1,2 |
| 21. | Социологија на спортот (2+1), зимски семестар 2009/2010 | 1,2 |
| | **Одржување на настава од II циклус студии** | |
| 22. | Социолошки теории (15 часа), зимски семестар 2008/2009 | 0,75 |
| 23. | Основни проблеми во социолошката теорија (20 часа), зимски семестар 2009/2010 | 1 |
| | **Одржување на вежби** | |
| 24. | Социолошки теории I (4+2/2 групи), зимски семестар 2005/2006 | 1,8 |
| 25. | Социолошки теории II (4+2/2 групи), летен семестар 2005/2006 | 1,8 |
| 26. | Социологија на етничките групи (0+2), зимски семестар 2005/2006 | 0,9 |

| | | |
|---|---|---|
| 27. | Социолошки теории I (4+2/2 групи), зимски семестар 2006/2007 | 1,8 |
| 28. | Социолошки теории II (3+2/2 групи), летен семестар 2006/2007 | 1,8 |
| 29. | Социологија на етничките групи (2+2), зимски семестар 2006/2007 | 0,9 |
| 30. | Социолошки теории I (4+2/2), летен семестар 2007/2008 | 1,8 |
| 31. | Социолошки теории II (3+2/2), зимски семестар 2007/2008 | 1,8 |
| 32. | Социологија на етничките групи (2+2), зимски семестар 2007/2008 | 0,9 |
| 33. | Социологија на спортот (2+1), зимски семестар 2007/2008 | 0,45 |
| 34. | Етничките идентитети и етничките односи на Балканот (2+1), летен семестар 2007/2008 | 0,45 |
| 35. | Етничките малцинства во Централна и Источна Европа (3+1), летен семестар 2007/2008 | 0,45 |
| 36. | Социолошки теории I (4+2/2), летен семестар 2008/2009 | 1,8 |
| 37. | Социолошки теории II (3+2/2), зимски семестар 2008/2009 | 1,8 |
| 38. | Социологија на етничките групи (2+2), зимски семестар 2008/2009 | 0,9 |
| 39. | Социологија на спортот (2+1), зимски семестар 2008/2009 | 0,45 |
| 40. | Етничките идентитети и етничките односи на Балканот (2+1), летен семестар 2008/2009 | 0,45 |
| 41. | Етничките малцинства во Централна и Источна Европа (3+1), летен семестар 2008/2009 | 0,45 |
| 42. | Социологија на етничките групи (2+2), зимски семестар 2009/2010 | 0,9 |
| 43. | Социологија на спортот (2+1), зимски семестар 2009/2010 | 0,45 |
| 44. | Ментор на дипломска работа 21 x 0,2 | 4,2 |
| 45. | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат 2 x 0,5 | 1,0 |
| 46. | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура 3 x 0,3 | 0,9 |
| 47. | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа 5 x 0,1 | 0,5 |
| | Вкупно | 66,4 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Ментор на магистерска теза: „ Мултиетничкото општество и јазикот на образованието: македонската и европските практики (споредбена анализа на образовните системи во мултиетничките општества)". | 1 |
| 2. | Ментор на магистерска теза: „Разликите во образовните постигнувања по етничка основа кај учениците во основните училишта во општините: Штип, Кочани и Радовиш". | 1 |
| 3. | Научноистражувачки проект (раководител): „Проблеми во локалната самоуправа – примерот на општините: Берово, Валандово, Виница, Илинден, Кавадарци, Кисела Вода, Конче и Могила", 2005. | 6 |
| 4. | Учество во научно-истражувачки проект: (2006-2009) Learning for Europe-Curriculum development and counseling in education, JEP _40109_2005. Consortium member, TEMPUS Project | 5 |
| 5. | Учество во научноистражувачки проект: „Културните потреби, навики и ставови на граѓаните на Република Македонија во функција на сензибилизација на македонската јавност за темелните вредности на македонската култура произлезени од нејзиното културно наследство и предизвиците на современиот живот", МЦКУ, Скопје, 2008-2010. | 3 |
| 6. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир: Миноски К. „Етнополитичката мобилизација и конфликт – концептот на Тед Гур", во: *Современата американска социологија – Роберт Мертон како повод*, Филозофски факултет, Институт за | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| | социологија, Скопје, 2005, стр. 235-250. | |
| 7. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание (коавтор); Миноски, К. Димитриевска В., Петковска, А. „Вредносните системи и животните ориентации на средношколската младина во Република Македонија во постконфликтниот период", во: Социолошка ревија бр.1/2, 2006, стр.5-17. | 3,2 |
| 8. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание (автор): Миноски К. (2005), „Огист Конт и социологијата", Филозофија, година 6, бр. 23, стр,37 – 49, септември 2007. | 4 |
| 9. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир: Minoski, K. *National Affiliation and Ethnic Distance in the Republic of Macedonia,* во *Culture in Transition - Transition of Culture,* Jagiellonian University, Institute of Sociology, Krakow, 2009, стр. 98-107 | 2 |
| 10. | Учество на научен/стручен собир со реферат: Minski K, Petkovska A. : Science and Society – Macedonian Case; "Bringing science closer to society", EUROSCIENCE - Bulgarian Section and the Austrian Science and Research Liaison Office - Sofia (ASO-Sofia), in co-operation with the National Institute of Meteorology and Hydrology, Institute of Sociology at the Bulgarian Academy of Sciences, Union of Scientists in Bulgaria Sofia, 2007. | 1 |
| 11. | Учество на научен/стручен собир: „Социологијата и општествените промени", со реферат: „Општествените промени во Република Македонија во периодот од 1991 до денес: од нација-држава до бинационална држава?", Филозофски факултет – Скопје, Институт за социологија, 2006. | 1 |
| 12. | Учество на меѓународен научен/стручен собир „Македонија и соседите", со реферат: „Етничките конфликти на Балканот – историски конитинуитет?", Филозофски факултет – Скопје, Институт за историја, 2006. | 1 |
| 13. | Учество на меѓународен научен/стручен собир со реферат: Миноски, К. „Етничноста и глобализацијата - безбедносни аспекти", „Македонија помеѓу глобализациските процеси и геополитиката", Министерство за одбрана и Филозофски факултет, Скопје, 2007. | 1 |
| 14. | Учество на меѓународен научен/стручен собир: Глобално- локално/ локално- глобално, Краков-Скопје, со реферат:„Глобализацијата и етничноста",Филозофски факултет –Скопје, Институт за социологија, 2009. | 1 |
| 15. | Учество на научен/стручен собир со реферат: Миноски, К. „Спенсер, Дарвин и еволуционизмот во социологијата", научен собир по повод двесте години од раѓањето на Чарлс Дарвин и 150 години од објавувањето на неговото дело *За потеклото на видовите,* Здружение на филозофите на Р. Македонија, Филозофски факултет – Скопје, Институт за филозофија, 2009. | 1 |
| | **Вкупно** | 35,2 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Учество во работата на комисијата за државниот натпревар по социологија, Крива Паланка, 2008. | 1 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | Член на Дисциплинската комисија на Филозофскиот факултет 3 год. | 1,5 |
| 2. | Учество во изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект, British Council, "Exclusion to Inclusion: what are we doing to ensure the arts and culture sector embraces all sections of society?", Athens, Greece, 23-25 May, 2008. | 1 |
| 3. | Учество во изготвување и пријавување национален научноистражувачки | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | проект: „Истражување на јавното мислење: за промоција на значењето и ефектите од образованието во Р. Македонија насочена кон родителите, наставниот кадар, учениците, јавноста", 2007. | |
| 4. | Учество во изготвување и пријавување на национален научноистражувачки проект: „Истражување на јавното мислење за перцепцијата на корупцијата во Р. Македонија", 2007. | 0,5 |
| 5. | Изготвување и пријавување на национален научноистражувачки проект (носител): „Етничките идентитети и меѓуетничките односи во Р. Македонија 2001 – 2010", 2010. | 1 |
| 6. | Учество во комисијата за доделување на државната награда „Мајка Тереза" при Министерството за култура на Република Македонија, 2008 и 2009. | 2 |
| | **Вкупно** | 7,5 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 66,4 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 35,2 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 7,5 |
| **Вкупно** | 109,1 |

Скопје, 22.III 2010

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Марија Ташева, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Димитар Мирчев, член, с.р.
3. Проф. д-р Ѓорѓе Младеновски, член, с.р.

**РЕФЕРАТ**
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК (ВО СИТЕ ЗВАЊА)
ЗА НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: ПРАИСТОРИСКА АРХЕОЛОГИЈА И МЕТОДОЛОГИЈА НА АРХЕОЛОШКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА, НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

На V редовна седница на Наставно-научниот совет, одржана на 27.1. 2010 година, бевме избрани за членови на Рецензентската комисија за избор во наставно-научно звање - наставник (во сите звања), по пријавата на д-р Драги Митревски, вонреден професор на Филозофскиот факултет, Скопје. По разгледувањето на приложените материјали го поднесуваме следниов

ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот што беше објавен во весникот „Дневник" од 24.12.2009 година за избор на наставник во сите наставно-научни звања за научните области (дисциплини): предисториска археологија и методологија на археолошките истражувања, се пријави само кандидатот д-р Драги Митревски, вонреден професор на Филозофскиот факултет во Скопје.

Кандидатот д-р Драги Митревски е роден на 15 септември 1957 година во село Долно Дупени, Ресенско, а живее во Скопје од 1959 година каде што ги има завршено степените на основно, средно и високо образование.

Студиите ги започнал во 1976 година, а дипломирал во 1981 година на Катедрата за историја на уметноста со археологија на Филозофскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Постдипломски студии има завршено на Филозофскиот факултет во Белград, на Катедрата за археологија, оддел праисторија, под менторство на акад. Драгослав Срејовиќ.

Во мај 1995 година, на Филозофскиот факултет во Скопје - Институт за историја на уметноста со археологија, ја одбранил докторската работа на тема „Протоисториските заедници во Македонија", под менторство на проф. д-р Иван Микулчиќ.

Во 1982 година се вработил во Музејот на Македонија (тогашен Археолошки музеј), како кустос за праисторија - железно време. Во периодот 1999-2001 ја извршувал функцијата директор во Музејот на Македонија.

Од учебната 1995/96 до 2000 година е ангажиран како предавач од надвор, по предметот праисториска археологија на Институтот за историја на уметноста со археологија.

Во текот на учебната 1997/98 година престојувал во САД како корисник на Фулбрајтовата стипендија за постдокторски истражувања во

Бостон, на Бостонскиот и Хардвардски универзитет. За време на престојот во САД бил ангажиран на работа со постдипломци по праисторија во Југоисточна Европа, на Бостонскиот универзитет.

Остварил низа покуси студиски престои во различни археолошки и универзитетски центри во Европа, од кои за издвојување е едномесечниот престој во текот на 2003 година, во Централната германска научна институција за археологија и конзервација (Romisch-Germanischen Zentralmuzeums) во Мајнц, Германија.

Член е на Европската археолошка асоцијација, како и на Македонското археолошко научно друштво, чиј претседател бил во периодот 1990-1994 година.

Од 2000 година, како доцент по праисториска археологија, работи на Филозофскиот факултет - Институт за историја на уметноста и археологија. Во меѓувреме, со воведувањето на нови наставни единици и ЕКТ-системот, избран е за наставник по следниве предмети : праисториска археологија, протоисториска археологија, методологија на археолошките истражувања и заштита на културното наследство.

Од 2004 до денес ги извршува задачите на раководител на Институтот за историја на уметноста и археологија, на Филозофскиот факултет, Скопје.

Од страна на Интернационалниот библиографски центар во Кембриџ, во 2002 година е вклучен меѓу 2000 истакнати Европејци на 21 век, на полето на археологијата.

За време на неговата досегашна стручна и наставно-научна активност, меѓу другото има реализирано 25 истражувачки кампањи на различни археолошки локалитети во Македонија. Добар дел од овие истражувања се реализирани во рамките на покрупни научни проекти, под негово раководство, од што досега произлегле неколку доктори на науки и магистри. Меѓу таквите проекти за издвојување е раководењето со двата последни проекта, чија реализација сè уште е во тек, или истражувањата на старомакедонскиот град на Вардарски Рид - Гевгелија, како и проектот за истражување на Скопската тврдина- Кале.

Како резултат на неговата севкупната истражувачка работа, досега има публикувано 40-тина позначајни наслови во различни домашни и странски стручни и научни списанија, како и пет книги, меѓу кои добар дел се користат во наставата по неколку предмети.

Има учествувано на повеќе меѓународни научни собири (вкупно на 35 симпозиуми и конгреси) и има држено предавања на различни факултети, во некои од поголемите универзитетски центри (Берлин, Атина, Софија, Бостон, Гетизбург-Пенсилванија, Благоевград, Белград, Тирана, Загреб, Љубљана и др. ).

Неговата педагошка дејност се издвојува по постојаното ангажирање во унапредувањето на наставата. Резултат на тоа се десетината веќе одбранети магистратури или докторати под негово менторство. Во истата насока, во наставната програма ја воведе и со забележителен успех ја реализира теренската настава или т.н. археолошки практикум, кој со време

прерасна во меѓународна летна археолошка школа. Покрај нашите студенти, неа ја практицирале и бројни студенти од целиот свет.

По негова иницијатива и со негово безрезервно ангажирање, во рамките на Филозофскиот факултет е формиран археолошки музеј. Во него се сумираат и јавно се презентираат непосредните резултати од реализирањето на одделните научни проекти на Институтот, што во исто време претставува и забележително подигање на севкупното научноистражувачко и едукативно ниво на Факултетот.

Меѓу досега публикуваните дела на проф. Митревски се издвојуваат одделни синтетски трудови публикувани во странски референтни списанија, кои сè уште претставуваат реперна и незаменлива литература за праисторијата, посебно за бронзеното и железното време во овој дел на Балканот. Со посебна наставно-едукативна тежина се издвојува неговата последна книга „Археологија - основни принципи и методи на теренското работење", која претставува единствен учбеник од тој вид на македонски јазик кај нас.

Со оглед на гореизнесеното, сметаме дека проф. д-р Драги Митревски со својата досегашна активност ги задоволува сите наставни и научни критериуми за избор во звањето редовен професор. Од тие причини, Комисијата најтопло го препорачува за избор во тоа звање.

Скопје, 22.2.2010

Комисија

Акад. Вера Битракова Грозданова, с.р.
Проф. д-р Елица Манева, редовен професор, с.р.
Проф. д-р Елизабета Димитрова, редовен професор, с.р.

# ОБРАЗЕЦ КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Драги Петре Митревски

**Институција:** Филозофски факултет/Институт за историја на уметноста и археологија

**Научни области:** праисториска археологија и методологија на археолошките истражувања

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Реден број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Методологија на терански археол. истраж.1 (2+0), зимски 04/05 | 1,2 |
| 2 | Праисториска археологија 1 (2+2), зимски 04/05 | 1,2 |
| 3 | Протоисториска археологија 1 (2+2), зимски 04/05 | 1,2 |
| 4 | Праисториска археологија 2 (2+2), летен 04/05 | 1,2 |
| 5 | Протоисториска археологија 2 (2+2), летен 04/05 | 1,2 |
| 6 | Методологија на терански археол. истраж.1 (2+0), зимски 05/06 | 1,2 |
| 7 | Праисториска археологија 1 (2+2), зимски 05/06 | 1,2 |
| 8 | Протоисториска археологија 1 (2+2), зимски 05/06 | 1,2 |
| 9 | Праисториска археологија 2 (2+2), летен 05/06 | 1,2 |
| 10 | Протоисториска археологија 2 (2+2), летен 05/06 | 1,2 |
| 11 | Методологија на терански археол. истраж.1 (2+0), зимски 06/07 | 1,2 |
| 12 | Праисториска археологија 1 (2+2), зимски 06/07 | 1,2 |
| 13 | Протоисториска археологија 1 (2+2), зимски 06/07 | 1,2 |
| 14 | Праисториска археологија 2 (2+2), летен 06/07 | 1,2 |
| 15 | Протоисториска археологија 2 (2+2), летен 06/07 | 1,2 |
| 16 | Методологија на терански археол. истраж.1 (2+0), зимски 07/08 | 1,2 |
| 17 | Праисториска археологија 1 (2+2), зимски 07/08 | 1,2 |
| 18 | Протоисториска археологија 1 (2+2), зимски 07/08 | 1,2 |
| 19 | Заштита на културното наследство (2+0), летен 07/08 | 1,2 |
| 20 | Праисториска археологија 2 (2+2), летен 07/08 | 1,2 |
| 21 | Протоисториска археологија 2 (2+2), летен 07/08 | 1,2 |
| 22 | Методологија на археол. истраж.1 (2+0), зимски 08/09 | 1,2 |
| 23 | Праисториска археологија 1 (2+2), зимски 08/09 | 1,2 |
| 24 | Протоисториска археологија 1 (2+2), зимски 08/09 | 1,2 |
| 25 | Заштита на културното наследство (2+0), летен 08/09 | 1,2 |
| 26 | Праисториска археологија 2 (2+2), летен 08/09 | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| 27 | Протоисториска археологија 2 (2+2), летен 08/09 | 1,2 |
| 28 | Методологија на археол. истраж.1 (2+0), зимски 09/10 | 1,2 |
| 29 | Праисториска археологија 1 (2+2), зимски 09/10 | 1,2 |
| 30 | Протоисториска археологија 1 (2+2), зимски 09/10 | 1,2 |
| 31 | Заштита на културното наследство (2+0), летен 09/10 | 1,2 |
| 32 | Праисториска археологија 2 (2+2), летен 09/10 | 1,2 |
| 33 | Протоисториска археологија 2 (2+2), летен 09/10 | 1,2 |
| 34 | Методологија на археол. истраж.2 (2+0), зимски 09/10 | 1,2 |
| | НАСТАВА ОД ВТОР ЦИКЛУС | |
| 35 | Теорија и методи на археолошките истраж.(15), 04/05 | 0,75 |
| 36 | Археологија на Македонија (15), 04/05 | 0,75 |
| 37 | Теорија и методи на археолошките истраж. (15) , 05/06 | 0,75 |
| 38 | Археологија на Македонија (15) , 05/06 | 0,75 |
| 39 | Теорија и методи на археолошките истраж. (15), 06/075 | 0,75 |
| 40 | Археологија на Македонија (15) 06/07 | 0,75 |
| 41 | Теорија и методи на археолошките истраж. (15) 07/08 | 0,75 |
| 42 | Археологија на Македонија (15) 07/08 | 0,75 |
| 43 | Теорија и методи на археолошките истраж. (15) 08/095 | 0,75 |
| 44 | Археологија на Македонија (15) 08/09 | 0,75 |
| 45 | Теорија и методи на археолошките истраж. (15) 09/10 | 0,75 |
| 46 | Археологија на Македонија (15) 09/10 | 0,75 |
| 47 | Праисториска керамографија (магистерски менторски ) 04/05,05/06;06/07;07/08;08/09;09/10 | 3,0 |
| 48 | Праисториска етнографија (магистерски менторски ) 04/05,05/06;06/07;07/08;08/09;09/10 | 3,0 |
| 49 | Консултации со студенти од 2004/2005 до 2009/2010; во просек 100 студенти X 5 години =500 консултации | 1,02 |
| 50 | Ментор на дипломски работи од 2004/2005 до 2009/2010, вкупно 20 студ. | 4,00 |
| 51 | Член на комисии за оцена и одбрана на диплом. работи, вкупно 30 студенти | 3,00 |
| 52 | Член на комисии за оцена и одбрана на магистер. работи, вкупно 6 студенти | 1,8 |
| 53 | Член на комисии за оцена и одбрана на докторски дисертации, вкупно 5 студенти | 2,5 |
| 54 | Позитивно рецензиран универз. учебник: **Археологија-принципи и методи на теренската работа, Скопје, 2009** | 8 |
| 55 | Научно-популарна книга - школски или средношколски учебник: **Историски атлас (коавтор), Скопје, 2009,** | 3 |
| | **Вкупно** | 79,12 |
| | **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| 1 | Ментор на магистерска теза: Неолит во Скопско (одбранета). | 1 |
| 2 | Ментор на магистерска теза: Фибули и игли од железното време во Македонија (одбранета). | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | Ментор на магистерска теза: Скопскиот регион во текот на железното време (одбранета). | 1 |
| 4 | Ментор на магистерска теза: Култни предмети од неолитот во Македонија (одбранета). | 1 |
| 5 | Ментор на магистерска теза: Керамика од железното време во Македонија (одбранета). | 1 |
| 6 | Ментор на магистерска теза: Некрополата од бронзеното време во село Уланци, Градско (одбранета). | 1 |
| 7 | Ментор на докторска теза: Неолитски култури во Македонија (одбранета). | 3 |
| 8 | Повеќеслојната населба на Вардарски Рид, Гевгелија; меѓународен истражувачки проект – раководител. | 9 |
| 9 | Систематски истражувања на Скопската тврдина - национален истражувачки проект – раководител. | 6 |
| 10 | Преспа во пра и протоисторијата- национален научно-истражувачки проект-раководител. | 6 |
| 11 | Учесник во меѓународен проект: Балканот во праисторијата | 5 |
| 12 | Монографија - **Скопска тврдина-археолошки истражувања, 2007** година , МГС, Посебно издание, Скопје, 2007 | 8 |
| 13 | Дел од монографија објавена во странство: **Balkan in Praehistory, Thessaloniki 2004.** | 6 |
| 14 | Труд со оригинални научни резултати објавен во научно списание: **Вардарски Рид –истражувања 1995-2004, Вардарски Рид I, Скопје, 2005.** | 4 |
| 15 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание: **Куќата на колекционерот, Вардарски Рид I, Скопје, 2005.** | 4 |
| 16 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание: **Скопска тврдина-Кале, Македонско културно наследство, УЗКН. Скопје, 2008.** | 4 |
| 17 | Труд со оригинални научни резултати објавен во научно списание: **Келти во Македонија - според археолошките податоци, ГЗФФ, кн.61, Скопје, 1988.** | 4 |
| 18 | Труд со оригинални научни резултати објавен во научно списание: **Резултати од истражувањата на Глос-Грчиште кај Валандово, Maced, Acta Archaeol. 19, Скопје, 2009.** | 4 |
| 19 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор: **Priestess Berials of the iron Age in Macedonia, Situla 44, Ljubljana 2007.** | 6 |
| 20 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор: **Genesis of the Iron Age Culture in Macedonia, Folia Arheologica BalkanicaVol.1, Skopje 2008.** | 6 |
| 21 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор: **The Treasure of Tremnik-Negotino and the problem of Celts in Macedonia, Proceeding of the International Symposia in Vrsac 2008, Ljubljana 2009.** | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 22 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор:**The begining of the Iron Age in Macedonia, Actes of the International Simposium "Strymon Praehistoricos", Sofija 2005.** | 3 |
| 23 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор: **The first Central Balkan Communities through the archaeological evidence, Actes of the IX International Congress of South-East European Studies, Tirana 2005.** | 3 |
| 24 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор: **The begining of the Iron Age in Macedonia, Actes of the International Simposium "Strymon Praehistoricos", Sofija 2004.** | 3 |
| 25 | Учество на научен стручен собир на МАНД, со реферат: **Резултати од археол.истражувања на Источниот брег на Преспа, Делчево 2007.** | 1 |
| 26 | Учество на научен стручен собир на МАНД, со реферат: **Резултати од археол.истражувања на Вардарски Рид, 2008 , Кичево 2008.** | 1 |
| 27 | Секциско предавање на меѓународен научно-стручен собир : **Келти на Балкан, Вршац 2008.** | 2 |
| 28 | Предавања на покана на странски универзитет: Свеучилиште Загреб, 2005, тема: **1.Железно време во Македонија; 2.Бронзено доба во Македонија.** | 3 |
| 29 | Предавања по покана на Љубљанскиот универзитет, Љубљана, 2009, тема: **Старомакедонскиот град на Вардарски Рид кај Гевгелија**. | 3 |
| 30 | Предавања по покана на Коперскиот универзитет, Копар, 2009, тема: **Микена и Македонија.** | 3 |
| | **Вкупно** | **106** |
| | **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | |
| 1 | Изработка на програма, елаборат и реализација на Археолошки музеј при Филозофскиот факултет. | 1 |
| 2 | Автор на енциклопедиски единици (20-тина) за Македонската енциклопедија, МАНУ, 2009. | 1 |
| | **Вкупно** | **2** |
| | **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | |
| 1 | Член на уредувачки одбор на научно-стручно списание: Macedoniae Acta Archaeologica. | 0,5 |
| 2 | Член на уредувачки одбор на научно-стручно списание: Folia Archaeologica Balkanica. | 0,5 |
| 3 | Уредник на зборник на трудови на високообразовна научна | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | институција: Вардаррски Рид, Филозофски факултет – Скопје. | |
| 4 | Член на организационен одбор на научно-стручен собир: Накитот низ праисторијата и антиката, Ахиос, Скопје – Струмица, 2010. | 1 |
| 5 | Студиски престој во странство (Мајнц-Германија 2004) до 3 месеци. | 0,5 |
| 6 | Раководител на внатрешна организациона единица- Институт за историја на уметноста и археологија. | 3 |
| 7 | Член на факултетска комисија - за издавачка дејност. | 0,5 |
| 8 | Член на комисија за избор во звања (д-р Виктор Лилчиќ, д-р Маријан Јованов) - 2x0,2. | 0,4 |
| 9 | Член на комисија за промени во Законот за заштита на културното наследство, 2006. | 1 |
| 10 | Член на комисија за доделување на Климентова награда. | 1 |
| 11 | Член на комисија на Министерството за култура годишна програма за заштита, 2006. | 1 |
| 12 | Член на комисија на Министерството за култура годишна програма за музејска дејност, 2010. | 1 |
| 13 | Член на управен одбор на Н.У. Стоби. | 1 |
| | | |
| | **Вкупно** | 12,4 |

| **Професионални референци на кандидатот за избор во звање:** | |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 79,12 ПОЕНИ |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 106 ПОЕНИ |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 2 ПОЕНИ |
| ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС | 12,4 ПОЕНИ |

**ВКУПНО 199,52 ПОЕНА**

| |
|---|
| **Членови на Комисијата** |
| Акад. Вера Битракова -Грозданова, претседател, с.р. |
| Проф. д-р Елица Манева, член, с.р. |
| Проф. д-р Елизабета Димитрова, член, с.р. |

**БИБЛИОГРАФИЈА**
**на проф. д-р Драги Митревски**
**Листа на позначајните печатени работи во последните 5 години**


1. Д. Митревски, Вардарски Рид – истражувања 1995-2004, Вардарски Рид кн.1, Скопје, 2004, 15-91.

2. Д. Митревски, Куќата на колекционерот, Вардарски Рид I, Скопје, 2004, 229-261.

3. D. Mitrevski, The begining of the Iron Age in Macedonia, Actes of the International Simposium "Strymon Praehistoricos", Sofija 2004.

4. D. Mitrevski, The first Central Balkan Communities through the archaeological evidence, Actes of the IX International Congress of South-East European Studies, Tirana 2004.

5. D. Mitrevski , Priestess Burials of the Iron Age in Macedonia, Situla 44, Ljubljana 2007, 563-582.

6. Д. Митревски, Скопска тврдина - археолошки истражувања 2007 година , МГС, Посебно изданне, Скопје, 2007.

7. Д.Митревски, Истражувања во село Асамати кај Ресен, Мак. археол. преглед 1, Скопје, 2008, 218-222.

8. D. Mitrevski, Genesis of the Iron Age Culture in Macedonia, Folia Arheologica BalkanicaVol.1, Skopje 2008

9. Д. Митревски, Келти во Македонија - според археолошките податоци, ГЗФФ, кн.61, Скопје, 1988.

10. Д. Митревски, Вардарски Рид, Македонско културно наследство, УЗКН. Скопје, 2008, 62-65

11. Д. Митревски, Скопска тврдина - Кале, Македонско културно наследство, УЗКН. Скопје, 2008, 16-20.

12. Д. Митревски, Археологија - основни принципи и методи на теренското работење, Фил.фак. (посебно издание), Скопје, 2009.

13. Д. Митревски, Праисторија, Историски атлас, Тримакс Картографија, Скопје, 2009, 4-16

14. Д. Митревски, Резултати од истражувањата на Глос-Грчиште кај Валандово, Maced. Acta Archaeol. 19, Скопје, 2009

15. D. Mitrevski, The Treasure of Tremnik-Negotino and the problem of Celts in Macedonia, Proceeding of the International Symposia in Vrsac 2008, Ljubljana (in press).

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК (ВО СИТЕ ЗВАЊА) ЗА НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ): СРЕДНОВЕКОВНА ЗАПАДНА УМЕТНОСТ, РАНОХРИСТИЈАНСКА УМЕТНОСТ И МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТОРИЈАТА НА УМЕТНОСТА, НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на одлуката на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет, донесена на VI редовна седница одржана на 3 март 2010 година, избрана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Анета Серафимова, проф. д-р Марина Вицеља и проф. д-р Александар Атанасовски, за избор на наставник во сите звања за научните области (дисциплини): средновековна западна уметност, ранохристијанска уметност и методологија на историјата на уметноста. На објавениот конкурс во весникот „Утрински весник" од 3 февруари 2010 година се пријави д-р Снежана Филипова, доцент на Институтот за историја на уметноста и археологија при Филозофскиот факултет во Скопје. По прегледот и оцената на доставените материјали, а според решението на Филозофскиот факултет бр. 04-260/3 од 4 март 2010 година, Рецензентската комисија има чест на Наставно-научниот совет да му го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Биографски податоци

Д-р Снежана Филипова е родена во Скопје, каде што завршила основно училиште и гимназија. Во 1987 година дипломирала на Филозофскиот факултет во Скопје на ННСГ за историја на уметноста со археологија со завиден среден успех 9,90. Постдипломски студии запишала во 1987/88 година на Филозофскиот факултет во Белград, на Одделението за историја на уметноста. Испитите ги завршила со просечен успех 10, а постдипломските студии ги продолжила и завршила на насоката медиевалистика на Централниот европски универзитет во Будимпешта во 1994 година со одбрана на магистерскиот труд: „Архитектонска декоративна скулптура во Македонија во 5/6 и 11/12 век". Докторирала во 2005 година на Филозофскиот факултет во Белград

со дисертацискиот труд: „Рановизантиски капители во Република Македонија".
Во учебната 1995/96 година, д-р Снежана Филипова реализирала семестрален студиски престој на Институтот за уметност „Кортолд" (Courtauld Insitute of Art) во Лондон, под менторство на угледниот медиевист и византолог Робин Кормак.

## Наставно-образовна дејност

Д-р Снежана Филипова е вработена како приправник на ННСГ за историја на уметноста со археологија во 1988 година, а во следната 1989 година е избрана за помлад асистент по предметот *општа историја на уметноста - среден век*. Во 1995 година таа е избрана за асистент по истиот предмети, а во 1998 година е назначена за асистент вклучен во наставата. Во овој период (1996/97), таа ја реализира и наставата по општиот курс по *историја на уметноста* на Факултетот за драмски уметности во Скопје. Во 2001 година е реизбрана во звањето асистент со ангажмани во наставата. Покрај изведувањето вежби на матичниот Институт, во периодот од 2002 до 2006 година, д-р Снежана Филипова е ангажирана и во наставата по предметот *историја на средновековната уметност (општ курс)* на Факултетот за ликовни уметности во Скопје. Во 2005 година д-р Филипова е избрана во звањето доцент во научната област средновековна западна уметност.

Наставниот ангажман на **додипломските студии** (ЕКТС) на доц. д-р Снежана Филипова од 2005 до 2009 година се одвива преку реализација на два задолжителни предмета на матичниот Институт (*средновековна европска уметност 1 и средновековна европска уметност 2*) и преку два изборни предмета на матичниот институт (*хералдика 1 и хералдика 2),* а во овој период ја изведува и наставата по старата програма на задолжителниот предмет *историја на уметноста 2* на Факултетот за ликовни уметности во Скопје.

Во наставните програми по реформите во ЕКТС (2009/10), д-р Снежана Филипова е реализатор на задолжителните предмети: *средновековна европска уметност (1 и 2)* и *методологија на историјата на уметноста,* како и на изборни предмета: *хералдика (општа)* и *хералдика на Македонија (балкански контекст).*

Доц. д-р Снежана Филипова редовно одржува консултации со студентите од првиот циклус (0,134 *поени*), а во изминатиот период била ментор (0,6 *поени*) и член на комисија за оцена и одбрана на 38 дипломски работи (3,8 *поени*).

Рецензентската комисија нотира дека наставно-образовниот ангажман на апликантот опфаќа широк временски дијапазон и обемен наставен материјал на теми од областа на средновековната уметност и култура во сите медиуми (4,86 *поени).* На овој ангажман го анектираме и сетот подготвени материјали за наставата/предавањата по предметите *средновековна европска уметност* (1 поен) и *хералдика* (1 поен).

Од 2005 година, д-р Филипова е активно вклучена во **постдипломските студии** (II циклус) на Институтот за историја на уметноста и археологија. Таа ја менторира насоката за средновековна уметност (Европа) во која е носител/реализатор на предметите: *ликовни уметности во Европа 3-15 век, уметноста меѓу Истокот и Западот (11-14 век)* и *средновековна скулптура*. Таа е воедно еден од реализаторите на задолжителните предмети за групата Историја на уметноста, а во насоката ранохристијанска уметност е носител на предметот *уметноста на доцната антика и раното христијанство - корелации*. Треба да се спомене дека, во тековниот период, таа е ментор на тројца магистранти. Овој постдипломски сегмент од наставно-образовната активност на колешката Филипова ја потврдува констатацијата за нејзината совесна професионална посветеност и на студиите од II циклус (19,77 *поени*).

Согласно со член 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник, бр.138, од 6 јули 2009 година), може да се констатира дека доц. д-р Снежана Филипова од наставно-образовната дејност остварила **31,16 поени** и со тоа двојно го надминала минималниот број поени (15) што треба да ги оствари за да биде избрана во звањето вонреден професор.

## Научноистражувачка дејност

Во периодот од изборот за доцент, д-р Снежана Филипова има богата научноистражувачка активност евидентна преку учество и реализација на ***истражувачки или апликативни проекти***. Кандидатката била учесник во четири национални научни проекти и аплицирала за еден меѓународен проект:

- Македонска културна ризница, организација/реализација: Центар за културно и духовно наследство „Каламус", 2005/ 2006 (3 *поени*);
- *Креативна настава и учење,* реализација/носители: Фондација „Институт отворено општество - Македонија", Фондација „Чекор по чекор - Македонија", Американска агенција за меѓународен развој (УСАИД), 2007/9 (3 *поени*);
- *Едукација: Хералдиката во Македонија*, носител: Музеј на Македонија, 2008/9 (3 *поени*);
- *Ликовните манифестации на симболот и митот на почвата на Македонија*, носител: проф. д-р Никос Чаусидис, 2010 (3 *поени*);
- The Research Fellowship Program 2010/11: *"Heraldic Emblems of Famous Artists and Noble Kktitors on High Position from Macedonia in the Course of the 15th-19th C."*, 2010, финансиер: CEU (5 *поени*).

Од продуктивниот научноистражувачки опус ги издвојуваме трудовите објавени во реномирани научни списанија, за кои цениме дека

имаат висока научна вредност, потврдена и со нивната широка прифатеност во стручната литература;

- "Sculptures medievales des XI et XII siècles en ARYM", Actes du colloque international *La sculpture byzantine 7-12 siecles*, BCH suppl 49 (2008), 183-197 (6 *поени*);

- „Белешки за Мијачкото знаме", *Македонско наследство 24*, Скопје, 2005, 11-27 (4 *поени*);

-„Рановизантиски капители во Република Македонија", *Годишен зборник на Филозофскиот факултет кн. 58*, Скопје, Скопје, 2005, 297-329 (4 *поени*);

- „Примери на рановизантиски пластика и капители од Македонија со аплицирани натписи или букви", Systasis 6-7 (е-портал), Скопје, 2005 (4 *поени*);

- „Културните центри во Република Македонија во времето на Јустинијан на Via Egnatia", *Patrimonium 5*, Скопје, 2010 /во печат/ (4 *поени*).

Доц. д-р Снежана Филипова учествувала на повеќе научни и стручни собири, а соопштенијата со кои настапила се публикувани и несомнено претставуваат самостојни авторски трудови со неспорен научен придонес. Од нив издвојуваме четири текстови кои ги квалификуваме како трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборници на трудови од научни собири со меѓународен уредувачки одбор:

- „Рановизантијски капители креирани у престоници у Јустинијаново доба: македонске и српске аналогије", *Зборник радова „Ниш и Византија" IV*, Ниш 2006, 199-212 (3 *поени*);

- "Medieval Paintings in Macedonian Churches and Applied Arts as the Echo of the Heraldic Society", *Culture of Memory in East Central Europe in the Late Middle Ages and the Early Modern Period*, Conference Proceedings, Poznan 2008, 277-287 (3 *поени*);

- „Античката уметност - вечно жив извор на европската уметност", Прилози. Научен собир „*Антиката и европската наука и култура (2006)*, организатор/издавач: Филозофски факултет во Скопје, Скопје, 2009, 105-118 (3 *поени*);

- „Континуитет во избор на култни места во Македонија", Зборник на трудови од меѓународната конференција *Euroclassica Aeternitas Antiquitatis*, Скопје, 2010 (3 *поени*).

Од мноштвото собири и симпозиуми од национален ранг на кои кандидатката учествувала, ги издвојуваме авторските трудови кои имаат значаен научен придонес во компаративното расветлување на култови, споменици и процеси од средновековната културно-уметничка стратиграфија на Македонија:

- „Уметничките споменици како препознатливо обележје на Скопје", Зборник на трудови од научниот симпозиум *Денови на Јустинијан I* (2006), Скопје, 2009, 73-90 (2 *поена*);

- „Комненовската династија и нивната хералдика во контекст на фрескосликарството во Македонија", научен симпозиум *Денови на Јустинијан I* (2006), Скопје , 2010 (во печат) (2 *поена*).

Треба посебно да се истакне учеството на д-р Снежана Филипова на Светскиот византолошки конгрес оджан во Лондон во 2006 година, каде што ги презентираше своите научни гледишта за одгатнување на содржината на дрвениот релјеф на ексклузивниот наод од локалитетот Баргала, кој се наоѓа во Галерија и музеј на град Штип (1 *поен*).

Приложената листа на реферати со кои кандидатката учествувала на национални, регионални и интернационални научни случувања го дава вкупниот број од 9 поени.

Едновремено во овој временски турнус којшто е предмет на нашата рецензија, треба да се издвојат и двете предавања кои д-р Снежана Филипова ги одржала како поканет предавач на:

- Филозофскиот факултет во Риека, Катедра за историја на уметноста (21-23 .1. 2007) (3 *поени*);
- Филозофскиот факултет во Загреб, Катедра за историја на уметноста (18-24 мај 2009) (3 *поени*).

Согласно со член 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.138, од 6 јули 2009 година), кандидатката од научноистражувачката дејност остварила вкупно 77 **поени** и со тоа го надминала минималниот број поени (35) што треба да ги оствари за да биде избрана во звањето вонреден професор.

**Стручно-апликативна активност**

Д-р Снежана Филипова има евидентна стручно-апликативна активност од којашто ќе издвоиме и посочиме неколку ангажмани.

Во 2008 и 2009 година таа била ангажирана од Министерството за култура на РМ како експерт на два важни проекта: (1) ревалоризација на збирки движно културно наследство како претседател на Комисијата (1 *поен*) и (2) реставрација на новооткриената базилика во Баргала како стручен косултант на проектот (1 *поен*). Таа учествувала (2007/9) во работилниците и обуката организирани во рамките на проектот „Креативна настава и учење", чијшто носители се: Фондацијата „Институт отворено општество - Македонија", Фондацијата „Чекор по чекор - Македонија" и Американската агенција за меѓународен развој (1 *поен*). Исто така треба да се спомене и сценариото за документарно-едукативната емисија „Македонската хералдика", емитувана на Македонската телевизија во април 2009 година (1 *поен*).

Од приложените материјали за стручно-апликативната дејност на кандидатката д-р Снежана Филипова го издвојуваме нејзиниот значаен авторски удел во две научни книги:

- „Скулптура", во: Гр. автори, *Македонска културна ризница* (електронска книга), изд. Каламус, Скопје, 2006 (7 *поени*);

- „Мустафа-пашината џамија" и „Куршумли-ан", во: Гр. автори, *Седум споменици на културата од Скопје и Скопско,* изд. Македонида, Скопје, 2009, 60-77 (7 *поени*).

Од приложените книги во последниот петгодишен период сметаме дека особена научна тежина има индивидуалниот авторски проект на д-р Снежана Филипова, монографијата: *Рановизантиски капители во Република Македонија*, изд. Каламус, Скопје 2007, + 465.

Во книгата, по воведните поглавја (стр. 9-28), е направена педантна *типолошка анализа на капителите*, разврстени во: *коринтски* (стр. 28-33), *композитни* (стр. 34-47), *јонски* (стр. 48-51), *шематизирани* (стр. 80-85) и *капители сполии* (стр. 86-88), со обемен осврт врз видовите/типовите *импости* (стр. 67-79). Во *заклучните разгледувања* (стр. 87-100), авторката прави анализа на стилските тенденции, ги уточнува причините за промени на тектониката и декорацијата на капителите, го прецизира потеклото на декорацијата и на увозот и дава свои аргументирани согледувања за работилниците и центрите на каменорезбата. Книгата вклучува исклучитено богат и драгоцен *каталог* (стр. 117-465) на близу петстотини капителни примероци, долга интернационална *библиографска листа* (стр. 105-116) и соодветен илустративен материјал. Недвојбено треба да се потенцира големиот и трпелив повеќегодишен напор на д-р Снежана Филипова да го собере, систематизира и научно да го обработи извонредно обемниот капителен материјал од локалитетите во Република Македонија. Таа разложно приложува аргументи за мноштво нови сознанија за типолошките карактеристики, за работилниците/школите и за влијанијата, кои се поддржани и цитирани во науката, што само по себе зборува за значењето и квалитетот на вложениот труд (8 *поени*).

Од **дејностите од поширок интерес** на апликантот д-р Снежана Филипова, за одбележување се следните активности:

- координатор на новата студиска програма (I циклус) за насоката историја на уметноста на Институтот за историја на уметноста и археологија (2007/2008) (1 *поен*);
- координатор на новата студиска програма (II циклус) за насоката историја на уметноста на Институтот за историја на уметноста и археологија (2008/2009) (1 *поен*);
- раководител на постдипломските студии на Институтот за историја на уметноста и археологија (2007-2009) (2 *поена*).

Согласно со член 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.138, од 6 јули 2009 година), кандидатката доц. д-р Снежана Филипова од стручно-апликативната дејност (26 поени) и од дејностите од поширок интерес (6 поени) остварила вкупно **34 поени** и со тоа повеќекратно го надминала минималниот број поени (10) што треба да ги оствари за да биде избрана во звањето вонреден професор.

# ПРЕДЛОГ И ЗАКЛУЧОК

Комисијата констатира дека во изминатиот период доц. д-р Снежана Филипова видно успешно ги реализирала задачите поврзани со наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност. Согласно со член 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.138, од 6 јули 2009 година, член 11), кандидатката, постигнувајќи вкупно **142,16 поени,** двојно го надминала минималниот број поени (60) по сите основи што треба да ги оствари за да биде избрана во звањето вонреден професор.

Поради сето изнесено, како членови на Рецензентската комисија, имаме чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, кандидатката **доц. д-р Снежана Филипова** да биде избрана во звањето **вонреден професор** по научните области (дисциплини): средновековна западна уметност, ранохристијанска уметност и методологија на историјата на уметноста.

Скопје, 15 март 2010

**Рецензентска комисија**

Д-р Анета Серафимова, вонреден професор, с.р.
Д-р Марина Вицеља, редовен професор, с.р.
Д-р Александар Атанасовски, редовен професор, с.р.

**АНЕКС 2**

## ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Снежана Љупчо Филипова**
(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Филозофски факултет, Институт за историја на уметноста и археологија**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: средновековна западна уметност, ранохристијанска уметност и методологија на историјата на уметноста**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одржување настава од I циклус [1]: x15x0,04 (0,6)<br>2005/6, историја на уметност 2 за ФЛУ 3+0, средновековна европска уметност 4+2 (2 семестра x 9 часа)<br>2006/7, хералдика 3+0, средновековна европска уметност 4+2 (2 семестра x 9 часа)<br>2007/8, хералдика 3+0, средновековна европска уметност 4+2 (2 семестра x 9 часа)<br>2008/9, хералдика 3+0, средновековна европска уметност 4+2 (1 семестар 9 часа настава, 2 семестар 6 часа настава, а на хералдика кога групата е помала од 16 студенти (= 15), се држи менторска настава 3 часа)<br>2009/10, хералдика 3+0, средновековна европска уметност 4+2 (2 семестра x 6 часа настава, а на хералдика кога групата е помала од 16 студенти, се држи менторска настава 3 часа) | Просек 8,1 часа x0,6=4,86 |
| 2. | Одржување настава од II циклус [2]: x 15 x0,05 (0,75)<br>2005/6, средновековна скулптура (5 часа)<br>2006/7, методологија на научните истражувања - 12 часа<br>Историја на уметност 3-20 век (10 часа)<br>Историја на уметност 3-15 век (5 часа)<br>Средновековна скулптура (5 часа)<br>2007/8, методологија на научните истражувања (14 часа)<br>Средновековна скулптура (5 часа)<br>Историја на средновековна уметност 3-15 век (5 часа)<br>Историја на уметноста (12 часа)<br>2008/9, методологија на научните истражувања (14 часа)<br>Историја на средновековна уметност 3-15 век (5 часа)<br>Историја на уметноста (14 часа)<br>2009/10, методологија на научните истражувања (7 часа) | 136/5=26, 32x0,75 = 19,77 |

[1] Просек во последните 5 години (9+9/ 7 семестри и 6 /3 семестри)/10=8,1 часа во семестар
[2] Просек во последните 5 години 2005/6 =5 ; 2006/7 г =32; 2007/8 г. =36, 2008/9г. =33, 2009/10 г. =32)

| | | |
|---|---|---|
| | Историја на средновековната уметност 3-15 век (5 часа)<br>Уметноста меѓу Истокот и Западот (5 часа)<br>Уметноста на доцната антика и раното христијанство (5 часа)<br>Ликовните уметности во Европа 3-15 век (5 часа)<br>Средновековна скулптура (5 часа) | |
| 3. | Консултации со студенти[3]: 67x0,002 | 0,134 |
| 4. | Ментор на дипломска работа: 3x0,2 | 0,6 |
| 5. | Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа: 38x0,1 | 3,8 |
| 6. | Пакет материјали за предавања по предметот *средновековна европска уметност* | 1 |
| 7. | Пакет материјали за предавања по предметот *хералдика* | 1 |
| | **Вкупно** | 31,16 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Учесник во национален научен проект:<br>• Македонска *културна ризница*, организација/ реализација: Центар за културно и духовно наследство „Каламус", 2005/ 2006;<br>• *Креативна настава и учење*, реализација/носители: Фондација „Институт отворено општество - Македонија", Фондација „Чекор по чекор - Македонија", Американска агенција за меѓународен развој (УСАИД), 2007/9 (3 *поени*);<br>• *Едукација: Хералдиката во Македонија*, носител: Музеј на Македонија, 2008/9;<br>• *Ликовните манифестации на симболот и митот на почвата на Македонија*, носител: проф. д-р Никос Чаусидис, 2010. | 4x3=12 |
| 2. | Учесник во меѓународен истражувачки проект:<br>• CEU Research Fellowship Program 2010/11: *"Heraldic Emblems of Famous Artists and Noble Ktitors on High Position from Macedonia in the Course of the 15th-19th C."* (2010) | 5 |
| 3. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание со импакт-фактор:<br>• "Sculptures medievales des XI et XII siécles en ARYM", *La sculpture byzantine 7-12 siecles, BCH suppl. 49* (2008) 183-197. | 6 |
| 4. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание (автор):<br>7. „Белешки за Мијачкото знаме", *Македонско наследство* 24. Скопје (2005), 11-27. | 4x4=16 |

[3] Број на студенти во една учебна година: историја на средновековна европска уметност= 35-40; хералдика=2, 15, 20, -27=просек 64:4 =16; историја на уметност 2 на Ликовна академија - 40
Постдипломци просек – 7.
Вкупно во година 67/2=33 во просек по семестар;

| | | |
|---|---|---|
| | 8. „Рановизантиски капители во Република Македонија", *Годишен зборник на Филозофскиот* факултет во Скопје бр. 58, (2005), 297-329.<br>9. „Примери на рановизантиски пластика и капители од Македонија со аплицирани натписи/ или букви", *Systasis* 6-7, (2005).<br>10. „Ранохристијанските културни центри во Република Македонија долж *Via Egnati.*", *Patrimonium 5*, 2010 (во печат). | |
| 5. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор (автор):<br>11. „Рановизантијски капители креирани у престоници у Јустинијаново доба, македонске и српске аналогије", *Зборник радова Ниш и Византија IV*, Ниш 2006, 199-212.<br>12. „The Early Christian fragmented wooden Relief from the site Bargala, near Štip", *Proceedings of the 21st International Congress on Byzantine Studies*, London 2006, volume III, pp. 315-317.<br>13. „Medieval Paintings in Macedonian churches and applied Arts as the Echo of the Heraldic Society", *Conference Proceedings "Culture of Memory in East Central Europe in the Late Middle Ages and the Early Modern Period"*, Poznan 2008, p. 277-287.<br>14. „Ликовни хералдички извори во Република Македонија", *Зборник од конференција „Транзициите во историјата и Културата"*, ИНИ (Скопје) и Етнографскиот институт при БАН (Софија), Скопје 2008, 565-582.<br>15. „Континуитет во избор на култни места во Македонија,", *Зборник од Euroclassica Конференција: "Aeternitas Antiquitatis"*, Скопје 2010. | 5x3=15 |
| 6. | Труд со научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови (автор):<br>16. „Уметничките споменици како препознатливо обележје на градот", *Зборник од I н*аучен симпозиум: „Денови на *Јустинијан I*", Скопје, 2009, 73-90.<br>17. „Античката уметност - вечно жив извор на европската уметност", *Зборник од н*аучен собир: „Антиката и европската наука и култура", Филозофски факултет - Скопје, 2009, 105-118.<br>18. „Комненовската династија и нивното хералдичко влијание врз фрескосликарството во Македонија", *Зборник од IV н*аучен симпозиум Денови на Јустинијан ", Скопје, 2010, (предаден за печат). | 3x2 =6 |
| 7. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно списание (автор):<br>19. „Македонските знамиња со осврт на Мијачкото знаме", *Македонски Хералд 1 (*2005), 2-6 (I дел), *и Македонски Хералд 2 (* 2007), 3-7 (II дел). | 1x2=2 |

| | | |
|---|---|---|
| 8. | Учество со реферат на национален научен собир/симпозиум:<br><br>20. XIX научен симпозиум на Македонското археолошко научно друштво, 25-27. 10. 2006, Делчево.<br>21. Научен собир „Антиката и *европската наука и култура*", Институт за класични студии, Филозофски факултет (21-22 11. 2006) Скопје, Македонија.<br>22. I научен симпозиум „Денови на Јустинијан *I*" (11-12 05. 2006) на тема: „Скопје меѓу античкото и модерното време", ИНИ, ЕвроБалкан, Град Скопје, Скопје, Македонија.<br>23. IV научен симпозиум „Денови на Јустинијан *I*" (11-12.05. 2009), на тема: „Византиското културно -историско наследство и Македонија", ИНИ, ЕвроБалкан, Град Скопје, Скопје, Македонија. | 4x1=4 |
| 9. | Учество со реферат на меѓународна научна конференција:<br><br>24. *„Via Egnatia (Патот Исток-Запад) во времето на Јустинијан и денес"*, Факултет за правни науки „Јустинијан Први" во Скопје (7.12. 2005), Скопје, Македонија.<br>25. *„Транзициите во историјата и културата"*, ИНИ - Скопје и Етнографски институт на БАН, Бугарија, 30-31.10 2006 Скопје.<br>26. "*Culture of Memory in East Central Europe in the Late Middle Ages and the Early Modern Period*" (13-14 03. 2008), Познан, Полска.<br>27. *Euroclassica*, "Aeternitas Antiquitatis", (27-30.08.2009) Скопје, Македонија.<br>Учество со реферат на светски научен конгрес:<br>28. *21st International Congress on Byzantine Studies (*210-26 08. 2006), Лондон, Англија. | 5x1=5 |
| 10. | Одржани предавања:<br>1. Катедра за историја на уметноста, Филозофски факултет, Риека (Хрватска), 21-23.1. 2007 (поканет предавач);<br>2. Катедра за историја на уметноста, Филозофски факултет, Загреб (Хрватска), 18-24 мај 2009 (поканет предавач). | 2x3=6 |
| | **Вкупно** | 77 |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. бр.** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Одржани две предавања во Музеј на Македонија: „Новите откритија во македонската хералдика" на 18.5. 2007 и „Нови ликовни хералдички извори во Македонија", на 18.2. 2009 во рамките на проектот на Музеј на Македонија „Едукација: Хералдиката на Македонија". | 2 |
| 2 | Учество во работилници и обука на проектот „Креативна настава | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | и учење", чиишто носители се: Фондацијата „Институт отворено општество - Македонија", Фондацијата „Чекор по чекор - Македонија" и Американската агенција за меѓународен развој 2006-2008 г. | |
| 3. | Стручен консултант за архитектонска пластика на проект за активности за реставрација на новооткриената базилика во Баргала, март 2009 - јули 2009 г. | 1 |
| 4. | Сценарио за документарно-едукативна емисија „Македонската хералдика", емитувана на МТВ1 три пати во текот на април 2009 г. | 1 |
| 5 | „Скулптура", во: Гр. автори, *Македонска културна ризница* (електронска книга), изд. Каламус, Скопје, 2006. | 7 |
| 6. | „Мустафа-пашината џамија" и „Куршумли-ан", во: Гр. автори, *Седум споменици на културата од Скопје и Скопско,* изд. Македонида, Скопје, 2009, 60-77. | 7 |
| 7. | *Рановизантиски капители во Република Македонија*, изд. Каламус, Скопје 2007, + 465 страни (монографија) | 8 |
| 8 | Вкупно | 27 |

## ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

| **Ред. бр.** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | | |
| 1. | Претседател на Комисијата за ревизија на елаборати на движното културно наследство, 2008 г., при Министерството за култура на РМ | 1 |
| 2. | Координатор за ЕКТС на Институтот за историја на уметноста со археологија, 2005-2008, за археологија и историја на уметност | 1 |
| 3. | Координатор на новата студиска програма (I циклус) за насоката Историја на уметноста на Институтот за историја на уметноста и археологија (2007/2008) | 1 |
| 4. | Координатор на новата студиска програма (II циклус) за насоката историја на уметноста на Институтот за историја на уметноста и археологија (2008/2009) | 1 |
| 5. | Член на Националната комисија за избор на единствен национален дрес на спортските репрезентации на Република Македонија (2007) | 1 |
| 6. | Раководител на постдипломските студии на Институтот за историја на уметноста и археологија (2007-2009) | 2 |
| | Вкупно | 7 |
| | | |
| | | |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ: ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 31,16 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 77 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 27 |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | 7 |
| **Вкупно** | **142,16** |

**Членови на Комисијата**

1. Д-р Анета Серафимова, редовен професор, претседател, с.р.
2. Д-р Марина Вицеља, редовен професор, член, с.р.
3. Д-р Александар Атанасовски, редовен професор, член, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ:
**АРХИТЕКТУРАТА НА КОМПЛЕКСОТ МАРКОВ МАНАСТИР, ИЗРАБОТЕНА**
ОД КАНДИДАТКАТА М-Р ЕЛИЗАБЕТА КАСАПОВА,
ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТА И АРХЕОЛОГИЈА ПРИ ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, донесена на IV редовна седница одржана на 15. XII 2009 г., именувани сме за членови на Комисијата за оцена на докторската дисертација под наслов: „Архитектурата на комплексот Марков манастир", поднесена од м-р Елизабета Касапова, дипл. инж. арх. Во тоа својство, имаме чест на Наставно-научниот совет да го поднесеме следниов

ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација под наслов „Архитектурата на комплексот Марков манастир", од кандидатката м-р Елизабета Касапова, претставува труд посветен на архитектурата на еден мошне значаен споменик од средновековната продукција на територијата на Република Македонија и последна голема кралска задужбина пред конечното воспоставување на османлиската власт врз овој дел од Балканот. Предадениот труд во интегрален облик содржи 245 страници текст, 44 цртежи и фотографии од досегашните истражувања на манастирот, 59 авторски цртежи како документација, реконструкции и анализи, 2 ситуации, 244 фотографии и 318 библиографски единици.

На почетокот на докторската дисертација, кандидатката нѐ запознава со манастирскиот комплекс, неговата местоположба, концепцијата и организацијата на просторот, содржината и намената на објектите како и извесните промени кои се случиле во неговата структура. Како најстари и назначајни објекти во комплексот ги издвојува главната црква Св. Димитрија и манастирската трпезарија врз чијашто темелна анализа ги базира заклучоците за основањето на манастирот. Во продолжение, во првата глава е даден преглед на досегашните истражувања на Марковиот манастир со акцент врз оние дела кои претежно се занимаваат со неговата историја и посебно неговата архитектура. Притоа, кандидатката ни дава досега најцелосен приказ на драгоцената документарна граѓа поткрепена со прилог од објавените материјали во вид на цртежи и фотографии.

Во втората глава на докторската дисертација, кандидатката ни дава прецизна слика на денешната состојба на архитектурата на манастирскиот католикон преку исцрпен опис на неговите хоризонтални и вертикални планови, надворешното обликување, конструктивниот систем, градежниот материјал и техниките на градење, камената пластика и внатрешната обработка. Но при тоа, кандидатката не се задржува само на дескрипција на архитектурата во целина и во детали, туку врши едно потемелно читање на нејзината концепција и обликување дефинирајќи повеќе хоризонтални и вертикални зони, функционални и просторни целини, фасадни планови и сл., илустрирани со соодветни шематски прикази. Исклучително добро изведената цртачка документација која содржи основи, пресеци, фасади и повеќе детали е плод на темелните теренски истражувања и прецизни мерења преземени од страна на кандидатот м-р Е. Касапова. Особено треба да се истакнат

опсервациите на оштетувањата и промените на ѕидаријата поткрепени со графички прикази со чија помош е добиена јасна слика за степенот на автентичноста на денешната состојба на црквата Св. Димитрија.

Врз основа на претходните опсервации на промените на архитектурата, кандидатката во наредната, трета глава од дисертацијата ни дава реконструкција на првобитната, проектирана состојба на црквата Св. Димитрија. Треба да се нагласи фактот дека тука за првпат се донесуваат вакви реконструирани изгледи на фасадите на црквата, како и на иконостасната преграда во внатрешноста, што претставува значаен придонес во расветлувањето на историјата на градбата и нејзината оригинална замисла. Кандидатката мошне аргументирано ги изнесува своите заклучоци во врска со првобитната состојба на разгледуваните елементи од што логично се произлезени најверодостојните цртачки реконструкции. Посебно внимание привлекува западната фасада со репрезентативниот влезен портал кој претставува уникатен примерок меѓу сочуваните цркви на територијата на Македонија. Во овој дел кандидатката дава свој придонес и во расветлувањето на намената и хронологијата на доградениот јужен параклис за кој смета дека бил изграден во XVI или XVII век исклучиво заради ктиторската композиција над јужниот влез.

Деталниот увид во постоечката состојба и понудените реконструкции се солидна основа за понатамошно аналитичко истражување на архитектурата, кое кандидатката м-р Е. Касапова го изведува во наредната, многу значајна, четврта глава од дисертацијата. Првото поглавје од оваа глава детално се занимава со анализата на хоризонталниот план, т. е. основата на црквата, при што поодделно се разгледувани наосот со олтарскиот простор и нартексот. При анализата на вписаниот крст со слободни потпори во кој припаѓа наосот со олтарскиот простор, кандидатката прави опширен преглед на неговата појава, потекло, територијалната и хронолошката застапеност на планот и при тоа ги анализира сите цркви од овој тип на широкото византиско подрачје и териториите под нејзино културно влијание (од Кападокија до Сицилија и од егејските острови до Србија) од IX до XIV век. Понатаму, кандидатката ги детерминира варијантните решенија на типот вписан крст задржувајќи се поодделно на секој од нив со детална анализа на концепцијата, обликувањето и карактеристичните пропорциски односи. На ист начин е проучуван и нартексот како тип на истовремено изграден и интегриран со наосот на црквата. Како заклучок од анализата на хоризонталниот план произлегува типолошката припадност на црквата Св. Димитрија кон едноставниот четиристолбен вписан крст во квадратно пространство со интегриран нартекс, за кое комбинирано решение, кандидатката единствена сличност наоѓа во западната црква на комплексот Св. Пантелејмон во Охрид од XII до XIII век. Во второто поглавје од четвртата глава е проучуван вертикалниот план на црквата со сите елементи на неговата горна конструкција од аспект на форма и структура, а во споредба со претходно спомнатата широка група на цркви. Особено внимание кандидатката обрнува на димензинирањето на горната конструкција и пропорциските односи на главните делови - поткуполните сводови, главната купола и слепата купола. Од споредбената анализа на овој аспект со другите разгледувани цркви произлегува заклучокот дека црквата Св. Димитрија е специфична во однос на множеството според повеќе елементи (различни подолжни сводови во наосот, слепа купола над нартексот) и има изразена вертикалност како резултат на витките пропорции на нејзината горна конструкција. За кандидатката ова се значајни показатели кои ја доближуваат црквата Св. Димитрија поблиску до црквите во регионот на Морава. Третото поглавје од четвртата глава се занимава со формалните аспекти на

надворешното обликување. Генералниот концепт на фасадната артикулација е детерминиран како систем „триумфален лак", според кој црквата Св. Димитрија покажува оживување на постарите обрасци, некогаш типични за Цариград, а сега актуелни во Македонија. Но, покрај познатиот систем, кандидатката укажува на цела низа од специфични елементи на фасадите според кои тие видно отскокнуваат од дотогашната продукција. Тука се посочени кордон-венецот, издвоениот тимпан од „триумфалниот лак", профилираните аголни пиластри, полукружните ниши и особено романскиот тип на портал на западната фасада. За сите овие елементи кандидатката прави исцрпна анализа со укажување на потеклото и развојот на посочените форми. Посебен придонес кандидатката дава со анализата на концепцијата, обликувањето и конструирањето на западниот портал при што аргументирано доаѓа до заклучок за неговиот романски образец. Апсидата на црквата, главната купола, слепата купола со кубичниот надѕидок и тимпаните се, исто така, детално анализирани и кај нив кандидатката наоѓа низа специфичности и спротивности кои не се среќаваат кај други цркви, како на пр.: на типично цариградската апсида со дворедни ниши се поставени типично нецариградски вовлечени назапчени ленти; на полукружните цариградски тимпани во покривната партија им контрираат триаголните провинциски тимпани; цариградската купола од камен и тула добива локален „македонски" тимпан; необичната кубична форма над слепата купола е осамена и е во спротивност со сите други цркви итн. Во заклучните согледувања од анализата на надворешното обликување на манастирскиот католикон, кандидатката успева да препознае вкрстување на сите доминантни текови во архитектурата на XIV век - престолничките, провинциските и западните, а покрај актуелните и возобновените постари традиции на кои им се додаваат нови автентични форми. Со овие клучни согледувања, кандидатката м-р Е. Касапова доаѓа до заклучок дека мајсторот на Св. Димитрија располагал со одлично познавање на претходната архитектонска продукција и со помош на таквиот богат речник, надополнет со своите креативни идеи, создал една нова уникатна творба.

Посебно поглавје во четвртата глава е посветено на камената пластика застапена на надворешноста и во внатрешноста на црквата Св. Димитрија. Тука кандидатката укажува на постоење на една група од едноставни камени профили кои не можат стилски да се дефинираат и на друга група од камени елементи кои имаат карактеристична обработка која насочува кон нивно можно потекло и инспирација. Оваа втора група во која спаѓаат двете прозорски рамки од нартексот, надвратната греда од западниот портал, столбовите од наосот и нартексот и капителите од иконостасот, кандидатот посебно ја анализира и со аргументи заклучува дека припаѓаат на романо-готската стилска група нетипична за византискиот црковен опус, но длабоко присутна во непосредното соседство, поточно Србија, особено кај црквите Пантократор во Дечани и Св. Архангели во Призрен. Тука кандидатката ги лоцира можните извори на влијанија врз камената пластика во Марков манастир, но изведени од рацете на послаби локални мајстори.

Како завршно поглавје во четвртата глава е дадено датирањето на црквата Св. Димитрија, а со тоа и на комплексот Марков манастир. Кандидатката поаѓа од анализата на постојниот ктиторски натпис над јужниот влез, според кој е сигурна само годината на завршувањето на работите во 1376/77 г., додека почетокот на градбата не е соопштен во текстот. Според кандидатката, годината 1344/45 посочена во натписот се однесува на основањето на манастирскиот комплекс со некоја првобитна црква, а задужбината на крал Волкашин, јасно осведочена во натписот како „обнова", започнала многу подоцна. За попрецизно датирање на почетокот на обновата,

кандидатката ја зема предвид архитектурата на црквата со сите свои специфични белези кои ја прават забележливо различна од продукцијата до средината на XIV век, а поблиска до она што следува во Србија по 1375 г. Со овие аргументи м-р Е. Касапова го определува почетокот на обновата на црквата Св. Димитрија во времето на крал Волкашин, поточно околу 1365/66 г., што е во пологичен соднос со годината на завршувањето на сликарските работи во 1376/77 г.

Во заклучокот на докторската дисертација е даден краток сублимат на сите истражувања, реконструкции и анализи детално разработени во претходните глави и поглавја и нивните парцијални завршни согледувања. На крајот на предложената докторска дисертација, како посебен прилог кон текстуалниот дел се приклучени сите графички и фотоприлози кои претставуваат еден извонредно богат и драгоцен сегмент со документарна и аналитичка содржина чие значење треба да се истакне, како од аспект на квантитетот така и од аспект на квалитетот на приложените цртежи и фотографии.

*Заклучок и предлог*

Комисијата едногласно констатира дека предложениот текст за одбрана на докторската дисертација под наслов „Архитектурата на комплексот Марков манастир", од кандидатката м-р Елизабета Касапова, донесува повеќе согледувања за архитектурата на црквата Св. Димитрија. Голем е бројот на нови опсервации коишто во претходните истражувања не биле воочени или биле само назначени. Во тој поглед, трудот на м-р Елизабета Касапова претставува исчекор во однос на првата монографија за манастирот пишувана од д-р Л. Мирковиќ и арх. Ж. Татиќ. Веруваме дека новите резултати ќе помогнат во стилското, концепциското и историското анализирање во иднина за овој толку драгоцен споменик на територијата на Македонија од XIV век.

Кандидатката ја познава комплетната литература заедно со изворите, не само во поглед на архитектурата туку и во поглед на осветлувањето на историските прилики и личностите на ктиторите. Внесен е голем напор во компаративните истражувања на храмовите од овој тип, при што особено внимание привлекува анализата на типот вписан крст, неговиот западен трем и јужниот трем (параклис). Значајно е вклучувањето на скулптуралната пластика за која наоѓа споредби во романичко-готската пластика од јадранскиот источен брег.

Ценејќи ги резултатите во целост, квалитетот на обработката и извонредно изведената документација на релевантните елементи од храмот, Комисијата цени дека предложениот труд под наслов „Архитектурата на комплексот Марков манастир" на м-р Елизабета Касапова треба да се допушти да биде одбранета како докторска дисертација на Филозофскиот факултет во Скопје и му предлага на Наставно-научниот совет да го прифати извештајот и да определи комисија и датум за одбрана.

Комисија

1. Акад. проф. д-р Цветан Грозданов, с.р.
2. Акад. проф. Крум Томовски, с.р.
3. Проф. д-р Елизабета Димитрова, с.р.
4. Проф. д-р Сашо Коруновски, с.р.
5. Проф. д-р Елица Манева, с.р.

етнолошките податоци, индикативни за развојот на градот Ниш во средновековниот и во постсредновековниот период. Поаѓајќи од социјалното милје на феудалните авторитети и анализирајќи ја културната клима на територијата на Нишката епископија, авторот форматира еден богат хоризонт на историски настани, социјални односи, црковни активности, културни потфати и уметнички проекти, поврзани со културолошките аспекти одразени во архитектонските и ликовните одлики на избраните црковни споменици.

Третото поглавје *Положбата и структурата на градот* (во дисертацијата нумерирано со реден број V, страници: 55 - 71) се однесува на географските карактеристики на регионот и на урбанистичкото устројство на градот Ниш, со анализа на условите и содржините на неговиот средновековен изглед од аспект на развојот на сакралното и профаното градителство. Тоа содржи одличен историски осврт на основните контури на урбаното јадро, фортификациските позиции, стратешките маркери и урбанистичката конфигурација на еден од најразвиените урбани центри во средиштето на балканската територија, давајќи соодветен вовед кон истражувањето на порафинираните одлики на нишкото градителство, во прегледот на спомениците кој следи во наредното поглавје.

Поглавјето со реден број VI. насловено *Архитектура* (страници: 72 - 160), содржи анализа на градителските особености и ги презентира одликите на основите, просторните решенија, декоративните аспекти и функционалните карактеристики на градбите. Притоа, сакралните споменици се разгледуваат во две потпоглавја, конципирани врз хронолошките параметри на нивното настанување: а. византиски и б. поствизантиски цркви. Во еден респектабилно структуриран методолошки приод, секоја од анализираните цркви (Латинската црква во с. Горњи Матејевац, црквата Св. Јован во с. Орљане, црквата Св. Пантелејмон во Ниш, црквата Св. Јован кај с. Горњи Матејевац, црквата Св. Ѓорѓи кај с. Каменица и Богородичината црква во Сиќевачката клисура) е претставена на соодветен начин и во контекст на нејзините карактеристични градителски одлики. Историското значење на споменикот, претходните проучувања на неговите архитектонски одлики, автентичната состојба и степенот на конзерваторските интервенции на градбата, основата и просторниот дизајн, градителскиот опус и декоративните компоненти се анализирани прецизно и акрибично, додека аналогните примери и паралели се исцрпно поткрепени со моќне современа литература и примери не само од балканската, туку и од пошироката византиска градителска практика. По анализата на архитектонскиот дизајн на секоја градба, следи кус заклучок, во кој се синтетизирани најзначајните елементи на архитектонската опстановка на соодветната црква и нејзиното значење за и во рамките на развојот на византиските и поствизантиските градителски и декоративни матрици.

Следното поглавје, насловено *Ѕидно сликарство* (во дисертацијата нумерирано со реден број VII, страници: 162 - 230), ја опфаќа анализата на сликаната декорација на црквите: Св. Јован во с. Орљане, Св. Никола во Ниш, Св. Јован кај с. Горњи Матејевац и Св. Богородица во Сиќевачката клисура. Со оглед на високиот степен на оштетување на сликаните ансамбли во наведените споменици, авторот ја започнува својата експозиција со опис

# РЕЦЕНЗИЈА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВИЗАНТИСКИТЕ ЦРКВИ ВО НИШ ОД XI ДО XVII ВЕК", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р МИША РАКОЦИЈА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука број 0903-1646/08 од 8.3.2010 година, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет, на својата VI редовна седница одржана на 3.3. 2010 година, нè избра за членови на Комисијата за оцена на докторскиот труд поднесен од кандидатот м-р Миша Ракоција под наслов *Византиските цркви во Ниш од XI до XVII век*. По прегледот на докторскиот труд, Комисијата во состав: проф. д-р Елизабета Димитрова, акад. проф. д-р Цветан Грозданов, проф. д-р Сашо Коруновски, доц. д-р Миодраг Марковиќ и доц. д-р Драган Војводиќ, има чест на Наставно-научниот совет да му го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторскиот труд со наслов *Византиските цркви во Ниш од XI до XVII век*, поднесен од м-р Миша Ракоција, претставува сеопфатна научна студија за средновековниот културен стратум и за уметничката продукција во сферите на архитектонското наследство и фрескоживописот на градот Ниш и неговата потесна географска околина. Проучувајќи ги византиските цркви, изградени и декорирани со фрескосликарство во периодот од XI до XVII век, м-р Миша Ракоција, авторот на поднесената докторска дисертација, поседува забележително портфолио од поголем број авторски трудови, објавени во домашните и странските периодични публикации, како и неколку монографски изданија, во печатена и во електронска форма. Сепак, неговиот докторски труд „Византиските цркви во Ниш од XI до XVII век" е до сега најкомплетен научен осврт врз споменатата проблематика, кој ги открива историските, социјалните, културните и уметничките одлики на средновековниот и доцносредновековниот Ниш. Како значаен политички и црковен центар, овој град, уште од најраниот медиевален период, „комуницирал" со блиските уметнички жаришта на балканската територија, особено по географската оска север - југ и создал иконографски и стилски корелативи со околните области, посебно со спомениците на артистичката продукција на македонското подрачје. Оттука, докторската дисертација на м-р Миша Ракоција имаше за цел да ги отвори, проучи и разреши прашањата и проблемите што се однесуваат на сите аспекти (историски, социолошки, уметнички и културолошки) на византиските споменици продуцирани во градот Ниш и неговото окружување и да создаде сеопфатна слика за нивните тематски, ликовни и естетски особености.

По запознавањето со содржината на докторскиот труд со наслов *Византиските цркви во Ниш од XI до XVII век*, Комисијата можеше да утврди дека кандидатот м-р Миша Ракоција, поаѓајќи од постојните сознанија за спомеников објавени во вкупно 460 библиографски единици (според списокот на користената литература), како и од своите сопствени

долгогодишни теренски истражувања и анализи, нуди еден солиден и методолошки јасен концепт на проучување со амбициозен обид за опис, анализа и реконструкција на архитектонските ансамбли и на фрескоаранжманите од византискиот и поствизантискиот период, форматиран како сериозна научна студија за средновековната и доцносредновековната уметничка продукција на градот Ниш.

Докторската дисертација на м-р Миша Ракоција, со наслов *Византиските цркви во Ниш од XI до XVII век* е структурирана во десет одделни поглавја, кои, покрај воведните назнаки во тематското истражување (Предговор и Вовед), се однесуваат на: историографскиот корпус за спомениците, историските околности на нивното настанување, архитектонскиот дизајн на градбите, програмската конфигурација и иконографската концепција на сликаната декорација на ансамблите и ликовно-естетските димензии на живописот, синтетизирани во завршните согледувања на трудот, и дополнети со репрезентативниот список на користени библиографски единици и каталогот на селектирани графички и илустративни прилози. Притоа, трудот е форматиран на 360 страници отчукан текст (во фонт Mac C Times, формат 1.5 точки) и 115 табли со повеќе од 200 црно-бели и колор xerox копии од избран графички и фотографски материјал за презентација на архитектонските планови на градбите и на иконографските претстави на фрескоансамблите. Логичната експликација на податоците низ транспарентната конфигурација на поглавјата и потпоглавјата го прави трудот лесен за следење, интересен за читање и соодветен за оцена и анализа.

Во првото поглавје *Изучување на црквите од градот Ниш* (во дисертацијата нумерирано со реден број III, страници: 4 - 9), авторот на трудот се осврнува на сите поранешни идеи, сознанија, претпоставки и теории во делата на претходните проучувачи, кои дале свој придонес во истражувањето на црквите од средновековниот и од доцносредновековниот период, лоцирани во самиот град и во неговата географска околина. Притоа, осврнувајќи се на делата кои ги третираат градителските одлики и ликовните особености на нишките споменици од периодот XI – XVII век, м-р Миша Ракоција фрла светлина врз квантитетот и квалитетот на досегашните проучувања и ја формира базата за сопствениот старт во истражувањето на византискиот и поствизантискиот културен слој, материјализиран во мошне интересните архитектонски квалитети и во автентичниот програмско-иконографски опус на сликаните ансамбли од наведената епоха.

Второто поглавје *Историските околности, црковните прилики и културните стремежи* (во дисертацијата нумерирано со реден број IV, страници: 10 - 54) нуди солидна и сериозно конципирана историска, социолошка и културолошка анализа на византискиот и поствизантискиот период низ призмата на развојот на градот Ниш како економско и културно жариште во центарот на Балканскиот Полуостров, со комплетната стратиграфија на културни остварувања, уметнички творби и ликовни дострели. Истражувајќи го историскиот контекст на времето и понирајќи во социјалните фундаменти на културниот развој и на уметничката продукција, авторот ни ги пренесува не само содржините на историските извори и на документарните текстови, туку покажува забележително познавање и на

на затечената состојба на фрескоаранжманот за секоја црква поодделно, пред да помине на дескрипцијата на ансамблот и на распоредот на фрескопрограмата. Освртот врз историјатот на проучувањето, тематските особености на декорацијата, иконографската анализа и стилските специфики се главните компоненти во приодот кон истражувањето на четирите фрескоансамбли (главно од поствизантискиот период). Сепак, авторот направил сериозен напор кон реконструктивна анализа на непостојните делови од живописот на некои од спомениците, како и опсежна стилска анализа на ансамблот на манастирската црква во Сиќевачката клисура, чиј сликан аранжман, со оглед на релативно добро зачуваните претстави, му овозможил богата експликација на ликовните дострели на споменикот. Притоа, треба да се напомене дека покрај вообичаените методи кои се применуваат за истражување на фрескодекорацијата во монографски форматираните студии за византиските споменици (дескриптивниот и иконографскиот метод), авторот наведува и богат фонд на аналогни примери и иконографски паралели на претставените композиции и прикажаните ликови, особено за последната наведена црква, со што прецизно го одредува нејзиното место и значење во рамките на развојот на поствизантиската уметничка продукција од првата половина на XVII век.

Последното поглавје (во дисертацијата нумерирано со редниот број VIII, страници: 231 - 279) ги опфаќа *завршниӣе разīледувања*, кои ги синтетизираат сите истражувачки резултати поврзани со историските димензии, архитектонските одлики на градбите, програмските, иконографски и стилски специфики на фрескоаранжманите на средновековните и доцносредновековните споменици во Ниш и неговата географска околина. Притоа, секој од спомениците е разгледуван во контекст на неговите архитектонски обележја и карактеристики, како и во контекст на ликовниот придонес на сликаните аранжмани и нивната компатибилност со „современите" иконографски и стилски трендови на византискиот и поствизантискиот културен и уметнички круг. Во таа смисла, сожетата крстообразна куполна архитектонска структура на Латинската црква во с. Горњи Матејевац и на црквата Св. Јован во с. Орљане (од средновизантиската епоха), архаичната варијанта на триконхалниот план во реализацијата на црквата Св. Јован, еднокорабната градителска матрица во дизајнирањето на Богородичина црква во Сиќево со трибелон на западната страна (обете од поствизантиската епоха) и интересната програмско - иконографска конфигурација на сликаниот аранжман во последната црква, ги претставуваат главните пунктови на интерес во научната анализа на авторот. Одредувајќи го нивното значење во развојот на регионалните градителски трендови и лоцирајќи ги нивните дострели во рамките на општата дистрибуција на уметничките правци и влијанија од византиската и поствизантиската епоха, авторот на докторскиот труд формира јасна, прегледна и значајна слика за културниот и уметнички хабитус на градот Ниш и на неговото творечко окружување во долгиот период период од речиси седум столетија. Во таа смисла, со апликацијата на современи методолошки средства, со сериозниот приод кон анализа на сите релевантни компоненти и со богатството на податоци и информации, докторскиот труд на м-р Миша Ракоција претставува значаен придонес во истражувањето на нишкото средновековно и доцносредновековно културно наследство.

**Заклучок и предлог**

Врз основа на погоре наведеното, Комисијата констатира дека докторскиот труд на м-р Миша Ракоција со наслов *Византиските цркви во Ниш од XI до XVII век* е успешно изработен и му предлага на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да ја одобри неговата јавна одбрана.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Елизабета Димитрова, с.р.
Акад. Цветан Грозданов, с.р.
Проф. д-р Сашо Коруновски, с.р.
Доц. д-р Миодраг Марковиќ, с.р.
Доц. д-р Драган Војводиќ, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

# ЗА УЧЕБНИКОТ *ЕКСПЕРИМЕНТАЛНО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ОДНЕСУВАЊЕТО* ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р ВИОЛЕТА ПЕТРОСКА БЕШКА

Трудот *Експериментално истражување на однесувањето* од проф. д-р Виолета Петроска-Бешка е презентиран на 222 страници компјутерски обработен текст, pdf-формат. Материјалот е распореден во 8 глави кои накратко ќе ги прикажам.

1. ВОВЕД ВО ЕКСПЕРИМЕНТАЛНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ (стр. 7 - 18). Во оваа глава се дадени особеностите на експерименталниот метод, објаснето е зошто експериментот се користи како најсоодветен каузален метод и се прикажани различните нацрти на експериментално истражување.

2. ВАЛИДНОСТ НА ЕКСПЕРИМЕНТОТ (стр. 19 - 58). Дефинирани се интерната и екстерната валидност, презентирани се факторите кои можат да ги загрозат (кои потекнуваат од постапката, испитаниците или експериментаторот) и објаснети се стратегиите кои обезбедуваат контрола на овие ефекти во експерименталните истражувања.

3. КОНТРОЛА НА ВАРИЈАНСАТА (стр. 59 - 76). Опишани се различните облици на варијанса што се јавуваат во експерименталните истражувања и треба да бидат контролирани на соодветен начин за да може да се дојде до заклучок за причинско-последичната поврзаност меѓу зависната и независната варијабла.

4. ЕКСПЕРИМЕНТИ СО НЕЗАВИСНИ ГРУПИ (стр. 77 -100). Дадени се карактеристики на експериментите со независни групи, презентирани се начините на формирање независни групи со случајно назначување, објаснети се експерименталните нацрти со независни групи и презентирани се основните поставки на статистичка анализа на резултатите добиени со примена на овој вид експерименти.

5. ЕКСПЕРИМЕНТИ СО ИЗЕДНАЧЕНИ ГРУПИ (стр. 101 - 124). Изнесени се карактеристиките на експериментите со изедначени групи, презентирани се начините на изедначување на групите, објаснети се експерименталните нацрти со изедначени групи и презентирани се основните поставки на статистичка анализа на резултатите добиени со примена на овој вид експерименти.

6. ЕКСПЕРИМЕНТИ СО ЕДНА ГРУПА (стр. 125 - 150). Дадени се карактеристики на експериментите со една група, објаснети се ефектите на редослед што се главен проблем за овој вид експерименти, презентирани се различните стратегии што може да се преземат за да се контролираат овие

Исто така, статистичките табели поместени во Додатокот ќе му го олеснат на истражувачот изведувањето на статистички заклучоци.

Трудот е пишуван со мошне јасен стил. Речениците се кратки, јасни, разбирливи, без непотребни зборови. Всушност, обемна материја е прикажана на кондензиран начин. Тоа учебникот го прави прифатлив за студентите, а и мошне добро се вклопува во ЕКТС за брзо, ефикасно и квалитетно студирање.

Мое мислење е дека и овој учебник на проф. д-р Петроска-Бешка ќе биде - како и другите нејзини учебници од оваа област - одлично прифатен од студентите, а ќе се афирмира и пошироко.

**Учебникот *Експериментално истражување на однесувањето* од проф. д-р Виолета Петроска-Бешка го оценувам мошне позитивно и препорачувам да се отпечати.**

15.III 2010 Проф. д-р Томе Николоски, с.р.

ефекти и прикажани се основните поставки на статистичка анализа на резултатите добиени со примена на овој вид експерименти.

7. ФАКТОРИЈАЛНИ ЕКСПЕРИМЕНТИ (стр. 151 - 184). Дадени се карактеристики на факторијалните експерименти со кои се проверува влијанието на две или повеќе независни варијабли, објаснети се експерименталните нацрти со независни групи и презентирани се основните поставки на статистичка анализа на резултатите добиени со примена на овој вид експерименти заедно со можностите и начините на интерпретација на факторијалните експерименти.

8. ИСТРАЖУВАЊА СЛИЧНИ НА ЕКСПЕРИМЕНТАЛНОТО (стр. 185 - 204). Во последната глава, авторката ги презентирала и ги објаснила особеностите и нацртите на квазиекспериментални истражувања и експериментите „ex post facto".

Учебникот има уште два дела, насловени ДОДАТОК (стр. 211 - 214) и ЛИТЕРАТУРА (стр. 215 -220). Во Додатокот се приложени статистички табели а во Литературата се наведени 50 наслови коишто авторката ги користела при подготовката на овој учебник.

## Оцена и предлог

Учебникот *Експериментално истражување на однесувањето*, од проф. д-р Виолета Петроска-Бешка, првенствено е наменет за студентите по психологија кои ќе го користат за подготовка на студискиот предмет *методологија на психолошките истражувања*. Овој учебник е еден од повеќе учебници од истата област по коишто е авторката е позната. Негова карактеристика е што е насочен кон една специфична област, имено, експерименталното истражување на човековото однесување. Учебникот ќе може да се користи и од студенти што студираат други науки, а коишто го проучуваат човековото однесување (педагози, социолози, политиколози, а и од други профили). На сите оние што го проучуваат човековото однесување по пат на експерименти, учебникот на проф. Бешка ќе им помогне правилно да го планираат експериментот, да спроведат валиден експеримент, да разберат како да се контролира варијансата и како да користат еден од различните планови на експеримент.

Во трудот се дадени извадоци од познати експерименти во психологијата што на студентите ќе им помогне полесно да го сфатат и да го применат експерименталниот метод.

Сакам да истакнам дека за да го напише овој учебник, д-р Бешка проучила голем број мошне компетентни трудови, напишани пред сè на англиски јазик.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА УЧЕБНИКОТ „ЕКСПЕРИМЕНТАЛНО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ОДНЕСУВАЊЕТО" ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р ВИОЛЕТА ПЕТРОСКА-БЕШКА

На редовната седница на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет одржана на 3.3.2010 година, бев избрана за рецензент на учебникот „Експериментално истражување на однесувањето" од проф. д-р Виолета Петроска - Бешка. Со благодарност за укажаната доверба, на Наставно-научниот совет да му го поднесам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Намената на овој труд е пред се да биде примарен извор на информации за студентите за тоа како се водат експериментални истражувања, како се обработуваат податоците кои се добиени со истражувањата, но и како се толкуваат наодите. Ако се потцрта дека тој е проширена и подобрена верзија на дел од учебникот „Методологија на експерименталните истражувања во психологијата" издаден 1994 година, кој повеќе од петнаесет години помеѓу студентите на додипломски студии, но и меѓу постдипломците и практичарите кои спроведуваат истражувања има реноме како еден од ретките примери на учебници кои, според нив, претставуваат незаменлив прирачник без чија поддршка не можеше да се замисли реализацијата на нивните емпириските истражувања, станува сосема јасно дека учебникот „Експериментално истражување на однесувањето" претставува труд со уште поголема педагошка и практична вредност. Но, тој исто така има и неспорна научна вредност, бидејќи теориската втемеленост врз основа на која е пишуван е експлицитно изнесена и претставува солиден извор на информации за сите корисници кои се заинтересирани за методологијата на експерименталните истражувања, без разлика на тоа дали се занимаваат непосредно со водење ваков вид истражувања или имаат потреба од стекнување знаења кои ќе им помогнат во компетентно следење на истражувањата во областите со кои се занимаваат. На крајот на трудот е наведена листа со користена литература, која содржи 50 библиографски единици, составена од најрелевантни публикации од водечките автори во сферата на методологијата на истражувања во областа на бихејвиоралните научни дисциплини.

Структурата на учебникот ги опфаќа следниве седум поглавја: 1) Вовед во експерименталното истражување; 2) Валидност на експериментот ; 3) Контрола на варијансата; 4) Експерименти со независни групи; 5) Експерименти со изедначени групи; 6) Експерименти со една група и 7) Факторијални експерименти.

Првите три поглавја се од поопшт карактер и се однесуваат на прашања поврзани со експерименталните истражувања воопшто. Тие претставуваат појдовна основа со која читателот се воведува во тоа што претставува експериментот, зошто е единствен директен каузален метод, какви видови варијанса продуцира и кои барања и истраѐувања се очекува

да ги исполни. Преостанатите четири поглавја во детали ги образложуваат сите видови експериментални нацрти, нивните карактеристики и начинот на којшто се обработуваат податоците коишто со нив се добиваат.

Во првото поглавје авторката ги изнесува основните карактеристики на експериментот и на достапен јазик образложува зошто експериментите, за разлика од неексперименталните нацрти, овозможуваат непосредно заклучување за каузален однос меѓу зависната и независната варијабла.

Второто поглавје е посветено на прашањето за валидност на експериментот. Во делот за екстерна валидност, таа објаснува како се обезбедуваат популациската, временската и еколошката валидност, наведувајќи со практичен замислен пример кој конзистентно се провлекува меѓу уште неколку, за да послужи како илустрација за тоа што сè е потребно да стори истражувачот за да може безбедно да ги генерализира наодите. Во следниот дел, авторката покажува уште посуптилна осетливост за финесите со кои треба да се опишат заканите за интерната валидност – секоја од варијаблите кои ја доведуваат во прашање каузалната поврзаност помеѓу зависната и независната, подробно е дискутирана и обезбеден е пример со кој станува јасно како може да се загрози исправноста на каузалниот заклучок. Поглавјето завршува со дискусија за ефектите на испитаниците и на истражувачот врз валидноста и упатства за тоа како овие ефекти можат да се контролираат.

Од огромна важност за да се разбере што всушност се заклучува врз основа на резултатите добиени од едно истражување, е да се разберат изворите на варијабилност на скоровите. Изворите на варијабилност во експериментите со независни и со корелирани групи, начините на контрола на варијансата како и суштината на „максминкон" принципот на експерименталните истражувања, се изложени во последното поопшто поглавје. Авторката ги презентирала дури и основите на анализа на коваријанса и мултиваријантна анализа на варијанса, без притоа текстот да се оптоварува со формули или решавања.

Четвртото поглавје е посветено на карактеристиките на експериментите со независни групи. Прикажан е процесот на случајно назначување на испитаниците во групите и направена е разлика меѓу оваа процедура и процедурата на случаен избор на испитаници, без да се избегне практична илустрација на тоа како всушност се изведува постапката. Потоа се прикажани карактеристиките и базичните нацрти на експериментални нацрти со независни групи и основите на
анализа на резултатите од овие експерименти.

По истиот принцип авторката пишува и за експериментите со изедначени групи во следното поглавје. Најпрво се објаснети базичните карактеристики, па изнесени се примери за тоа како сè може да се изедначат групите, потоа се изложени видовите нацрти и начините на анализа. На крајот, дадена е и дискусија за тоа кои се предностите, а кои недостатоците на експериментите со изедначени групи во однос на експериментите со независни групи.

Поглавјето број шест е посветено на експериментите со една група. Освен карактеристиките и предностите и недостатоците на овој дизајн споредeн со експериментите со две или повеќе групи, читателите можат да ги прочитаат сите неопходни детали за тоа како во практика се

контролираат ефектите на редослед на излагање на третманите. Како и за претходните нацрти, така и за овој, еден дел е посветен на постапките на анализа на резултатите.

Последното поглавје најдобро ја илустрира супериорноста на авторката во презентирање на исклучително сложените методолошки концепти на најдостапен можен начин. Факторијалните експерименти, за кои се зборува во последната глава на учебникот, не е нешто што лесно се совладува, особено во делот на толкувањето на добиените наоди. Но, тегобноста која вообичаено ги преплавува читателите, а особено почетниците во методологијата соочени со комплексноста на нацрти со повеќе независни варијабли, не се доживува кога се чита од овој учебник.

Јасната структура и прецизниот јазик се карактеристики кои прво се воочуваат кога се чита овој труд. Но, тие не се неговите единствени квалитети. Авторката успеала да постигне извонредна рамнотежа во изборот на застапени содржини за темите кои ги обработува. Од една страна, текстот е неоптоварен со детали кои немаат солидно функционално значење за дискутираната содржина, а од друга, ги содржи сите информации за да може да биде прирачник кој на читателот му дава одговор на сите практични прашања што се наметнуваат кога се води експериментално истражување. На сличен начин, таа ја избалансирала и застапеноста на практичните упатства со теориските образложенија, што учебникот го прави атрактивен и за публика поширока од студентската популација.

Бројните додатоци, шеми и табели ја одразуваат ориентацијата на трудот кон практичната употребливост, но уште повеќе, придонесуваат кон тоа учебникот да биде пример за тоа како треба да биде водено четиво коешто нема само научно значење, туку има и врвен квалитет од педагошки аспект. Со вештината на избор на примерите со кои се илустрираат изложените концепти и релации, авторката придонела, материја која сама по себе ретко е атрактивна за почетниците во областа, да ја направи лесно сфатлива и интересна. На пример, интеракциските ефекти од факторијалните нацрти, наместо, како што вообичаено се прави, да ги елаборира по математички пат, таа ги објаснува со аналогија од секојдневието: дилемата дали прво да се облече кошулата или панталоните. Секој наставник со дидактички сензибилитет во вториот пристап ќе препознае далеку подобар начин комплексните појави да се приближат до оние што ги совладуваат.

Токму од наведените причини, потенцијални корисници на овој учебник не се само студентите, и сите кои во практика спроведуваат емпириски истражувања, туку и поширок круг на читатели заинтересирани за теориската основа на главните модели врз кои се засновани истражувањата во науките кои го проучуваат однесувањето. Дидактичките квалитети и прецизноста на стручните информации прават овој труд да претставува уште еден мошне значаен прилог на авторката кон академската продукција.

Рецензент
Доц. д-р Николина Кениг, с.р.

# ПРЕГЛЕД
**на одобрени теми за изработка на докторски дисертации на Филозофскиот факултет во Скопје Наставно-научен совет, VI редовна седница одржана на 3 . 3. 2010 година**

| Кандидат | Тема | Комисија |
|---|---|---|
| 1) М-р Буниамин Мемеди | Тешкотии во учењето кај децата со посебни образовни потреби вклучени во редовниот образовен систем | 1.Проф. д-р Љубомир Ајдински<br>2.Доц.д-р Даниела Димитрова Радојичиќ<br>3.Доц.д-р Зоран Киткањ |
| 2) М-р Агим Рушити | Методски модели за развој на математички компетенции | 1.Проф. д-р Снежана Адамческа<br>2.Проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска<br>3.Проф. д-р Јасмина Делчева Диздаревиќ |
| 3) М-р Македонка Радуловиќ | Влијанието на Европската унија врз почитувањето и остварувањето на правото на здравје во Република Македонија како фундаментален дел од човековите права | 1.Проф. д-р Милева Ѓуровска<br>2.Проф.д-р Бранислав Саркањац<br>3.Проф. д-р Ило Трајковски |
| 4) М-р Кирил Митиќ | Организиран криминал и неговите импликации врз безбедноста на земјите од Југоисточна Европа | 1.Проф. д-р Митко Котовчевски<br>2.Проф. д-р Зоран Нацев<br>3.Проф. д-р Оливер Бакрески |
| 5) М-р Маја Фузевска | Тенденциите во појавувањето на новите видови на тероризам во 21 век и средствата и методите за нивно остварување | 1.Проф. д-р Митко Котовчевски<br>2.Проф. д-р Оливер Бакрески<br>3.Доц. д-р Тони Милески |
| 6) М-р Хатиџе Ислами | Стилови на разрешување на брачни конфликти | 1.Проф. д-р Верица Стаменкова Трајкова<br>2.Проф. д-р Димитар Трајковски<br>3.Проф. д-р Сунчица Димитријоска |
| 7) М-р Љубен Тевдовски | Археологијата и археолошкото наследство во современите меѓународни односи-Теоретска и компаративна анализа со фокус на Македонија | 1.Проф.д-р Виктор Лилчиќ<br>2.Проф.д-р Елица Манева<br>3.Проф. д-р Драги Митревски |
| 8) М-р Ана Поповска | Морфолошко-синтаксичката структура на исказот кај деца со развојна дисфазија | 1.Проф. д-р Миле Вуковиќ<br>2.Проф. д-р Зора Јачова<br>3.Проф. д-р Ристо Петров |
| 9) М-р Маја Анастасова | Развојот на графичките техники во западноевропската нововековна уметност | 1.Доц. д-р Татјана Филиповска<br>2.Проф. д-р Владимир Величковски<br>3.Проф. д-р Елизабета Димитрова |

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ДВА АСИСТЕНТА ПО ПРЕДМЕТОТ МЕДИЦИНА НА ТРУДОТ НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет, при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, на својата IV редовна седница одржана на 24.12.2009 година, а во врска со конкурсот за избор на лица во наставно-научни, научни и соработнички звања на Медицинскиот факултет во Скопје, по предметот медицина на трудот, објавен во весникот „Утрински весник" од 25.11.2009 година, избра Рецензентска комисија во состав:

**1. доц. д-р Јордан Минов**
**2. проф. д-р Јованка Карацинска-Бислимовска**
**3. проф. д-р Елисавета Стикова.**

На конкурсот за избор на два асистента се пријавија два кандидата: **д-р Драган Мијакоски, м-р сци. и д-р Сашо Столески, м-р сци.**

Рецензентската комисија, откако ја проучи доставената документација, како и врз основа на непосредното познавање на кандидатот, има чест да му го достави на наставно-научниот совет следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Д-р Драган Мијакоски, м-р сци.

Биографски податоци

Д-р Драган Мијакоски е роден на 21. V 1977 година, во Прилеп. Основно образование и природно-математичка гимназија со одличен успех завршил во 1995 година. На Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје дипломирал во 2002 година со просечен успех 9,19. Од учебната 2002/2003 година е запишан како редовен студент на постдипломски студии при Медицинскиот факултет во Скопје од областа хигиена и медицина на трудот, кои ги завршил во 2009 година и се стекнал со звањето магистер на медицински науки. По изборот за помлад асистент на Катедрата за медицина на трудот при Медицинскиот факултет во Скопје во октомври 2003 година, активно е вклучен во процесот на едукација на студентите по медицина и стоматологија, како и во Високата школа за медицински сестри, физиотерапевти и логопеди. Специјализацијата по медицина на трудот на Медицинскиот факултет во Скопје ја завршил во ноември 2008 година. Од 2003 година работи во Центарот за алергија при

Институтот за медицина на трудот на РМ - Скопје, Колаборативен центар на СЗО и Колаборативен центар на GA²LEN.

Солидно ги познава компјутерската информатика и англискиот јазик. Член е на Македонското респираторно здружение, Македонското здружение за медицина на трудот, Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија, Европското респираторно здружение и Европската академија за алергологија и клиничка имунологија.

Стручно-научна активност

Како соработник - истражувач успешно е вклучен во активностите на научноистражувачките проекти во кои учествува Институтот за медицина на трудот. Соработник е во проектот „Тренинг и истражување во областа на здравствената екологија и медицината на трудот на Балканот" (Training and Research in Environmental Health in the Balkans - TREHB), предводен од Државниот универзитет во Мичиген, Институт за интернационално здравје, финансиран од Фондацијата „Фогарти", 2006-2010, а истражувач е и во студијата за епидемиологијата на астмата и алергиските болести во Европа, која се изведува во рамките на Global European Asthma and Allergy Network (GA²LEN). Учесник е во школата „Дали ринитот води кон астма?" (2009 г.) - „Дијагностика и третман на ринитот".

Како лекар, во Институтот за медицина на трудот, СЗО Колаборативен центар, активно ги следи и ги проучува специфичните проблеми од медицината на трудот кои се среќаваат во секојдневната практика, а се однесуваат на професионалните заболувања од областа на пулмоалергологијата, индустриската токсикологија, екологијата на трудот и сл. Согласно со неговите компетенции, ангажиран е во стручните и научните активности на Институтот. Автор или коавтор е на околу 70 стручни и научни труда кои се објавувани во домашни и странски списанија.

Објавени трудови

1. Рецензирани трудови

Трудовите публикувани во 2003 година со реден број 1-4 се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 829/2003, додека трудовите 5-27 се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 915/2007.

2. Трудови за рецензија

Список на публицирани трудови по преизборот во звањето помлад асистент (од 2007 година до сега):

28. **Mijakoski D**, Karadzinska-Bislimovska J, Stoleski S, Risteska-Kuc S. Occupational sharp injuries, ageing, and preventive measures in laboratory workers. Ergonomia IJE&HF 2007; 29 (3-4): 267-271.

Во истражувањето од типот на студија на пресек се евалуираат влијанието на возраста како и должината на професионалната експозиција врз преваленцијата на повредите со остри предмети во професионални услови, како и ХБВ, ХЦВ и ХИВ-статусот кај лабораториските работници со специфичен професионален ризик од повреди со остри предмети. Резултатите говорат дека возраста придонесува за повисока преваленција на повреди со игли како и за присуство на анти-ХБц-Ат како маркери на претходна ХБВ-инфекција. Подобрувањето на здравјето и безбедноста на разботното место може да биде постигнато со правовремена и адекватна едукација и тренинг на вработените за заштита од повредите со остри предмети, употреба на лични заштитни средства и ХБВ-вакцинација.

29. Stoleski S, Karadzinska-Bislimovska J, Minov J, **Mijakoski D**, Risteska-Kuc S. Respiratory effects of workplace exposure in gas cookers. Eur Respir J 2007; 30 (51): 734.

Во истражувањето од типот на студија на пресек се евалуираат респираторните ефекти на специфичната професионална експозиција кај готвачите кои што при готвењето користат гас, а како контролна група е земена група од канцелариски работници. Резултатите укажуваат на несигнификантно повисока зачестеност на респираторните симптоми и бронхијалната хиперреактивност (БХР) кај готвачите. Вредностите на испитуваните спирометриски параметри се сигнификантно пониски кај готвачите.

30. **Mijakoski D**, Karadzinska-Bislimovska J, Minov J, Trajceva L, Ezova M, Risteska-Kuc S, Stoleski S. Nasal symptoms in female cleaners: relation to respiratory symptoms, bronchial hyperresponsiveness, and duration of exposure. Eur Respir J 2007; 30 (51): 154.

Во истражувањето од типот на студија на пресек се евалуира поврзаноста на назалните симптоми кај хигиеничарки и канцелариски работнички со респираторните симптоми, бронхијалната хиперреактивност (БХР) и должината на експозицискиот стаж. Резултатите укажуваат на повисока зачестеност на назалните симптоми кај хигиеничарките. Регистрирана е сигнификантна поврзаност на назалните симптоми со респираторните симптоми кај двете испитувани групи, како и сигнификантна поврзаност со БХР и должината на експозицискиот стаж кај хигиеничарките.

31. Karadzinska-Bislimovska J, Minov J, Stoleski S, **Mijakoski D**. Reactive airway dysfunctional syndrome after workplace exposure to *FAMIN*: a case report. Eur Respir J 2007; 30 (51): 636.

Во трудот е прикажан дијагностичкиот пристап кон неалергиската професионална астма, односно реактивниот дисфункционален синдром на дишните патишта преку приказ на случај на металски работник кај кој синдромот се развил по експозиција од околу два часа на висока концентрација на *FAMIN* (индустриско средство за чистење, односно мешавина од неколку органски растворувачи со висока содржина на бензин).

32. Karadzinska-Bislimovska J, Cvetanov V, Ezova N, Milkovska S, Risteska-Kuc S, Stoleski S, **Mijakoski D**, Minov J. Sensitization to cockroach in Republic of Macedonia: a general population sample and subjects with respiratory allergies. Allergy 2007; 62 (83): 155.

Во истражувањето од типот на студија на пресек се евалуира зачестеноста на сензибилизацијата на алергените од лебарката во општата популација и кај возрасните лица со алергиска астма. Резултатите укажуваат на зачестеност на сензибилизацијата на овие алергени во општата популација од 3,2%, односно од 10% во популацијата на лицата со алергиска астма.

33. Karadzinska-Bislimovska J, Minov J, Risteska-Kuc S, Stoleski S, **Mijakoski D**. Bronchial hyperresponsiveness in women cooks and cleaners. Arh Hig Rada Toksikol 2007; 58: 223-231.

Во истражувањето од типот на студија на пресек е евалуирано влијанието на специфичната професионална експозиција врз бронхијалната хиперреактивност (БХР) кај жени вработени како готвачки и хигиеничарки. Резултатите укажуваат на сигнификантно влијание на должината на професионалната експозиција врз граничната БХР, како и на сигнификантното влијание на активното пушење врз настанокот на лесната БХР.

34. Матевски Т, Ежова Н, Столески С, **Мијакоски Д**. Преваленција на алергиските дерматози кај адултна популација - наши сознанија. Во: Зборник на апстракти, 17. Конгрес на лекарите на Република Македонија со меѓународно учество, Охрид, 2007: 179-180.

Во истражувањето од типот на опсервациона студија е евалуирана појавата на алергиските кожни манифестации. Во испитувањето се користени соодветни дијагностички критериуми и алерголошки методи. Резултатите покажуваат дека преваленцијата на алергиските кожни ентитети докажана со алерголошки тестови е сигнификантно помала во однос на неалергиските.

35. **Mijakoski D**, Karadzinska-Bislimovska J, Stoleski S, Risteska-Kuc S, Ezova N. Specific occupational exposure to hepatitis B, hepatitis C and human immunodeficiency virus among different segments of health care system in Macedonia. In: Book of abstracts, 4th Croatian Congress on Occupational Health with international participation, Dubrovnik, 2007: 165.

Во истражувањето од типот на студија на пресек се евалуирани сегментите на здравствената заштита со најголема можност за експозиција на ХБВ, ХЦВ и ХИВ. Применет е соодветен прашалник за проценка на ризик од инфективни штетности кај здравствени работници, испитување на активноста на трансаминазите, ХБс-Аг, анти-ХБц-Ат, анти-ХЦВ-Ат и анти-ХИВ-Ат. Резултатите покажуваат дека здравствените работници почесто се повредувале со убод од игли отколку со инструменти, најголем дел од нив користеле ракавици како лични заштитни средства, а медицинските сестри и стоматолозите имале најголем процент на позитивен анти-ХБс-Ат статус.

36. Stoleski S, Karadzinska-Bislimovska J, Stikova E, **Mijakoski D**, Risteska-Kuc S, Ezova N. The role of occupational exposure to lead among Macedonian smelter workers. In: Book of abstracts, 4th Croatian Congress on Occupational Health with international participation, Dubrovnik, 2007: 195.

Во истражувањето од типот на кохортна студија е евалуирана асоцијацијата помеѓу професионалната експозиција на олово и неговите соединенија и отстапувањето на АЛАД, како и улогата на професионалната експозиција во појавата на интоксикацијата со олово, со посебен осврт на хематопоезата. Применет е прашалник за рана детекција на оштетувањата на здравјето предизвикани од оловото, како и соодветни лабораториски испитувања за одредување на биолошките маркери на експозиција и ефект на оловото. Резултатите покажуваат дека постои зголемен ризик за појава на оштетувања кај професионално експонираните работници на оловото и неговите соедниненија во споредба со возрасната популација којашто нема професионална експозиција, а живее во близина на поголемите сообраќајни крстосници или индустриски објекти.

37. Risteska-Kuc S, Karadzinska-Bislimovska J, Minov J, Matevski T, Stoleski S, **Mijakoski D**. Work related nasal symptoms and nasal function in workers exposed to herbal dust in pharmaceutical industry. In: Book of abstracts, 4th Croatian Congress on Occupational Health with international participation, Dubrovnik, 2007: 88-89.

Во истражувањето од типот на студија на пресек е евалуирано влијанието на специфичната професионална експозиција врз преваленцијата на назалните симптоми и назалната функција кај работници од фармацевтската индустрија од производството на растителни чаеви со канцелариски работници како контролна група. Резултатите укажуваат на поголема зачестеност на назалните симптоми и сигнификантно пониски назални функционални параметри кај експонираните работници.

38. Karadzinska-Bislimovska J, Risteska-Kuc S, Stoleski S, **Mijakoski D**. Health promoting workplaces. In: Donev D, Pavlekovic G, Zaletel Kragelj L (eds): Health promotion and disease prevention. Skopje: Institute of Social Medicine, Medical Faculty 2007; pp. 290-300.

Во трудот е даден приказ на процесот на унапредување на здравјето на работното место преку промена на условите на живот и работа. Тој вклучува мерки насочени на индивидуално и колективно ниво од различни области. Добрата практика при унапредувањето на здравјето на работното место бара специјални услови и силна мотивација. Основните принципи на кои се заснова вклучуваат: подигнување на јавната свест, поставување на инфраструктурата и управување со сервисите.

39. Risteska-Kuc S, Karadzinska-Bislimovska J, **Mijakoski D**, Stoleski S. Case study of analysis and targets setting in workplace health promotion: pilot implementation of health environment and safety management in enterprises (HESME) program in the Republic of Macedonia. In: Donev D, Pavlekovic G, Zaletel Kragelj L (eds): Health promotion and disease prevention. Skopje: Institute of Social Medicine, Medical Faculty 2007; pp. 301-306.

Во истражувањето од типот на студија на случај се евалуира концептот на здравје, здрава животна и работна средина и безбедност во претпријатијата (ХЕСМЕ) преку пилот-имплементацијата во металургиската и кожарската индустрија. Даден е приказ на целите за унапредување на здравјето на работното место. Детерминирани се приоритетите и потребите за унапредување на здравјето: контрола на штетностите во работната средина, пушење цигари и консумација на алкохол, примена на заштитни средства, како и едукација на менаџерските тимови за ризиците на работното место и ергономските фактори.

40. Karadzinska-Bislimovska J, Minov J, Risteska-Kuc S, Stoleski S, **Mijakoski D**. Occupational health services - key tool in the development of worker's health as public health approach. In: Kovacic L, Zaletel Kragelj L (eds): Management in health care practice. Zagreb: Hans Jacobs Publishing Company 2008; pp. 631-641.

Во трудот е даден приказ на здравјето и безбедноста при работа како основни човечки права, при што тие се претставени како социјална и здравствена димензија на принципот на одржливиот развој. Здравјето и благосостојбата на работниците се дефинирани како клучни елементи, неопходни за севкупниот социо-економски развој на секоја држава. Истакната е потребата за примена на пристапот „чекор по чекор" во развојот на медицината на трудот и здравствената политика во областа на здравјето и безбедноста на работниците. Се наведува значењето на континуираната политичка поддршка, развојот на легислативата и стандардите во областа, како и на ефективните механизми за финансирање на службите за медицина на трудот (СМТ). Како очекувани резултати се

наведуваат обезбедувањето достапност до базичните СМТ за сите работници, како и воспоставување на систем за контрола на квалитетот на услугите што ги даваат СМТ.

41. Stoleski S, Karadzinska-Bislimovska J, Stikova E, Risteska-Kuc S, **Mijakoski D**, Minov J. Adverse effects in workers exposed to inorganic lead. Arh Hig Rada Toksikol 2008; 59: 19-29.

Во истражувањето од типот на ретроспективна кохортна студија е евалуирана асоцијацијата помеѓу професионалната експозиција на олово и неговите соединенија и отстапувањата на специфичните биомаркери за ефект на оловото. Исто така, испитувана е улогата на професионалната експозиција на олово во развојот на штетните ефекти врз здравјето, особено врз хематопоезата, како и влијанието на одредени модифицирачки фактори на оловната токсичност. Експонираните работници се евалуирани со користење на прашалник за експозиција на олово и токсични ефекти, соодветни клинички и лабораториски испитувања, а резултатите се споредувани со тие на контролната група без професионална експозиција на олово. Резултатите ја потврдуваат асоцијацијата помеѓу професионалната експозиција на олово и отстапувањата на специфичните биомаркери за ефект на оловото, како и помеѓу професионалната експозиција и развојот на штетните ефекти врз здравјето.

42. Јорданова Р, Караџинска-Бислимовска Ј, Ристеска-Куч С, Столески С, **Мијакоски Д.** Кожна преосетливост, атописки статус и вентилациска функција кај работници во кожарска индустрија. Мак. мед. преглед 2008; 62 (1): 49-54.

Во истражувањето од типот на студија на пресек е евалуирана кожната преосетливост, атопискиот статус и вентилациската функција кај работници во кожарска индустрија. Испитувана е група од 80 кожарски работници со помош на кожни тестови на стандардните инхалаторни алергени и специфични алергени од работното место по prick-метод, како и спирометриско тестирање, а резултатите се компарирани со контролна група на работници од различни профили. Резултатите покажуваат дека постои повисока преваленција на сензибилизација на животински влакна, памук, волна и Dermatophagoides pteronyssinus кај кожарските работници, додека запрашеноста во работната средина влијае на нарушувањата во вентилаторната функција.

43. **Mijakoski D**, Karadzinska-Bislimovska J, Minov J, et al. Sensitization to Alternaria alternata and Penicillium notatum in R. Macedonia: a general population sample and subjects with respiratory allergies. In: Abstracts, XXVII Congress of the European Academy of Allergology and Clinical Immunology, Barcelona, 2008: 1079.

Во истражувањето од типот на студија на пресек се евалуира преваленцијата на сензибилизацијата на мувлите *Alternaria alternata* и *Penicillium notatum* во општата популација и кај возрасните лица со алергиска астма. Резултатите укажуваат дека преваленцијата на сензибилизацијата на овие мувли во општата популација изнесува 3,6% и 3,9%, соодветно, односно 25,0% и 16,7%, соодветно во популацијата на лицата со алергиска астма.

44. Stoleski S, Karadzinska-Bislimovska J, Minov J, **Mijakoski D**, et al. Sensitization to pets in R. Macedonia: a general population sample and subjects with respiratory allergies. In: Abstracts, XXVII Congress of the European Academy of Allergology and Clinical Immunology, Barcelona, 2008: 752.

Во истражувањето од типот на студија на пресек се евалуира зачестеноста на сензибилизацијата на алергените од мачката, кучето и пердувите во општата популација и кај возрасните лица со респираторни алергиски болести. Резултатите укажуваат на зачестеност на сензибилизацијата на овие алергени во општата популација од 5,5%; 2,8% и 3,9%, соодветно, односно од 21,6%; 10,0% и 10,0%, соодветно во популацијата на лицата со алергиска астма.

45. Karadzinska-Bislimovska J, Minov J, Risteska-Kuc S, Stoleski S, **Mijakoski D**. Bronchial hyperresponsiveness in textile workers: effect of daily smoking. In: Abstracts, XXVII Congress of the European Academy of Allergology and Clinical Immunology, Barcelona, 2008: 1220.

Во истражувањето од типот на студија на пресек се евалуира преваленцијата на бронхијалната хиперреактивност (БХР) и нејзината поврзаност со активното пушење кај текстилни и канцелариски работници. Резултатите укажуваат на поголема зачестеност на БХР кај текстилните работници, иако разликата не е статистички значајна. Детектирано е дека преваленцијата на граничната БХР е сигнификантно повисока кај текстилните работници. Кај двете иследувани групи е регистрирана сигнификантна поврзаност помеѓу лесната, средната и тешката БХР и атопијата и фамилијарната анамнеза за астма. Во истражувањето е прикажано дека граничната БХР е сигнификантно поврзана со активното пушење, пушачкиот стаж и бројот на испушени цигари во текот на денот кај текстилните работници.

46. Minov J, Karadzinska-Bislimovska J, Vasilevska K, Risteska-Kuc S, Stoleski S, **Mijakoski D**. Exercise-induced respiratory symptoms and exercise-induced bronchoconstriction in female cleaners. In: Abstracts, XXVII Congress of the European Academy of Allergology and Clinical Immunology, Barcelona, 2008: 321.

Во истражувањето од типот на студија на пресек се евалуираат преваленцијата и карактеристиките на респираторните симптоми и бронхоконстрикцијата индуцирани од физички напор кај хигиеничарки и канцелариски работнички. Резултатите укажуваат на слична застапеност на

респираторните симптоми и бронхоконстрикцијата индуцирани од физички напор кај двете иследувани групи. Бронхијалната реакција на физички напор е сигнификантно поголема кај хигиеничарките. Кај двете групи постои сигнификантна поврзаност помеѓу бронхијалната реакција на физички напор и атопијата и фамилијарната анамнеза за астма. Бронхијалната реакција на физички напор е сигнификантно поголема кај хигиеничарките пушачи, отколку кај канцелариските работнички кои пушат.

47. Караџинска-Бислимовска Ј, Минов Ј, Ристеска-Куч С, Столески С, **Мијакоски Д**. Професионалните болести на белите дробови како јавноздравствен проблем. Во: Книга на апстракти, 4. Конгрес на Македонското респираторно здружение со меѓународно учество, Охрид, 2008: 143-144.

Во трудот е даден приказ на јавноздравствените аспекти на најчестите професионални болести на глобално и национално ниво и се истакнуваат клучните јавноздравствени елементи од програмите за нивна превенција. При тоа, се потенцира дека таквиот пристап треба да вклучи процена на ризикот, унапредување на здравјето, тренинг-програми на работното место, како и концептот „право да се знае". Особено се истакнува дека зајакнувањето на легислативата, реструктурирањето на службите за медицина на трудот и новиот едукативен пристап во областа на здравјето и безбедноста при работа помеѓу сите клучни партнери треба да обезбедат нови можности во превенцијата на професионалните белодробни болести.

48. **Мијакоски Д**, Караџинска-Бислимовска Ј, Столески С, Минов Ј, Ежова Н, Марсениќ М, Ристеска-Куч С. Респираторни симптоми, нарушувања на белодробната вентилација и проценка на работната способност кај електричари вработени во објекти за дистрибуција на електрична енергија. Во: Книга на апстракти, 4. Конгрес на Македонското респираторно здружение со меѓународно учество, Охрид, 2008: 193.

Во истражувањето од типот на студија на пресек е евалуирана појавата на респираторните симптоми и нарушувањата на белодробната вентилација кај електричари вработени во објекти за дистрибуција на електрична енергија, заедно со проценка на нивната работна способност. Евалуацијата на испитуваните субјекти вклучува пополнување на прашалник за респираторни симптоми во последните 12 месеци, спирометрија, а резултатите се споредувани со тие добиени кај соодветна група на канцелариски работници. Сите испитувани електричари се оценети како способни за својата работа, со одредени ограничувања во поглед на работните ангажирања. Добиените резултати ја истакнуваат улогата на специфичните професионални штетности во развојот на респираторни симптоми и нарушувањата на работоспособноста кај електричарите.

49. **Mijakoski D**, Karadzinska-Bislimovska J, Stoleski S, et al. Food hypersensitivity in a random adult population in R. Macedonia. In: Abstracts, XXVIII Congress of the European Academy of Allergy and Clinical Immunology, Warszawa, 2009: 960.

Во истражувањето од типот на студија на пресек е евалуирана преваленцијата на преосетливоста на храна во случаен примерок на возрасна популација во Р. Македонија. Испитувани се 6 центри во Р. Македонија со користење на прашалник, а преосетливоста кон храна е дефинирана со позитивна анамнеза за појава на несакани реакции по консумација на одреден вид храна. Резултатите покажуваат постоење на статистичка сигнификантност во поглед на зачестеноста на преосетливоста кон храна помеѓу мажите и жените, а најголем број од испитаниците говорат за појава на кожни манифестации како несакана реакција.

50. Stoleski S, Karadzinska-Bislimovska J, Minov J, **Mijakoski D**, et al. Self-reported insect sting allergy among adults in the R. Macedonia. In: Abstracts, XXVIII Congress of the European Academy of Allergy and Clinical Immunology, Warszawa, 2009: 871.

Во истражувањето од типот на студија на пресек е евалуирана преваленцијата на преосетливоста на убод од инсекти во случаен примерок на возрасна популација во Р. Македонија со помош на прашалник. Преосетливоста кон убод од инсекти е дефинирана според анамнезата за појава на несакана реакција по убод од инсект. Резултатите покажуваат дека преосетливоста кон убод од инсект кај жените се јавува статистички сигнификантно почесто во однос на мажите, најчеста е во возрасната група 41-50 години, а позачестени се системските во однос на кожните реакции. Постои позитивна корелација со преосетливоста на храна.

51. Minov J, Karadzinska-Bislimovska J, Trajceva L, Risteska-Kuc S, Stoleski S, **Mijakoski D**. Asthma and allergies among petrol refinery workers and office workers. In: Abstracts, XXVIII Congress of the European Academy of Allergy and Clinical Immunology, Warszawa, 2009: 41.

Во истражувањето од типот на студија на пресек е компарирана преваленцијата на астмата и другите алергиски болести кај работниците во рафинерија за нафта со контролна група составена од канцелариски работници, а во испитувањето се користени податоци за дијагностицирана астма, респираторни симптоми во последните 12 месеци и назални симптоми, добиени преку прашалник. Анализата покажува дека професионалната експозиција кај работниците во рафинерија за нафта може да води до појава на респираторни и назални симптоми и ја посочува потребата од редовни медицински превентивни прегледи, како и имплементација на соодветни превентивни мерки.

52. Bislimovska J, Minov J, **Mijakoski D**, Stoleski S, Todorov S. Brucellosis as an occupational disease. In: Book of abstracts, Thematic Scientific Conference: Brucellosis in SEE & Mediterranean Region, Struga, 2009: 27.

Во трудот се изнесени актуелните сознанија за бруцелозата како професионална болест. Даден е посебен осврт на можноста за контакт со причинскиот инфективен агенс во услови на професионална експозиција на конкретни работни места во сточарството и ветеринарната медицина. Бруцелозата е вклучена во актуелната Листа на професионални болести, но според научните сознанија од епидемиолошките студии, сè уште постои недоволно препознавање и дијагностицирање на оваа зооноза како професионална болест во споредба со развиените земји.

53. Minov J, Karadzinska-Bislimovska J, Petrova T, Vasilevska K, Risteska-Kuc S, Stoleski S, **Mijakoski D**. Efficacy and tolerability of various antimicrobial regimens in the treatment of exacerbations of Chronic bronchitis and Chronic obstructive pulmonary disease in outpatients. Maced J Med Sci 2009; 15; 2 (2): 115-120.

Во истражувањето од типот на опсервациона нерандомизирана студија се споредува ефикасноста на различните антибиотици за егзацербации на хроничниот бронхит и хроничната опструктивна белодробна болест. Испитувани се пет видови на антибиотици: амоксицилин/клавулонска киселина, цефуроксим, цефиксим, кларитромицин и ципрофлоксацин кај 226 пациенти со егзацербации кои се третирани амбулантски, а се следени за период од 30 дена со контроли на 5 и 10 дена, со контрола на должината на симптомите и појава на несакани ефекти од лековите. Резултатите покажуваат дека постои висока ефикасност и безбедност на сите испитувани антибиотици во третманот на егзацербациите на хроничниот бронхит и хроничната опструктивна белодробна болест.

54. Minov J, Karadzinska-Bislimovska J, Petrova T, Vasilevska K, Risteska-Kuc S, Stoleski S, **Mijakoski D**. Asthma Control Test™ in assessment of clinical asthma control. Maced J Med Sci 2009; 15; 2 (4): 341-346.

Во истражувањето од типот на студија на пресек е евалуирана валидноста на тестот за контрола на астмата како метода за проценка на контролата на болеста кај пациентите со перзистентна астма. Во евалуацијата на испитаниците во студијата се вклучени: пополнување на прашалник, изведување на спирометрија и рангирање на контролата на астмата од страна на специјалист. Резултатите ја потврдуваат употребната вредност на тестот за контрола на астмата.

55. **Mijakoski D**, Karadzinska-Bislimovska J, Stoleski S, Minov J, Risteska-Kuc S, Trajceva L. Respiratory symptoms, lung function tests, and working ability assessment among electricians employed in power distribution facilities. Eur Respir J 2009; 34 (53): P1069.

Во истражувањето од типот на студија на пресек се евалуира зачестеноста на респираторните симптоми и нарушувањето на вентилаторната функција и се утврдува работната способност кај електричари и канцелариски работници. Резултатите укажуваат дека кај електричарите е почеста појавата на кашлица, искашлување, свирење во градите и отежнато дишење. Не е детектирана разлика во вентилаторната функција меѓу двете групи. Утврдено е дека специфичните професионални штетности имаат значајна улога во развојот на респираторните симптоми и нарушувањето на работната способност кај електричарите.

56. Stoleski S, Karadzinska-Bislimovska J, Minov J, **Mijakoski D**, Risteska-Kuc S, Trajceva L. Prevalence of respiratory symptoms and lung function measurement in textile workers. Eur Respir J 2009; 34 (53): P1036.

Во истражувањето од типот на студија на пресек се евалуираат зачестеноста на респираторните симптоми, нарушувањето на вентилаторната функција и бронхијалната хиперреактивност (БХР) кај текстилни и административни работнички. Резултатите укажуваат на сигнификантно поголема зачестеност на респираторните симптоми кај текстилните работнички. Кај текстилните работнички се регистрирани сигнификантно пониски спирометриски параметри. Утврдено е дека граничната БХР е сигнификантно почеста кај текстилните работнички.

57. Матевски Т, Столески С, **Мијакоски Д**. Осетливост на специфичните професионални алергени од работното место кај работниците од петрохемиската индустрија. Во: Зборник на резимеа, IV конгрес на дерматовенеролозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, 2009: 180.

Во истражувањето од типот на студија на пресек се евалуира сензибилизацијата на специфичните алергени од работното место кај работниците во петрохемиската индустрија. Резултатите укажуваат дека епикутаните patch-тестови се позитивни кај 17,5% од испитаниците. Детектирана е асоцијација помеѓу должината на експозицискиот стаж и зачестеноста на сензибилизацијата на специфичните алергени од работното место. Утврдено е дека епоксидните смоли, нафталенот и формалдехидот се најчестите алергени кои се детектирани како сензибилизатори.

## 2. Д-р Сашо Столески, м-р сци

Биографски податоци

Д-р Сашо Столески е роден на 1. I 1978 година во Прилеп. Основно образование и природно-математичка гимназија завршил со одличен успех во 1996 година. На Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје дипломирал во 2002 година со просечен успех 9,19. Својот интерес за научноистражувачка работа во областа на медицината на трудот го реализира со запишување на постдипломски студии при Медицинскиот факултет во Скопје од областа хигиена и медицина на трудот, кои ги завршил во 2009 година и се стекнал со звањето магистер на медицински науки. По изборот за помлад асистент на Катедрата за медицина на трудот при Медицинскиот факултет во Скопје во октомври 2003 година, активно е вклучен во процесот на едукација на студентите по медицина и стоматологија, како и во Високата школа за медицински сестри, физиотерапевти и логопеди. Специјализацијата по медицина на трудот на Медицинскиот факултет во Скопје ја завршил во ноември 2008 година. Од 2003 година работи на Отсекот за функционална дијагностика на кардиореспираторниот систем при Институтот за медицина на трудот на РМ - Скопје, Колаборативен центар на СЗО и Колаборативен центар на GA²LEN.

Солидно ја владее компјутерската информатика и има солидно познавање на англискиот јазик. Член е на Македонското респираторно здружение, Македонското здружение за медицина на трудот, Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија, Европското респираторно здружение и Европската академија за алергологија и клиничка имунологија.

Стручно-научна активност

Како соработник - истражувач успешно е вклучен во активностите на научноистражувачките проекти во кои учествува Институтот за медицина на трудот. Соработник е во проектот „Тренинг и истражување во областа на здравствената екологија и медицината на трудот на Балканот" (Training and Research in Environmental Health in the Balkans - TREHB), предводен од Државниот универзитет во Мичиген, Институт за интернационално здравје, финансиран од Фондацијата „Фогарти", 2006-2010, а истражувач е и во студијата за епидемиологијата на астмата и алергиските болести во Европа, која се изведува во рамките на Global European Asthma and Allergy Network (GA²LEN). Учесник е во работилницата „Функционални белодробни тестови" (2008-2009 год.) - „PEF - метрија", како и во школата „Дали ринитот води кон астма?" (2009 г.) - „Поврзаност помеѓу ринитот и астмата - епидемиологија";

експонираните работнички, а интензитетот на бронхијалната реакција на напор е сигнификантно повисок кај експонираните работнички-пушачи.
31. Mijakoski D, Karadzinska-Bislimovska J, **Stoleski S**, Risteska-Kuc S. Occupational sharp injuries, ageing, and preventive measures in laboratory workers. Ergonomia IJE&HF 2007; 29 (3-4): 267-271.

Во истражувањето од типот на студија на пресек се евалуираат влијанието на возраста како и должината на професионалната експозиција врз преваленцијата на повредите со остри предмети во професионални услови, како и ХБВ, ХЦВ и ХИВ-статусот кај лабораториските работници со специфичен професионален ризик од повреди со остри предмети. Резултатите говорат дека возраста придонесува за повисока преваленција на повреди со игли како и за присуство на анти-ХБц-Ат, како маркери на претходна ХБВ-инфекција. Подобрувањето на здравјето и безбедноста на разботното место може да биде постигнато со правовремена и адекватна едукација и тренинг на вработените за заштита од повредите со остри предмети, употреба на лични заштитни средства и ХБВ-вакцинација.

32. Risteska-Kuc S, Karadzinska-Bislimovska J, Mijakoski D, **Stoleski S.** Case study of analysis and targets setting in workplace health promotion: pilot implementation of health environment and safety management in enterprises (HESME) program in the Republic of Macedonia. In: Donev D, Pavlekovic G, Zaletel Kragelj L (eds): Health promotion and disease prevention. Skopje: Institute of Social Medicine, Medical Faculty 2007; pp. 301-306.

Во истражувањето од типот на студија на случај се евалуира концептот на здравје, здрава животна и работна средина и безбедност во претпријатијата (ХЕСМЕ) преку пилот-имплементацијата во металургиската и кожарската индустрија. Даден е приказ на целите на унапредување на здравјето на работното место. Детерминирани се приоритетите и потребите за унапредување на здравјето: контрола на штетностите во работната средина, пушење цигари и консумација на алкохол, примена на заштитни средства, како и едукација на менаџерските тимови за ризиците на работното место и ергономските фактори.

33. D. Mijakoski, J. Karadzinska-Bislimovska, J. Minov, L. Trajceva, N. Ezova, S. Risteska-Kuc, **S. Stoleski.** Nasal symptoms in female cleaners: relation to respiratory symptoms, bronchial hyperresponsiveness, and duration of exposure. Eur Respir J 2007; 30 (51): 154.

Во истражувањето од типот на студија на пресек се евалуира поврзаноста на назалните симптоми кај хигиеничарки и канцелариски работнички со респираторните симптоми, бронхијалната хиперреактивност (БХР) и должината на експозицискиот стаж. Резултатите укажуваат на повисока зачестеност на назалните симптоми кај хигиеничарките. Регистрирана е сигнификантна поврзаност на назалните симптоми со респираторните

Како лекар во Институтот за медицина на трудот, СЗО Колаборативен центар, ги следи и ги проучува актуелните проблеми од областа на медицината на трудот во рамките на секојдневната практика. Основните принципи на функционалната дијагностика на кардио-респираторниот систем, професионалната пулмоалергологија, индустриската токсикологија, екологијата на трудот, се некои од сегментите на медицината на трудот од негов посебен интерес. Активно е вклучен, согласно со неговите компетенции, во стручните и научните активности на Институтот. Автор или коавтор е на околу 80 стручни и научни труда кои се објавувани во домашни и странски списанија.

Објавени трудови

1. Рецензирани трудови

Трудовите публикувани во 2003 година со реден број 1-5 се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 829/2003 година, додека трудовите 5-28 се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 915/2007.

2. Трудови за рецензија

Список на публицирани трудови по преизборот во звањето помлад асистент (од 2007 година до сега):

29. Minov J, Karadzinska-Bislimovska J, Vasilevska K, Risteska-Kuc S, **Stoleski S.** Exercise-induced bronchoconstriction in textile and agricultural workers and in bakers. Arh Hig Rada Toksikol 2006; 57: 379-386.

Во трудот од типот на студија на пресек е евалуирано влијанието на професионалната експозиција врз настанокот и интензитетот на бронхоспазамот предизвикан од напор кај канцелариски работници и работници експонирани на различни видови органски прашини (текстилни работници, земјоделци и пекари). Добиените резултати укажуваат на поголема зачестеност и интензитет на бронхоспазамот предизвикан од напор кај експонираните работници.

30. J. Minov, J. Karadzinska-Bislimovska, S. Risteska-Kuc, Z. Stojanovski, **S. Stoleski.** Exercise-induced bronchoconstriction in female cleaners: effect of smoking. Nauka pulmologija 2007; 1: 41-44.

Во трудот од типот на студија на пресек се проценува влијанието на здруженото дејство на професионалната експозиција и пушењето врз настанокот и интензитетот на бронхоспазамот предизвикан од напор кај жени хигиеничарки и канцелариски работнички. Резултатите укажуваат на повисока зачестеност на бронхоспазамот предизвикан од напор кај

симптоми кај двете испитувани групи, како и сигнификантна поврзаност со БХР и должината на експозицискиот стаж кај хигиеничарките.

34. **S. Stoleski,** J. Karadzinska-Bislimovska, J. Minov, D. Mijakoski, S. Risteska-Kuc. Respiratory effects of workplace exposure in gas cookers. Eur Respir J 2007; 30 (51): 734.

Во истражувањето од типот на студија на пресек се евалуираат респираторните ефекти на специфичната професионална експозиција кај готвачите кои што при готвењето користат гас, а како контролна група е земена група од канцелариски работници. Резултатите укажуваат на несигнификантно повисока зачестеност на респираторните симптоми и бронхијалната хиперреактивност (БХР) кај готвачите. Вредностите на испитуваните спирометриски параметри се сигнификантно пониски кај готвачите.

35. J. Minov, J. Karadzinska-Bislimovska, K. Vasilevska, S. Risteska-Kuc, **S. Stoleski.** Occupational asthma in subjects occupationally exposed to herbal and fruit tea dust. Arh Hig Rada Toksikol 2007; 58: 211-221.

Во трудот е прикажан дијагностичкиот алгоритам за алергиската професионална астма преку истражувањето спроведено кај група работници во производството на растителни чаеви. Дијагностиката на алергиската професионална астма е изведена со тестот на експозиција и елиминација со сериска PEF-метрија и сериско изведување на неспецифичниот бронхопровокативен тест со хистамин. Добиените резултати укажуваат на добра корелација на резултатите од двете методи.

36. J. Karadzinska-Bislimovska, J. Minov, S. Risteska-Kuc, **S. Stoleski,** D. Mijakoski. Bronchial hyperresponsiveness in women cooks and cleaners. Arh Hig Rada Toksikol 2007; 58: 223-231.

Во истражувањето од типот на студија на пресек е евалуирано влијанието на специфичната професионална експозиција врз бронхијалната хиперреактивност (БХР) кај жени вработени како готвачки и хигиеничарки. Резултатите укажуваат на сигнификантно влијание на должината на професионалната експозиција врз граничната БХР, како и на сигнификантното влијание на активното пушење врз настанокот на лесната БХР.

37. Mijakoski D, Karadzinska-Bislimovska J, **Stoleski S,** Risteska-Kuc S, Stoleski S. Specific occupational exposure to hepatitis B, hepatitis C and human immunodeficiency virus among different segments of health care system in Macedonia. Book of Abstracts of the 4th Croatian Congress on occupational Health with International Participation 2007, p. 165.

Во истражувањето од типот на студија на пресек се евалуирани сегментите на здравствената заштита со најголема можност за експозиција на ХБВ,

ХЦВ и ХИВ. Применет е соодветен прашалник за проценка на ризик од инфективни штетности кај здравствени работници, испитување на активноста на трансаминазите, ХБс-Аг, анти-ХБц-Ат, анти-ХЦВ-Ат и анти-ХИВ-Ат. Резултатите покажуваат дека здравствените работници почесто се повредувале со убод од игли отколку со инструменти, најголем дел од нив користеле ракавици како лични заштитни средства, а медицинските сестри и стоматолозите имале најголем процент на позитивен анти-ХБс-Ат статус.

38. **Stoleski S**, Karadzinska-Bislimovska J, Stikova E, Mijakoski D, Risteska-Kuc S, Ezova N. The role of occupational exposure to lead among Macedonian smelter workers. Book of Abstracts of the 4th Croatian Congress on occupational Health with International Participation 2007, p. 195.

Во истражувањето од типот на кохортна студија е евалуирана асоцијацијата помеѓу професионалната експозиција на олово и неговите соединенија и отстапувањето на АЛАД, како и улогата на професионалната експозиција во појавата на интоксикацијата со олово, со посебен осврт на хематопоезата. Применет е прашалник за рана детекција на оштетувањата на здравјето предизвикани од оловото, како и соодветни лабораториски испитувања за одредување на биолошките маркери на експозиција и ефект на оловото. Резултатите покажуваат дека постои зголемен ризик за појава на оштетувања кај професионално експонираните работници на оловото и неговите соедниненија во споредба со возрасната популација којашто нема професионална експозиција, а живее во близина на поголемите сообраќајни крстосници или индустриски објекти.

39. Karadzinska-Bislimovska J, Risteska-Kuc S, Stoleski S, **Mijakoski D**. Health promoting workplaces. In: Donev D, Pavlekovic G, Zaletel Kragelj L (eds): Health promotion and disease prevention. Skopje: Institute of Social Medicine, Medical Faculty 2007; pp. 290-300.

Во трудот е даден приказ на процесот на унапредување на здравјето на работното место преку промена на условите на живот и работа. Тој вклучува мерки насочени на индивидуално и колективно ниво од различни области. Добрата практика при унапредувањето на здравјето на работното место бара специјални услови и силна мотивација. Основните принципи на кои се заснова вклучуваат: подигнување на јавната свест, поставување на инфраструктурата и управување со сервисите.

40. **S. Stoleski,** J. Karadzinska-Bislimovska, E. Stikova, S. Risteska-Kuc, D. Mijakoski, J. Minov. Adverse effects in workers exposed to inorganic lead. Arh Hig Rada Toksikol 2008; 59: 19-29.

Во истражувањето од типот на ретроспективна кохортна студија е евалуирана асоцијацијата помеѓу професионалната експозиција на олово и неговите соединенија и отстапувањата на специфичните биомаркери за ефект на оловото. Исто така, испитувана е улогата на професионалната

Во истражувањето од типот на студија на пресек се евалуира преваленцијата на бронхијалната хиперреактивност (БХР) и нејзината поврзаност со активното пушење кај текстилни и канцелариски работници. Резултатите укажуваат на поголема зачестеност на БХР кај текстилните работници, иако разликата не е статистички значајна. Детектирано е дека преваленцијата на граничната БХР е сигнификантно повисока кај текстилните работници. Кај двете иследувани групи е регистрирана сигнификантна поврзаност помеѓу лесната, средната и тешката БХР и атопијата и фамилијарната анамнеза за астма. Во истражувањето е прикажано дека граничната БХР е сигнификантно поврзана со активното пушење, пушачкиот стаж и бројот на испушени цигари во текот на денот кај текстилните работници.

44. Mijakoski D, Karadzinska-Bislimovska J, Minov J, **Stoleski S**, Milkovska S, Ezova N, Risteska-Kuc S, Spasovska O. Sensitization to Alternaria alternata and Penicillium notatum in R. Macedonia: a general population sample and subjects with respiratory allergies. Allergy 2008; 63 (88): 1079.

Во истражувањето од типот на студија на пресек се евалуира преваленцијата на сензибилизацијата на мувлите *Alternaria alternata* и *Penicillium notatum* во општата популација и кај возрасните лица со алергиска астма. Резултатите укажуваат дека преваленцијата на сензибилизацијата на овие мувли во општата популација изнесува 3,6% и 3,9%, соодветно, односно 25,0% и 16,7%, соодветно во популацијата на лицата со алергиска астма.

45. **Stoleski S**, Karadzinska-Bislimovska J, Minov J, Mijakoski D, Milkovska S, Risteska-Kuc S, Ezova N, Spasovska O. Sensitization to pets in R. Macedonia: a general population sample and subjects with respiratory allergies. Allergy 2008; 63 (88): 752.

Во истражувањето од типот на студија на пресек се евалуира зачестеноста на сензибилизацијата на алергените од мачката, кучето и пердувите во општата популација и кај возрасните лица со респираторни алергиски болести. Резултатите укажуваат на зачестеност на сензибилизацијата на овие алергени во општата популација од 5,5%, 2,8% и 3,9%, соодветно, односно од 21,6%, 10,0% и 10,0%, соодветно во популацијата на лицата со алергиска астма.

46. Јорданова Р, Караџинска-Бислимовска Ј, Ристеска-Куч С, **Столески С**, Мијакоски Д. Кожна преосетливост, атописки статус и вентилациска функција кај работници во кожарска индустрија. Мак. мед. преглед 2008; 62(1): 49-54.

Во истражувањето од типот на студија на пресек е евалуирана кожната преосетливост, атопискиот статус и вентилациската функција кај работници во кожарска индустрија. Испитувана е група од 80 кожарски работници со помош на кожни тестови на стандардните инхалаторни алергени и специфични алергени од работното место по prick-метод, како и

експозиција на олово во развојот на штетните ефекти врз здравјето, особено врз хематопоезата, како и влијанието на одредени модифицирачки фактори на оловната токсичност. Експонираните работници се евалуирани со користење на прашалник за експозиција на олово и токсични ефекти, соодветни клинички и лабораториски испитувања, а резултатите се споредувани со тие на контролната група без професионална експозиција на олово. Резултатите ја потврдуваат асоцијацијата помеѓу професионалната експозиција на олово и отстапувањата на специфичните биомаркери за ефект на оловото, како и помеѓу професионалната експозиција и развојот на штетните ефекти врз здравјето.

41. J. Minov, J. Karadzinska-Bislimovska, K. Vasilevska, S. Risteska-Kuc, **S. Stoleski.** Work-related asthma in automobile spray painters: two case reports. Arh Hig Rada Toksikol 2008; 59: 117-125.

Во истражувањето од типот на опсервациона студија на случај се евалуирани двајца пациенти кои работат како автолакери, а развиваат астма после експозиција на аеросол од изоцијанатни бои. Кај двајцата астмата е дијагностицирана според стандардна дијагностичка процедура, при што едниот е атопичар, а ниеден нема позитивна фамилијарна анамнеза за астма. Кај двајцата е направено сериско мерење на врвниот експираторен проток и неспецифичен бронхопровокативен тест со хистамин во периодите на експозиција и елиминација. Резултатите потврдуваат постоење на професионална астма кај едниот и астма влошена на работа кај другиот автолакер, сугерирајќи дека тоа е професија со зголемен ризик за појава на респираторни оштетувања и астма.

42. J. Minov, J. Karadzinska-Bislimovska, K. Vasilevska, S. Risteska-Kuc, **S. Stoleski.** Exposure to environmental tobacco smoke in the workplace in Macedonia: where are we now? Arh Hig Rada Toksikol 2008; 59: 103-109.

Во истражувањето од типот на студија на пресек е евалуирана преваленцијата на експозицијата на тутунски чад на работното место по стапувањето во сила на Законот за забрана на пушењето во затворени простории во Р. Македонија. Студијата опфаќа 372 испитаника од 6 различни работни средини, кои никогаш не пушеле, а се евалуирани преку прашалник. Резултатите покажуваат висока преваленција на работници експонирани на тутунски чад на работното место, без статистичка значајност помеѓу различните занимања. Високата преваленција и високото ниво на изложеност на тутунски чад налагаат поголемо придржување на забраната за пушење на работните места.

43. Karadzinska-Bislimovska J, Minov J, Risteska-Kuc S, **Stoleski S,** Mijakoski D. Bronchial hyperresponsivness in textile workers: effect of daily smoking. Allergy 2008; 63 (88): 1220.

спирометриско тестирање, а резултатите се компарирани со контролна група на работници од различни профили. Резултатите покажуваат дека постои повисока преваленција на сензибилизација на животински влакна, памук, волна и Dermatophagoides pteronyssinus кај кожарските работници, додека запрашеноста во работната средина влијае на нарушувањата во вентилаторната функција.

47. Karadzinska-Bislimovska J, Minov J, Risteska-Kuc S, **Stoleski S**, Mijakoski D. Occupational health services - key tool in the development of worker's health as public health approach. In: Kovacic L, Zaletel Kragelj L (eds): Management in health care practice. Zagreb: Hans Jacobs Publishing Company 2008; pp. 631-641.

Во трудот е даден приказ на здравјето и безбедноста при работа како основни човечки права, при што тие се претставени како социјална и здравствена димензија на принципот на одржливиот развој. Здравјето и благосостојбата на работниците се дефинирани како клучни елементи, неопходни за севкупниот социо-економски развој на секоја држава. Истакната е потребата за примена на пристапот „чекор по чекор" во развојот на медицината на трудот и здравствената политика во областа на здравјето и безбедноста на работниците. Се наведува значењето на континуираната политичка поддршка, развојот на легислативата и стандардите во областа, како и на ефективните механизми за финансирање на службите за медицина на трудот (СМТ). Како очекувани резултати се наведуваат обезбедувањето достапност до базичните СМТ за сите работници, како и воспоставување на систем за контрола на квалитетот на услугите што ги даваат СМТ.

48. **С. Столески,** Ј. Караџинска-Бислимовска, Ј. Минов, Д. Мијакоски, С. Ристеска-Куч, Н. Ежова, М. Марсениќ. Преваленција на респираторните симптоми и функционален белодробен мониторинг кај работници во текстилната индустрија. Во: Книга на апстракти, 4. Конгрес на Македонското респираторно здружение со меѓународно учество, Охрид, 2008:192.

Во истражувањето од типот на студија на пресек е евалуирана појавата на респираторни симптоми кај текстилните работнички со проценка на ефектот од професионалната експозиција врз вентилаторната функција и бронхијалната хиперреактивност. При тоа се користени: прашалник за респираторни симптоми во последните 12 месеци, спирометрија и неспецифичен бронхопровокативен тест со хистамин, а резултатите се споредувани со контролна група од канцелариски работнички. Анализата на добиените податоци покажува дека преваленцијата на вкупните респираторни симптоми е сигнификантно повисока кај текстилните работнички, додека должината на експозицискиот стаж и пушењето на цигари значајно не влијае на редукцијата на функционалните белодробни параметри.

49. Mijakoski D, Karadzinska-Bislimovska J, **Stoleski S,** Minov J, Marsenic M, Ezova N, Risteska-Kuc S, Milkovska S. Food hypersensitivity in a random adult population in R. Macedonia. Allergy 2009; 64 (90): 960.

Во истражувањето од типот на студија на пресек е евалуирана преваленцијата на преосетливоста на храна во случаен примерок на возрасна популација во Р. Македонија. Испитувани се 6 центри во Р. Македонија со користење на прашалник, а преосетливоста кон храна е дефинирана со позитивна анамнеза за појава на несакани реакции по консумација на одреден вид храна. Резултатите покажуваат постоење на статистичка сигнификантност во поглед на зачестеноста на преосетливоста кон храна помеѓу мажите и жените, а најголем број од испитаниците говорат за појава на кожни манифестации како несакана реакција.

50. **Stoleski S,** Karadzinska-Bislimovska J, Minov J, Mijakoski D, Risteska-Kuc S, Marsenic M, Milkovska S. Self-reportd insect sting allergy among adults in R. Macedonia. Allergy 2009; 64 (90): 871.

Во истражувањето од типот на студија на пресек е евалуирана преваленцијата на преосетливоста на убод од инсекти во случаен примерок на возрасна популација во Р. Македонија со помош на прашалник. Преосетливоста кон убод од инсекти е дефинирана според анамнезата за појава на несакана реакција по убод од инсект. Резултатите покажуваат дека преосетливоста кон убод од инсект кај жените се јавува статистички сигнификантно почесто во однос на мажите, најчеста е во возрасната група 41-50 години, а позачестени се системските во однос на кожните реакции. Постои позитивна корелација со преосетливоста на храна.

51. J. Minov, J. Karadzinska-Bislimovska, K. Vasilevska, S. Risteska-Kuc, **S. Stoleski.** Exercise-induced bronchoconstriction and exercise-induced respiratory symptoms among nurses. Eur Respir J 2009; 34 (53): 767.

Во истражувањето од типот на студија со контрола на случај е евалуирана појавата на брохноконстрикција и респираторни симптоми предизвикани со физички напор кај медицинските сестри. Испитувањето вклучува пополнување на прашалник, кожни prick-тестови на стандардните инхалаторни алергени, спирометрија, како и бронхопровокациски тест со хистамин и со физички напор. Резултатите покажуваат дека професионалната експозиција кај медицинските сестри може да придонесе за степенот на бронхоконстрикција предизвикана со физички напор.

52. D. Mijakoski, J. Karadzinska-Bislimovska, **S. Stoleski,** J. Minov, S. Risteska-Kuc, L. Trajceva. Respiratory symptoms, lung function tests, and working ability assessment among electricians employed in power distribution facilities. Eur Respir J 2009; 34 (53): 1781.

Во истражувањето од типот на студија на пресек се евалуира зачестеноста на респираторните симптоми и нарушувањето на вентилаторната функција и се утврдува работната способност кај електричари и канцелариски работници. Резултатите укажуваат дека кај електричарите е почеста појавата на кашлица, искашлување, свирење во градите и отежнато дишење. Не е детектирана разлика во вентилаторната функција меѓу двете групи. Утврдено е дека специфичните професионални штетности имаат значајна улога во развојот на респираторните симптоми и нарушувањето на работната способност кај електричарите.

53. **S. Stoleski,** J. Karadzinska-Bislimovska, J. Minov, D. Mijakoski, S. Risteska-Kuc, L. Trajceva. Prevalence of respiratory symptoms and lung function measurement in textile workers. Eur Respir J 2009; 34 (53): 1788.

Во истражувањето од типот на студија на пресек се евалуира зачестеноста на респираторните симптоми, вентилаторниот капацитет, нарушувањето на вентилаторната функција и бронхијалната хиперреактивност (БХР) кај текстилни и административни работнички. Резултатите укажуваат на сигнификантно поголема зачестеност на респираторните симптоми кај текстилните работнички. Кај текстилните работнички се регистрирани сигнификантно пониски спирометриски параметри. Утврдено е дека граничната БХР е сигнификантно почеста кај текстилните работнички.

54. J. Minov, J. Karadzinska-Bislimovska, K. Vasilevska, S. Risteska-Kuc, **S. Stoleski.** Effects of passive smoking at work on respiratory symptoms, lung function, and bronchial responsivness in never-smoking office cleaning women. Arh Hig Rada Toksikol 2009; 60: 327-334.

Во истражувањето од типот на студија на пресек се споредувани респираторните симптоми, белодробната функција и бронхијалната хиперреактивност помеѓу 27 хигиеничарки експонирани на тутунски чад на работното место и 57 неекспонирани контролни работнички. Во текот на студијата е користен прашалник за респираторни симптоми, експозициски стаж и пасивно пушење на работното место, а од клиничките испитувања се направени кожни prick-тестови на стандардните инхалациони алергени, функционални белодробни тестови и неспецифичен бронхопровокациски тест со хистамин. Резултатите укажуваат на значителна појава на несакани респираторни ефекти кај хигиеничарките експонирани на тутунски чад на работното место и одат во прилог на потребата од конкретна имплементација на актуелниот Закон за заштита од пушењето за да се заштити и превенира репираторното здравје на работното место.

55. J. Minov, J. Karadzinska-Bislimovska, T. Petrova, K. Vasilevska, S. Risteska-Kuc, **S. Stoleski,** D. Mijakoski. Efficacy and tolerability of various antimicrobial regimens in the treatment of exacerbations of chronic bronchitis and chronic obstructive pulmonary diseases in outpatients. Maced J Med Sci. 2009; 2(2): 115-120.

Во истражувањето од типот на опсервациона нерандомизирана студија се споредува ефикасноста на различните антибиотици за егзацербации на хроничниот бронхит и хроничната опструктивна белодробна болест. Испитувани се пет видови на антибиотици: амоксицилин/клавулонска киселина, цефуроксим, цефиксим, кларитромицин и ципрофлоксацин кај 226 пациенти со егзацербации кои се третирани амбулантски, а се следени за период од 30 дена со контроли на 5 и 10 дена, со контрола на должината на симптомите и појава на несакани ефекти од лековите. Резултатите покажуваат дека постои висока ефикасност и безбедност на сите испитувани антибиотици во третманот на егзацербациите на хроничниот бронхит и хроничната опструктивна белодробна болест.

56. J. Karadzinska-Bislimovska, J. Minov, D. Mijakoski, **S. Stoleski,** S. Todorov. Brucellosis as an occupational disease. In: Book of abstracts, MetaNet Project Thematic Scientific Conference: Brucellosis in SEE & Mediterranean Region, Struga 2009: p. 27.

Во трудот се изнесени актуелните сознанија за бруцелозата како професионална болест. Даден е посебен осврт на можноста за контакт со причинскиот инфективен агенс во услови на професионална експозиција на конкретни работни места во сточарството и ветеринарната медицина. Бруцелозата е вклучена во актуелната Листа на професионални болести, но според научните сознанија од епидемиолошките студии, сè уште постои недоволно препознавање и дијагностицирање на оваа зооноза како професионална болест во споредба со развиените земји.

57. J. Minov, J. Karadzinska-Bislimovska, T. Petrova, K. Vasilevska, S. Risteska-Kuc, **S. Stoleski,** D. Mijakoski. Asthma control test$^{tm}$ in assessment of clinical asthma control. Maced J Med Sci. 2009; 2(4): 341-346.

Во истражувањето од типот на студија на пресек е евалуирана валидноста на тестот за контрола на астмата како алатка за контрола на болеста кај пациентите со перзистентна астма. Во евалуацијата на испитаниците во студијата се вклучени: пополнување на прашалник, изведување на спирометрија и рангирање на контролата на астмата од страна на специјалист. Резултатите ја потврдуваат употребната вредност на тестот за контрола на астмата.

# ЗАКЛУЧОК

Врз основа на прикажаните податоци и аргументираниот приказ за развојот во стручната и научноистражувачката работа, може да се заклучи дека предложените кандидати - д-р Драган Мијакоски, м-р сци. и д-р Сашо Столески, м-р сци., ги исполнуваат условите за избор во звањето асистент. Покажаните способности и интереси се реална претпоставка за понатамошно унапредување во нивната стручна и научноистражувачка работа. Оттука се очекува и успех во извршувањето на едукативната дејност на Катедрата за медицина на трудот, како и вклучување во останатите форми и активности за работа на Факултетот.

Поради тоа, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет, д-р Драган Мијакоски, м-р сци. и д-р Сашо Столески, м-р сци. да бидат избрани за асистенти по предметот медицина на трудот.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Доц. д-р Јордан Минов, с. р.

2. Проф. д-р Јованка Караџинска-Бислимовска, с. р.

3. Проф. д-р Елисавета Стикова, с. р.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТОТ ИНФЕКТОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот, на својата IV седница одржана на 24.12.2009 година, избра Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Виолета Груневска, проф. д-р. Снежана Стојковска и проф. д-р. Ирена Кондова Топузовска, за избор на асистент по предметот инфектологија, кој се јави на конкурсот објавен во весникот „Нова Македонија" од 25.11.2009 година

Комисијата се состана и го донесе следниов

ИЗВЕШТАЈ

Биографски податоци

Ас. д-р. Милена Стевановиќ е родена во Скопје на 4.7.1972 година. Средното медицинско училиште "Д-Р Панче Караѓозов" го завршила во 1990, а Медицинскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" го завршила во 1996 година при што дипломирала со среден успех 8,70. Специјалистичкиот испит по инфективни болести, го положила во 2003 година. Има реализирано повеќе престои во странство и обуки во областа на третман и нега на пациенти со ХИВ и СИДА: "Chelsea and Westminster", Лондон, В. Британија (ментор: проф. д-р. Brian Gazard и д-р. Mark Nelson); Обука на тренери за ХИВ/СИДА - Доброволно, доверливо, советување и тестирање на ХИВ (ДДСТ), Белград, 2002 (УНИЦЕФ); Превенција од трансмисија на ХИВ од мајка на дете, Киев, Украина, 2005. Од 1998 е вработена на Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби во Скопје. Активно е вклучена во научната дејност на Клиниката од самото нејзино вработување. Како консултант за превенција од ХИВ и СИДА и третман на луѓе кои живеат со ХИВ се јавува во повеќе организации на Обединетите нации: СЗО, УНИЦЕФ, УНФПА. Автор е на повеќе мануели за психосоцијална поддршка на луѓе кои живееат со ХИВ и СИДА, како и основоположник на центрите за доброволно советување и тестирање на ХИВ во Р. Македонија и советувалиштето за психосоцијална поддршка на пациенти со ХИВ и СИДА, на Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби. Воведува третман, нега и мониторинг за пациентите со ХИВ и СИДА во 2005 година. Активно зборува англиски, а пасивно руски јазик.

Десет труда на кандидатката се веќе рецензирани (рецензиите се објавени во Билтенот на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј", број 938/08) .

За овој избор за асистент, кандидатката ги предложи следниве трудови за рецензија:

**11. The impact of hepatitis C co-infection on HIV progression**

Int Cong Drug Therapy HIV 2004 Nov 14-18; 7: Abstract No. P 236

Laura Waters, **Milena Stevanovic**, Rachael Jones, Sundhiya Mandalia, Mark Bower, Mark Nelson, Brian Gazard

St. Stephen's Centre, Chelsea and Westminster Hospital, London, UK

Во овој труд, авторите имаат за цел да ја споредат прогресијата на ХИВ - инфекцијата помеѓу пациенти кои се моноинфицирани со ХИВ и пациенти коинфицирани со ХИВ и ХЦВ во ерата на високо активна антиретровирусна терапија (ВААРТ). Користени се лонгитудинални податоци од голема проспективна клиничка дата-база на сите пациенти кои започнале со ВААРТ од 1996 година. Од дата-базата се издвоени и споредувани пациентите кои се ХИВ-инфицирани и коинфицирани со ХЦВ, со ЦД4 повеќе од 200 клетки/мм3 . Кај пациентите е следен падот на ЦД4 клетките/мм3 под 200 или првата СИДА дефинирачка болест како клинички знак. Групите се компарирани со користење на лог ранк ц2 тест.

2049 од 3246 пациенти кои почнале со ВААРТ од јануари 1996 година ги исполнувале критериумите на истражувањето. 86,1 % мажи со средна возраст 37,9 години и просечен број на ЦД4 243 (од 200 до 417) клетки/мм3 и просечно вирусно оптоварување 140 338 ( од 46 003 до 342 498) копии/мл. Од 2049 пациенти, 85 (4,2%) биле ХЦВ позитивни, 1382 (67,4 %) ХЦВ-негативни и 582 (28,4%) не биле тестирани на ХЦВ. Забележана е статистички сигнификантна разлика помеѓу двете групи на пациенти во развојот на СИДА дефинирачка болест и падот на ЦД4 клетки помалку од 200 клетки/мм3 (п=0,024).

Авторите на овој труд одговараат на поставената цел на трудот, со јасна и статистички сигнификантна разлика во прилог на пациентите коинфицирани со ХЦВ кои имале побрз пад на ЦД4 клетките или клинички побрзо манифестирале СИДА дефинирачка болест.

**12. Евалуација на имунохроматографски тестови за детекција на ХИВ - антитела**

ИИИ конгрес на инфектолозите на Македонија со меѓународно учество 03П10 стр. 51, 2007

Семенакова-Цветковска В., Миленковиќ З., Стојковска С., Стевановиќ М., Забазноска Л.

Клиника за инфективни болести, Скопје, Р. Македонија

Во овој труд, авторите евалуираат два имунохроматографски теста: Determine HIV и DubleCheckGold ХИВ1/2, за детекција на антитела на ХИВ. Анонимно селектирани примероци серум/плазма добиени со вене пункција и полна крв добиени од периферен крвен примерок се тестирани на тестовите, а за компарација сите примероци се тестирани и со ЕЛИСА-тест. Добиените позитивни примероци и примероците кај кои е добиена дискрепанца во резултатите, авторите ги конфирмирале со Western Blot -техника. Од вкупниот број на тестирани примероци (107), 95 (88,7) биле негативни на ХИВ, а кај 12 (11,2%) примероци е детектирано присуство на антитела. Кај примероците со дискрепанца имунохроматографските тестови биле негативни, Елиса, два примерока, сљвивокал, WB- еден негативен и еден

интермиентен, а кај примерокот со ЕЛИСА-позитивен, при што конфирмирачкиот тест не потврдил присуство на антитела. Според оваа евалуација и искуството на авторите, се докажува дека двата теста се високо специфични -100% и сензитивни - 99,02%.

**13. Први искуства во третманот на ХИВ - асоциран Капоши сарком на Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби, приказ на случај**

ИИИ конгрес на инфектолозите на Македонија со меѓународно учество 03У04, стр. 48 2007

Стевановиќ М., Дугановска М., Миленковиќ З., Гроздановски К., Семенакова В.,
Клиника за инфективни болести, Скопје, Р. Македонија.

Во овој труд, авторите опишуваат случај на доцна откриена СИДА, со манифестација на тешка форма-ХИВ-асоциран Капоши сарком. Успешниот третман на пациентката со ВААРТ и цитостатици резултирал со комплетно повлекување на кожните промени кај болната, како и добар вирусолошки и имунолошки одговор на дадената ВААРТ. Ваква манифестација на ХИВ - асоциран Капоши сарком е ретко опишан и во светски рамки.

**14. Промена на морталитетот кај ХИВ-инфицирани лица по воведување на АРВ-терапија**

ИИИ конгрес на инфектолозите на Македонија со меѓународно учество 03У04, стр. 48, 2007.

Василевска- Дугановска М., Груневска В., Стевановиќ М., Миленковиќ З., Гроздановски К., Семенакова В., Карацовски Ж., Исјановска Р., Тошевски Б., Димзова М.,
Клиника за инфективни болести, Скопје, Р. Македонија

Цел на трудот е да се анализираат морталитетот и причините за смртност кај ХИВ-инфицираните пациенти во периодот пред и по воведувањето на АРВ-терапијата. Авторите ретроспективно ги анализираат податоците од 1989 до 2006 година, на пациентите хоспитализирани на Одделот за третман на ХИВ и СИДА при Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби во Скопје и пријавите за смрт во РЗЗЗ. Пациентите се поделени во две групи, и тоа пациенти кои не примале терапија и/или примале интермитентно моно или дуо терапија со група пациенти кои примале високо активна антиретровирусна терапија (ВААРТ). Со анализата на податоците, авторите дошле до заклучок дека со примена на ВААРТ, морталитетот опаднал за 42% во анализираниот период. Во истиот период, стапката од 38% смртност кај пациенти на ВААРТ се должи на доцна откриена на ХИВ-инфекција и задоцнето започнување на третман со ВААРТ.

**15. Прогресивна мултифокална енцефалопатија како иницијална манифестација на СИДА**

ИИИ конгрес на инфектолозите на Македонија со меѓународно учество 03П11, стр. 52, 2007.

Василевска - Дугановска М., Груневска В., Стевановиќ М., Миленковиќ З., Каламарас П., Гроздановски К.,
Клиника за инфективни болести, Скопје, Р. Македонија.

Прогресивна мултифокална леукоенцефалопатија (ПМЛ) е субакутна демиелинимизирачка инфекција на ЦНС со фатален исход, предизвикана од убиквитарен, вообичаено непатоген ЈЦ папова вирус, кој ретко предизвикува болест кај имунокомпетентни лица. Целта на трудот е да се прикаже случај на ПМЛ како иницијална манифестација на СИДА со посебен осврт на дијагностиката и улогата на високо активниот антиретровирусен третман кај овие болни.
Со анализирањето на клиниката, дијагностиката и третманот може да се заклучи дека високо активниот антиретровирусен третман овозможува продолжување на животот и подобра прогноза кај овие пациенти.

ЗАКЛУЧОК

Врз основа на проучениот материјал за стручно-научната и наставната дејност на кандидатката помл. ас. д-р Милена Стевановиќ, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката ги исполнува потребните услови и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје му предлага да ја избере во звањето асистент по предметот инфектологија.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Виолета Груневска, с.р.

Проф. д-р Снежана Стојковска, с.р.

Доц. д-р Ирена Кондова Топузовска, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТОТ СУДСКА МЕДИЦИНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата IV редовна седница одржана на 24.XII 2009 година, донесе решение за формирање Рецензентска комисија за избор на еден асистент по предметот судска медицина, во состав: проф. д-р Алексеј Дума, проф. д-р Здравко Чакар и проф. д-р Билјана Јанеска.

На конкурсот објавен на 25.XI 2009 година во весникот „Утрински весник" се пријави д-р Горан Павловски.

Комисијата, по разгледувањето на доставените документи од пријавениот кандидат, до Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, го предложи следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Биографски податоци

Д-р Горан Павловски е роден на 20.I 1975 година во Скопје. Основно образование има завршено во ОУ „Јохан Хајнрих Песталоци" во 1989 година. Средното образование го завршил во Средното медицинско училиште „Д-р Панче Караѓозов" во 1993 година, со што се здобил со звањето медицински техничар. На Медицинскиот факултет се запишал во учебната 1993/1994 година, а го завршил во 2000 година. Во 2002 година се вработил на Институтот за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија при Медицинскиот факултет во Скопје. Во 2006 година се запишал на постдипломските студии на Медицинскиот факултет по предметот судска медицина. Во 2003 година ја започнал специјализацијата која со успех ја завршил во 2006 година. Активно е вклучен во научноистражувачкиот проект „Голциеви студии по шизофренија".

### Наставно-образовна дејност

Д-р Горан Павловски, вработен во Институтот за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија, избран е за асистент по предметот судска медицина во октомври 2003 година, а реизбран е во 2008 година. Оттогаш па до денес, активно учествува во изведувањето на практичната настава по предметот судска медицина за студентите на додипломските студии по медицина и стоматологија, како и на додипломските студии за студентите од Факултетот за безбедност.

### Научноистражувачка дејност

Автор и коавтор е на 15 труда, печатени во научно-стручни медицински списанија и презентирани на конгреси и стручни состаноци

во земјава и во странство. Учествува во изработка на еден национален и еден интернационален научен проект кои се со успех завршени.

## Рецензирани трудови за досегашните избори

Трудовите со реден број 1–10 се рецензирани во билтените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", бр. 830/03, 917/07 и 938/2008 година.

## Научни трудови доставени за рецензија за избор во звањето асистент

12. **G., Pavblovski**, A., Stankov, R.J., Ajanovska, Z., Jakovski, V., Poposka, A., Gutevska, Z., Cakar, B., Janeska, A., Duma: „Identification of the Victims Killed in the Helicopter Crash Near the Village of Petrovec, R., Macedonia". XXI Congress of the International Academy of Lagal Medicine (IALM), Lisbon, Portugal, 28-30 May 2009.

Една од целите во рутинската работа на судскомедицинскиот експерт е идентификација на жртвите при масовни незгоди. Идентификацијата на жртвите се врши од страна на лекар-специјалист по судска медицина, кој е дел од тимот за идентификација, кој се формира веднаш по масовната незгода. Во овој труд е извршена идентификација на жртвите од хеликоптерската незгода што се случи во близината на аеродромот Петровец, при што загинаа 11 припадници на Армијата на Република Македонија. Идентификацијата е извршена според личните документи, воените идентификациони броеви и според наодот на забалото.

13. V., Poposka, A., Gutevska, A., Stankov, **G., Pavlovski**, Z., Chakar, B., Janeska:: „Estimation the Time Since Death by Using Algorithm". XXI Congress of the International Academy of Lagal Medicine (IALM), Lisbon, Portugal, 28-30 May 2009.

Одредување време на смртта во раниот постмортален период е од особена важност кај смртни случаи со насилна смрт. Анализирани се 120 смртни случаи со познато време на смрт, при што се употребени пет параметри за одредување време на смрт: електрична ексцитабилност на мускулите, хемиска ексцитабилсот на мускулите, постмортално ладење на телото, мртовечки дамки и мртовечка вкочанетост. Добиените резултати се употребени за создавање на специјална табела – алгоритам, кој ги содржи минималните и максималните вредности за секој од анализираните параметри.

14. A., Gutevska, V., Poposka, A., Stankov, R., Jankova-Ajanovska, **G., Pavlovski**, Z., Cakar: „Qualification of Body Injuries in Republic Macedonia". XXI Congress of the International Academy of Lagal Medicine (IALM), Lisbon, Portugal, 28-30 May 2009.

Од судскомедицински и кривичноправен аспект, квалификација на телесна повреда значи да се одреди степенот на оштетувањето на

здравјето и телесниот интегритет, која го произвела повредата. Во трудот се наведени и објаснети постапките на судскомедицинскиот вештак при изготвување на писмен наод и мислење за видот и карактерот на телесните повреди, и тоа: по непосреден преглед на повреденото лице, по увид во медицинската документација при вештачење на телесни повреди во кривични предмети и при давање на усмен наод и мислење во текот на судската постапка.

15. Z., Cakar, A., Stankov, A., Gutevska, **G., Pavlovski:** „Corelation between the direction of the force action and localization of the brain damage". XXI Congress of the International Academy of Lagal Medicine (IALM), Lisbon, Portugal, 28-30 May 2009.

Во трудот се зборува за поврзаноста помеѓу правецот на дејство на сила и локализацијата на мозочното оштетување. Анализирани се 400 неселектирани смртни случаи со кранио-церебрална траума. Во најголем број случаи, правецот на дејството на силата е странично-страничен, предно-заден, задно-преден и поретко силата дејствува во темето на главата. Испитувањето покажа како единечна форма на сила во практиката е реткост, многу почесто станува збор комбинирано дејство на сила која доведува до ротационо движење на главата, што е главно причина за оштетување на мозокот. Понатаму во текстот е наведена процентуалната застапеност на повредите на одделни делови на мозокот, при што најголем процент на повредите на мозокот се забележани во левиот и десниот челен резен.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на извршениот увид во доставената документација, и досегашното познавање на наставно-образовната и научноистражувачката дејност на кандидатот, како и извршената рецензија на доставените стручно-научни трудови, Рецензентската комисија цени дека кандидатот ги исполнува условите предвидени за избор и му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје да го избере д-р Горан Павловски во звањето асистент.

**Рецензентска комисија,**

1. Проф. д-р Алексеј Дума, с.р.
2. Проф. д-р Здравко Чакар, с.р.
3. Проф. д-р Билјана Јанеска, с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ТРИ ПОМЛАДИ АСИСТЕНТИ ПО ПРЕДМЕТОТ ХИРУРГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата IV редовна седница, одржана на 25.12.2009, донесе решение за формирање Рецензентска комисија по објавениот конкурс од 25.11.2009 година за избор на помлади асистенти, во следниов состав: проф. д-р Илија Панговски, проф. д-р Ѓорѓе Џокиќ и доц. д-р Игор Кафтанџиев.

На конкурсот се пријавиле три кандидати: д-р Кемал Руштити, д-р Наташа Толеска и д-р Илир Вела.

Рецезентската комисија ги разгледа пријавите на кандидатите и го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## 1. Д-Р КЕМАЛ РУШИТИ

### Биографски податоци

Д-р Кемал Рушити е роден на 31.10.1979 година во Белград. Основно и средно образование завршил во Кичево.
Дипломирал на Медицинскиот факултет во Загреб, 2007 година, со просек 8,81.
Од септември 2007 до мај 2008 година бил вработен како професор во средно медицинско училиште во Кичево.
Од мај 2008 година е во редовен работен однос на Универзитетската клиника за дигестивна хирургија.

### Трудови за рецензија

1. Анализа на мултимодалниот третман на карциномот на ректум кај Т3-Т4 тумори
Н.Јанкуловски, В.Јаневски, Л.Спасевска, Н.Петрушевска, Б.Ангеловска, Н.Јоксимовиќ, С.Антовиќ, К.Рушити, О.Костовски, А.Митевски.

## 2. Д-Р НАТАША ТОЛЕСКА

### Биографски податоци

Д-р Наташа Толеска е родена на 25.6.1981 година во Кичево, Република Македонија, каде што завршила основно и средно образование – природно-математичка насока со одличен успех. Во истата година се запишала на Медицинскиот факултет во Скопје, со просек 8,6 , кој го завршила во 2005 година. Специјализацијата по општа хирургија ја започнала во 2006 година и во истата година се запишала на постдипломски студии коишто ги завршила со успех.

На Клиниката за торакална и васкуларна хирургија се вработила во 2008 година.

За време на студиите била на студентски размени во Малта 2004 на Одделот за општа хирургија и во Хелсинки, Финска, 2005, на одделот за трансплантација на бубрези и црн дроб. Активно се служи со англискиот и италијанскиот јазик.

### Стручна и научна активност

Учествува на повеќе конгреси и курсеви:
- учество на Светскиот конгрес за анестезиолози во Кејптаун, ЈАР, 2008 година;
- учество на Азискиот конгрес за торакална хирургија во Тајпеј, Тајван и учество на курс за торакоскопија, 2009 година;
- учество на Европскиот конгрес за Staging на бронхоген карцином и торакална хирургија, Барселона, Шпанија, 2009 година и била вклучена во програмата „Live surgery".

### Трудови

1. Евалуација на причини за невротраума
Автор: Марија Толеска
Коавтори: д-р Ивица Стефановски, Р.Тодоров, Е.Спировска, Н.Толеска, В.Рендевски.
Ментор: проф.д-р Зорка Николова Тодорова.
Клиника: Клиника за анестезија, реанимација и интензивно лекување, Медицински факултет – Скопје, Република Македонија.

Проспективно-ретроспективна студија за повредите на мозок, оние што најчесто резултираат со смрт или перманентна неспособност (27 Интернационален медицински студентски научен конгрес, 20-23 Мај 2004 година, Охрид, Македонија)

2. Сексуална дисфункција кај машката популација
Автор: Наташа Толеска

Коавтори: Дејан Манчевски и Марија Толеска
Ментор: проф. д-р Викторија Вујовиќ
Клиника за психијатрија, Медицински факултет - Скопје
Стресот како главен ризик фактор за сексуалната дисфункција кај машката популација
(28 Интернационален медицински студентски научен конгрес, 2005 година, Охрид).

## 3. Д-Р ИЛИР ВЕЛА

### Биографски податоци

Д-р Илир Вела е роден на 12.4.1977год. Основно училиште завршил во ОУ „Лирија" во Тетово со одличен успех. Од 1991 до 1995 учел во средното училиште „Кирил Пејчиновиќ" и го завршил со одличен успех. На Медицинскиот факултет се запишал во 1995 година, а дипломирал во 2002 со среден успех 8,53 со што се здобил со титулата доктор по медицина. Од јуни 2003 до мај 2005 година волонтира во Хируршкото одделение при Медицинскиот центар во Тетово до мај 2005. Од септември 2005 година е ангажиран како асистент во Државниот универзитет во Тетово за предметите анатомија и физиологија. Од април до октомври 2007 година е вработен во Хируршката клиника – Барокомора при Клиничкиот центар во Скопје. Од декември 2007 до мај 2008 година бил во редовен работен однос на Државниот универзитет во Тетово. Во октомври 2007 година се запишал на постдипломски студии коишто ги завршил со успех. Се вработил на Клиниката за торакална и васкуларна хирургија во мај 2008 година. Одлично го познава англискиот јазик и со него активно се служи во секојдневната практика. Специјализацијата по општа хирургија ја има започнато во март 2009 година.

## ЗАКЛУЧОК

Рецензентската комисија, по внимателното проучување на доставените материјали и ценејќи го позитивно севкупниот досегашен развој на кандидатите, нивните стручни и педагошки квалитети како и односот кон работните обврски и кон својата средина, има задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, д-р Кемал Рушити, д-р Наташа Толеска и д-р Илир Вела да бидат избрани во звањето **помлад асистент** по предметот хирургија.

Скопје, 11.3.2010 Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Илија Пангoвски с.р.
2. Проф. д-р Ѓорге Џокиќ с.р.
3. Доц. д-р Игор Кафтанџие с.р.

**До**
**Научниот одбор на**
**Медицинскиот факултет во Скопје**

**Предмет: Приговор на објавениот реферат за избор на два научни соработника по предметот дерматовенерологија објавен во Билтенот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" бр. 981 од 1.3.2010,.**

Почитувани,

Поднесувам приговор на објавениот реферат за избор на два научни соработника по предметот ДЕРМАТОВЕНЕРОЛОГИЈА, Медицински факултет, Скопје, како учесник во постапката заради следниве неправилности:

1. Бодирани се само трудовите кои досега не се рецензирани. Бидејќи изборот за научен соработник е ново звање (не претставува избор во повисоко звање), аналогно на изборот за доцент, треба да се бодираат трудовите рецензирани во предходните билтени. Земајќи предвид дека на кандидатката д-р Нина Цаца-Билјановска статусот на асистент и престанал во 2000 година, а трудови и се рецензирани во Билтенот на Унивезитетот "Св. Кирил и Методиј" бр. 709/1998 година, а јас сум актуелен асистент на Катедрата за дерматовенерологија и последните трудови ми се рецензирани во Билтенот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" бр. 937/2008, сметам дека сум онеправдана со бодувањето. Всушност на првата кандидатка и е дадена предност со тоа што и се бодирани трудовите за периодот од 10 години кога не била асистент.
2. Бодирањето на трудовите во научноистржувачката дејност не е усогласено со Критериумите од Анекс 1 на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје од јуни, 2009 година и со појаснувањето на Правилникот за критериумите и постапката за избор во звања на УКИМ во Скопје, доставена до шефовите на катедрите и претседателите на рецензентските комисии на 15.2.2010.
   - Пропустите се направени при бодирање на апстрактите објавени во Зборник на апстракти кои се третирани како објавени трудови in extenso во Зборник на трудови од научни/стручни собири. По добиената согласност од УКИМ, додадена е последната ставка во делот за научноистражувачката дејност од Критериумите за избор во звања, со што се дава можност да се бодираат авторите и коавторите на објавените апстракти. Во тој случај, првиот автор добива 1 бод, а коавторите, во зависност од нивниот број, 0,9, 0,8 и 0,6 бода. На пример апстрактот:Gingival Hyperplasia in Cyclosporin Treated Psoriasis Patients. M.T. Vlckova-Laskoska, D.S. Laskoski, N.G. Caca-Biljanovska 5th European Congress on Psoriasis, 7th International Psoriasis Symposium Milan, September 2-5, 1998, Abstracts, 110 е бодиран со 2,4 бода, наместо со 0,8 бода. Кај кандидатката д-р Нина Цаца-Билјановска погрешно се бодирани апстрактите под реден број: 3-23, 29-32, 35-37, 39-44, 49-52, 57 и 59; кај кандидатката ас.д-р Сузана Николовска погрешно се бодирани апстрактите број: 7-11.
   - Трудовите објавени во научни /стручни списанија со меѓународен уредувачки одбор според горенаведените критериуми и упатство од

УКИМ, треба да се бодираат со 6+IF, без намалување на бодовите според бројот на авторите. Така, на пример, трудот: Evalution of two different pneumatic compression cycle settings in the healing of venous ulcers: a randomized trial, Suzana Nikolovska, Andrej Arsovski, Katerina Damevska, Georgi Gocev, Ljubica Pavlova, Med.Sci Monit 2005; 11; CR1-CR7, е бодиран со 3,6 бода наместо со 7,54 (6+1,54). Според овој критериум, кај д-р Нина Цаца Билјановска погрешно се бодирани трудовите со реден број 45 и 58, а кај кандидатката ас.д-р Сузана Николовска трудот со реден број 5.

- Кај кандидатката д-р Нина Цаца-Билјановска погрешно се толкувани трудовите под реден број 25-27 како трудови објавени во научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор и бодирани се со по 3,6 бода, наместо да се бодираат со по 1,8 бода како трудови објавени во целост во Зборник на трудови од конгрес Adv Exp Med, Biol всушност, претставува Зборник на конгресни трудови, англ. Congress Proceedings)
- Трудовите под реден број 47 и 55 кај кандидатката д-р Нина Цаца-Билјановска се бодирани како пленарни предавања на меѓународен стручен собир со по 3 бода. Овие трудови се презентирани на Стручен состанок на Хрватското здружение на дерматолози, спонзорирано од фармацевтската куќа БЕЛУПО и треба да се бодираат како секциски предавања на научен/стручен собир со меѓунродно учество со по 2 бода.
- Кај двете кандидатки се бодирани одбранет специјалистички труд (реден број 3 во научноистражувачка дејност) и раководител на внатрешна организациона единица (ред.бр. 6 во дејности од поширок интерес) со 2 и 3 бода последователно. Одбраната на специјалистички труд во тек на специјализацијта по дерматовенерологија не е воспоставена, има само специјалистички испит кој се состои од устен и практичен дел. Раководство на внатрешна организациона единица според објаснувањето во Правилникот за критериуми за избор на УКИМ се однесува на функција со мандатен период, а функцијата шеф на отсек на Клиниката за дерматологија не е мандатна функција. Според ова, и на двете кандидатки горе наведените бодови не им следуваат.
- Во табелата за стручно-апликативна дејност, д-р Нина Цаца-Билјановска даден и е 1 бод како учесник /соработник во студија. Во табелата за стручи-апликативна дејност постои графа: Студија-одговорен проектант, 2 бода и учесник/соработник, 1 бод. Значи, оваа категорија на студија се однесува на архитектонско-градежните струки.
- Во табелата за дејности од поширок интерес, кандидатката д-р Нина Цаца-Билјановска е бодирана со 1 бод за учество во комисии и тела на државни и други органи за функцијата претседател на управен одбор на ЈЗУУ Клиника за дерматологија. Комисијата за проверка на напишаните рецензии на еден од своите состаноци даде толкување дека оваа функција не треба да се бодира.

8.03.2010,<br>Скопје

Со почит,<br>Ас.д-р Сузана Николовска, с.р.

ОДГОВОР
НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА НА
ПРИГОВОРОТ ПОДНЕСЕН ДО МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ во СКОПЈЕ

По приемот на приговорот доставен до Деканатот на Медицинскиот факултет на 8.3.2010 год. (бр. 03 - 10221/1) од страна на ас. д-р Сузана Николовска, Рецензентската комисија во состав:

- проф. д-р Маргарета Балабанова-Стефанова, претседател
- проф. д-р Александар Анчевски, член
- проф. д-р Нада Петрова, член
- проф. д-р Љубица Павлова, член
- проф. д-р Весна Гривчева-Пановска, член,

се состана на ден 15. 3.2010 година, го разгледа приговорот и по опсежната дискусија **по секоја одделна точка на приговорот**, го дава следново мислење:

1. Според член 27, табела 4. од Правилникот за избор во звања од јуни 2009 (нема бодирање на наставно-образовната дејност, асистентскиот стаж е ирелевантен), и двете кандидатки го оствариле потребниот број на поени за научен соработник и му предлага на ННС и двете кандидатки да бидат избрани за научни соработници. Звањето научен соработник е еквивалентно, но не е аналогно на звањето доцент, што јасно произлегува од член 11, табела 1 и член 27, табела 4. Трудовите кои се поднесени за рецензирање при избор на научен соработник се по избор на кандидатот. Извршеното бодирање нема правни последици, не фаворизира, ниту оштетува, ниту еден од кандидатите. Тоа е направено за периодот од последниот избор во звање, а по направените консултации со Деканатот.

2. Бодирањето на трудовите, т.е. активностите е усогласено со Критериумите за избор во звања од Анекс 1 на Правилникот за избор во звања од јуни 2009. Бодирањето е направено **пред 15. 2.2010, според Критериумите за избор во звање пред да се направи адаптација за медицинари** и како таков рефератот е потпишан од другите членови на Комисијата, поминал на Комисијата која ја води продеканката Оливера Стојчева и така е пратен во Ректоратот од каде што дале забелешка само за технички пропусти, табелите да се направат во фонтот Georgia со македонска поддршка. Тоа го направивме, членовите на Комисијата го потпишаа рефератот, односно заклучокот и тој излезе во Билтенот.

- Бодирањата на трудот кој прв се цитира во приговорот на точка 2; Gingival Hyperplasia in cyclosporin treated psoriasis patients....... е направено според Критериумите за избор во звање **пред да се направи нивна адаптација за Медицински факултет (пред 15. 2.2010)**, така што бодирањето е сосема во ред. Истото објаснување се однесува и на долупосочените апстракти и трудови за двете кандидатки.

-Трудовите под реден број 25-27 точно се бодирани како трудови објавени во научно стручно списание со меѓународен уредувачки одбор; погрешно се

толкувани од кандидатката која го дава приговорот. Темите се усно презентирани на Конгрес со меѓународно учество и дополнително, од главниот уредник на списанието Adv Exp Med Biol, се поканети да се објават во него. Со редовна рецензија, спремени по пропозиции на списанието (guidelines) и рецензирани беа објавени во горе спомнатото научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор - Adv Exp Med Biol, кој се цитира на PubMed i SCI листа. Дали зборник на трудови се цитира на PubMed i SCI-листа??

- Трудовите под реден број 47 и 55, исправно се бодирани како пленарни предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество со по 3 бода врз основа на доставен меѓународен признат сертификат од организаторот. Сертификатот е документ, како основа за бодирање, а **наводот** за тоа дека се секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество нема основа за такво толкување. Секое друго толкување би било без правна основа, произволно-арбитрерно. Кога нема сертификат, може толкување.

-Одговор на приговорот во врска со бодирањето на одбранет специјалистички труд е следен: Одбранет специјалистички труд, во медицинските науки е лесно определива категорија- завршена специјализација без која секоја понатамошна активност на НИ и НО- дејност (пр.ментор на специјалистичка работа) би се довела во прашање. Во прилог на ова е и фактот дека истата активност се бодира во Критериумите за избор во звања ( адаптирани за Медицински факултет од 15. 2.2010), така што бодирањето е сосема во ред.

Иако сега презентираниот приговор во дел од НИ-дејноста, дел одбранет специјалистички труд нема да го промени односот на поени на двете кандидатки заради тоа што на двете им се дадени тие бодови, напоменуваме дека овој дел нема основа за приговор.

-Во врска со стручно-апликативната дејност по основ студија-учесник и доделувањето на 1 бод на кандидатката д-р Нина Цаца-Билјановска повторно се должи на примена на Критериумите за избор во звања **пред да се направи нивна адаптација за Медицински факултет (пред 15. 2.2010), каде што оваа активност постои,** така што приговорот е неоснован, бодирањето е сосема исправно.

-Во табелата за дејности од поширок интерес по основ за учество во комисии и тела на државни и други органи, доделувањето на 1 бод на кандидатката д-р Нина Цаца-Билјановска е точно и оправдано поради приложен валиден документ како доказ за тоа. Во прилог на ова е и околноста што кандидатката д-р Николовска презентираниот навод за приговор не може да го поткрепи ниту со писмен акт кој би претставувал правна релевантна сила на евентуалното мислење. Таквото толкување нема поткрепа во релевантните правни акти (правилник и критериуми), односно нема ниту презентирано писмено мислење верифицирано од надлежен орган за ваквиот навод. Во прилог на добиениот бод е и фактот дека таа активност постои и се бодира и во Критериумите за избор во звања (адаптирани за Медицински факултет) од 15. 2.2010 на кои се повикува д-р Сузана Николовска.

**ЗАБЕЛЕШКА**: Во **прилог** ви доставуваме конструктивни забелешки од членовите на Рецензентската комисија: проф. д-р А.Анчевски, проф. д-р Н. Петрова, проф. д-р Љ. Павлова, кои би требало да резултираат со **допрецизирање на анексите од Правилникот за избор во звања од јуни 2009.** Издвоеното мислење на вонр. проф. д-р В. Гривчева-Пановска во потполност се вклопува во ставовите/забелешките и заклучокот на сите останати членови на комисијата.

Заклучок:

Комисијата одлучи да остане на извештајот што е објавен во Билтенот бр. 981, од 1. 3.2010 год. (стр. 216-227) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Приговорот од кандидатот ас. д-р Сузана Николовска е неоснован поради **непостоење на правен интерес за негирање на стекнатото право на кандидатот што произлегува од заклучокот на Рецензентската комисија.** Во него **и двата кандидата се предложени за научни соработници** по предметот дерматовенерологија на Медицинскиот факултет во Скопје, при што ниту еден кандидат не е оштетен, ниту пак фаворизиран.
**На Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје му предлагаме да го поддржи заклучокот на Комисијата објавен во Билтенот и кандидатите д-р мед. науки Нина Цаца-Билјановска и д-р мед. науки Сузана Николовска да бидат избрани за научни соработници по предметот дерматовенерологија на Медицинскиот факултет во Скопје.**

Комисија

Проф. д-р Маргарета Балабанова-Стефанова, претседател с.р.

Проф. д-р Александар Анчевски, член с.р.

Проф. д-р Нада Петрова, член с.р.

Проф. д-р Љубица Павлова, член с.р.

Проф. д-р Весна Гривчева-Пановска, член с.р.

Скопје, 15. 3.2010 год.

Прилог

**До проф. д-р М. Балабанова-Стефанова**

Забелешки на одговорот на приговорот од ас. д-р Сузана Николовска, поднесен до Рецензентската комисија

Трудовите под реден број 25-27 се излезени во книга која носи наслов „Congress Proceedings" што значи дека тоа е сепак Зборник на трудови од конгрес, односно се печатат трудови кои биле презентирани на конгрес. Трудовите не се објавени во оригиналното списание Adv Exp Med Biol.

Трудовите под реден број 47 и 55 сметаме дека не се коректно бодирани. Тие се усно презентирани на Здружението на дерматовенеролозите на Хрватска, средби спонзорирани од Фармацевтската куќа „BELUPO". Не станува збор за научен стручен собир со меѓународно учество.

На Клиниката за дерматовенерологија досега специјализантите не подготвувале специјалистички труд. Според тоа, бодирањето на активности за одбрана на специјалистички трудови е неосновано.

Студија за клиничко испитување на лекови не е категорија која треба да се бодира бидејќи не постои таква категорија во Анекс 1 од Правилникот за бодирање од УКИМ и не е исто со научен проект.

И по старите критериуми, Управен одбор не е државен орган, па според тоа учество во овој орган не подлегнува на бодирање.

Со оглед на тоа дека со овие забелешки нема да се промени заклучокот на Рецензентската комисија, истиот заклучок го прифаќаме.

Скопје 16.3.2010

Проф. д-р А. Анчевски с.р.

Проф. д-р Н. Петрова с.р.

Проф. д-р Љ. Павлова с.р.

# П Р Е Г Л Е Д
на одобрени теми за изработка на докторски дисертации на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

| Кандидат | Тема | Комисија |
|---|---|---|
| М-р Наташа Најденова Левиќ | Меѓународна надлежност и меродавно право за брачните односи со странски елемент | Д-р П.Гавроска<br>Д-р Д.Мицковиќ<br>Д-р Т.Дескоски |
| М-р Сања Пандеска | Институционалната регулација на здравството во Европската унија и во Република Македонија (споредбено правни аспекти) | Д-р Т.Беличанец<br>Д-р Б.Давитковски<br>Д-р Д.Гелев |
| М-р Сејдефа Џафче | Заштита на правата на даночните обврзници во Република Македонија и во Европската унија | Д-р Б.Давитковски<br>Д-р В.Пендовска<br>Д-р А. Максимовска Велјановски |
| М-р Александар С.Н. Костовски | Меѓународното право и постконфликтната кривична правда во Република Македонија | Д-р Д.Малески<br>Д-р Љ.Фрчкоски<br>Д-р Г.Калајџиев |

# ПРЕГЛЕД
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Славчо Богев | Колективните системи за безбедност: процес и критериуми за зачленување на Република Македонија во НАТО | Д-р Т.Петрушевска |
| Елизабета Спироска | Улогата на Буџетот на Европската унија во развојот на заедничките политики | Д-р Т.Петрушевска |
| Орце Лазаров | Установата возвраќање и упатување (renvoi) во меѓународното приватно право | Д-р П.Гавроска |
| Јана Илиева | Резерви на меѓународните договори за правата на човекот | Д-р С.Георгиевски |
| Фатбарда Сулејмани | Вонредните правни лекови во казненото процесно право | Д-р Г.Бужаровска |
| Весна Трајановска | Вкрстено испитување | Д-р Г.Калајџиев |
| Бранко Јаневски | Побивање на арбитражна одлука | Д-р Т.Дескоски |

П Р Е Г Л Е Д
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Славчо Богев | Колективните системи за безбедност: процес и критериуми за зачленување на Република Македонија во НАТО | Д-р Т.Петрушевска |
| Елизабета Спироска | Улогата на Буџетот на Европската унија во развојот на заедничките политики | Д-р Т.Петрушевска |
| Орце Лазаров | Установата возвраќање и упатување (renvoi) во меѓународното приватно право | Д-р П.Гавроска |
| Јана Илиева | Резерви на меѓународните договори за правата на човекот | Д-р С.Георгиевски |
| Фатбарда Сулејмани | Вонредните правни лекови во казненото процесно право | Д-р Г.Бужаровска |
| Весна Трајановска | Вкрстено испитување | Д-р Г.Калајџиев |
| Бранко Јаневски | Побивање на арбитражна одлука | Д-р Т.Дескоски |

ПРЕГЛЕД
на одобрени теми за изработка на докторски дисертации на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

| Кандидат | Тема | Комисија |
|---|---|---|
| М-р Наташа Најденова Левиќ | Меѓународна надлежност и меродавно право за брачните односи со странски елемент | Д-р П.Гавроска<br>Д-р Д.Мицковиќ<br>Д-р Т.Дескоски |
| М-р Сања Пандеска | Институционалната регулација на здравството во Европската унија и во Република Македонија (споредбено правни аспекти) | Д-р Т.Беличанец<br>Д-р Б.Давитковски<br>Д-р Д.Гелев |
| М-р Сејдефа Џафче | Заштита на правата на даночните обврзници во Република Македонија и во Европската унија | Д-р Б.Давитковски<br>Д-р В.Пендовска<br>Д-р А. Максимовска Велјановски |
| М-р Александар С.Н. Костовски | Меѓународното право и постконфликтната кривична правда во Република Македонија | Д-р Д.Малески<br>Д-р Љ.Фрчкоски<br>Д-р Г.Калајџиев |

РЕЦЕНЗИЈА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРЕГОВАРАЊЕТО НА МЕЃУНАРОДНИ КОНФЕРЕНЦИИ", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р АРЛИНДА МЕМЕТАЈ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, на седницата одржана на 29.1.2010 година, формира Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Арлинда Меметај под наслов „Преговарањето на меѓународни конференции", во состав: проф. д-р Денко Малески, проф. д-р Љубомир Данаилов Фрчкоски, проф. д-р Сашо Георгиевски, проф. д-р Ванчо Узунов и доц. д-р Тони Дескоски.

Комисијата со внимание ја прочита докторската дисертација на кандидатот, и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Содржина на трудот

Докторскиот труд „Преговарањето на меѓународни конференции" содржи вовед, три дела и еден генерален заклучок, разработени на 244 страници текст, 420 фусноти и 6 табели, при што се користени 104 селективни библиографски извори, голем број на извештаи и други релевантни документи усвоени во рамките на системот на ООН (вклучувајќи ги тука посебно процедуралните правила на Генералното собрание на оваа организација, Римскиот статут на Постојаниот меѓународен кривичен суд итн.), Европската унија (односно сите досегашни договори на оваа организација, вклучувајќи ги тука посебно договорите од Мастрихт и Ница, процедуралните правила на главните органи на ЕУ, посебно оние на Советот на ЕУ, сите релевантни документи во врска со функцијата на претседателството на Унијата итн.).

Воведот ги содржи предметот и целите на истражувањето, методолошкиот пристап што е користен при неговата разработка, како и систематиката на трудот.

Предметот на истражување на докторската дисертација е современото мултилатерално преговарање, односно продуктите и процесите на мултилатералните конференции при селективни меѓународни меѓувладини организации (ООН и ЕУ). Во овој поглед, посебно се проучени динамиката, стратегиите и техниките за генерирање на добри преговарани исходи, како и преговарачките процеси преку случај-студии од досегашната практика на конференциската дипломатија во рамките на двете горенаведени меѓународни

организации, што, од своја страна, е особено релевантно за Република Македонија, посматрано во светлината на нејзиниот полноправен статус во ООН и статусот на држава-кандидат за ЕУ.
Основната хипотеза од која тргнува кандидатот е фактот дека силата во современиот меѓународен систем сé повеќе станува понеефикасен инструмент за решавање на меѓународни спорови, и дека, аналогно, дипломатијата е релативно поважен процес за решавање на меѓународните конфликти, односно дека важноста на процесот на преговарање (како централна активност на современата дипломатија) се зголемува рапидно. Оваа хипотеза се комплетира со фактот дека политиките на државите можат да бидат успешни во современиот меѓународен систем само доколку нивните дипломати се вешти, односно професионално обучени практичари на „уметноста и науката" на преговарањето, како и дека „добрата дипломатија" нема да гарантира успех во остварувањето на националните интереси на една држава бидејќи таа е само еден апсолутно неопходен услов за секоја држава да биде способна да ги развива сопствените интереси во рамките на прифатените вредности и меѓународното право.

Целта на истражувањето на наведениот предмет е комплексна и се состои од следниве (меѓу другите) аспекти: најпрво, преку историскиот развој на мултилатералното преговарање да се даде приказ на новите карактеристики на современата мултилатерална дипломатија, односно меѓународната конференција (како нејзин типичен облик), вклучувајќи ги овде посебно независноста на секоја меѓународна конференција и нејзината мултиактерска природа, местото и улогата на аргументирањето и преговарачката тактика и стратегија, функцијата и улогата на претседавањето на меѓународна конференција заедно со процедуралните правила на секоја таква конференција (посебно во рамките на горенаведените меѓународни меѓувладини организации, вклучувајќи ги овде институционалните темели на овој вид преговори во рамките на селективни инстанци во ЕУ. Ова, кандидатот со детална прегледност го илустрира преку селективни случај-студии на такви конференции.

**Првиот дел** насловен како „Појава и карактеристики на мултиларалната конференциска дипломатија" е поделен во три глави. Во првата глава (насловена како „Историски развој на преговарањето на меѓународните конференции"), кандидатот детално ги прикажува: поимот и карактеристиките на современиот мултилатерализам (вклучувајќи го тука посебно неговиот емпириско-аналитички концепт; современиот мултилатерален терен за игра и неговите правила; структурите на мултилатералниот терен за игра; правната и институционалната рамка и неформалните правила во тој контекст; актерите, нивните способности и интеракцијата во мултилатералниот терен за игра. На крај, кандидатот посебно го дефинира и објаснува терминот „мултилатерабилност" како „капацитет" на еден актер да биде инволвиран и да учествува во решавањето на глобалните прашања во современиот меѓународен систем преку следење на „правилата на играта" на современиот мултилатерализам. Во овој поглед, кандидатот посебно ги прикажува клучните критериуми за оценување на мултилатерабилноста на кој било актер. Овде, кандидатот го прикажува и идеалниот профил на денешниот мултилатерален дипломат, кој треба (меѓу другото) да биде способен за изградба и одржување на коалиции со државните актери и контакти со многу други актери, вклучувајќи ги деловната заедница и граѓанското општество; да има поголема специјализација, односно капацитет за стратегиско

размислување во поглед на секое предметно прашање, и добро да ја познава употребата на процедуралните правила на конкретниот мултилатерален форум.

Во светлината на главните поенти изложени во рамките на претходната глава, во главата 2 на овој дел од трудот кандидатот дава детален приказ на меѓународната конференција како типичен облик на мултилатерална дипломатија, опфаќајќи ги посебно следниве прашања: техниката на работење на една меѓународна конференција, главните органи на конференцијата (акцентирајќи ја притоа посебно улогата на претседателот на секоја конференција). Во овој контекст, по прикажување на трите клучни фази на секоја мултилатерална конференција (односно утврдувањето на дневниот ред, дефинирањето на проблемот, преговарањето на договорот), кандидатот посебно го акцентира се поголемото значење на фазата на претпреговарање во мултилатералната конференциска дипломатија, прикажувајќи ги притоа сите релевантни современи школи и мислења во врска со оваа фаза (која најчесто е дефинирана како фаза на дијагноза). Оваа глава кандидатот ја заклучува со став (меѓу другото) дека прашањата во врска со фазите на претпреговарањето имаа и сè уште имаат посебна важност во различните видови на ситуации на претпреговарање на Балканот, што треба да доведат до менаџирање на конфликти, менаџирање на постконфликтна реконструкција и рехабилитација, како и јасни конструктивни активности за изградба на регионот.

Главните поенти изложени во рамките на претходната глава добиваат дополнително објаснување и конотација во рамките на главата 3, каде што кандидатот дава приказ на аргументирањето и преговарачката тактика во меѓународните преговори. Во овој поглед, кандидатот најпрво ја развива тезата дека концептуализирањето на преговарањата како социјални процеси признава дека преговорите добиваат смисла поради нивната отелотвореност во некој социјален контекст, развивајќи притоа неколку конкретни претпоставки, вклучувајќи ја особено онаа според која: социјалната и институционалната средина во која се вградени преговарачките процеси станува важна за објаснување на начинот на којшто се спроведуваат преговорите и за она што го генерираат тие преговори; поединците веќе не се гледаат единствено како рационални стратегиски актери, туку и како социјални актери управувани од страна на нормите; и дека интересите и преференциите на актерите не се дадени егзогено, туку тие се обликуваат во процесот на формирањето на интересите што, исто така, се заснова на комуникацијата. Врз основа на последново, кандидатот понатаму детално и јасно ги анализира прашањата: Што претставува аргументирањето во мултилатералните преговори? Како функционира и колку е тоа важно, односно до кој степен и како аргументирањето влијае на преговарачкиот процес и исходите од мултилатералните преговори? Ова, кандидатот понатаму го дополнува и со одговор на прашањето во врска со специфицирањето на условите под кои аргументирањето може да ги смени перцепциите на актерите во поглед на конкретната ситуација и/или интересите (т.е. преференциите во поглед на стратегиите и исходите). Во овој поглед, кандидатот го детално го оценува влијанието на аргументирањето на систематски начин во различните фази на процесот на мултилатерално преговарање. Ова, понатаму, кандидатот го комплетира со приказ и објаснување на сите клучни типологии на тактики во преговорите: дистрибутивно наспроти интегративно спогодување; барање на вредност наспроти создавање на вредност; спогодување наспроти аргументирање; спогодување наспроти решавање на

проблем и стратегиска акција наспроти комуникативна акција; „цврсто или тешко преговарање" *(hard bargaining)* и „меко или нежно преговарање" (*soft bargaining*). Оваа глава кандидатот ја заклучува со приказ на односот меѓу преговарачката моќ на еден актер и изборот на преговарачка стратегија, објаснувајќи ги притоа основните три извори на оваа моќ: општите ресурси на моќ на една држава (дефинирани како „агрегатна структурална моќ"), најдобрата алтернатива за преговараниот договор *(Best Alternative to Negotiated Agreement-BATNA)* и ограничувањата наметнати врз владите од страна на домашните услови за ратификација.

**Вториот дел** од дисертацијата под наслов „Мултилатералната конференциска дипломатија при меѓународните меѓувладини организации" е поделен во три глави. Во првата глава на овој дел од трудот кандидатот ги прикажува појавата и историскиот развој на процедуралните правила на меѓународните конференции и обидите за стаблирање на модел-правила, односно досегашните предлози за изработка на модел-кодекси на конференциски процедурални правила. Во врска со последново, кандидатот најпрвин дава приказ на нацрт-правилата изработени во рамките на ООН, чија содржина и решенија компаративно се споредени со процедуралните правила на Генералното собрание на ООН нагласувајќи го притоа независното право на конференциите да усвојуваат нивни процедурални правила, кои, како што е аргументирано од страна на кандидатот, не претставуваат меѓународен договор. Ова кандидатот понатаму го комплетира со посебно објаснување на селективни релевантни прашања во тој контекст, како што се прашањата во врска со потребното мнозинство за одобрување на процедуралните правила и обврската на државите-учеснички на меѓународна конференција да се придржуваат до процедуралните правила на таа конференција. Во тој правец, кандидатот ја завршува оваа глава со одговор на комплексот прашања во врска со обврската за непристрасност на претседавачкиот службеник илустрирајќи ги посебно неговите задолжителни, дискрециони и иницијаторни надлежности. Релевантноста на сите клучни поенти изразени во оваа глава лесно се потврдува во наредната (т.е. втора) глава на овој дел.

Имено, втората глава на овој дел кандидатот ја посветува на формалното лидерство во меѓународната соработка, односно прашањето во врска со „менаџирањето" на мултилатералните преговори од страна на нивните претседавачи, што како такво, досега му е посветено многу мало систематско внимание во науката за подрачјето на меѓународната соработка. Оваа празнина кандидатот ја адресира преку презентирање на рационалната институционална теорија во врска со „формалното раководење", давајќи одговори на следниве три основни прашања: „Зошто државите му делегираат овластувања за контрола на преговарачкиот процес на претседавачот на меѓународни преговори? Кои се ресурсите на моќ на формалните раководители? Кога, зошто и како, претседавачот на преговорите стекнува влијание врз исходите на мултулатералното преговарање?" Одговорот на овие прашања кандидатот го развива од аспект на овластувањето на претседавачот да ги исполни функциите на менаџмент на дневниот ред, посредување и претставување во меѓународното преговарање.

Последната глава на овој дел од трудот кандидатот ја посветува на прашањето во врска со институционалните темели на преговарањето во ЕУ, во чии рамки тој го објаснува институционалниот дизајн на преговарачките процеси во оваа организација. За целите на

овој дел од трудот, кандидатот го користи широкото сфаќање на институциите како што се организациите, процедурите и нормите, кои ги регулираат преговорите на ЕУ. Аналогно, како организации се означени Советот и Европскиот совет на ЕУ; како процедури се означени правилата за одлучување, нивото на парламентарната инволвираност и ротирачкото претседавање; а, како норми се означени поимите на консензус и непристрасност во преговорите во ЕУ. Оваа глава има посебна актуелност набљудувана во контекст на евроатлантската агенда на Република Македонија, односно нејзиниот статус на држава-кандидат за членство во ЕУ со оглед на на местото и улогата на Советот на ЕУ во контекст на прашањата околу идните потенцијални проширувања на Унијата со нови држави-членки.

**Третиот дел** на дисертацијата насловен како „Случај-студии на мултилатерална конференциска дипломатија" е организиран во четири глави, кои (како целина) се во функција на поилустративно прикажување на главните поенти што кандидатот ги развива во рамките на одделните глави на претходните два дела на трудот. Аналогно, во првата глава на овој дел кандидатот го прикажува случајот-студија во врска со моќта за спогодување на Европскиот совет на Европската унија. Овде, кандидатот дава многу прецизна слика за државните извори на моќ во оваа инстанца на Унијата (т.е. агрегатната структурална моќ и моќта во поглед на конкретни прашања), институционалните ресурси на моќ (моќта на ветото и моќта на претседавачот), учеството на супранационални актери, индивидуалните извори на моќ (личноста и личниот авторитет, експертизата и позицијата во домашната политика). Кандидатот понатаму се фокусира врз т.н. здружена-та моќ преку коалиции прикажувајќи го посебно прашањето во врска со проширувањето, институционалната реформа на ЕУ и изградбата на коалиции во мултилатералните преговори во Советот на Унијата.

Клучните поенти изразени во претходната глава служат како основа и претпоставка за втората глава на овој дел од трудот, што кандидатот ја посветува на случај-студијата на преговарањето за Договорот на ЕУ од Амстердам. Овде, кандидатот јасно го објаснува прашањето во врска со националните интереси на државите-членки на Унијата и меѓузависноста во врска со конкретни прашања, притоа дефинирајќи го институционалниот финален избор од Амстердам како поврзани заложби и хибридни солуции. Во врска со овој случај, кандидатот цврсто и аргументирано ја развива тезата дека сите меѓувладини конференции за ревизија на договорот на ЕУ треба да се гледаат како еден континуиран процес на реформа на самиот Договор за ЕУ, и оттука, „Амстердам" не треба да се гледа како „Амстердамски настан" туку како „Амстердамски процес". Последново е јасно илустрирано во наредната (односно трета глава), каде што кандидатот го прикажува случајот-студија на преговарањето за Договорот од Ница. Овде, слично како и во претходната глава, кандидатот тргнува од главната претпоставка дека се работи за преговарачки процес во кој различни актери, со различни преференци, интервенираат сами според нивната иницијатива или во коалиција со актери во различни моменти, со цел да постигнат некој исход кој, колку што е можно повеќе, е близок до нивните преференци. Врз оваа основа, кандидатот јасно ги илустрира емпирискиот контекст и динамиката на преговарањето, како и исходот на оваа меѓувладина конференција, развивајќи ја притоа тезата, според која ЕУ-владите (без оглед на позициите на релативна моќ, административни ресурси и слично) ја користат функцијата на претседателството како средство за национални политички интереси.

Дисертацијата завршува со четвртата глава на овој дел, во која кандидатот многу илустративно и сеопфатно го прикажува случајот-студија на процесот на преговарање околу Постојаниот меѓународен кривичен суд. При илустрирање на овој случај, кандидатот јасно докажува дека усвојувањето на Римскиот статут не може да се објасни со теориите на хегемонска стабилност или со оние засновани врз рационалните интереси, туку дека развивањето на МКС јасно претставува еден случај на *нехегемонска соработка*. Аналогно на ова, неговата анализа на овој случај го рефлектира фактот дека политиката не владее едноставно во изградбата на правото. Клучната теза на кандидатот во овој контекст е дека актерите можат и тие ја преземаат иницијативата за зајакнување на важноста на дискурсот и убедувањето и, според тоа, на правото над политиката на моќ.

## Оцена и предлог

Во докторската дисертација под наслов „Преговарањето на меѓународни конференции", кандидатот обработува една извонредно современа и актуелна тема, посебно за Република Македонија со оглед на нејзиното полноправно членство во голем број меѓународни меѓувладини организации, вклучувајќи го овде посебно системот на ООН и нејзиниот статус на држава-кандидат за членство во Европската унија. Ова произлегува од фактот што тоа се главно меѓународните владини организации кои го обезбедуваат контекстот на мултилатералното преговарање, односно мултилатералната дипломатија. Во трудот е прикажан целиот комплекс на најрелевантни прашања во врска со современото мултилатерално преговарање, посебно во контекст на ООН и Европската унија. Поконкретно, дисертацијата многу концизно ги дефинира поимот и карактеристиките на современиот мултилатерализам; емпириско-аналитичкиот концепт на денешниот мултилатерализам: современиот мултилатерален терен за игра и неговите правила; структурите на мултилатералниот терен за игра, односно правната и институционалната рамка и неформалните правила; актерите, нивните способности и интеракцијата во мултилатералниот терен за игра; критериумите за „мултилатерабилност". Трудот посебно ги прикажува целите, продуктите и процесите на мултилатералните конференции при ОН и ЕУ, претставувајќи ги динамиката, стратегиите и техниките за генерирање на добри преговарани исходи, илустрирарајќи ги преговарачките процеси преку случај-студии од досегашната практика на конференциска дипломатија на овие две горенаведени меѓународни организации. Трудот генерално го претставува современиот мултилатерализам како комбинација на стари неопходности (изградба на коалиции и изградба на доверба) и нови предизвици (нови актери и алијанси), што бара специфичен вид на мултилатерална дипломатија - како „институција и професија во 21 век".

Во контекст на горенаведеното, трудот претставува солидна рамка, во која дополнително може посебно да се анализира мултилатерабилноста на Република Македонија, конкретно во контекст на нејзиниот статус на држава-кандидат за членство во Европската унија и посебно за изградба на посебна и сеопфатна основа на државна стратегија за македонската дипломатија при конференциското преговарање во рамките на конкретните меѓународни меѓувладини организации (особено во разните релевантни инстанци во поширокиот

систем на ООН), каде што има полноправен формален статус, посматрано од аспект на специфичните предизвици на малите држави во овој вид на дипломатија.

При изработката на трудот, кандидатот користел богата и релевантна (исклучиво) странска литература извршувајќи притоа продлабочени истражувања во значајни документи, нормативни акти, следејќи ги најновите трендови и практики во врска со мултилатералното преговарање на меѓународни конференции. Аналогно, кандидатот успешно одговорил на поставените истражувачки задачи. Докторската дисертација методолошки, јазички и терминолошки ги задоволува критериумите на научноистражувачка докторска теза. Материјата во трудот е презентирана избалансирано, според логичен редослед, тргнувајќи од општото, преку посебното, до поединечното, при што ставовите на кандидатот се презентирани на едноставен и јасен начин.

Од сето изнесено, Комисијата може слободно да оцени дека пред себе има извонредно солидно изработен самостоен и оригинален труд што е резултат на самостојна научна работа и претставува оригинален придонес како за развојот на мултилатералното преговарање во рамките на клучните меѓународни меѓувладини организации така и за поголемо и ефикасно дипломатско учество на Република Македонија во тие процеси соодветно на нејзиниот конкретен формален статус во индивидуалните меѓународни организации, односно за поефикасно остварување на нејзините национални надворешно-политички државни цели, интереси и преференции и во тој контекст, што претстатвува релативно нова научна дисциплина кај нас.

Оттаму, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје да го усвои овој извештај и позитивната оцена на трудот и да му овозможи на кандидатот м-р Арлинда Меметај јавно да ја брани докторската дисертација под наслов „Преговарањето на меѓународни конференции".

Комисија:

1. Проф. д-р Денко Малески с.р
2. Проф. д-р Љубомир Фрчкоски с.р
3. Проф. д-р Сашо Георгиевски с.р
4. Проф. д-р Ванчо Узунов с.р
5. Доц. д-р Тони Дескоски с.р

# ПРЕГЛЕД

на пријавени и прифатени теми за изработка на
**магистерски труд** на
**Институтот за македонска литература** во Скопје

| Ред. бр. | Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|---|
| 1. | Крсто Скубев | Од Моцарт до мобилни телефони (музиката и масмедиумите)<br><br>From Mocart to mobile telephone (music and mass media) | Проф. д-р Александар Прокопиев |
| 2. | Билјана Дураковска-Величковска | Моделите на женскост во македонската драма<br><br>Models of femininity in the Macedonian drama | Проф. д-р Лорета Георгиевска-Јаковлева |
| 3. | Јелисавета Танасковска | Културата и електронските медиуми<br><br>Culture and electronic media | Проф. д-р Лорета Георгиевска-Јаковлева |
| 4. | Николина Јосевска | Производството на културните потреби и вредности низ примерите на огласувањето и рекламирањето<br><br>Production of cultural needs and values through examples of annoucements and advertisements | Проф. д-р Лорета Георгиевска-Јаковлева |

---

# ПРЕГЛЕД
## на магистерски програми и наслови на теми за изработка на магистерски труд, прифатени на Факултетот за музичка уметност во Скопје

| | Кандидат | Ментор | Магистерска програма/Наслов на тема | Комисија |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Васко Ниличев | Доц.Тања Јанкова | М.Џулијани – Концерт за гитара и оркестар оп.30<br>Ј.С.Бах – Чакона<br>А.Пјацола – Цинео Пиезес I,II,III,IV и V | Доц.Т.Јанкова<br>Проф.м-р М.Куфојанакис<br>Проф.В.Тодевски |
| 2. | Марјан Јанкоски | Вонр.проф.д-р Викторија Коларовска Гмирја | Примената на народни музички инструменти во одделенската настава | Вонр.проф.д-р В.Коларовска – Гмирја<br>Проф.д-р Д.Бужаровски<br>Проф.д-р Т.Манчев |
| 3. | Петрунт Петрушевски | Проф.Велко Тодевски | Џ.Ботезини – Концерт за контрабас и оркестар h-moll<br>Ц.Франк – Соната за виолина и пијано – a-Dur<br>Д.Бужаровски – Џез соната | Проф.В.Тодевски<br>Вонр.проф.м-р Ж.Фирфов<br>Вонр.проф.м-р Ф.Балова |
| 4. | Борис Светиев | Проф.м-р Тодор Светиев | Ѓ.Лигети – Musica Ricercata<br>С.Прокофјев – Приказни на старата баба, оп.31<br>О.Месијан – Дваесет погледи кон детето Исус – и поглед на таткото<br>Н.Р.Корсаков – Концерт за пијано и оркестар, оп.30 | Проф.м-р Т.Светиев<br>Проф.м-р Е.Елезовиќ<br>Вонр.проф.м-р К.Костадиновска – Гелебешева |
| 5. | Огненка Герасимовска | Проф.Борис Романов | Р.Шуман – Карневал, оп.9<br>П.И.Чајковски/М.Плетњов – Оревокршачка<br>С.Прокофјев – Концерт за пијано и оркестар бр.1 | Проф.Б.Романов<br>Проф.м-р Е.Елезовиќ<br>Проф.м-р Т.Светиев |
| 6. | Ангеле Михајловски | Проф.Стела Слејанска | В.А.Моцарт – Концерт за пијано и оркестар бр.26, КВ 537 D-dur<br>В.А.Моцарт – Соната за пијано, КВ 533 во F-dur<br>Е.Григ – Соната за пијано, оп.7 во e-moll<br>Ј.С.Бах/Бузони – Чакона во d-moll | Проф.м-р С.Слејанска<br>Проф.м-р Т.Светиев<br>Вонр.проф.м-р К.Костадиновска - Гелебешева |
| 7. | Ѓорѓи Алаѓозоски | Проф.Мирко Исаевски | Ј.Хумал – Концерт за фагот и оркестар F-dur<br>Ф.Бервалд – Концертна пиеса<br>Ф.Девиен – Соната g-moll<br>Ј.Ф.Фаш – Соната во C-dur<br>М.Арнолд – Фантазија за соло фагот | Проф.М.Исаевски<br>Проф.м-р Г.Јосифова – Неделковска<br>Доц.Д.Апостолов |
| 8. | Марко Костиќ | Вонр.проф.м-р Љубиша Кировски | А.Дворжак – Концерт А-мол<br>Е.Григ – Соната Ц-мол<br>Ј.Брамс – Соната бр.3 | Вонр.проф.м-р Љубиша Кировски<br>Проф.м-р М.Куфојанакис<br>Вонр.проф.м-р Олег Кондратенко |
| 9. | Ивана Андоновска Свилар | Проф.м-р Биљана Јакимовска | циклус песни од С.Рахмањинов и П.И.Чајковски | Проф.м-р Б.Јакимовска<br>Проф.м-р М.Наумовска<br>Доц.С.Петровска Галиќ |
| 10. | Томислав Таневски | Проф.д-р Томе Манчев | Сосредоточување на вниманието на четири категории деца со посебни образовни потреби спроведено низ методи на музикотерапијата | Проф.д-р Томе Манчев<br>Проф.д-р Д.Бужаровски<br>Вонр.проф.д-р В.Коларовска - Гмирја |
| 11. | Сашко Темелкоски | Проф.м-р Стојан Димов | В.А.Моцарт – Концерт за кларинет и оркестар<br>Л.Бернштајн – Соната за кларинет и пијано<br>И.Стравински – Три пиеси за соло кларинет<br>Луис Кајзак – Варијации за кларинет и пијано<br>Е.Боцa – Пулчинела<br>М.Дотремер – Речитатив и сприцото | Проф.м-р С.Димов<br>Проф.м-р Г.Јосифова – Неделковска<br>Вонр.проф.м-р С.Темков |
| 12. | Татјана Огнаноска | Проф.м-р Евушка Елезовиќ | Циклус песни од С.Рахмањинов и П.И.Чајковски | Проф.м-р Е.Елезовиќ<br>Проф.м-р Т.Светиев<br>Проф.м-р Б.Јакимовска |
| 13. | Ана Каровска | Проф.м-р Тодор Светиев | Детерминанти на пијанистичката педагогија и педагошкиот опус на Карл Черни | Проф.м-р Т.Светиев<br>Вонр.проф.д-р Г.Цветанова<br>Вонр.проф.д-р В.Коларовска - Гмирја |
| 14. | Весна Павлова | Проф.м-р Тодор Светиев | Интерпретативните и педагошките аспекти во делото на Карл Филип Емануел Бах *Есеј за вистинска уметност* | Проф.м-р Т.Светиев<br>Вонр.проф.д-р Г.Цветанова<br>Вонр.проф.д-р В.Коларовска - Гмирја |
| 15. | Благој Маротов | Проф.Велко Тодевски | Ф.Шуберт – Соната за контрабас и пијано<br>Џ.Ботезини – Фантазија сонамбула<br>А.Мишек – Соната за контрабас и пијано<br>Ј.М.Шпергер – Концерт за контрабас | Проф.В.Тодевски<br>Проф.м-р М.Куфојанакис<br>Вонр.проф.м-р Ж.Фирфов |
| 16. | Сашо Татарчевски | Проф.м-р Саша Николовски – Ѓумар | М.Равел – Павана за мртвата принцеза<br>Х.Ренис – Концерт за харфа и оркестар ц-мол | Проф.м-р С.Николовски – Ѓумар<br>Проф.В.Тодевски |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | П.И.Чајковски – Симфонија бр.1 оп.13 г-мол, *Зимски мечтаења* | Доц.д-р И.Зориќ |
| 17. | Дејан Стоев | Проф.м-р Биљана Јакимовска | Улога на Бепе во операта *Рита* од Г.Доницети<br>Улога на Камиј де Росијан од операта *Веселата вдовица* од Г.Лехар | Проф.м-р Б.Јакимовска<br>Проф.м-р М.Наумовска<br>Доц.С.Петровска - Галиќ |
| 18. | Елена Настевска | М.Наумовска | Џ.Пучини – Арија на Лорета од операта La Rondine<br>Џ.Пучини – арија и сцена на Чо Чо Сан од операта Madame Butterfly<br>Џ.Пучини – арија на Мими Si,mi chiamano Mimi, арија на Мими Donde lieta од операта Боеми<br>Џ.Пучини – арија на Лиу Signore ascolta , арија на Лиу Tu,che di gel sei cinta од операта Turandot<br>Ш.Гуно – арија на Маргарита од операта Фауст<br>А.Каталани – арија на Wally од операта La Wally<br>О.Николај – арија на Frau Fluth од операта Die lustigen Weiber | Проф.м-р М.Наумовска<br>Проф.м-р Б.Јакимовска<br>Доц.С.Петровска - Галиќ |
| 19. | Александра Кузман | Доц.д-р Александар Димитријевски | Охридската градска вокална традиција низ репертоарот на Владимир Тупев и Александар Патчев | Доц.д-р А. Димитријевски<br>Проф.д-р Д. Бужаровски<br>Вонр.проф. Б. Ортаков |
| 20. | Хава Ејупи | Доц.д-р Александар Димитријевски | Музиката во современите албански обичаи во Дебар | Доц.д-р А. Димитријевски<br>Проф.д-р Д. Бужаровски<br>Вонр.проф. Б. Ортаков |
| 21. | Наташа Лалчевска | Вонр.проф.д-р Викторија Коларовска-Гмирја | Ефектите од примената на музичката мапа врз разбирањето на плановите на музичкото дело кај учениците во одделенската настава | Вонр.проф.д-р В. Коларовска - Гмирја<br>Проф.д-р Т. Манчев<br>Проф.д-р Д. Бужаровски |
| 22. | Петре Јованов | Вонр.проф.д-р Викторија Коларовска-Гмирја | Музичките преференции на учениците во средното музичко училиште во Штип | Вонр.проф.д-р В. Коларовска - Гмирја<br>Проф.д-р Т. Манчев<br>Проф.д-р Д. Бужаровски |
| 23. | Ардиан Јашари | Вонр.проф.д-р Викторија Коларовска-Гмирја | Самостојните музички активности на учениците во гимназијата „Гоце Делчев" - Куманово | Вонр.проф.д-р В. Коларовска - Гмирја<br>Проф.д-р Т. Манчев<br>Проф.д-р Д. Бужаровски |
| 24. | Катерина Весковска | Вонр.проф.д-р Викторија Коларовска-Гмирја | И.К.Т. во наставата по музичка уметност во средните гимназиски училишта во Скопје | Вонр.проф.д-р В. Коларовска - Гмирја<br>Проф.д-р Т. Манчев<br>Проф.д-р Д. Бужаровски |
| 25. | Милица Василеска-Калајџиеска | Вонр.проф.д-р Викторија Коларовска-Гмирја | Едногласен писмен музички диктат во основното музичко образование | Вонр.проф.д-р В. Коларовска - Гмирја<br>Проф.д-р Т. Манчев<br>Проф.д-р Д. Бужаровски |
| 26. | Хабибе Кубур | Вонр.проф.д-р Викторија Коларовска-Гмирја | Наставна тема пеење по предметот музичко образование во првиот циклус на деветгодишното образование | Вонр.проф.д-р В. Коларовска - Гмирја<br>Проф.д-р Т. Манчев<br>Проф.д-р Д. Бужаровски |
| 27. | Оливер Оливер | Вонр.проф.д-р Викторија Коларовска-Гмирја | Можност за развој на почетното ниво на апсолутното и релативното слушање со помош на РЕА-методот кај учениците во прво одделение на основните музички училишта | Вонр.проф.д-р В. Коларовска - Гмирја<br>Проф.д-р Т. Манчев<br>Проф.д-р Д. Бужаровски |
| 28. | Снежана Димчевска | Проф.м-р Тодор Светиев | Наставната програма по солфеж за основно музичко училиште со насока за популарни жанрови и пијаното во нејзината реализација | Проф.м-р Т. Светиев<br>Вонр.проф.м-р Р. Поповиќ<br>Вонр.проф.д-р Б. Ортаков |
| 29. | Иван Иванов | Вонр.проф.м-р Јана Андреевска | Особеностите на композиторскиот јазик на Стојче Тошевски пројавени во неговото дело „Мадригали" | Вонр.проф.м-р Ј. Андреевска<br>Проф.д-р Т. Манчев<br>Вонр.проф.д-р В. Коларовска - Гмирја |
| 30. | Слободанчо Стојков | Проф. Живоин Глишиќ | Хармонските особености во клавирската соната за две пијана од Ристо Аврамовски | Проф. Ж. Глишиќ<br>Вонр.проф.д-р В. Коларовска – Гмирја<br>Вонр.проф.м-р Ј. Андреевска |
| 31. | Кристијан Каровски | Проф. Борис Романов | Ф.Шуберт: Соната бр.8 во це-мол Д 958<br>Ј.Брамс: Пиеси за пијано оп.118<br>С.Прокофјев: Концерт за пијано и оркестар бр.3 оп.26 | Проф. Б. Романов<br>Вонр.проф.м-р К.Костадиновска-Гелебешева<br>Вонр.проф.д-р М. Ѓошевска |
| 32. | Марко Митковски | Проф. Борис Романов | Ф.Шопен: Скерцо бр.1 ха-мол; Скерцо бр.2 бе-мол; Скерцо бр.3 цис-мол; Скерцо бр.4 Е-дур<br>Д.Скарлати: Соната фис-мол; Соната Еф-дур; Соната Ге-дур<br>Ф.Шопен: Варијации на тема од операта „Дон Жуан" од Моцарт оп.2 | Проф. Б. Романов<br>Вонр.проф.м-р К.Костадиновска-Гелебешева<br>Вонр.проф.д-р М. Ѓошевска |
| 33. | Самира Мустафовска | Вонр.проф.м-р Рита Тричева-Поповиќ | Д.Скарлати: Соната Це-дур; Соната е-мол; Соната ге-мол<br>Р.Шуман: Свита оп.32 | Вонр.проф.м-р Р. Тричева - Поповиќ<br>Проф. Ј. Каровски |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Ф.Шопен: 4 мазурки оп.67<br>К.Дебиси: Свита "Pour le Piano"<br>Л.В.Бетовен: Концерт за пијано и оркестар бр.2 Бе-дур | Вонр.проф.м-р З. Пехчевски |
| 34. | Трајче Роглев | Вонр.проф.м-р Рита Тричева-Поповиќ | Д.Скарлати: Соната Це-дур; Соната фис-мол; Соната Де-дур; Соната де-мол<br>Ф.Менделсон: Варијации оп.54 де-мол<br>Ф.Шопен: Скерцо оп.39 цис-мол<br>Л.В.Бетовен: Соната оп.22 Бе-дур<br>Ф.Менделсон: Концерт за пијано и оркестар бр.1 оп.25 ге-мол | Вонр.проф.м-р Р. Тричева – Поповиќ<br>Проф. Ј. Каровски<br>Вонр.проф.м-р З. Пехчевски |
| 35. | Весна Бумбаровска-Захариевска | Проф. Јован Каровски | Ф.Лист: Концертна етида Дес-дур<br>С.Прокофјев: Соната бр.1 еф-мол<br>Р.Шуман: „Папијони" оп.2<br>Ј.Брамс: Интермеца оп.118<br>В.А.Моцарт: Концерт за пијано и оркестар К466 де-мол | Проф. Ј. Каровски<br>Вонр.проф.м-р Р. Тричева – Поповиќ<br>Вонр.проф.м-р З. Пехчевски |
| 36. | Магдица Димитровска | Вонр.проф.м-р Зоран Пехчевски | Р.Шуман: „Фантастични пиеси" оп.12<br>Р.Шуман: Соната бр.2 оп.22 ге-мол<br>К.Сен-Санс: Концерт за пијано и оркестар бр.2 ге-мол оп.22 | Вонр.проф.м-р З. Пехчевски<br>Проф. Ј. Каровски<br>Вонр.проф.м-р Р. Тричева – Поповиќ |
| 37. | Филип Пеоски | Проф.м-р Стела Слејанска | Ф.Шопен: Етиди(12) оп.25<br>Ф.Шопен: Фантазија оп.49<br>Ф.Шопен: Валцер оп.64 бр.2<br>Ф.Шопен: Полонеза оп.40 А-дур<br>Л.В.Бетовен: Концерт за пијано и оркестар бр.2 Бе-дур | Проф.м-р С. Слејанска<br>Проф. Ј. Каровски<br>Вонр.проф.м-р З. Пехчевски |
| 38. | Нина Вулековиќ | Проф.м-р Стела Слејанска | Ј.Брамс: Соната оп.5 бр.3 еф-мол<br>А.Дитије: Корал со варијации<br>И.Стравински: Концерт за пијано и дувачки инструменти | Проф.м-р С. Слејанска<br>Проф. Ј. Каровски<br>Вонр.проф.м-р З. Пехчевски |
| 39. | Елизабета Ѓеорѓиева | Проф.м-р Стела Слејанска | Л.В.Бетовен: Соната оп.27 бр.2 цис-мол<br>В.А.Моцарт: Соната Це-дур КВ330<br>Р.Адинсел: „Варшавски концерт"<br>Ф.Пуланк: Пасторала, химна и токата<br>В.А.Моцарт: Концерт за пијано и оркестар Ес-дур KV 482 | Проф.м-р С. Слејанска<br>Проф.м-р В. Стефановски<br>Вонр.проф.м-р З. Пехчевски |
| 40. | Благовеста Булоска | Вонр.проф.д-р Марија Ѓошевска | Д.Скарлати: Соната ха-мол; Соната цис-мол; Соната Де-дур; Соната де-мол<br>Ф.Шуберт: „Музички моменти" оп.94<br>С.Прокофјев: Шест пиеси од балетот „Пепелашка" оп.102<br>В.А.Моцарт: Концерт за пијано и оркестар бр.23 А-дур KV488 | Проф. Б. Романов<br>Вонр.проф.м-р К.Костадиновска-Гелебешева<br>Вонр.проф.д-р М. Ѓошевска |
| 41. | Коста Тодоровски | Вонр.проф.м-р Зорица Каракутовска | Д.Скарлати: Соната Е-дур<br>Ј.С.Бах: Арија<br>А.Белошицки: Концертна партита бр.3<br>Ѓ.Пешети: Соната<br>Б.Прем: Полска фантазија<br>В.Власов: Гулаг (избор)<br>К.Дакен: „Кукавица"<br>И.Албениз: „Кордоба"<br>П.Лондонов: Скерцо-токата<br>С.Коњајев: „Концерт еф-мол" за хармоника и оркестар | Вонр.проф.м-р З. Каракутовска<br>Проф. Ј. Каровски<br>Доц.м-р З. Мадевски |
| 42. | Горан Јанакев | Вонр.проф.м-р Зорица Каракутовска | Д.Скарлати: Соната Ге-дур<br>Ј.С.Бах: Кантата<br>В.Золотарјов: Камерна свита<br>В.Тројан: Тарантела<br>Кусјаков: „Есенски пејсажи" (избор)<br>- 4 пиеси од ренесансата<br>Д.Пожарицки: Интродукција и рондо<br>А.Репников: „Концерт-поема" за хармоника и оркестар | Вонр.проф.м-р З. Каракутовска<br>Проф. Ј. Каровски<br>Доц.м-р З. Мадевски |
| 43. | Слободан Трајанов | Доц.м-р Златко Мадевски | Ј.С.Бах: Прелудиум и фуга а-мол<br>Д.Скарлати: Соната А-дур<br>Ф.Куперен: „Девојка"<br>А.Белошицки: „Годишни времиња"<br>Ф.Гурбиндо: „Фантазија"<br>В.Золотарјов: „Ферапонтов манастир"<br>Т.Лундгвист: „Ботаничка градина"<br>В.Семјонов: „Зимски записи"<br>П.Лондонов: Скерцо и токата<br>В.Тројан: „Сказни" | Доц.м-р З. Мадевски<br>Проф. Ј. Каровски<br>Вонр.проф.м-р З. Каракутовска |
| 44. | Јован Трајанов | Доц.м-р Златко Мадевски | Ј.С.Бах: Прелудиум и фуга а-мол<br>Д.Скарлати: Соната де-мол<br>Д.Скарлати: Соната Де-дур<br>Ж.Ф.Рамо: „Киклопи"<br>С.Карвало: Токата<br>А.Репников: Токата<br>Е.Дербенко: „Контрасти„<br>Ф.Ангелис: Свита<br>В.Семјонов: „Посветување"<br>Ј.Шишаков: Прелудиум и токата<br>В.Тројан: „Сказни" | Доц.м-р З. Мадевски<br>Проф. Ј. Каровски<br>Вонр.проф.м-р З. Каракутовска |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 45. | Ристе Велков | Проф.м-р Билјана Јакимовска | Џ.Верди: Арии за баритон од оперите „Набуко"(две), „Риголето", „Магбет", „Травијата", „Бал под маски"<br>У.Џордано: „Андреа Шение"-Монолог<br>Ф.Гаспарини: „Лапар Д'амарти"<br>А.Калдара: „Коме Рацо ди Сол"<br>Џ.Качини: „Аве Марија"<br>Г.Ф.Хендл: „Лигнарс"<br>Џ.Верди: Циклус од шест песни („Нон такостаре ал'урна")<br>Џ.Верди: „Сицилијански вечери"-арија на Монфорт<br>Џ.Верди: „Атила" - арија на Еицио<br>Ж.Бизе: „Кармен"- арија на Тореадор | Проф.м-р Б. Јакимовска<br>Проф.м-р М.Наумовска<br>Доц. В. Ѓиновска - Илкова |
| 46. | Диелза Сулејмани | Проф.м-р Марија Наумовска | Ј.С.Бах: Миса ха-мол „Агнус Деи"<br>Ј.Брамс: "Sapphische Ode", "Bei dir sind meine gedanken", "Der Jager", "Auf dem Kirchhofe". "Immer leiser"<br>В.А.Моцарт: Концертна арија "Ombre felice"<br>К.Сен-Санс: Далила "Printemps", "Mon coer"<br>Џ.Верди: "Stride la vampa"<br>К.В.Глук: "Che faro"<br>Ф.Флотов: Марта "Esser mesto"<br>А.Понкиели: La Gioconda "Voce di donna"<br>Ж.Масне: Вертер - "Valeise"<br>Г.Доницети: La favorite -"O mio Fernando"<br>Х.Персл: Арија на Дидона<br>П.И.Чајковски: „Пикова дама" – Арија на Полина<br>Ж.Бизе: Хабанера<br>Ѓ.Росини: Арија на Марцелина | Проф.м-р М.Наумовска<br>Проф.м-р Б. Јакимовска<br>Доц. В. Ѓиновска - Илкова |
| 47. | Делина Хајра | Проф.м-р Марија Наумовска | К.Дебиси: "Beau Soir", "Romance", "Les Cloches", "Pasage sentimental", "Voici que le printemps"<br>В.Белини: "Malinconia", "Vanne, o rosa morendi", "Bella Nice","Almer", "Per pieta"<br>К.М.Вебер: Арија на Анхен<br>В.А.Моцарт: "Batti, batti", "Vedrai carino", "Ach, Ich fuhl's"<br>Ѓ.Росини: Вилијам Тел – Арија<br>Ѓ.Пучини: "O mio babino caro"<br>Г.Доницети: Арија на Марија<br>Ш.Гуно: Арија на Јулија<br>М.Глинка: „Антоњида"<br>Ѓ.Росини: "Una voce poco Fa"<br>Ѓ.Верди: „Сицилијански вечери"<br>Г.Доницети: Арија Норина од „Дон Пасквале" | Проф.м-р М.Наумовска<br>Проф.м-р Б. Јакимовска<br>Доц. В. Ѓиновска - Илкова |
| 48. | Беса Лугичи | Проф.м-р Марија Наумовска | Џ.Верди: Шест романси – "Non t'accostar all'urna", "More, Elisa...", "In solitaria stanza", "Nell'orror", "Perduta ho la pace", "Deh, pietoso<br>Џ.Верди: „Ернани" – Арија и алегро на Елвира<br>А.Каталани: "La Wally"<br>Џ.Верди: „Травијата" I, II арија<br>Ѓ.Пучини: „Турандот"I, II арија<br>Ѓ.Пучини: „Тоска" – "Wissi d'arte"<br>К.М.Вебер: Арија на Агата<br>Р.Вагнер: „Танхојзер" - Арија на Елизабета<br>Ѓ.Верди: "Pace"<br>Ѓ.Верди: "Morro"<br>Ѓ.Пучини: Manon Lesco – "Sola perduta" | Проф.м-р М.Наумовска<br>Проф.м-р Б. Јакимовска<br>Доц. В. Ѓиновска - Илкова |
| 49. | Ана Мусева | Доц. Весна Ѓиновска | М.Глинка: „В крови горит огона желанна", „Лублу теба, милаа роза", „Жаворонок", „К цитре", „Сомнение", „К неи", „Песна Маргаритан"<br>Ѓ.Верди: Шест романси – "Non t'accostar all'urna", "More, Elisa...", "In solitaria stanza", "Nell'orror", "Perduta ho la pace", "Deh, pietoso"<br>П.И.Чајковски: „Ден ли царит", „Ја ли вполе травушка била", „Зачем", „Колебливаја песна"<br>А.Дворжак: Арија на Русалка од операта „Русалка" | Доц. В. Ѓиновска - Илкова<br>Проф.м-р Б. Јакимовска<br>Проф.м-р М.Наумовска |
| 50. | Ирена Кретеска | Доц. Весна Ѓиновска | А.Дворжак: "Ma pisen zas", "Kternak", "A les le", "Struna Naladena", "Kdis mne stara matka", "Vtah mnohem"<br>С.Рахманинов: „Здес хорошо", „Не пои красавица"<br>Љ.Пипков: „Нени Дамјанчо"<br>Т.Прокопиев: Арија на Симка<br>Ѓ.Верди: Арија на Џилда<br>Ѓ.Пучини: „Боеми" – арија на Мизета<br>Ѓ.Верди: „Травијата" – арија на Виолета<br>В.А.Моцарт: „Дон Џовани" – арија на Дона Ана<br>В.Белини: „Ла сонамбула" – арија на Сонамбула<br>А.Дворжак: „Русалка" – арија на Русалка<br>В.А.Моцарт: „Идоменео" – арија на Електра<br>Ѓ.Пучини: „Џани Скики" – арија на Лаурета<br>В.А.Моцарт: „Волшебната флејта" – арија на Кралицата на ноќта<br>Л.Бернштајн: „Кандит" – арија на Кунегонда | Доц. В. Ѓиновска - Илкова<br>Проф.м-р Б. Јакимовска<br>Проф.м-р М.Наумовска |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 51. | Елисавета Василева | Доц. Весна Ѓиновска | G.Pergolesi: "Stabat Mater"<br>М.де Фаља: Циклус на песни<br>В.А.Моцарт: Арија на Дорабела од операта „Така прават сите"<br>Ѓ.Пучини: Арија на Фригола од операта "Il tabarro"<br>Ж.Бизе: Арии од операта „Кармен" - "Habbanera", "Segediglia"<br>Ѓ.Верди: Арија на Ацучена од операта „Трубадур" | Доц. В. Ѓиновска - Илкова<br>Проф.м-р Б. Јакимовска<br>Проф.м-р М.Наумовска |
| 52. | Сања Симоновска | Проф.м-р Михајло Куфојанакис | Т.Витали: „Чакона"<br>J.Брамс: Соната за виолина и пијано бр.1 Ге-дур<br>Ф.Шуберт: Соната за виолина и пијано бр.3 ге-мол<br>С.Прокофјев: Концерт за виолина и оркестар бр.1 Де-дур оп.19 | Проф.м-р М. Куфојанакис<br>Вонр.проф.м-р<br>О. Кондратенко<br>Вонр.проф.м-р Љ. Кировски |
| 53. | Милена Гievска | Вонр.проф.м-р Љубиша Кировски | J.Брамс: Соната за виолина и пијано бр.1 Ге-дур<br>Е.Григ: Соната за виолина и пијано бр.3 це-мол<br>С.Барбер: Концерт за виолина и оркестар Ге-дур | Вонр.проф.м-р Љ. Кировски<br>Проф.м-р М. Куфојанакис<br>Вонр.проф.м-р<br>О. Кондратенко |
| 54. | Даниел Лазаровски | Вонр.проф.м-р Љубиша Кировски | С.Франк: Соната за виолина и пијано<br>Е.Григ: Соната за виолина и пијано бр.3 це-мол<br>С.Прокофјев: Концерт за виолина и оркестар бр.2 ге-мол оп.63 | Вонр.проф.м-р Љ. Кировски<br>Проф.м-р М. Куфојанакис<br>Вонр.проф.м-р<br>О. Кондратенко |
| 55. | Фросина Богданоска | Вонр.проф.м-р Љубиша Кировски | Б.Барток: Соната за соло виолина<br>С.прокофјев: Соната за виолина и пијано бр.1 еф-мол оп.80<br>J.Сибелиус: Концерт за виолина и оркестар | Вонр.проф.м-р Љ. Кировски<br>Проф.м-р М. Куфојанакис<br>Вонр.проф.м-р<br>О. Кондратенко |
| 56. | Ана Дробац | Вонр.проф.м-р Фросина Балова | J.С.Бах: Соната бр.3<br>Ф.Шуберт: Соната а-мол Д.821<br>Н.Паганини: Соната<br>Ф.А.Хофмајстер: Концерт за виола и оркестар Де-дур | Вонр.проф.м-р Ф. Балова<br>Проф. В. Тодевски<br>Вонр.проф.м-р Ж. Фирфов |
| 57. | Цветанка Дебарлиева | Проф. Сихана Бадивуку | J.С.Бах: Партита ха-мол (3,4,5 и 6 став)<br>Н.Паганини: Капричо бр.20<br>J.Брамс: Соната за виолина и пијано бр.3 де-мол<br>J.Сук: „Апасионато"<br>J.Брамс: Унгарски танц бр.2<br>К.Сен-Санс: Концерт за виолина и оркестар бр.3 ха-мол | Проф.м-р С. Бадивуку<br>Проф.м-р М. Куфојанакис<br>Вонр.проф.м-р<br>О. Кондратенко |
| 58. | Марјан Ивановски | Вонр.проф.м-р Живко Фирфов | Л.В.Бетовен: Соната за виолончело и пијано оп.69 А-дур<br>Ф.Шопен: Соната за пијано и виолончело оп.65<br>Е.Лало: Концерт за виолончело и оркестар де-мол | Вонр.проф.м-р Ж. Фирфов<br>Проф. В. Тодевски<br>Вонр.проф.м-р Ф. Балова |
| 59. | Дениc Ајдуковиќ | Проф. Велко Тодевски | Ф.Шуберт: Соната "Arpeggione" а-мол<br>А.Мишек: Соната<br>Ѓ.Тибор: Тема со варијации<br>J.М.Шпергер: Концерт бр.16 | Проф. В. Тодевски<br>Вонр.проф.м-р Ж. Фирфов<br>Вонр.проф.м-р Ф. Балова |
| 60. | Ванчо Аревски | Вонр.проф.м-р Страшо Темков | Ц.Франк: Соната А-дур<br>Ph.Gaubert: Fantaisie<br>J.Ibert: Solo piece<br>N.Paganini: Capricio No.24<br>G.F.Telleman: Solo fantaisie No.10<br>A.Khachaturian: Concerto | Вонр.проф.м-р С. Темков<br>Проф.м-р Г. Јосифова – Неделковска<br>Проф.м-р Б. Јакимовска |
| 61. | Маја Станковска | Вонр.проф.м-р Страшо Темков | J.S.Bach: Sonate h-moll<br>F.Borne: Fantaisie brillante sur Carmen<br>E.Bozza: Image solo<br>P.Taffanel: Andante pastoral et Scherzettino<br>A.Perilhou: Ballade<br>C.F.E.Bach: Konzert d-moll | Вонр.проф.м-р С. Темков<br>Проф.м-р Г. Јосифова – Неделковска<br>Проф.м-р Б. Јакимовска |
| 62. | Дардан Шиноли | Проф.м-р Стојан Димов | P.Creston: Concerto<br>E.Schulhoff: Hot Sonate<br>P.Bonneau: Piece concertante in Jazz<br>E.Bozza: Improvisation et Caprice<br>R.G.Monthrun: 6 Pieces<br>A.Riveuh: Etida concertante | Проф.м-р С.Димов<br>Проф.м-р Г. Јосифова – Неделковска<br>Доц.м-р Н. Димов |
| 63. | Здравко Ангелов | Проф.м-р Стојан Димов | Е.Кавалини: Серенада<br>J.Брамс: Соната бр.1<br>Р.Шуман: 3 Романси<br>Б.Ковач: "de Falla" соло за кларинет<br>Р.Бутри: "En blue et rouge"<br>Л.Шпор: Концерт за кларинет br.1 | Проф.м-р С. Димов<br>Проф.м-р Г. Јосифова – Неделковска<br>Вонр.проф.м-р С. Темков |
| 64. | Арбен Асланај | Проф.м-р Стојан Димов | L.Sanchez: "Variations"<br>E.Cavallini:"Serenate"<br>Lutoslawski: "Preludia taneczne"<br>C.Saint-Sains: "Sonata"<br>I.Stravinski: "Three pieces"<br>K.M von Veber: "Concert in F moll" | Проф.м-р С. Димов<br>Проф.м-р Г. Јосифова – Неделковска<br>Вонр.проф.м-р С. Темков |
| 65. | Гоце Михајловски | Проф.м-р Стојан Димов | E.Cavallini: "Serenate"<br>G.Rossini: Intr. Th. Var.<br>A.Honeger: Sonatina<br>E.Chauson: Andante & Allegro<br>I.Stravinski: 3 Pieces | Проф.м-р С. Димов<br>Проф.м-р Г. Јосифова – Неделковска<br>Вонр.проф.м-р С. Темков |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | A.Copland: Clarinet Concerto | |
| 66. | Шкумбин<br>Барјактари | Проф.м-р<br>Стојан<br>Димов | R.Schumann: Fantasiestucke<br>C.Saint-Sains: Sonata<br>F.Berr: Intr.Th. Variations<br>S.Lorescu: Quasi, Quasi<br>P.JeanJean: Arabesque | Проф.м-р С. Димов<br>Проф.м-р Г. Јосифова – Неделковска<br>Вонр.проф.м-р С. Темков |
| 67. | Деннс<br>Емин | Доц.<br>Александар<br>Гошев | J.Kvandal: Hymn Tune (Salme-tone) Corna solo<br>E.Bozza: Chant Lointain<br>D.Noll: Thema mit Variationen<br>J.Haas: Sonate op.29<br>R.Schumann: Adagio und Allegro op.70<br>W.A.Mozart: Konzert No.2 Es-dur KV 417 | Доц. А. Гошев<br>Проф.м-р Г. Јосифова – Неделковска<br>Доц.м-р С. Костурски |
| 68. | Џемал<br>Џакиќ | Вонр.проф.м-р<br>Васо<br>Ристов | Р.Планел: Концерт – це труба<br>Г.Енеско: Легенда – це труба<br>Г.Ф.Телеман: Соната–пиколо ин А<br>Г.Ф.Хендл: Свита ин Де - Де труба<br>Џ.Гершвин: „Рапсодија во сино" – Бе труба (Ар.Д.Хунсбергер)<br>Д.Хунсбергер: "Tis the Last Rose of Summer" | Вонр.проф.м-р В. Ристов<br>Проф.м-р. Б. Јакимовска<br>Доц.м-р Т. Тодоров |
| 69. | Александар<br>Гошев | Доц.м-р<br>Слободан<br>Костурски | X.Leroux: Sonate<br>A.Cellier: Ballade<br>J.de la Presle: Scherzetto<br>В.Бујановски: Пиеса<br>H.Busser: La chasse de Saint Hubert<br>Р.Штраус: Концерт за хорна и оркестар бр.1 оп.11 | Доц.м-р С. Костурски<br>Проф.м-р Г. Јосифова – Неделковска<br>Вонр.проф.м-р В. Ристов |
| 70. | Атанас<br>Алексов | Вонр.проф.м-р<br>Мојца<br>Седеу | А.Русел: Соната за удиралки и пијано<br>Т.Манчев: „Танец"<br>Н.Р.Корсаков: „Бумбаров лет"<br>Џ.Бек: Соната за тимпани<br>Б.Витибер: „Насмевка"<br>Г.Таначев: „Интродукција и блуз"<br>Ж.Балиса: Концерт за удиралки и оркестар | Вонр.проф.м-р М. Седеу<br>Проф.м-р Г. Јосифова – Неделковска<br>Проф.м-р. Б. Јакимовска |
| 71. | Марко<br>Марковски | Вонр.проф.м-р<br>Мојца<br>Седеу | Н.Розауро: Концерт за вибрафон и оркестар<br>А.Русел: Соната за удиралки и пијано<br>Е.Боца: „Ритмик"<br>А.Жак: Концертна пиеса<br>Н.Розауро: Прелудиум бр.1<br>Д.Палиев: „Фолклорна свита за тимпани" | Вонр.проф.м-р М. Седеу<br>Проф.м-р Г. Јосифова – Неделковска<br>Проф.м-р. Б. Јакимовска |
| 72. | Мартин<br>Вучиќ | Вонр.проф.м-р<br>Мојца<br>Седеу | Н.Розауро: Концерт за вибрафон и оркестар<br>П.Сарасате: „Интродукција и тарантела"<br>А.Русел: Соната за удиралки и пијано<br>Т.Манчев: „Танец"<br>М.А.Гезике: 6 Минијатури<br>К.Кенер: „Митологија" (Кербер, Оркус, Јупитер) | Вонр.проф.м-р М. Седеу<br>Проф.м-р Г. Јосифова – Неделковска<br>Проф.м-р. Б. Јакимовска |
| 73. | Марија<br>Косевска | Вонр.проф.м-р<br>Олег<br>Кондратенко | А.Хачатурјан: Концерт за виолина и оркестар де-мол<br>Л.В.Бетовен: Соната за виолина и пијано бр.5 Еф-дур оп.24<br>Е.Григ: Соната за виолина и пијано бр.3 це-мол<br>Ф.Крајслер: Шпански танц (de Falla) | Вонр.проф.м-р<br>О. Кондратенко<br>Проф.м-р. М. Куфојанакис<br>Вонр.проф.м-р Љ. Кировски |
| 74. | Горан<br>Муратовски | Вонр.проф.м-р<br>Олег<br>Кондратенко | Л.В.Бетовен: Соната за виолина и пијано бр.7<br>Ј.Брамс: Соната за виолина и пијано бр.3<br>Ј.Сибелиус: Концерт за виолина и оркестар оп.47 де-мол | Вонр.проф.м-р<br>О. Кондратенко<br>Проф.м-р. М. Куфојанакис<br>Вонр.проф.м-р Љ. Кировски |
| 75. | Ана<br>Ганиќ | Вонр.проф.м-р<br>Олег<br>Кондратенко | А.Вивалди: Соната за виолина и пијано бр.4 Еф-дур RV20<br>А.Дворжак: Соната за виолина и пијано оп.100 Ге-дур<br>В.А.Моцарт: Соната за пијано и оркестар Еф-дур KV374e (377)<br>К.Сен-Санс: Концерт за виолина и оркестар бр.3 ха-мол | Вонр.проф.м-р<br>О. Кондратенко<br>Проф.м-р. М. Куфојанакис<br>Вонр.проф.м-р Љ. Кировски |
| 76. | Марија<br>Лазарова | Проф.м-р<br>Саша<br>Николовски | А.Бадев: Литургија<br>А.Бадев: „Иже херувими", „Јако да царја", „Оче наш", „Хвалите" | Проф.м-р С. Николовски<br>Доц.д-р И. Зориќ<br>Доц. С. Татарчевски |
| 77. | Ана<br>Костова | Проф.м-р<br>Саша<br>Николовски | П.Г.Чесников: Блажен муж<br>А.Архангелски: Помишљају ден страшни<br>П.Г.Чесников: Да исправит сја<br>Panis Angelicus<br>Р.Шуман: Ѕвезда вечерница<br>Ф.Менделсон: Шума<br>Galt MacDermot: Aquarius<br>R.Rodgers: My funny Valentine (Arr. Kirby Shaw)<br>B.Owens: Crying time<br>G.D.Weiss: What a wonderful world<br>J.Lennon-P.McCartney: Yesterday (so Big band na FMU)<br>F.Mercury: Bohemian Rhapsody (so Band na DMBUC) | Проф.м-р С. Николовски<br>Доц.д-р И. Зориќ<br>Доц. С. Татарчевски |
| 78. | Љупка<br>Стерјоска | Доц.д-р<br>Ивица<br>Зориќ | Ј.Брамс: "Fragen"<br>С.Бабесков: Тропар на патријарх Ефтимиј<br>Д.Христов: „Во царствии твоем"<br>V.Agnestiq: "Nocturne"<br>Т.Прокопиев: „Тугина"<br>Д.Шуплевски: „Рум дум дум"<br>K.Jenkins: "Adiemus" | Доц.д-р И. Зориќ<br>Проф. Ж. Глишиќ<br>Проф. В. Тодевски |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Ф.Менделсон: "Laudate pueri dominum" за женски хор, солисти и оргуљи<br>В.А.Моцарт: "Sechs Nocturnos" KV 346 за женски хор и оргуљи<br>Ј.Павел: „Латинска миса" за женски хор и чембало | |
| 79. | Садете Гаџу | Доц.д-р Ивица Зориќ | Orl.Di Lasso: "Domine Deus"<br>Orl.Di Lasso: "Beatus Vir"<br>F.X.Emdelhart: "Ave Maria"<br>M.Vako: "O kjo ane lumit ka bilbila"<br>M.Vako: "Ti më je si një gonxhe"<br>Negro spiritual – "Nobody knows"<br>Elvis Presley: "Can't help falling in love"<br>G.B.Pergolesi: "Stabat Mater" за женски хор, солисти и чембало | Доц.д-р И. Зориќ<br>Проф. Ж. Глишиќ<br>Проф. В. Тодевски |
| 80. | Куштрим Гаши | Проф.д-р Томе Манчев | Дело за симфониски оркестар – троен состав (Симфониска поема) | Проф.д-р Т. Манчев<br>Проф. Ж. Глишиќ<br>Вонр.проф.м-р Ј. Андреевска |
| 81. | Вулнет Таири | Проф.д-р Томе Манчев | Дело за симфониски оркестар – троен состав | Проф.д-р Т. Манчев<br>Проф. Ж. Глишиќ<br>Вонр.проф.м-р Ј. Андреевска |
| 82. | Елизабета Илиевска | Проф.д-р Димитрије Бужаровски | „Фантазија" за голем симфониски оркестар | Проф.д-р Д. Бужаровски<br>Проф.д-р Т. Манчев<br>Проф. Ж. Глишиќ |

# ПРЕГЛЕД

на одобрени теми за изработка на **докторска дисертација** на **Факултетот за музичка уметност** во Скопје

| *Ред. бр.* | *Име на кандидатот* | *Наслов на темата* | *Комисија за утврдување на подобност* |
|---|---|---|---|
| *1.* | м-р Татјана Ивановска | Ефекти на наставата по предметот музичка уметност во средни училишта од прилепскиот регион според нивоа на знаењата на учениците | 1. проф. д-р Викторија Коларовска-Гмирја<br>2. проф. д-р Димитрија Бужаровски<br>3. проф. д-р Т. Манчев |

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ НА ГРУПА ПРЕДМЕТИ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ МИКРОБИОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на својата XIII седница одржана на 4.2.2010 година, избра Рецензентска комисија за преглед и оцена на научните трудови на дипл. инж. агр. Билјана Петрова која се пријави за избор, односно повторен избор во звањето помлад асистент по група предмети во научната област микробиологија на Факултетот за земјоделски науки и храна. Комисијата во состав: проф. д-р Владимир Какуринов, вонреден професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, проф. д-р Југослав Зибероски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје и проф. д-р Момчило Бубалов, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје - во пензија, по прегледот и анализата на доставените документи го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс, објавен во весниците „Нова Македонија" и „Коха" од 29.12.2009 година, се пријави само еден кандидат за избор, односно повторен избор во звањето помлад асистент по група предмети во научната област микробиологија, дипл. инж. агр. Билјана Петрова, помлад асистент по група предмети од областа на микробиологијата на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

### 1. Биографски податоци

Кандидатката дипл. инж. агр. Билјана Петрова е родена на 1.10.1983 година во Неготино. Основното образование го започнала во родниот град, а го завршила во Скопје во основното училиште „Партенија Зографски". Во 1998 година се запишала во природно - математичката гимназија „Раде Јовчевски - Корчагин" во Скопје и ја завршила со просечен успех 5.

На Факултетот за земјоделски науки и храна се запишала во учебната 2002/2003 година, на групата заштита на растенијата, а студиите ги завршила во 2006 година со среден успех 9,80. Дипломската работа под наслов: „Фунгициди од групата стробилурини и нивното место во заштитата на растенијата" успешно ја одбранила во 2006 година, со што го заокружила своето високо образование.

Во периодот од септември 2006 година до април 2007 година, кандидатката е примена како демонстратор на група предмети по микробиологија, а во мај 2007 година, дипл. инж. агр. Билјана Петрова е примена како помлад асистент на група предмети по микробиологија на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на кое работно место се наоѓа и денес.

Кандидатката е запишана на постдипломски студии на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на групата за педологија, агрохемија и микробиологија, подгрупа: технолошка микробиологија. Предвидените испити од овие студии ги положила со просечна оценка 10 и се наоѓа во завршна фаза на изработка на магистерискиот труд со наслов: „Испитување на автохтоните квасци кај сортата семијон во кумановскиот регион и некои нивни технолошки карактеристики".

Во текот на досегашната работа, кандидатката дипл. инж. агр. Билјана Петрова ги посетувала следниве тренинзи и работилници:

*1. „HACCP Implementation, Maintenance and Modification in Food industry"*. Организатори: Swedish International Development Agency, Macedonian Agricultural Advisory Support Programme, Министерство на земјоделство, шумарство и водостопанство. Обука за воведување, одржување и модификации на АОККТ - системот во индустријата за храна, 18-20.9.2007 година, Скопје, Република Македонија. Главен предавач: проф. д-р Владимир Какуринов.

*2. „Training for partners and multipliers in FP7 Programme"* во рамки на проектот: EU - Western Balkan Network for Training and the Promotion of Cooperation in Research Activities within the Food, Agriculture, and Biotechnology theme of the 7th EU Framework Programme. Обука за партнери и мултипликатори на FP7 - програмата на Европската комисија, 2-3.10.2008 година, Скопје, Република Македонија. Предавачи: проф. д-р Владимир Какуринов, Lana Žutelija, MSES, Хрватска, Gorgias Garofalakis, ETAT, Грција, Ben Kubbinga, APRE, Италија, Alexandre Bonnyns, BEA, Белгија, Marie Fauchadour, Euroquality, Франција, Preslava Dobreva, Europroject, Бугарија, Наталија Богданов, УНИБЕЛ, Србија.

*3. "Laboratory accreditation according to ISO 17025"*, во рамките на програмата: Quality and Regulatory Infrastructure Development for Food Safety & Quality in Macedonia. Организатори: Swedish Board for Accreditation and Conformity (SWEDAC), Swedish National Food Administration (SLV) и Дирекцијата за храна при Министерството за здравство на Република Македонија. Обука за акредитација на лаборатории според ISO 17025, 16-20.3.2009 година, Скопје, Република Македонија. Предавач: д-р Mikael Krysell - SWEDAK.

*4. „Food Safety and Security – Rapid detection methods, policy making and emergency response"*, во рамките на програмата NATO Science for Peace. Организатори: Земјоделски факултет - Белград и Department of Food Science and Technology Knoxville University, Tennessee, USA. Обука за брзи методи за детекција на опасности во храната, политики и одговори на заканите за безбедност и одбрана на храната, 18-22.5.2009, Белград, Република Србија. Предавачи: Prof. d-r Svetlana Zivanovic, Prof. d-r Michael P. Davidson, Prof. d-r Mariann Elbertson, Prof. d-r David A. Golden, Prof. d-r Ann F. Draughon, William C. Morris, Prof. d-r Sharon R Thompson, Prof. d-r Doris D'Souza, сите од Food Science and Technology Department, Knoxville University, Tennessee, USA, Huub Lelieveld, поранешен претседател на European Federation of Food Science & Technology (EFFoST) и член на Извршниот комитет на European Hygienic Engineering & Design Group (EHEDG), Prof. d-r Peter Raspor и Prof. d-r Sonja Smole – Mozina и двајцата од Biotehniška fakulteta, Univerza v Ljubljani, Република Словенија, проф. д-р Владимир Какуринов, Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Република Македонија, проф. д-р Миомир Никшиќ, Земјоделски факултет, Универзитет во Белград, Република Србија, Рада Свитлица, World bank, Босна и Херцеговина, Славко

Мирецки, Биотехнички факултет, Универзитет во Црна Гора, Република Црна Гора.

*5. „Evaluation of the Research Capacity and Development of a Strategy for Further Growth in Chemistry in General and in Food Science in Particular, Strategic Orientation Round of Food Science Research Potential in Macedonia"*, во рамките на проектот: SWOT CHEMISTRY - FOOD. Работилница за евалуација на истражувачките капацитети и потенцијал во областа на храната, 18-20.10. 2009 година, Охрид, Република Македонија.

*6. „Estimating measurement uncertainty the Nordtest approach"*, во рамките на програмата: Quality and Regulatory Infrastructure Development for Food Safety & Quality in Macedonia. Организатори: Swedish Board for Accreditation and Conformity (SWEDAC), Swedish National Food Administration (SLV) и Дирекцијата за храна при Министерството за здравство на Република Македонија. Обука за определување на мерна несигурност според Nordtest при акредитација на лаборатории според ISO 17025, 9 - 11.12.2009 година, Скопје, Република Македонија. Предавач: д-р Mikael Krysell - SWEDAK.

Исто така, кандидатката дипл. инж. агр. Билјана Петрова во периодот 24.8 - 3.10.2009 година оствари стручна посета на винарската визба Rio Seco Vineyards and Winery во Paso Robles, Калифорнија, САД, каде што се усовршуваше во областа на микробилогијата на виното.

Во текот на студирањето, дипл. инж. агр. Билјана Петрова била активна во студентската организација на Факултетот за земјоделски науки и храна.

Во февруари 2008 година кандидатката била избрана за секретар на планинарското друштво „Агроном" при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, а од јануари 2008 година е член на Македонскиот вински клуб.

Дипл. инж. агр. Билјана Петрова активно се служи со англискиот, францускиот, српскиот и хрватскиот јазик и има одлични познавања од областа на компјутерите.

## 2. Наставно - педагошка активност

Во периодот кога кандидатката дипл. инж. агр. Билјана Петрова работеше како демонстратор на група предмети по микробиологија, покажа голем интерес за работа со студентите и микробиолошките лабораториски техники.

Во периодот од 2007 година до денес, односно како помлад асистент на група предмети по микробиологија, кандидатката Билјана Петрова активно беше вклучена во воспитно - образовната дејност и тоа во почетокот со помош на наставниците на предметот микробиологија, а потоа наполно самостојно, при што покажа голема посветеност на наставниот процес. Таа активно учествува во реализацијата на наставата по предметите: микробиологија, почвена микробиологија, технолошка микробиологија, микробиологија во сточарството и специјална микробиологија, и тоа со студентите на сите насоки во III семестар и студентите во IV и V семестар на: поледелската, градинаро - цвеќарската насока, сточарската насока, насоката за преработка на земјоделски производи и лозаро-овоштарската насока.

### 3. Научна и стручна дејност

Кандидатката дипл. инж. агр. Билјана Петрова веднаш по изборот за демонстратор беше вклучена во истражувачката екипа при реализацијата на проектите и темите што се работеа на групата предмети по микробиологија.

Во овој периодот, кандидатката учествувала во следниве научноистражувачки и апликативни проекти:

1. Swot analysis of the research potential of the institute of chemistry and the Food Science Research potential in Macedonia (2009 – 2010). European Commision Framework Programs 7.

2. Quality and Regulatory Infrastructure Development for Food Safety & Quality in Macedonia. (2007-2010). Swedish Embassy.

3. Food Safety and Security - Rapid detection methods. policy making and emergency response (2009). NATO Science for Peace.

4. EU-Western Balkan network for training and the promotion of cooperation in research activities within the Food. Agriculture and Biotechnology theme of FP7 (2007-2009). European Commision Framework Programs 6.

За овој избор, кандидатката приложила два научно истражувачки труда за кои даваме рецензија.

1. Какуринов В., Коцарев П., Димова Весна, **Петрова Билјана**, Андоновска Весна, Дуброва - Матева Наташа. (2007). *Температура на чување, транспорт и продажба на јогуртот во однос на квалитетот и безбедноста*. Јубилеен годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна, Скопје, 151-165.

Јогуртот од 0,5 l претставува еден од најчесто користените млечни производи во Република Македонија. Она што е посебно важно за квалитетот и безбедноста на овој производ се температурите на неговото складирање во фабриките, транспортот и чувањето во продавниците до продажбата.

Во овој труд авторите ја испитувале динамиката на температурите при складирање, транспорт и чување во продавниците на пакувањата јогурт од 0,5 l во Република Македонија, што има огромно значење за квалитетот и безбедноста од микробиолошки аспект.

При тоа е заклучено дека температурата на оладениот јогурт (7.1$^0$ C), ако се транспортира или чува на високи температури (39.7$^0$ C) по 60 минути станува повисока од препорачаната температура за квалитет и безбедност на јогуртот при транспорт, односно изнесува 12.7$^0$ C. Според авторите, тоа значи дека транспортот во возила без систем за ладење е несоодветен за одржување на квалитетот и безбедноста на јогуртот во летниот период во Република Македонија. Таков тип на транспорт може да се користи исклучиво во случаи кога тој не трае повеќе од 45 минути, при што јогуртот во продавниците треба веднаш да се стави на температура од 0 до 4$^0$ C.

Во случаи кога температура на јогуртот била 20$^0$ C, а транспортот и/или чувањето биле на 3.5$^0$ C, температурата во геометрискиот центар на јогуртот достигнувала под 4$^0$ C (3.9$^0$ C) дури по 8.5 часа, што ги наведува авторите да констатираат дека јогуртот не смее да се транспортира

веднаш по полнењето, односно не смее да има почетна температура еднаква на $20^0$ C.

Генералниот заклучок на овој труд е дека за да се задоволат системите/стандардите за квалитет и безбедност, јогуртот треба да биде складиран (во ладилник на производителот или во фрижидер во продавница) на температура од 0 до $10^0$ C ($\pm 1^0$ C) и на истата температура треба да се транспортира, при што толеранцијата за време на транспортот е $\pm 2.5^0$ C. Јогуртот од 0,5 l пред да се транспортира, мора да се чува во ладилник на температура од 0 до $4^0$ C најмалку 24 часа.

2. Какуринов В., Илиевска Петановска Билјана, **Петрова Билјана**, Ѓошиќ - Михајловска Славица, Левков Весна, Дуброва - Матева Наташа. (2007). *Моментална состојба со меѓународните технички системи/стандарди во Република Македонија*. Зборник на трудови од III симпозиум за сточарство со меѓународно учество, Охрид, 399-407.

Република Македонија од април 2003 година е членка на СТО, а од декември 2005 кандидат за членство во ЕУ, со што се наметнува потребата претпријатијата во нашата земја да ги почитуваат и воведуваат меѓународните системи/стандарди.

Во овој труд е даден преглед за ситуацијата во областа на системите/стандардите, свесноста, потребата од нив, барањата за обуки, помошта во имплементацијата на стандардите итн. кај претпријатијата во нашата земја.

Авторите утврдиле дека повеќето од претпријатијата се релативно млади микро, мали или средни препријатија, без потребни човечки ресурси кои располагаат со знаења за стандардите и техничките регулативи. Тие претпријатија се прилично технолошки оспособени, но многу од нив имаат недостаток од знаења во областа на меѓународните стандарди. 28% од претпријатијата немале никакви познавања за ЕУ - легислативата, а 55% од нив биле делумно информирани за меѓународните технички стандарди и регулативи. Заклучок на авторите е дека постои сериозна потреба од едукација на менаџерскиот кадар, како едукација на внатрешните тимови кои ќе го одржуваат и надградуваат воведениот систем/стандард за квалитет и безбедност на храната.

Исто така, авторите утврдиле дека според претпријатијата, повеќето домашни консултанти се компетентни за имплементација на ISO 9001, но кога се во прашање АОККТ (HACCP), ISO 22000, ISO 14001, OHSAS, GLOBALGap и др., недостасуваат солидни и навистина компетентни консултанти, па затоа постои потребата од градење на нивната компетентност.

Конечен заклучок од овој интересен и сеопфатен труд е дека постои огромна потреба за едукација и информирање на јавноста за домашните и меѓународните стандарди и регулативи, што би значело дека важен сегмент претставува и обуката на новинарите за различните стандарди. Како влијателен дел за зголемувањето на јавната свесност, авторите истакнуваат дека повеќе од важно е оваа група луѓе да добие реална едукација и обука за домашните и меѓународните стандарди и регулативи.

### 4. Заклучок и предлог

Врз основа на изнесените податоци за наставната, научната и стручната дејност на кандидатката дипл. инж. агр. Билјана Петрова, Рецензентската комисија може да заклучи дека таа ги поседува потребните педагошки и научни квалитети.

Според тоа, Рецензентската комисија има чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје да му предложи дипл. инж. агр. Билјана Петрова, помлад асистент на група предмети по микробиологија на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, да биде избрана во звањето **помлад асистент на група предмети по микробиологија**.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Д-р Владимир Какуринов, вонреден професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, с.р.

2. Д-р Југослав Зибероски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, с.р.

3. Д-р Момчило Бубалов, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје - во пензија, с.р.

**П Р Е Г Л Е Д**
на одобрени теми за изработка на **докторски дисертации на Економскиот факултет-Скопје** во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје

| **Кандидат** | **Тема** | **Комисија** |
|---|---|---|
| М-р Емануела Есмерова | "Вредносен систем на менаџерите и развојот на - човечките ресурси во претпријатијата" | проф.д-р Љубомир Дракулевски<br>проф.д-р Бобек Шуклев<br>доц .д-р Кирил Постолов |

# ПРЕГЛЕД

на одобрени теми за изработка на магистерски труд на **Економскиот факултет-Скопје** во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Христина Серафимовска | "Претприемништвото и локалниот економски развој – општина Штип" | акад.проф.д-р Таки Фити |
| Драгољуб Миљковиќ | "Стратегиски алтернативи во здравствени организации" | проф.д-р Љубомир Дракулевски |
| Наталија Трајчевска | "Користење на социјалните медиуми за унапредување на системот на знаење и комуникација во компаниите" | проф.д-р Нада Секуловска |
| Татјана Зорева | "Предизвиците и можностите на патот кон Европската економска монетарна унија-со посебен осврт на Република Македонија" | проф.д-р Михаил Петковски |
| Александар Николовски | "Националното штедење и инвестициите – случајот на Република Македонија" | проф.д-р Методија Несторовски |
| Александар Трпковски | "Управувањето со ризиците при работењето на банките на примерот на трите најголеми банки во Република Македонија" | проф.д-р Љубе Трпески |
| Дејан Деспотоски | "Анализата на пазарниот ризик на портфолиото на јавниот долг на Република Македонија и примена на моделот на Монте Карло симулации" | проф. д-р Михаил Петковски |
| Марија Мандалова | "Истражување на можностите за воведување и продажба на производот коктел артерико на пазарот" | проф. д-р Снежана Р. Јовановска |
| Сања Николиќ | "Инструменти на маркетинг миксот на пазарот на | проф. д-р Митре Стојановски |

# П Р Е Г Л Е Д

на одобрени теми за изработка на магистерски труд на **Економскиот факултет-Скопје** во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
26.03.2010 година

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Дејан Ристовски | "Европскиот модел на контрола на функциите на јавната администрација и можности за негова примена во Република Македонија" | проф.д-р Ристо Христов |

| | | |
|---|---|---|
| | телекомуникации во Р.Македонија-истражување на случај со новиот телекомуникациски оператор "ОНЕ" | |
| Весна Илиевска | "Регионалниот развој во Република Македонија со посебен осврт на источниот регион" | проф. д-р Наталија Николовска |
| Невена Георгиевска Војноска | "Влијанието на лидерот во меѓународните тимови" | проф. д-р Љубомир Дракулевски |

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ЕКОНОМСКО ПЛАНИРАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ ВО МАКЕДОНИЈА", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р БИЛЈАНА ПЕТРЕВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 26.2.2010 година, нè именува за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација, поднесена од кандидатката м-р Билјана Петревска, под наслов „Економско планирање на развојот на туризмот во Македонија". По читањето на текстот на дисертацијата, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Предмет на истражување во докторската дисертација е проблематиката околу примената на економското планирање на развојот на туризмот во Македонија. Воедно, дисертацијата претставува обид да се дефинираат нужните претпоставки и елементи кои е потребно да бидат инкорпорирани во економското планирање на развојот на туризмот, со цел да се укаже на глобалните насоки во кои треба да се движи развојот на туризмот во Македонија во наредниот период.

Содржински, докторската дисертација е структурирана на следниов начин: по воведниот дел, следуваат пет дела во кои е изложена материјата која е предмет на разработка, по кои доаѓа делот во кој се наведени главните заклучоци од истражувањето. На крајот се наоѓа пописот на литературата која е користена при изработката на трудот (96 библиографски единици). Притоа, главниот текст и референците се прикажани на 313 страници.

*Воведниот дел* од докторската дисертација го претставува предметот на истражување и дава кусо образложение на релевантноста на избраната тема. Исто така, во овој дел, кандидатката ги образложува целите на истражувањето, како и методите што ги применува во истражувањето. Најпосле, воведот дава кус приказ на концепциската поставеност на трудот.

*Првиот дел* од докторската дисертација е посветен на специфичностите на туризмот како стопанска дејност, првенствено анализирајќи го неговиот хетероген карактер. Разработени се комплексноста и карактеристиките на туристичкиот пазар, укажувајќи истовремено на содржината на туристичкиот производ, поконкретно неговите карактеристики и потребата од создавање негова препознатливост и единственост. Во продолжение, даден е осврт на туристичките организации, постојната законска регулатива која ја регулира туристичката проблематика, како и неопходноста од креирање реална туристичка политика. Истовремено, во овој дел од трудот, укажано е на социо-културните ефекти на туризмот, како и неговото влијание врз животната средина. Во рамките на секоја од овие групи ефекти, подетално

се разработени позитивните, но и негативните последици кои произлегуваат од туристичкиот развој. Оттука, во насока на зачувување на ресурсите неопходни за неговиот развој, внимание е посветено и на потребата од спроведување одржлив развој на туризмот.

*Во вториот дел* од трудот се разработени економските ефекти на туризмот. Притоа, укажано е на позитивните и негативните економски влијанија на туризмот, а во нивни рамки, подетално е проговорено за директните и индиректните влијанија. Настојувајќи да се истакне потребата од водење грижа за оптимално враќање на користењето ретки ресурси неопходни за туристичкиот развој, во овој дел е обработено и прашањето за оптимизација на економските ефекти на туризмот. Притоа, очекувано, акцентот е ставен на мултипликативните ефекти на туризмот. Истовремено, анализиран е методолошкиот концепт на новиот туристички сметководствен систем, познат како туристичка сателитска сметка, презентиран како потенцијален економски модел за развој на туризмот.

*Во третиот дел* од трудот сеопфатно е разработен концептот на планирање во туризмот. Така, најпрво е прикажан развојот на планирањето во туризмот, како специфичен вид планирање, посочувајќи и задржувајќи се на одделни значајни моменти од неговата еволуција. Притоа, најголемото внимание е посветено на самиот процес на планирање во туризмот, анализирајќи ги истовремено различните нивоа на кои може да се одвива, целите кои треба да се постигнат, како и елементите од кои е составено туристичкото планирање. Воедно, во овој дел од трудот, посебен простор е посветен на значењето што го има планирањето во туризмот.

*Четвртиот дел* од докторската дисертација прави чекор понатаму и се фокусира на планирањето на развојот на туризмот. Во тој контекст, најнапред е започнато со дефинирање на туристичкиот развоен план, неговите карактеристики, содржината, фазите, како и најчестите грешки кои настануваат при неговото формулирање и имплементација. Посебно внимание е посочено на предвидувањето на туристичката побарувачка, детално опишувајќи го самиот процес, како и фазите низ кои поминува. Истовремено, укажано е на најчесто присутните тешкотии кои се јавуваат при предвидувањето на туристичката побарувачка, како и нејзиното огромно значење во планирањето на туристичкиот развој. Во продолжение, накратко се анализирани најчесто применуваните квантитативни и квалитативни методи за предвидување на туристичката побарувачка, а во нивни рамки и различните модели, со цел да се согледаат нивните предности, слабости и можности за практична примена.

Во *петтиот дел*, детално е разработено планирањето на развојот на туризмот во Македонија, односно сето она што во претходните делови е констатирано како теоретски постулат, емпириски наод или искуство од различни земји во светот, во последниот дел е анализирано на случајот на Македонија. Оттука, најнапред е укажано на планирањето на активностите на поодделните носители на туристичката понуда во Македонија, првенствено мислејќи на државата и на малите и средните претпријатија вклучени во туристичките текови. Притоа, укажано е на улогата на државата во планирањето на економскиот развој на туризмот, даден е преглед на процесот на приватизација во туризмот и

угостителството во Македонија, како и на туристичкото законодавство кое ја регулира оваа дејност. Истовремено, анализирани се и прашањата за организација и промоција на туризмот, како и потребата од државна интервенција во насока на поттикнување на туристичкиот развој. Воедно, потенцирана е нужноста од примена на интегриран пристап во планирањето на развојот на туризмот, преку обезбедување рамнотежа помеѓу јавниот и приватниот сектор. Во овој дел, внимание е посветено и на анализа на туристичката понуда во Македонија, согледувајќи ги постојните сместувачки капацитети и проектирајќи ги идните потреби за сместување. Втората анализа е подетална и се однесува на туристичката побарувачка, при што најнапред се анализирани обемот и структурата на постојната туристичка побарувачка, а потоа се применети дел од методите за нејзино предвидување. Така, од квантитативните методи се применети: моделот на анализа на трендот, пристапот на Box-Jenkins и моделот на експоненцијално порамнување, додека од квалитативните методи се преземени готови проценети вредности. Во продолжение, споредени се добиените резултати од употребените модели, па предложен е најсоодветниот за предвидување на туристичката побарувачка во Македонија до 2014 година. Истовремено, укажано е на значењето на методите за предвидување и можноста за нивна примена во практичното работење при проценка на идната туристичка побарувачка. Акцент е ставен и на потребата за трансформирање и креирање конкурентен и препознатлив туристички производ на Македонија. Со цел да се заокружи прашањето за значењето на туризмот во економската активност на Македонија, направена е детална анализа од која се согледува неговиот придонес во вкупната економска активност на земјата, влијанието кое го има врз вработеноста, како и ефектите кои ги предизвикува врз платниот биланс. Последователно, прикажан е модел од кој би требало да се појде при изработка на туристичкиот развоен план на Македонија и конкретната содржина што би требало да ја има. Целината на овој дел од трудот е заокружена со согледување на местото на туризмот во глобалната развојна стратегија на Македонија, притоа посочувајќи идни насоки во кои е потребно тој да се развива.

На крајот од главниот текст на докторската дисертација, кандидатката ги презентира најважните *заклучоци од истражувањето*, кои, генерално, се однесуваат на два момента:

Прво, овозможуваат синтетизирање на теоретските постулати, емпириските истражувања и светските практични искуства за прашањата што се во корелација со насловот на дисертацијата. Последователно, севкупноста на синтетизираните сознанија создава основа во однос на која понатаму би се споредувале наодите од истражувањата направени за случајот на Македонија.

Второ, извлекување резиме на наодите од истражувањата за Македонија. Притоа, презентирани се резултатите од деталните анализи, пресметки, проекции и истражувања, но истовремено укажано е и на евентуалните отстапувања во однос на релевантните теоретски постулати.

Оттука, синтетизираните наоди во дисертацијата претставуваат основа за вклучување одредени препораки до сите носители и креатори на политиката на економско планирање, во насока на поддржување на развојот на туризмот во Македонија.

**Оцена на докторската дисертација**

Докторската дисертација под наслов „Економско планирање на развојот на туризмот во Македонија" обработува актуелна и значајна проблематика. Имено, прашањата поврзани со потребата од примена на економското планирање во развојот на туристичкото стопанство во Македонија продолжуваат со несмален интензитет да го преокупираат вниманието на носителите и креаторите на политиката на економски и туристички развој, но и на пошироката јавност. Во тој контекст, изборот на темата на докторската дисертација е сосема оправдан, бидејќи трудот настојува да даде темелна анализа на потребата од примена на економско планирање на туристичкиот развој во Македонија.

Во тој контекст, Комисијата смета дека докторската дисертација дава значаен придонес во неколку основни насоки:

- докторската дисертација обезбедува обемна разработка на бројни комплексни прашања поврзани со економското планирање на развојот на туризмот, како: улогата на државата и малите и средните претпријатија како носители на туристичката понуда, потребата од државна интервенција во развојот на туризмот, неопходност од интегриран пристап во планирањето, репозиционирање на македонскиот туристички производ, итн.;
- со помош на компаративната анализа, во дисертацијата се идентификуваат слабостите и недостатоците на туристичката понуда на Македонија изразена преку постојните сместувачки капацитети, а сето тоа е поткрепено со проектирање на потребите за сместување во Македонија;
- посебно важен придонес на докторската дисертација се синтетизираните наоди за обемот и структурата на туристичката побарувачка во Македонија, како и предлогот за најсоодветен и најпрецизен квантитативен метод за нејзино предвидување до 2014 година;
- посебно се истакнува предложениот модел од кој би требало да се појде при изработка на туристичкиот развоен план на Македонија и конкретната содржина што би требало да ја има. Истовремено, кандидатката посочува идни насоки за развој на туризмот во Македонија, давајќи конкретни предлози до сите носители и креатори на политиката на економско планирање, во насока на поттикнување и поддржување на развојот на туризмот.

**Заклучок и предлог**

Врз основа на погоре изнесеното, Комисијата е убедена дека докторската дисертација обработува тема која е мошне релевантна и актуелна за поддршка и развој на туристичкото стопанство во Македонија. Во тој контекст, нема никакво сомнение дека резултатите од докторската дисертација претставуваат придонес за научната мисла во нашата земја, која со неа добива нови сознанија за низа прашања поврзани со економското планирање на развојот на туризмот. Од друга страна, емпириските истражувања презентирани во дисертацијата и препораките кои се извлекуваат врз таа основа можат да бидат искористени во практичното водење на туристичката политика.

Врз основа на сето тоа, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје:

- прво, да го прифати рецензентскиот извештај за докторската дисертација на кандидатката м-р Билјана Петревска под наслов „Економско планирање на развојот на туризмот во Македонија";
- второ, да одобри закажување на јавна одбрана.

Скопје, 29.3.2010

Комисија за оцена и одбрана
на докторската дисертација

1. Проф. д-р Сашо Ќосев, с.р.

2. Проф. д-р Олга Градишка
- Теменугова, с.р.

3. Проф д-р Пеце Недановски, с.р.

4. Проф д-р Нада Секулоска, с.р.

5. Проф д-р Весна Буцевска, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА **„ВЛИЈАНИЕТО НА ЕМОЦИОНАЛНАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА ВРЗ ЛИДЕРСТВОТО“**, ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТОТ М-Р АНГЕЛИНА ТАНЕВА-ВЕШОСКА,ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 113 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/08), член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и член 39 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а според одлуката на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, под бр. 02-2575/1 донесена на 15.9.2009 год., определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов **„ВЛИЈАНИЕТО НА ЕМОЦИОНАЛНАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА ВРЗ ЛИДЕРСТВОТО“**, поднесена од кандидатката м-р Ангелина Танева-Вешоска. Комисијата по првичното читање и анализа на трудот, на кандидатката и достави забелешки и побара од Наставно-научниот совет на кандидатката да ѝ даде рок од три месеци да постапи по забелешките. Во определениот рок кандидатката достави коригиран текст на трудот и Комисијата најде дека кандидатката постапила по забелешките.

По внимателното читање на трудот и анализирањето на неговата содржина, за наодите, оцените и крајниот предлог, Комисијата го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

Трудот се состои од вовед, 305 страници основниот текст сȍ заклучни разгледувања напишан со проред 1,3, дел за користена литература со 276 библиографски домашни и странски единици, како и прилози кон дисертацијата од аналитички истражувачки материјал.

Дисертацијата претставува теоретско и во голема мера мултидисциплинарно истражување на предметот и во дел практична проверка на некои однапред зададени претпоставки. Кандидатката настојува да одржи потребно ниво на објективност кога станува збор за наведување и интерпретација на теоретските ставови на носителите на современата научна мисла, но во исто време очигледно е дека настојува да оформи сопствен став за одредени димензии на проблематиката што е дефинирана во предметот на истражување.

Истражувањата на емоциите од организациски аспект се актуализираат во последниве десетина години, па во тој контекст може слободно да се рече дека во трудот е обработена современа тема, сè уште концепциски и теоретски докрај неоформена. Поради тоа, предметот на истражување е актуелен и особено значаен за унапредување и на организациската практика во наши услови. Основната порака што ја испраќа кандидатката, врз основа на резултатите од истражувањето, е дека развојот

и практикувањето на лидерството и организацијата на менаџерските процеси бараат и налагаат да се има предвид и подеднакво да се развива и рационалната и емоционалната страна на човековата природа. Разбирањето на сложената емоционална градба на човековата природа, а потоа и способноста да се управува со емоционалниот свет е основа на која се темели индивидуалниот развој.

Пред да ги истакнеме нашите оцени за трудот, во скратена форма ќе ја презентираме неговата содржина:

Вовед;

Глава I – Природата на лидерството

Глава II – Природата на емоциите

Глава III - Природат на емоционалната интелигенција

Глава IV – Емоционални вештини

Глава V – Емоционално интелигентни организации

Глава VI – Емоционално интелигентно лидерство

Заклучок.

Во воведниот дел се дефинирани мотивот, предметот, целта, задачите, широчината и длабината на истражувањето. Кандидатката на самиот почеток ја дефинирала истражувачката рамка доволно широко за да можат да се опфатат најзначајните димензии на предметот на истражувањето. Предмет на истражуавање се битни аспекти на човековата емоционална природа, а целта е да се провери дали постои влијание, и ако постои, дали може да се измери тоа влијание врз практикување на лидерството и изградбата на личноста на лидерот. Кандидатката м-р Ангелина Танева-Вешоска го истакнува своето верување дека преку споредување и оцена на современите теоретски модели за човековата емоционална структура ќе заземе сопствен став и емпириски ќе го провери на кое ниво организациската практика ги почитува теоретските достигнувања во наши услови.

Во тој контекст, кандидатката смета дека сознанијата до кои ќе дојде во трудот и изнесените сопствени ставови и мислења ќе имаат додатен научен придонес и ќе бидат значајни за проширување и унапредување на научната мисла кај нас. Исто така, таа верува дека резултатите од истражувањата ќе помогнат за промена на перцепциите и ставовите за тоа дека емоционалната изградба на лидерите и менаџерите е предуслов за ефикасно функционирање на организациите во наши услови.

Во **првата глава, *Природата на лидерството***, кандидатката м-р Танева-Вешоска истражувањето го започнала со објаснување на самата природа на лидерството, преку дефинирање на поимот лидерство од повеќе аспекти низ призмата на теориите за лидерство. Направила споредба помеѓу лидерството и менаџментот (бројните сличности и разлики кои постојат помеѓу нив), а направила и одреден осврт врз односот меѓу: лидерството и моќта и лидерот и неговите следбеници. Истовремено е направен осврт врз психолошката матрица на лидерството, а испитани се и односите меѓу мотивите, потребите и вредностите кај лидерите и нивните следбеници. Одредено внимание е посветено и на

карактеристиките на комуникацијата на лидерите со нивните следбеници, нивните реакции на организациските промени, механизмите со кои тие располагаат за разрешување на организациските тешкотии и можните конфликти кои се јавуваат во развојните зафати на организацијата. Прашањето за односот на лидерството со етиката кандидатката го смета како важно и затоа посебно го подвлекла, а како посебни аспекти се акцентирани моралното лидерство и лидерството засновано врз принципи. Исто така, одреден простор е посветен и на ефективното лидерство и потребните потенцијали за тоа да се реализира во секојдневието во организациите. Од големиот број теории за лидерство, кандидатката м-р Танева-Вешоска посебно ги издвоила теориите за трансформациско и трансакциско лидерство, односно најзначајните модели, факторите кои ги условуваат и претпоставената улогата која ја имаат во организациите.

Во втората глава, **Природа на емоциите,** кандидатката м-р Ангелина Танева-Вешоска дискусијата ја започнала со објаснување и дефинирање на поимот емоција. Од големиот број дефиниции издвоила три дефиниции, се определила за дефиницијата според која „емоција е процес на автоматска процена која се случува под влијание на еволуциското и лично минато и збир на физиолошки промени и однесување заради справување со ситуацијата". Потоа, определено внимание е посветено на прашањето за референтната емоционална рамка и параметрите за споредување на емоционалните реакции. Процесот на емоционално реагирање е претставен преку кружната емоционална реакција, а посебно е нагласено прашањето за емоционално растење преку развојот на карактерните црти од најраните денови, па преку целиот живот.

Кандидатката во продолжение ги набележала функциите на емоциите според различни автори и посебно се задржала на прашањето како да се разликуваат емоциите од состојбите кои не се емоции, односно што не е емоција. Кандидатката истакнува дека емоциите се изразуваат низ неколку принципи, а познавањето на тие принципи ѝ помогнало во наредните делови од трудот полесно и поедноставно да разработи некои од значајните прашања за емоционалната свесност и управување со емоционалната комплексност. Следејќи ја логиката на истражувањето, кандидатката, врз основа на сознанието дека поединецот доживува бројни емоции, почувствувала потреба да ги објасни карактеристиките на основните видови емоции. Наведувајќи различни класификации, таа констатирала дека различните автори ставаат акцент врз различни видови емоции и различно значење им доделуваат во зависност од тоа која им е појдовната основа. Врз основа на сознанието за различното значење на одделни видови емоции, кандидатката м-р Ангелина Танева-Вешоска издвоила определена група емоции (желба, оптимизмам, емпатија, почит и доверба) како најзначајни за лидерството и емоционалниот развој на лидерот и настојува да го оправда таквиот избор. Карактеристично е дека оваа група емоции ги употребила за објаснување на бројни димензии на емоционалната интелигенција и нејзиното влијание врз лидерството.

Сознанијата што кандидатката м-р Ангелина Танева-Вешоска ги стекнала во овој дел од трудот ѝ помогнале да направи осврт и врз прашањето за емоционалната

еволуција и емоционалната писменост како димензии на емоционалната интелигенција. Дискусијата за ставовите на поголем број автори ѝ овозможиле истражувањата во вториот дел да ги заврши со издвојување на свој заклучок за вредноста на истражувачкиот напор.

Третата глава од трудот е посветена на истражување на ***природата на емоционалната*** *интелигенција*. Дискусијата е започната со историската димензија на сознанијата за емоционалната интелигенција заклучно со денешното третирање во научните кругови. Според логиката на истражувачката постапка, кандидатката м-р Ангелина Танева-Вешоска прво ги објаснила различните видови интелигенција од кои акцент е ставен на општата интелигенција, како и нејзиниот однос со емоционалната интелигенција. За подобро разбирање на емоционалната интелигенција таа направила разлика меѓу емоционалниот развој и емоционалната интелигенција. Истражувањето ја довело до сознание дека постои различно разбирање на емоционалната интелигенција во научните кругови, и објективно се наложило да ги разгледа трите главни модели за емоционална интелигенција (менталниот и двата мешани модела), да ги спореди нивните главни карактеристики како и нивните критики.

Сознанијата до кои дошла и наложиле кандидатката м-р Ангелина Танева-Вешоска да го постави прашањето за мерење на емоционалната интелигенција, особено за тоа кое ниво е прифатливо за ефикасно лидерство. Потоа ја потенцира социјалната условеност на емоционалната интелигенција како и поврзаноста на емоционалната интелигенција со други црти на личноста на човекот, поврзаноста на емоционалната интелигенција со полот и возраста, како и поврзаноста на емоционалната интелигенција со психолошки особини кои наизглед се слични со емоционалната интелигенција, се надополнуваат, но и многу често се мешаат со неа. На крајот од оваа глава е анализирано значењето и влијанието на емоционалната интелигенција во секојдневниот живот, со посебен акцент на работниот живот и влијанието кое таа го има во ова поле. Кандидатката м-р Ангелина Танева-Вешоска укажува дека истражувањата зборуваат за големото влијание на емоционалната интелигенција за успехот на работата, и малото влијание на општата интелигенција врз овој успех. Истражувањата во овој дел се приведени кон крајот со објаснување на прашањето дали емоционалната интелигенција може да се научи, односно дали може развојот на личноста да ја зголеми емоционалната интелигенција. Одговорот на ова прашање е дека нема сомневање дека емоционалната интелигенција може да се зголеми по пат на учење, но посебно е потенцирано дека токму можноста за доучување и унапредување е услов за поефикасно лидерство. Овие констатации се алката со која се поврзани истражувањата во наредната глава.

Во четвртата глава што носи наслов **Емоционални вештини**, станува збор за начини и методи за користење на емоционалната интелигенција во секојдневието преку бројни вештини. Образложени се детално четирите емоционални вештини: идентификување на емоции, користење на емоции, разбирање на емоции и управување со емоции. Исто така, образложени се и социо-емоционалните вештини според моделот на Daniel Goleman, кои се поделени во две големи групи: лични

вештини и социјални вештини. Кандидатката укажува дека за максимизирање на успехот во работата потребно е секој лидер да ги има развиено овие емоционални вештини. Бројни програми за развивање и унапредување на емоционалните вештини стојат на располагање за имплементација не само во организациите, туку многу порано, во различните нивоа на образование. Посебен акцент во истражувањата кандидатката ставила на користењето на емоционалните вештини на работното место. Верувањето дека успехот во работата зависи од нивото на емоционалната интелигенција и нејзиното користење ја налага потребата од систематско развивање и употреба на емоционални вештини во менаџментот и лидерството.

Како поткрепа на тврдењето за потребата од унапредување на емоционалните вештини, наведени се емпириски искуства од воведување на програми за развивање и користење на емоционалните вештини во светот, предностите и недостатоците кои тие ги имаат и правецот во кој во иднина ќе се развиваат. Искуствата од обуките зборуваат дека поединците кои се подложени на дообука и стекнување на нови знаења и вештини најчесто наидуваат на блокади кога треба да ги имплементираат новите знаења во организацијата. Кандидатката м-р Танева-Вешоска вложила напор да ја објасни секоја емоционална вештина и да ги прикаже како елемент на системот на емоционално усовршување. Сосема се потврдува тезата дека усовршувањето на емоционалните вештини е неизоставен дел на концептот за постоењето и користењето на емоционалната интелигенција во менаџерските процеси на современите организации.

Во петтата глава - **Емоционално интелигентни организации**, истражувано е влијанието на емоционалната интелигенција врз дизајнот на организацијата и нејзината ефикасност. Истражувањето е започнато со објаснување на една од современите класификации на организациите, основните карактеристики на секоја класа и по што тие се разликуваат една од друга. Кандидатката м-р Танева-Вешоска чувствувала потреба да направи осврт и врз одделните организациски структури и карактерот на организацискиот дизајн на секој вид организација поединечно. Потоа, започнала дискусија за емоционалната интелигенција од аспект на организацијата. Таа е на мислење дека во секоја организација се применуваат различните емоционални вештини од страна на менаџерите, лидерите и од страна на следбениците и поради тоа емоционалната интелигенција има свое влијание на организациската ефикасност и ефективност, климата и културата во организацијата. Во тој контекст и секој стил на лидерство има специфична емоционална димензија, а практиката покажува дека трансформацискиот стил на лидерство дава најголем бенефит за организацијата заради мотивираноста за работа, задоволството од работата и организациската лојалност. Во организациите каде што има трансформациски лидери има помало ниво на стрес кај вработените, посветеноста на работа е поголема, конфликтите се поретки и сл.

Логиката и рационалниот пристап во истражувањето ѝ влијаеле на кандидатката м-р Ангелина Танева-Вешоска да ја истакне потребата од градење на емоционално интелигентни организации. Во тој контекст, посебно е истакната потребата за разбирање на духовната интелигенција како алка во развојот и

употребата на емоционалната интелегенција. Прашањата кои се поставуваат како истражувачки предизвик, во наредниот период ќе станат најзначајното подрачје на истражување во организациската наука. Себеразбирањето и себепочитувањето се основата на која менаџерите и лидерите можат да го градат односот со другите околу себе, да ги разбираат и да ги почитуваат. Поради тоа, меѓу најновите достигања на организациската наука кои интензивно се развиваат е тврдењето дека, покрај покрај материјалниот и социјалниот, постои и духовен капитал. Овој век брзо ќе биде наречен, покрај инфомациски, и век за развој на духовниот капитал на организацијата.

Во шестата глава што носи наслов **Емоционално интелигентно лидерство**, кандидатката врз основа на сознанијата добиени од истражувањата во претходните делови од трудот, прашањето на лидерството го става во еден поинаков контекст и зборува за емоционално интелигентно лидерство. Таа смета дека станува збор за нов вид лидерството. Според неа, лидерството останува емоционално интелигентно ако се стави акцент врз емоционалната димензија. Така би се создала свест за значењето на емоциите, потребата да се доживуваат на адекватен начин и да се контролираат за да се обезбеди емоционална стабилност на долг рок и да се управува со своите и со туѓите емоции за создавање на доверба и смалување на стравот од промените во иднина. Резултатите од истражувањата кои м-р Танева-Вешоска ги спровела, сосема јасно покажуваат дека лидерите со развиени емоционални способности имаат предиспозиции да бидат позитивни и плодотворни (ефективни) во животот затоа што реално стануваат господари на својот ум и разум. Обратно, лидерите кои немаат позитивен емотивен живот, не се способни да ги контролираат емотивните импулси, посебно негативните емоции. Наместо позитивен однос кон себе, своите постапки и постапките на другите, тие се борат со туруленциите во својот емотивен свет и не се во состојба да одделат време за себе, да се посветат на работата и на другите околу себе.

Во рамките на истражувањата посебно внимание е посветено на т.н. вештини на емоционално интелигентното лидерство (основните вештини и вештините од повисок ред). Развивањето на основните вештини (познавање на себеси, одржување на контрола, „читање" на другите, точно прецепирање и комуницирање со флексибилност) овозможува поголема лична успешност во она што се работи. Вештините од повисок ред (преземање одговорност, создавање избор, креирање визија, храброст и преземање ризик и разрешување конфликти) служат за реализирањето на успех во социјалните релации на лидерите. Во контекст на претходното, кандидатката м-р Ангелина Танева-Вешоска истакнува дека треба да се прави разлика меѓу резонантниот и дисонантниот стил на лидерство. Анализирајќи ги позитивните и негативните страни, таа посочува на најсоодветните ситуации во кои лидерите можат да постигнат голем успех. Сосема нормално е да се очекува дека емоционално интелигентните лидери ќе креираат окружување во кое довербата му е основна карактеристика, стресот мал, организациската клима е пријатна и плодотворна за работа и постигнување успеси.

Намерата да провери емпириски како е организиран реалниот емоционален живот, кандидатката м-р Танева-Вешоска ја реализирала што прво извршила детализирање на карактеристиките кои треба да ги исполнува емоционално интелигентниот наспроти емоционално неинтелигентниот лидер. Таа ги набележува вештините кои лидерите треба да ги поседуваат за да бидат успешни.

Врз основа на спроведеното истражување во областа на лидерството и емоционалната интелигенција во избран примерок македонски организации, добиени се оригинални податоци за состојбата на македонското лидерство и нивото на емоционалните интелигентните вештини кои ги поседуваат македонските лидери. Резултатите ги поткрепуваат научните сознанија во оваа област, но и се укажува на разликите во искуствата во другите земји, од една страна и состојбата во Р. Македонија, од друга страна.

Сублимирајќи ги сознанијата во рамките на оваа глава кандидатката вложила напор да ги побара и пронајде најзначајните карактеристики на врвен - вистински лидер, особено кога се потенцира развојот на организациите кај нас.

Во рамките на **Заклучокот** на докторската дисертација, кандидатката м-р Ангелина Танева-Вешоска јасно констатира дека постои големо влијание на индивидуалната и групната емоционална интелигенција врз лидерството и непосредно влијание врз организациската ефективност. Во овој дел таа ги издвојува најзначајните сознанија до кои дошла во текот на истражувањето. Очигледно е дека основната теза дека емоционалната интелигенција има значајно влијание врз лидерството многупати, на многу места и по различни поводи е настојувано да се провери и оправда. Начинот на кој е водено истражувањето во целина укажува дека кандидатката настојувала да ги постигне појдовните цели и да даде очекуван резултат со вложениот напор. Иако постои одредена срамежливост во поглед на заземањето сопствен став за одредени теоретски гледања и тврдења, на неколку места, а особено на крајот на секоја глава, кандидатката настојува да набележи свое мислење и да ги оправда своите ставови. Ова посебно треба да се има предвид од аспект на оспособеноста на кандидатката за самостојно водење на посуптилни и многудимензионални истражувања.

## ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Претходната анализа на докторската дисертација покажува дека кандидатката м-р Англелина Танева-Вешоска своите истражувања ги започнала врз основа на јасно поставени тези и дефинирани цели кои имала намера да ги постигне. Направениот избор на темата комбиниран со продлабочен аналитички, на многу места мултидисциплинарен пристап, го оправдува истражувачкиот напор на кандидатката. Актуелноста на темата е очигледна бидејќи се однесува на подрачје во организациската наука кое е теоретски неоформено, се уште има неистражено многу аспекти и затоа е и дискутабилно. Тоа дава можност кандидатката да се потврди како

истражувач кој владее со методолошкиот пристап и кој може да ги оствари поставените цели.

Задоволителната конзистентност во методолошкиот приод придонесла кандидатката да обработи одреден дел од современите концепти, да ги пронајде сличностите и разликите меѓу нив, да истражува како различните гледања можат да водат кон заедничка перспектива. Иако на многу места недостасува продлабочена анализа, а особено јасно изразување на независноста на својата мисла во однос на другите авторитети, кандидатката успеала целокупното истражување да го изведе на задоволително ниво, а тоа ја верифиукува како способна за самостојно истражување. За одбележување е и напорот на кандидатката да подготви проект за емпириски истражување и да вложи напор да дојде до одредени, сигнификантни податоци.

Начинот на кој е поделен предметот на истражување по делови укажува на фактот дека кандидатката водела сметка за поврзаноста на деловите во целина и сознанијата од истражувањата од претходните делови да служат како основа за истражувањата во наредните делови. Кандидатката во текот на целокупното истражување настојувала да обработува и во фокусот на интересирањето да поставува нови димензии и аспекти, со што трудот е богат концепциски, а максимално се избегнати повторувања или образложенија во несоодветен контекст. Исто така евидентно е дека сите делови се приближно со иста големина, што укажува на тоа дека кандидатката водела сметка истражувањата да бидат изведени на приближно ниво и проблематиката во деловите да биде рамноправно третирана.

Начинот на кој се изведени истражувањата и резултатите кои ги остварила со вложениот напор укажува на фактот дека кандидатката успеала да ја спознае во задоволителна мера емоционалната димензија на човековата природа, успеала неа да ја поврзе со лидерството и со функционалните процеси во организацијата и на таков начин дала придонес кон продлабочување на научната мисла за предметот на истражување и за создавање свест во современите организации дека опстанокот и развојот се поврзани за спознавањето и откривањето на длабоките, во голема мер, потсвесни димензии на човековата природа.

## ПРЕДЛОГ

Темата за докторската дисертација што кандидатката м-р Ангелина Танева-Вешоска што ја пријави и ја изработи е посветена на современо и актуелно подрачје на организациската наука. Имплементирањето на теоретските сознанија во практиката е начин за опстанок низ развој на современата организација.

При изработката на дисертацијата кандидатката користела аналитички метод поткрепен со ниво на мултидисциплинарни знаења, што йовозможило успешно да го изведе истражувачкиот процес, да ги анализира и да ги дијагностицира проблемите, да анализира туѓи ставови, да доаѓа до исправни заклучоци, да истакнува и на одредени места да го издвојува своето мислење. На тој начин се стекнала со

потребните сознанија со кои ги потврдила појдовните хипотези и ги постигнала поставените цели.

Комисијата цени дека поднесената докторска дисертација има придонес во унапредување на науката со изборот на темата, со начинот на кој е применет аналитичкиот пристап и со доаѓање до заклучоци преку мултидисциплинарни сознанија.

Забелешките што Комисијата и ги упати на кандидатката и ѝ даде време да постапи по нив, ѝ помогнаа на кандидатката да ги продлабочи истражувањата и со тоа значајно да се подобри квалитетот на трудот.

Имајќи ги предвид сите изнесени оцени за трудот, Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје:

1. да донесе одлука со која ќе го прифати извештајот дека докторската дисертација на кандидатката м-р Ангелина Танева-Вешоска, под наслов: **„Влијанието на емоционалната интелигенција врз лидерството"** е успешно изработена и
2. да одобри закажување ден за јавна одбрана.

КОМИСИЈА

Скопје, 26.3. 2010

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА,

1. Проф. д-р Љубомир Дракулевски,с.р.
2. Проф. д-р Бобек Шуклев, с.р.
3. Проф. д-р Благоја Ѓорѓијовски,с.р.
4. Проф. д-р Олгица Блажеска,с.р.
5. Проф. д-р Димитар Бојаџиоски,с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТИТЕ ДРЖАВНО СМЕТКОВОДСТВО И СМЕТКОВОДСТВО НА НЕПРОФИТНИ ОРГАНИЗАЦИИ И АНАЛИЗА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на објавениот конкурс за избор на наставник по предметите државно сметководство и сметководство на непрофитни организации и анализа на финансиски извештаи во дневниот весник „Дневник" од 3.2.2010 година и одлуката на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје од седницата одржана на 26.2.2010 година, како Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Блажо Недев, проф. д-р Зорица Божиновска-Лазаревска и проф. д-р Љубомир Кекеновски, по проучувањето на пријавата и на другите конкурсни материјали го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс во весникот „Дневник" од 3.2 2010 година за избор на наставник по предметите ***државно сметководство и сметководство на непрофитни организации*** и ***анализа на финансиски извештаи***, се пријави само кандидатот д-р Зоран Миновски, вонреден професор на Економскиот факултет во Скопје.

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Д-р Зоран Миновски е роден на 11.V 1962 година во с. Сопиште, Скопје. Основно и средно образование завршил во Скопје. Во учебната 1982/83 година се запишал на Економскиот факултет во Скопје и го завршил во 1986 година. По завршувањето на факултетот во учебната 1986/87 година бил демонстратор по предметот контрола и ревизија на работењето. Почнувајќи од 1987 година тој е избран за помлад асистент по група предмети од областа на сметководството на Економскиот факултет во Скопје. Во текот на учебната 1988/89 година се запишал на постдипломски студии по деловна економија на насоката за финансиско - сметководствена анализа на Економскиот факултет во Белград. Со звањето магистер на економски науки се стекнал во 1993 година со одбрана на магистерскиот труд под наслов „Современи проблеми на општите трошоци" („Савремени проблеми општих трошкова") на Економскиот факултет во Белград. Во 1994 година е избран за асистент по група предмети од областа на сметководството на Економскиот факултет во Скопје. Во 1994 година го посетувал Семинарот за обука на кандидати за проценка на вредноста на претпријатијата, организиран од страна на Агенцијата на Р.Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, кој успешно го завршил, со што се стекнал со лиценца за проценител со општо

овластување. Со одбраната на докторската дисертација под наслов „Управување со трошоците во системот на пресметка врз основа на активностите", во 2000 година, на Економскиот факултет во Скопје, д-р Зоран Миновски се стекнал со академски степен доктор на економски науки. Во 2000 година е избран за доцент на Економскиот факултет во Скопје по предметот државно сметководство и сметководство на непрофитни организации.

За вонреден професор е избран во 2005 година на Економскиот факултет во Скопје по предметите: државно сметководство и сметководство на непрофитни организации и анализа на финансиски извештаи. Бил ангажиран и на постдипломските студии по сметководство и ревизија. Тој, исто така, од 2009 година ги извршува активностите и по доверениот предмет финансиско сметководство 2. Учествувал во неколку комисии за оцена и одбрана на магистерски трудови и во комисии за оцена и одбрана на докторски трудови, бил член на рецензентски комисии за избор во звање, рецензент на универзитетски учебници, рецензент на трудови во Годишникот на Економскиот факултет во Скопје, како и бил ангажиран во други активности на Факултетот.

Учествувал во неколку научноистражувачки проекти, како и во проекти за проценка на вредноста на општествениот капитал од страна на Економскиот факултет во Скопје. Бил предавач на курсот на Школата за сметководители на тема „Компаративни студии за сметководствените стандарди и македонската практика," Економски факултет, Скопје, 1997/98 година, како и предавач на семинарот на Школата за сметководители на тема „Ревизија, финансиско сметководство и управувачко сметководство", на Економскиот факултет во Скопје, 1999 година.

Д-р Зоран Миновски бил предавач на Семинарот за финансиски менаџери и сметководители во јавен сектор на тема „Современите трендови во сметководството на државните и непрофитни организации", заедно со проф. Џеси Хјуз од САД, организиран од страна на Економскиот факултет во Скопје, во 2003 и 2004 година. Учесник е во изработката на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, како и на Законот за сметководството за непрофитните организации. Бил член на организационен одбор на 13. Симпозиум: „Сметководствената, финансиската и ревизорската професија во услови на глобализација и стандардизација", ССФР, Струга, 2002 година. Учествувал во проектот на FARE под наслов: "Eurodimension of accounting education in FY Republic of Macedonia", Tempus Phare, Joint European Project, меѓународен проект, апликативен, 1999-2001, во рамките на кој има реализирано студиски престој во Гент, Белгија, како и во научноистражувачкиот проект „Изградба на ревизорска професија во Република Македонија во контекст на нејзиното интегрирање во процесот на глобализација – компаративен приод со развиените економии и економиите во транзиција", Економски факултет, Скопје, како соработник-истражувач, 2001-2003 година. Исто така, д-р Зоран Миновски има посетувано семинар во организација на USAID/IBTCI – Проект за развој на сметководството во Република Македонија на тема „Подобро сметководство и ревизија поголема одговорност", во октомври

2000, учество на семинар „Имплементација на кредит-трансфер систем во високото образование во Република Македонија", учество на семинари за обука на државни ревизори, проект на Светска банка, одржан 2005 година во Државниот завод за ревизија.

Има објавено повеќе од 70 научни и стручни трудови и 4 книги, од кои една самостојно и три во коавторство. Исто така, учествувал во други проекти, симпозиуми, конференции, научни собири, семинари и др. Има реализирано учество со предавање на семинар за едукација на дипломирани правници и економисти на специјалистички семинар: „Финансијска анализа у функцији процене бонитета правних лица са аспекта домаћих и међународних правних и економских прописа и стандарда", во организација на ТАЗ Регионална организација за едукација, научна истраживања, унапређење рада правосудних, просветних и органа управе, Белград, кој се одржал во Скопје, 2007. Исто така учествувал со предавања за обука за финансиски советници во организација на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, Скопје, 2007.

Во периодот 2007-2009 година е именуван за член на Управниот комитет за реформи во сметководството и институционално зајакнување-РЕПАРИС, во врска со имплементирањето на национална стратегија и акционен план за реформи во сметководството во Република Македонија.

Во текот на своето работење на Економскиот факултет во Скопје, д-р Зоран Миновски извршувал и други активности од делокругот на работењето на Факултетот. Бил секретар на Институтот за деловна економија, член на Дисциплинската комисија, член на Комисијата за попис на средствата на Факултетот, претседател на Комисијата за расходување и отуѓување на дел од средствата на Факултетот, секретар на Катедрата за сметководство и ревизија, член на Комисија за самоевалуација, член на Комисија за изработка на Правилник за организација и надлежности на катедрите на Економскиот факултет во Скопје, член на комисија за спроведување на анкета за оценување на наставниците на Факултетот, претседател на пописна комисија за вонреден попис на фактичката состојба на расположливиот материјал на Факултетот, член на комисија за располагање со недвижни и движни ствари на Факултетот, претседател на Комисијата за дисциплински мерки за студенти на Факултетот и член на други комисии на Факултетот. Исто така, д-р Зоран Миновски учествувал како член во неколку стручни тимови за супервештачење по судски спорови, во проект-процена на ЈЗО Градски аптеки „Скопје", претседател на Одборот за ревизија на Еуростандард банка АД-Скопје, член на уредувачкиот одбор на стручното списание „Информатор", ПРО-АГЕНС, Скопје и др.

Д-р Зоран Миновски се стекнал со лиценца за овластен ревизор во 2001 година. Бил ангажиран во комисија за полагање испит за стекнување на звањето овластен ревизор формирана при Министерството за финансии. Од 2006 година е член на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија, како и член на Комисијата за спроведување на испит за овластени ревизори на Република Македонија.

## НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ

Кандидатот д-р Зоран Миновски својата наставно-образовна дејност ја започнал како демонстратор, а потоа како помлад асистент и асистент, изведувал вежби по сите предмети од областа на сметководството, а повремено бил вклучуван во изведувањето на наставата од одредени предмети. Одржувал вежби по предметот сметководство и финансии на Машинскиот факултет во Скопје. Почнувајќи од учебната 2000/01 година, Зоран Миновски е назначен за координатор по предметот државно сметководство и сметководство на непрофитни организации (по нов наставен план) на Економскиот факултет во Скопје. Од 2005 година, како вонреден професор ги предава предметите државно сметководство и сметководство на непрофитни организации и анализа на финансиски извештаи, а од 2009 година му е доверен предметот финансиско сметководство 2. Исто така изведувал настава на дисперзираните студии во Штип.

Како доцент ги извршувал активностите во врска со предметот државно сметководство и сметководство на непрофитни организации. Тој, исто така, ги извршувал активностите и по доверените предмети по стара наставна програма и тоа анализа на работењето и теорија на трошоци. Исто така, д-р Миновски редовно одржувал консултации со студентите и се ангажирал на подрачјето на одобрувањето и прифаќањето на семинарски и дипломски работи на студентите по предметите по кои изведувал настава и вежби.

Предметот државно сметководство и сметководство на непрофитни организации, како нов предмет од тогашниот наставен план, кандидатот го има успешно развиено. Како плод на повеќегодишна научноистражувачка работа, кандидатот го објавил учебникот „Државно сметководство и сметководство на непрофитни организации" во 2004 година, како и две други книги во коавторство со останатите професори од Катедрата за сметководство и ревизија. Овие книги имаат теоретска и практична вредност и, се разбира, мошне значаен придонес во развојот на сметководствената теорија и практика кај нас.

Д-р Зоран Миновски учествува во наставата и испитите на постдипломските студии по сметководство и ревизија, учествувал во комисии за одбрана на дипломски и магистерски трудови и докторски дисертации на Економскиот факултет во Скопје, како и бил ангажиран во други активности од наставно-образовната дејност на Факултетот.

Својот ангажман во работата на Факултетот и во наставата по предметите државно сметководство и сметководство на непрофитни организации и анализа на финансиски извештаи, кандидатот го вршел сосема одговорно и со забележителен успех, во менувањето на наставната програма по предметите што ги предава како и со внесување на нови содржини со цел збогатување на материјата и нивно поголемо афирмирање. Во таа смисла е и изработката на неколку учебници и учебни помагала. Материјалот од авторизираните предавања по предметот анализа на финансиски извештаи е во конечна фаза на обработка за печатење во

учебник, а во конечна фаза за издавање е и второ изменето издание на учебникот по државно сметководство и сметководство на непрофитни организации.

Исто така, значајно е неговото активно учество во реализирањето на одлуката на Факултетот за организирање на предавања од практиката и запознавање на студентите со најновите состојби и промени во сферата на сметководството и финансиското известување во рамките на наставата по предметите кои ги предава да поканува гости-предавачи од соодветните институции на Република Македонија и приватни компании.

Во наставно-образовниот процес посебно се истакнува фактот за педагошкиот пристап на д-р Зоран Миновски при неговата работа со студентите за време на предавањата, вежбите, консултациите и во други активности. Во повеќегодишната работа како помлад асистент, асистент, доцент, вонреден професор, систематски се оспособувал за наставнонаучна и педагошка работа. Сето тоа покажува дека кандидатот владее со материјата што ја предава и дека се здобил со соодветно наставно и педагошко методско искуство, и дека појавува стручна компетентност и критички приод кон современите проблеми во своите истражувања, како и способност да предлага можности за нивно решавање.

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И СТРУЧНА ДЕЈНОСТ

Во досегашниот период, кандидатот има објавено повеќе од 70 научни и стручни трудови и 4 книги, од кои една самостојно и три во коавторство. Со оглед на тоа што трудовите на кандидатот до изборот во звањето вонреден професор се рецензирани при досегашните избори, во Анексот од рецензентскиов извештај се презентирани само трудовите од изборот на кандидатот за вонреден професор во 2005 година до денес.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Д-р Зоран Миновски во својата досегашна наставно-образовна и научноистражувачка работа се истакнал со извонредно залагање и совесност во извршувањето на своите работни обврски, со смисла и афинитет за наставно-научна и стручна дејност. Посебно треба да се истакне неговата систематска работа на усовршување во стручен и научен поглед и трансферот на резултатите од истражувањата во сметководствената практика. Во наставната работа, д-р Зоран Миновски придонел за изучување на сметководствената проблематика на Факултетот, а со иновирање на наставните програми придонел тие да попримат содржина на ниво на оние од универзитетите во најразвиените земји.

Врз основа на презентираните податоци од активностите на кандидатот д-р Зоран Миновски посебно го одбележуваме фактот за неговиот педагошки пристап при работата со студентите за време на предавањата, вежбите, консултациите и во други активности од наставно-образовниот процес. Кандидатот наставата ја извршува квалитетно и успешно. Има правилен и одмерен став во однос на студентите. Во научно-

стручната работа искажува високо познавање на теоретско-методолошките поставки, аналитичност во разработката и потребната сеопфатност во донесувањето на соодветни заклучоци. Со соработниците и колегите има коректен и принципиелен професионален однос.

Во досегашната научноистражувачка и стручна работа, д-р Зоран Миновски се формирал во квалитетен наставно-научен работник. Основна преокупација на теоретско емпириските истражувања на кандидатот претставува проблематиката на сметководството и, посебно, државно сметководство и сметководство на непрофитни организации и анализа на финансиски извештаи. Во своите трудови кандидатот на јасен и разбирлив начин ги изведува констатациите и заклучоците со настојување да придонесе во имплементацијата на современите теоретски модели и решенија во услови на конкретна деловна практика. Бројот и квалитетот на научните и стручни трудови објавени во домашни и меѓународни списанија, како и учеството на домашни и меѓународни конференции, симпозиуми и сл., го привлекле вниманието на научната и стручната јавност од сметководството. Научните резултати на кандидатот можат како цитати да се сретнат во трудовите на домашни автори, како и во поблиското регионално окружување. Одговорниот пристап кон исполнување на обврските е секако причина за неговото стручно ангажирање и во практиката.

Наставно-образовната и научноистражувачката работа на кандидатот д-р Зоран Миновски, за време на неговиот досегашен активен период на Економскиот факултет во Скопје, ја потврдуваат неговата трудољубивост, одговорност, трпеливост и истрајност, што е гаранција дека тој и во иднина ќе придонесува за изучувањето на проблемите од областа на сметководството и примената на знаењата во теоријата и практиката.

Врз основа на напред изнесеното, а во согласност со Законот за високото образование, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје да го избере кандидатот проф. д-р Зоран Миновски за наставник по предметите: **државно сметководство и сметководство на непрофитни организации** и **анализа на финансиски извештаи**, во звањето **редовен професор**.

Во Скопје, 26.3.2010 год.

**Членови на Рецензентската комисија**

Проф. д-р Блажо Недев, с.р.

Проф. д-р Зорица Божиновска-Лазаревска, с.р.

Проф. д-р Љубомир Кекеновски, с.р.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** д-р Зоран Симеон Миновски
(име, татково име и презиме)
**Институција:** Економски факултет, Скопје
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** сметководство и ревизија

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одржување настава од прв циклус на студии<br>- Државно сметководство и сметководство на непрофитни организации (4x15x0,04x5)=12<br>- Анализа на финансиски извештаи (4x15x0,04x5)=12<br>- Финансиско сметководство 2 (4x15x0,04x1)=2,4<br>- Државно сметководство и сметководство на непрофитни организации– Штип (6x15x0,04x2)=7,2<br>- Анализа на финансиски извештаи - Штип (6x15x0,04x2)=7,2 | 40,80 |
| 2. | Одржување настава – втор циклус на студии | 3,00 |
| 3. | Одржување на вежби<br>- Државно сметководство и сметководство на непрофитни организации (2x15x0,03x5)=4,5<br>- Анализа на финансиски извештаи (2x15x0,03x5)=4,5 | 9,00 |
| 4. | Консултации со студенти (600x0,002x5) | 6,00 |
| 5. | Ментор на дипломска работа (50x0,2) или (2x5) | 10,00 |
| 6. | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат (1x0,5) | 0,50 |
| 7. | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура (4x0,3) | 1,20 |
| 8. | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (80x0,1) | 8,00 |
| 9 | **Основи на сметководството-Збирка задачи**, второ издание, коавтор, Економски факултет, Скопје, 2007 | 3,00 |
| 10. | Рецензент на универзитетски учебник (1x1,00) | 1,00 |
| | **Вкупно** | 82,50 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно списание (4x1,00x4) + (8x0,90x4)=44,80<br>1. "Развој и улога управљачког рачуноводства у глобалном окружењу", часопис Рачуноводство бр. 05-06, СРРС, Београд, 2005 стр. 61-66 (1x1,00x4)<br>2. "Анализа активности у систему управљања на основи | 4,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | активности", часопис Рачуноводство бр. 07-08, СРРС, Београд, 2005 стр. 51-59 (1x1,00x4) | 4,00 |
| | 3. "Циљеви и задаци проучавања трошкова са посебним освртом на опште трошкове", часопис Рачуноводство бр. 09, СРРС, Београд, 2005 стр. 52-60 (1x1,00x4) | 4,00 |
| | 4. "Аналитички третман диференцираних система за различите циљеве у оквиру рачуноводственог система", (Analytical treatment of differentiated systems for different purposes within accounting system), коаутор, часопис Рачуноводство бр. 01-02, СРРС, Београд, јануар-фебруар 2006, стр. 55-64 (1x0,90x4) | 3,60 |
| | 5. "Карактеристики и видови ревизија во јавен сектор", билтен на Државен завод за ревизија на Република Македонија, број 1, декември, Скопје 2005, стр. 24-33 (1x1,00x4) | 4,00 |
| | 6. "Коришћење АБЦ технике у маркетингу", коаутор, часопис Рачуноводство бр. 05-06, СРРС, Београд, мај-јун 2006, стр. 104-112 (1x0,90x4) | 3,60 |
| | 7. "Рачуноводство и рачуноводствена струка у улози мерења пословних резултата", коаутор, часопис Рачуноводство бр. 07-08, СРРС, Београд, 2006, стр. 5-13 (1x0,90x4) | 3,60 |
| | 8. "Улога трошкова као фактор успешности у пословању предузећа", часопис Рачуноводство бр. 09-10, СРРС, Београд, 2007 стр. 33-42 (1x1,00x4) | 3,60 |
| | 9. "Особености јавног сектора и разлике између рачуноводства недобитних и добитних организација" ("Particularities of the public sector and difference between accountancy of profitable and non-profitable organizations"), коаутор, Рачуноводство бр. 1-2 јануари-фебруари, Београд, 2008, стр. 5-13 (1x0,90x4) | 3,60 |
| | 10. "Управљање квалитетом и ISO стандарди", ("Quality management and ISO standards"), коаутор, Рачуноводство бр. 9-10 септембар-октобар, Београд, 2008, стр. 72-79 (1x0,90x4) | 3,60 |
| | 11. "Банкротство и модели за предвиђање његовог настанка", ("Bankruptcy and models for predicting its emergence"), коаутор, Рачуноводство бр. 11-12 новембар-децембар, Београд, 2008, стр. 88-[illegible] (1x0,90x4) | 3,60 |
| | 12. "Рачуноводство и финансијско извештавање непрофитних организација у САД", ("Accounting and Financial reporting of Non-Profit Organizations in USA"), коаутор, Рачуноводство бр. 7-8, Београд, 2009 стр. 44-53 (1x0,90x4) | 3,60 |
| 2. | Труд со оригинални научно/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир (3x2,00)=6,00<br>-"Испуњења неких захтева од стране система финансијског менаџмента и контроле у јавном сектору као један од услова за интеграцију у Европи", International Scientific Conference на тема "Integration Processes in Europe", University of Nis, Faculty of Economics, Nis, October, 2005 (1x2,00) | 2,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | Auditing, organized by Trakya University and Association of Accounting and Finance Academicians ([illegible]), 6-9 March 2007 Edirne, Turkey (1x0,90x6,00) | 5,40 |
| | -"Certain specifics of the historical development of public sector accountining", co-author, 12 th World Congress of Accounting Historians. Marmara University Muted. 20-24 july 2008, Istanbul Turkey (1x0,90x6,00) | 5,40 |
| | -"The role of the financial statements analysis in improving company's performance, determining [illegible] and forecasting bankruptcy" ("Улогата на анализата на финансиските извештаи во подобрувањето на работењето утврдувањето на бонитетот и предвидување на банкротот"), co-author, 3 International Conference IBFR, The Institute for Business and Finance Research, Global Conference on Business and Finance, San Hoze, Costa Rika, may 27-30, 2009 (1x0,90x6,00) | 5,40 |
| | -"Harmonization of financial reporting in Republic of Macedonia and European Union in function of regional collaboration and economic integration" International Conference – "Regional Cooperation and Economic Integration – Challenges and Opportunities". The Conference is organized in cooperation with the World Customs Organization and CEFTA Secretariat in Brussels. Faculty of Economics, Ss.Cyril and Methodies University Skopje, Republic of Macedonia, co-author, October 15 – 16, 2009 (1x0,90x6,00) | 5,40 |
| 6. | Одржано предавање на семинар (2x1,00)<br>- Учество со предавања за обука за [illegible] советници во организација на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, Скопје, 2007 (1x1,00)<br>-Учество со предавање на семинар за едукација на дипломирани правници и економисти за специјалистички семинар "Finansijska analiza u funkciji procene boniteta pravnih lica sa aspekta domacih i medjunarodnih pravnih i ekonomskih propisa i standarda", на тема 1. "Финансиска анализа, проценка на вредноста на имотот и капиталот и бонитет на правното лице", тема 2. "Консолидација на финансиски извештаи", семинар во организација на ТАЗ Регионална организација за едукација, научна истраживања, унапређење рада правосудних, просветних и органа управе, Белград, кој се одржа во Скопје, 2007 (1x1,00) | 2,00 |
| | **Вкупно** | 90,80 |

**СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | Вкупно | |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| | -"Улога финансијских извештаја код доношења пословних одлука у предвиђању и евалуацији пословања банака", 38 Симпозиум, мото тема "Изазови рачуноводствено-финансијског извештавања у функцији менаџмента предузећа и банака", Савез racunovodja и ревизора Србије, 24-26 мај 2007 год., Златибор стр. 110-124 (1x2,00) | 2,00 |
| | -"Финансијско извештавање у јавном сектору као основ међународног финансијског комуницирања" ("Public Sector Financial Reporting as a Basis of International Financial Communications"), 39 Симпозиум, мото тема "Улога и задаци финансијског извештавања у процесу придруживања Европској унији", Савез рачуновођа и ревизора Србије, 29-31 мај 2008 год., Златибор стр. 96-109 (1x2,00) | 2,00 |
| 3. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание (5x2,00)=10,00 | |
| | -„Разлики во сметководствените пристапи на финансиското известување помеѓу непрофитни и профитни ентитети", *Годишник на Економски факултет*, Економски факултет, том 40, Скопје, 2005, стр. 411-418 (1x2,00) | 2,00 |
| | -„Современ пристап за управување со трошоците врз основа на активности", *Годишник на Економски факултет*, Економски факултет, том 41, Скопје, 2006, стр. 299-306 (1x2,00) | 2,00 |
| | -„Влијанието на финансискиот левериџ на приносот и вредноста на фирмата во фармацевтската индустрија", *Годишник на Економски факултет*, Економски факултет, том 42, Скопје, 2007, стр. 273-284 (1x2,00) | 2,00 |
| | -„Влијанието на финансиската положба на кредитниот бонитет на АД Македонски Телекомуникации, Скопје" ("The significans of the financial position for the creditworthiness of A.D "Makedonski Telekomunikacii" Skopje), *Годишник на Економски факултет*, Економски факултет, том 43, Скопје, 2008, стр. 459-472 (1x2,00) | 2,00 |
| | -„Примена на "З" – моделот за предвидување на банкротство во компании", ("Z – Model implementation about bankruptcy forecasting in the companies") *Годишник на Економски факултет*, Економски факултет, том 44, Скопје, 2009, стр. 315-324 (1x2,00) | 2,00 |
| 4. | Учество на научен/стручен собир со реферат (1x1,00) | 1,00 |
| 5. | Труд со оригинални научно/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор (5x0,90x6,00) | |
| | -"Standardization of Financial Reporting in Republic Macedonia", ("Стандардизација на финансиското известување во Република Македонија"), co-author, International Conference – Accounting and Management Information Systems – AMIS 2006, organized by Faculty of Accounting and Management Information Systems, November 24-25, 2006, Bucharest, Romania, стр.345-352 (1x0,90x6,00) | 5,40 |
| | -"Harmonization of Accounting Education in Function of Greater Competitiveness of Companies", co-author, The Balkan Countries I. International Conference on Accounting and | |

| број | | |
|---|---|---|
| 1. | Експертски активности: [illegible] ревизија, супервизија (4x1,00)<br>- член на стручен тим за [illegible] во спор и писмо бр. 821/96 добиено од [illegible] суд Охрид, од 2006 година (1 x1,00)<br>- член во стручен тим за [illegible] во спор по предмет III ПС. бр. 561/99, [illegible] суд Скопје II, 2006 година (1 x1,00)<br>- член во стручен тим за [illegible] во спор по предмет П бр. 1922/03, [illegible] суд Велес, 2007 година (1 x1,00)<br>- член во стручен тим за [illegible] во спор по предмет П бр. 39/2001-[illegible] [illegible] суд Гостивар, 2007 година (1 x1,00) | 4,00 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | Член на уредувачкиот одбор на [illegible] списание „Информатор", ПРО-АГЕНС, Скопје ([illegible]) | 0,50 |
| 2. | Член на факултетска комисија ([illegible]) <br>- член на Комисијата за [illegible] на Економскиот факултет во Скопје;<br>- член на Комисијата за изработка на Правилник за организација и надлежности на катедрите на Економскиот факултет во Скопје;<br>- член на комисија за спроведување на [illegible] за оценување на наставниците на Факултетот;<br>- претседател на Комисијата за [illegible] и отуѓување на дел од средствата на Факултетот;<br>- член на Комисијата за изработка на Правилник за издавачка дејност на Економскиот факултет во Скопје;<br>- претседател на пописна комисија за вонреден попис на фактичката состојба на [illegible] материјал на Факултетот;<br>- член на комисија за [illegible] и движни ствари на Факултетот;<br>- претседател на Комисијата за [illegible] мерки за студенти на Факултетот. | 4,00 |
| 3. | Член на комисија за избор во звање ([illegible]) | 0,20 |
| 4. | Учество во комисии и тела на државни [illegible] (3x1,00)<br>- член на Управен [illegible] реформи во сметководството и [illegible] известување – РЕПАРИС, Министерство за финансии;<br>- член на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија;<br>- член на Комисијата за [illegible] на испит за овластени ревизори на Република Македонија;<br>- претседател на Одбор [illegible] банка АД-Скопје. | 3,00 |
| **Спортска дејност** | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | Вкупно | 11,70 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 82,50 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 90,80 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 11,70 |
| Вкупно | 185,00 |

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р [illegible], претседател, с.р.

2. Проф. д-р [illegible] Б. [illegible], член, с.р.

3. Проф. д-р [illegible], член, с.р.

Република Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј„
ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ
Скопје, Македонија
Ул. Водњанска 17
П.Фах 36
Тел. (02) 3126 024, 3126 032
Факс: (02) 3123 054
www.ff.ukim.edu.mk

Republic of Macedonia
University "Ss.Cyril and Methodius"
FACULTY OF PHARMACY
1000 Skopje, Macedonia
Vodnjanska str. 17
Tel. (02) 3126 024, 3126 032
Fax: (02) 3123 054
www.ff.ukim.edu.mk

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ПО ПРЕДМЕТОТ ФАРМАКОЕКОНОМИЈА НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата IV седница одржана на 4. IV, 2010 година, формира Рецензентска комисија за избор на еден насловен вонреден професор по предметот Фармакоекономија, во состав: проф. д-р. Љубица Шутуркова, проф. д-р Љубомир Дракулевски и проф. д-р Сузана Трајковиќ- Јолевска.

Врз основа на доставената документација и приложените научни трудови, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот за избор на насловен редовен професор по предметот фармакоекономија на Фармацевтскиот факултет во Скопје објавен во дневниот весник "Утрински весник" на 24.12.2009 година се пријави Доцент д-р Рубинчо Заревски.

1. <u>Доцент д-р Рубинчо Зарески</u>

### Биографски податоци

Кандидатот д-р Рубинчо За̀рески е роден во Прилеп на 3.1.1967 година. Основно и средно образование завршил во Скопје. Во учебната 1985/86 година се запишал како редовен студент на Економскиот факултет во Скопје, на прометно-комерцијалната насока, а по служењето на воената обврска ги започнал студиите во учебната 1986/87. Студиите ги завршил во 1991 година во рекорден временски рок. Во 1989 година како член на АИЕСЕЦ има остварено практика во компанијата „Фресениус"- Германија.

Во 1991 година се запишал на постдипломски студии по надворешен промет на Економскиот факултет во Скопје и сите испити предвидени со наставниот план за постдипломски студии по оваа насока ги положил во предвидениот рок со просечна оценка 9.5. Магистрирал во 1993 година Како прв студент по областа надворешен промет на Економскиот факултети во Скопје и со одбрана на Магистерскиот труд под наслов „Маркетинг активности кај Time-Shering концептот во Р. Македонија", се здобил со академски степен магистер на економски науки.

Своето стручно усовршување го продолжил во 1995 година на Колеџот за меѓународни односи од областа на економскиот менаџмент на Универзитетот Тсукуба-Јапонија. Студиите кои се финансирани од Светската банка успешно ги завршуил во 1997 година како најдобар студент во генерацијата и со одбрана на темата „Одење по работ-управување со надворешниот сектор во специфични услови", и се стекнал со диплома за завршени магистерски студии од областа „Меѓународна политичка економија". Како признание за успехот, во 2004 година е поканет на Универзитетот Харвард-САД, кадешто по повод 50 годишнината од постоењето на студиите му е дадена честа да одржи предавање. Докторската дисертација под наслов „Улогата на државата во дефинирањето и спроведувањето на извозната стратегија на македонското стопанство" ја одбранил на 15.2.2001 година на Економскиот факултет во Скопје, со што се стекнал со академскиот степен доктор на економски науки.

Во 1994 година се вработил во Кабинетот на претседателот на Владата на Република Македонија, како стручен соработник, на кое место останал до 1997 година. Во текот на 1997 година, неколку месеци бил економски советник на претседателот на Владата на РМ, а од крајот на 1997 година е помошник-министер и раководител на Секторот за Европска унија во Министерството за надворешни работи на Р.М.

Во 2001 година се вработил во Стопанска банка АД- Скопје на позицијата директор на Корпоративен сектор којашто функција ја вршел до 2003 година, кога е именуван за директор на Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија. Од јуни 2004 година ја извршувал функцијата директор за стратегија и деловен развој во АД „Македонски телекомуникации", по која заминува на функција главен извршен директор на Т-Мобиле Македонија која функција ја извршувал до крајот на 2007 година. Од 2008 година е главен извршен директор и сопственик на Траст Консалтинг- Скопје, компанија која дејствува во областа на стратешкиот менаџмент.

Кандидатот бил член на „АИЕСЕЦ" при Економскиот факултет во Скопје и има остварена практика во компанијата „Фрасениус"-Германија, член на Управниот одбор на Агенцијата за санација на банките во Република Македонија, копретседавач на Заедничкиот комитет за прекугранична соработка со Република Грција, член на Управниот одбор на Македонска банка за поддршка на развојот, секретар на Советот за соработка на Република Македонија со Европската унија, член на Управниот комитет за развој на мали и средни претпријатија, секретар на македонскиот тим за имплементација на економскиот акционен план Република Македонија- САД, член на тимот на МАНУ за изработка на „Извозната стратегија на РМ", член во тимот за изработка на научниот проект на

Универзитетот во Тсукуба под наслов "Comparative analysis of the development processes in Asia, Latin America and Central Europe", заменик национален координатор на Пактот за стабилност и национален Координатор на Работната маса за економска обнова, реконструкција и развој во ПзС; член на македонскиот преговарачки тим за Договорот за стабилизација и асоцијација со ЕУ; член на УО на „Кимико Гардине", коосновач и член на НВО „Институт за европска интеграција"; спонзор на проектот за имплементација на групната стратегија на „Македонски телекомуникации"; Предавач на УЈЕ на предметот „Мегународен Менаџмент". Предавач е на додипломските и на постдипломските студии на Фармацевтскиот факултет во Скопје; член на управниот одбор на Стопанската комора на Македонија, претседател на Македонската тениска федерација, судија при Арбитражниот суд во рамките на Стопанската комора и повеќе други активности. Има учествувано на преку 70 семинари, тркалезни маси и конференции во Република Македонија и во странство.

Во пријавата за конкурсот, кандидатот д-р Рубинчо Зарески поднесе и поголем број дипломи и сертификати за посета на различни курсеви и семинари во земјата и во странство кадешто ги збогатувал своите знаења, или пак, изучувал странски јазици. Покрај тоа, кандидатот е напреднат корисник на општите компјутерски софтвери, но и софтвери за понапредна квантитативна економска анализа.

Според презентираната документација, кандидатот активно говори англиски, германски и италијански јазик, а наведува дека се служи и со руски и јапонски јазик.

## Наставно-образовна и научно истражувачка дејност

Кандидатот д-р Рубинчо Зарески, во учебната 2004/05 е ангажиран како предавач по предметот Меѓународен менаџмент во 5 семестар на Универзитетот за Југоисточна Европа. Од учебната 2005/06 до денес во континуитет кандидатот го предава предметот Фармакоекономија во 8 семестар на редовните студии на Фармацевтскиот факултет во Скопје. Кандидатот д-р Зарески од учебната 2006/07 студиска година предава и 7 предмети на специјалистичките и магистерските студии по здравствен менаџмент и фармакоекономија на Фармацевтскиот факултет во Скопје. За време на својот ангажман на факултетот има објавено скрипта „Фармакоекономија", која се користи како основно четиво на редовните студии. Во постапка на печатење е неговата книга „Основи на фармакоекономијата", кое е прв стручен текст од оваа област во Република Македонија. Редовен колумнист е во референтното научно/стручно списание "Капитал", кадешто има објавено преку 30 текста.

Редовно остварува консултации со студентите на Факултетот, и член е на комисии за одбрана на специјалистички, магистерски и дипломски трудови. Покрај изработените магистерски труд и докторска дисертација, кандидатот д-р Рубинчо Зарески е автор на две самостојно објавени книги и коавтор е на уште две објавени книги. Има објавено повеќе од 100 наслови од научен и стручен карактер во домашни и странски едиции.

### Стручно-апликативна дејност

Во текот на својата научноистражувачка дејност, д-р Рубинчо Зарески е координатор на модул во рамките на магистерските студии. Ментор е на еден дипломски труд, 2 магистерски труда и е член на комисии за 3 специјалистички труда и на еден докторски труд. Кандидатот д-р Зарески активно учествува во активности за истражување на апликативните методи на фармакоекономските анализи на ниво на здравствениот сектор во Македонија. Работи на проекти од областа на менаџирањето со процесите за повеќе компании во Република Македонија и е советник за стратешки прашања во неколку институции. Редовно соработува со Leuven Gent Management School, која е водечка меѓународна менаџмент-школа во Белгија и со Универзитетот во Тсукуба, Јапонија, со кој соработува на полето на социјалниот развој и политика.

### Дејности од поширок интерес

Д-р Рубинчо Зарески е член на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија и е избран арбитрарен судија по стопанско право во Судот на арбитри кој функционира во рамките на Стопанската комора. Учествува во работата на повеќе стручни тела и организации кои се дел од Коморага и кои имаат значајна меѓународна соработка. Од 2006 година е претседател на Македонската тениска федерација, која ја претставува и учествува на работата на бројни тела во рамките на Меѓународната тениска федерација. Во 2007 година, Македонската репрезентација влегува во Првата евро-африканска лига, што претставува најголем успех на македонскиот тенис. Во истиот период претседава со Одборот за организација на повеќе меѓународни натпревари и настани.

## ЗАКЛУЧОК И МИСЛЕЊЕ

По опстојното и внимателно разгледување на целокупната приложена документација, како и по увидот во сите релевантни податоци, согласно со Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Комисијата констатира дека кандидатот **д-р Рубинчо Зарески** ги исполнува критериумите за избор во звањето насловен вонреден професор.

Во текот на својата професионална кариера, д-р Рубинчо Зарески успешно извршува активности од наставно-образовна, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност. Со своето учество во изведување на теоретска и практична настава на постдипломски и додипломски студии, учество во организација и изведување на работилници, менторство на магистерски трудови и членство во комисии за оцена и одбрана на докторати и магистериуми, д-р Рубинчо Зарески се потврдува како успешен педагог.

Неговите научноистражувачки и стручно-апликативни активности на полето на здравствениот менаџмент и фармакоекономијата резултираа со значајни научни постигања во изучувањето на моделите на менаџирање и на економските анализи применливи во здравтсвото и во фармацевтската наука, со цел да се оптимизираат инвестициите на полето на здравствениот сектор. Со раководењето и учеството во студиите во одредената стручна област, како и со бројните објавени оригинални научни трудови, д-р Рубинчо Зарески се докажува како успешен самостоен научен работник. Активен е и во дејности со поширок интерес, како членство во Стопанската комора на Македонија и Македонската тениска федерација, учество во уредувачки одбор на научно списание, членство во организациони одбори за настани од меѓународен карактер, како и во оценување на научноистражувачки проекти и научни трудови.

## ПРЕДЛОГ

Ценејќи ја досегашната наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна активност на д-р Рубинчо Зарески, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет да го избере во звањето насловен професор по предметот Фармакоекономија.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Љубица Шутуркова _______________ с.р

Проф. д-р Љубомир Дракулевски _______________ с.р

Проф. д-р Сузана Трајковиќ- Јолевска____________ с.р

**АНЕКС 2**

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Рубинчо Заревски

**Институција:** Фармацевтски факултет-Скопје

**Научна област:** фармакоекономија

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Одржување на настава од прв циклус студии**<br>*Фармацевтски факултет*<br>*Вкупно 120x0,04=4,8*<br><br>*Фармакоекономија 2005-2009 (120x0,04=4,8)* | 4,8 |
| 2. | **Одржување на настава од втор циклус студии**<br>*Фармацевтски факултет*<br>*Вкупно 219x0,05=10,95*<br><br>*Основање на ПЗО и ЈЗО 2006-2010( 30x0,05=1,5)*<br>*Организација на клиничката и аптекарската практика 2006/2010(45x0,05=2,25)*<br>*Основање и финансирање на аптеките2006-2010(30x0,05=1,5)*<br>*Методолиги на утврдување на цени на производи и услуги2006-2010 ( 30x0,05=1,5)*<br>*Водење на политика на цени 2006-2010(36x0,05=1,8)*<br>*Основи на фармакоекономијата 2006-2010( 30x0,05=1,5)*<br>*Организациони модели 2006-2010(18x0,05=0,9)* | 10,95 |
| 3. | **Консултации со студенти**<br>*Вкупно: 183x0,002=0,386*<br><br>1. *Консултации со студенти, 2005/06 (40 студенти)- 40x0.02=0.08*<br>2. *Консултации со студенти, 2006/07 (47 студенти + 26 постипломци)-73x0.002=0,146*<br>3. *Консултации со студенти, 2007/08 (33 студенти)-33x0,002=0,066*<br>4. *Консултации со студенти, 2008/09 (13 студенти+ 15 последипломци)-28x0,002=0,056*<br>5. *Консултации со студенти, 2009/10 (9 последипломци)-9x0,002=0,018* | 0,386 |
| 4. | **Член на комисија за оцена или одбрана на специјалистичка работа**<br>*Вкупно* 10x0,2=2,0<br><br>**Член на комисија за оцена на специјалистичка работа**<br><br>1. Билјана Прентовска - „Снабдување со лекови", одбранета 13.07.2009 на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје | 2,0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 2. Мачева Катерина - "Вработување на кадри во фармацевтскиот сектор" одбранета 2009год., на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје<br>3. Лубаровска Наташа - „Обезбедување квалитет во снабдувањето со лекови" одбранета 2009 год., на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.<br>4. Маја Чемерикиќ - „Референтни цени"одбранета на 27.12.2006, на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.<br>5. Гордана Ширкова - „Одлуки за формирање цени на производи и услуги" одбранета на 27.12.2006, на Фармацевтскиот факутет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје<br><br>**Член на комисија за одбрана на специјалистичка работа**<br><br>1. Билјана Препатовска - „Снабдување со лекови", одбранета на 13.07.2009 на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје<br>2. Мачева Катерина - „Вработување на кадри во фармацевтскиот сектор", одбранета на 2009 год., на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје<br>3. Лубаровска Наташа „Обезбедување квалитет во снабдувањето со лекови", одбранета на 2009 год., на Фармацевтскиот факутет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје<br>4. Маја Чемерикиќ - „Референтни цени", одбранета на 27.12.2006 на Фармацевтскиот факутет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје<br>5. Гордана Ширкова - „Одлуки за формирање цени на производи и услуги", одбранета 27.12.2006, на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје | | |
| 7. | **Член на комисија за одбрана на дипломска работа**<br>*Вкупно: 1x0,1=0,1*<br>1. Дејан Каранфиловски, - „Стратегии и влијанија во ценовното опдредување на рефундирани лекови", 24.6.2008 | 0,1 | |
| 8. | **Позитивно рецензиран универзитетски учебник- автор**<br>*Вкупно: 1x8=8*<br>1. „Основи на фармакоекономија" | 8 | |
| | **Вкупно** | **26,236** | |

АНЕКС 2

НАУЧНО- ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Ментор на магистерска работа<br>*Вкупно* 1x1=1<br>1. Стевче Ацевски, **„Испитување на менаџирањето со брендови на македонскиот фармацевтски пазар“ одбранаta закажана е за месец мај/2010** | 1 |
| 2. | **Труд со оригинални научни резултати објавен во стручно/научно популарно списание**<br><br>*Вкупно 31x2,0 = 62*<br><br>1. **Десетка**, бизнис-магазин „Капитал", број 495, 23 април 2009 година<br>2. **Дефлација** , конечно и кај нас, бизнис-магазин „Капитал", број 496, 30 април 2009 година<br>3. **Греење на огнот**, бизнис-магазин „Капитал", број 497 , 07 мај 2009 година<br>4. **Време е за нов економски циклус** бизнис-магазин „Капитал", број 498, 14 мај 2009 година<br>5. **Постои ли сепак договор со ММФ**, бизнис-магазин „Капитал", број 499, 21 мај 2009 година<br>6. **Домино ефект**, Бизнис магазин Капитал, број 500, 28 мај 2009 година<br>7. **Разумен компромис, политика на фиксно/прилагодлив девизен курс**, бизнис-магазин „Капитал", број 501, 4 јуни 2009 година<br>8. **Шекспир и девалвацијата**, бизнис-магазин „Капитал", број 502, 11 јуни 2009 година<br>9. **Македонскиот синдром**, бизнис-магазин „Капитал", број 503, 18 јуни 2009 година<br>10. **Внимателно со субвенциите**, бизнис-магазин „Капитал", број 504, 25 јуни 2009 година<br>11. **Маратон**, бизнис-магазин „Капитал", број 506, 9 јули 2009 година<br>12. **Слободен пад**, бизнис-магазин „Капитал" 507, 16 јули 2009 година<br>13. **Политика на анти-циклус**, бизнис-магазин „Капитал" 508, 23 јули 2009 година<br>14. **Банките и кризата**, „Утрински весник" број 3039, 18/19 јули 2009 година<br>15. **Потреба од визионерство** бизнис-магазин „Капитал" број, 509-510, 30 јули- 6 август 2009 година<br>16. **Секоја случајност е намерна**, бизнис-магазин „Капитал" број 513, 27 август 2009 година<br>17. **Државен наспроти либерален капитализам**, бизнис-магазин „Капитал", број 514, 3 септември 2009 година<br>18. **Ден потоа**, бизнис-магазин „Капитал", број 515, 10 септември 2009 година<br>19. **Половина пат до успехот**, бизнис-магазин „Капитал"број 516, 17 септември 2009 година | 62 |

| | | |
|---|---|---|
| | **20. Пукање во сопствена нога**, бизнис-магазин „Капитал", број 520, 15 октомври 2009<br>**21. Еуфорија**, бизнис-магазин „Капитал", број 521, 22 октомври 2009<br>**22. Песимизам со покритие** бизнис-магазин „Капитал" број 522, 29 октомври 2009 година<br>**23. Време на можности**, бизнис-магазин „Капитал"број 523, 5 ноември 2009 година<br>**24. Дали упорноста ќе се исплати**, бизнис-магазин „Капитал", број 524, 12 ноември 2009 година<br>**25. Визна либерализација** бизнис-магазин „Капитал" број 525, 19 ноември 2009 година<br>**26. Каде грешиме**? бизнис-магазин „Капитал" 526, 26 ноември 2009 година2<br>**27. Сурвивал**, бизнис-магазин „Капитал", број 527, 3 декември 2009 година<br>**28. Плацебо (д)ефект**, бизнис-магазин „Капитал", број 528, 10 декември 2009 година<br>**29. Пенал**, бизнис-магазин „Капитал", број 529, 17 декември 2009 година<br>**30. Резиме**, бизнис-магазин „Капитал", број 530, 24 декември 2009 година<br>**31. Крајот како почеток**, бизнис-магазин „Капитал", број 531, 31 декември 2009 година | |
| | **Вкупно** | 63 |

## ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Координатор на студиска програма<br>*Вкупно 1x1=1*<br>1. Координатор на специјалистички студии на Фармацевтскиот факултет во Скопје | 1 |
| | **Вкупно** | 1 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Претседател на спортско натпреварувачко здружение<br>*Вкупно 1x2=2*<br>1. Претседател на Македонската тениска федерација | 2 |
| 2. | Претседател на стручно-организационен одбор за организација на меѓународен натпревар од висок рејтинг<br>*Вкупно 4x3=12*<br>1. Претседател на стручно-организациониот одбор за | 12 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | организација на меѓународниот Davis Cup натпревар од Првата евро-африканска светска лига помеѓу репрезентациите на Р. Македонија и Финска (21-24 септември 2007 година)<br>2. Претседател на стручно-организациониот одбор за организација на меѓународниот Davis Cup натпревар од Првата евро-африканска светска лига помеѓу репрезентациите на Р. Македонија и Словачка (6-8 април 2007 година)<br>3. Претседател на стручно организациониот одбор за организација на меѓународниот Davis Cup натпревар од Првата евро-африканска светска лига помеѓу репрезентациите на Р. Македонија и Литванија (8-10 февруари 2008 година)<br>4. Претседател на стручно организациониот одбор за организација на меѓународниот Davis Cup натпревар од Првата евро-африканска светска лига помеѓу репрезентациите на Р. Македонија и Холандија (11-13 април 2008 година) | |
| | | **Вкупно** | **14** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 26,236 |
| **НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 63 |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | 1 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 14 |
| **Вкупно** | 104,236 |

**Членови на Комисијата**

**1.** ____________________, **претседател** с.р.

**2.** ____________________, **член** с.р.

**3.** ____________________, **член** с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН ПОМЛАД АСИСТЕНТ ПО ГРУПАТА ПРЕДМЕТИ: ХРАНА И ИСХРАНА И ТОКСИКОЛОГИЈА НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, донесена на VII редовна седница одржана на 8. 3.2010 година, а согласно со Законот за високото образование, Законот за научноистражувачка дејност, критериумите, постапката и начинот на избор во наставно-научни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и Правилникот на Факултетот, избрани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на помлад асистент по групата предмети: храна и исхрана и токсикологија.

По разгледувањето на доставената документација, го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен во весникот „Утрински весник" од 23. 2.2010 година, за избор на еден помлад асистент по групата предмети: храна и исхрана и токсикологија, се пријавија две кандидатки:

1. ас. дипл. фарм. Тања Петреска Ивановска и

2. м-р Ксенија Мицкова Димитрова.

Ас. дипл. фарм. Тања Петреска Ивановска

**Биографски податоци:**

Датум и место на раѓање: 26. 7.1979 во Велес

Образование:

- основно образование: ОУ „Васил Главинов"-Велес;
- средно образование: МУЦ „Д-р Панче Караѓозов"- Скопје, фармацевтски техничар, 1998;
- високо образование: Фармацевтски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје; дипломиран фармацевт, 2005, просек: 8,17;

- 2007, постдипломски студии по броматологија, во тек;
- 2008, специјалистички студии од областа санитарна хемија, во тек.

## Дејност

### Наставно – образовна:

- помлад асистент на Институтот за применета биохемија, Фармацевтски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, од вработувањето во 2007 година до денес.

  Настава по изборот за помлад асистент:
  - практична настава (лабораториски вежби) по предметите храна и исхрана и токсикологија. Кандидатката активно учествува во подготовка на прописи за потребите на практичната настава по предметите храна и исхрана и токсикологија и коавтор е на интерната скрипта за вежби, Практикум по храна и исхрана за студентите по фармација.

### Научноистражувачка работа:

Кандидатката објавила:

- печатени трудови – 1;
- реферирани трудови на меѓународни и домашни научни собири – 3;
- научно – популарни статии во стручни списанија – 1.

### Општествена и друга активност:

- член на Фармацевтската комора на Р. Македонија;
- член на Здружението на фармацевти на Р. Македонија;
- член на Euro Pharm Forum.

### Оригинални научни трудови:

L. Acevska, K. Mladenovska, **T. P. Ivanovska**, M. J. Pavlova, M. Petrovska, A. Delova, L. Petrusevska–Tozi. Viability of L. casei during fermentation in soymilk and freeze-dried soymilk; effect f cryoprotectant, rehydration and storage temperature. Macedonian Pharmaceutical Bulletin, 2006, 52 (1, 2) 17-24.

**Трудови реферирани на научни собири:**

Постер-презентации:
**T. Petreska**, K. Mladenovska, L. Acevska, M. J. Pavlova, M. Petrovska, L. Petrusevska-Tozi. Viability of Lactobacillus casei in fermented soymilk after drying and storage. 4th Congress on Pharmacy of Macedonia with International Participation, Ohrid, Sept. 26-30 (2007) 328-329.

Усни презентации:
**T. P. Ivanovska**, K. Mladenovska, L. Acevska, M. J. Pavlova, Z. Kitanovski, R. Petkovska, L. Petrusevska–Tozi. Effect of cryoprotectant sorbitol on survival and acid tolerance of L. casei in fermented freeze-dried soymilk. Food and Nutrition-New Challenges. 11th Congress of Nutrition, Belgrade, Oct. (2008).

Z. Angelova, K. Mladenovska, R. Petkovska, **T. I. Petreska**, Z. Kitanovski, S. Tosevska, M. Krstovska, L. Petrusevska–Tozi. Selection and optimization procedure for symbiotic combination of L. casei in soymilk for optimal viability and short-chain-organic acid production during fermentation, after freeze-drying and storage. Food and Nutrition-New Challenges. 11th Congress of Nutrition, Belgrade, Oct. (2008).

**Научно – популарни статии во стручни списанија:**

**Т. Петреска.** Дебелина. Фармацевтски информатор, бр. 13 / септ. 2007, ISSN 1409-8784, 56-58.

М-р Ксенија Мицкова Димитрова

**Биографски податоци:**

Датум и место на раѓање: 26. 4.1976 во Штип

Образование:

- основно образование: ОУ „Ванчо Прќе"-Штип;
- средно образование: Гимназија „Славчо Стојменски"- Штип, природно-математичка насока, 1994;
- високо образование: Фармацевтски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, дипломиран фармацевт, 1999, просек: 8,60;
- постдипломско образование: Фармацевтски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, магистер по токсиколошка хемија;
- 2008 – изработка на докторска дисертација при Природно-математичкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во тек.

**Дејност**

- јуни 2000 – стручен соработник во „Елбијор", Скопје, изработка на презентации за стручни собири, симпозиуми, конгреси од областа на медицината и фармацијата;
- септември 2004 – управител на ПЗУ Аптека ЕВА-ФАРМ, Скопје;
- од март 2005 до денес – стручен соработник на работното место координатор на Одделот за фармација, „Промедика", Скопје.

**Професионално усовршување:**

- 10-16.10.2004 – учесник на Basic Toxicology Course (организиран од страна на европските токсиколози и европските токсиколошки друштва - EUROTOX), одржан на Плитвички езера, Хрватска;
- 18-20. 9.2005 – учесник на работилницата: International Workshop on promotion of the three (Reduction, Refinement, Replacement) concept in relation to animals-Alternatives 2005, организирана од European Commision Joint Research Center;
- јули 2008 – учесник на Training Course in Molecular Design and Computer-assisted Combinatorial Chemistry во Интернационалниот центар за наука и висока технологија на Организацијата за индустриски развој при Организацијата на Обединетите нации –UNIDO;

- септември 2008 – како стипендист на EUROTOX, учесник на летната школа, XIII Risk Assessment Summer School, организирана од Интернационалната унија на токсиколози – Iutox.

**Научноистражувачка работа:**
Кандидатката објавила:
- печатени научни трудови – 1;
- научно – популарни трудови – 1.

**Општествена и друга активност:**
- член на Фармацевтската комора на Р. Македонија;
- член на Здружението на фармацевти на Р. Македонија.

**Оригинални научни трудови:**

- **Dimitrova Mickova K.**; Petrusevska-Tozi L.; Kavrakovski Z. Classification Of endocrine disrupters using supervised self-organizing maps. Macedonian Pharmaceutical Bulletin. 2007, 53, 255.

**Научно – популарни трудови:**

- **Димитрова Мицкова К.**; Петрушевска-Този Л.; Кузмановски И. Компјутерско предвидување на токсичноста на потенцијално естрогено активни супстанции, (2008), 'http://hemija.net/statii/statija.php?ids=124' – Македонски интернет магазин за популаризација на хемијата.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

По внимателното разгледување на приложената документација од кандидатите, за исполнување на критериумите за реизбор во соработничкото звање помлад асистент, Комисијата предност ѝ дава на кандидатката дипл. фарм. Тања Петреска Ивановска.

Во презентираните материјали се забележува дека кандидатката дипл. фарм. Тања Петреска Ивановска, од нејзиното стапување на должност како помлад асистент, континуирано се изградува во наставно-образовната, како и во научно-истражувачката дејност. Нејзиниот придонес во наставната дејност се гледа во постојаното осовременување на практичната настава, усовршување на применетите методи и авторство на интерна скрипта за практични вежби. Нејзиниот придонес во научната дејност се гледа од презентираните стручно-научни трудови.

Рецензентската комисија му предлага на Наставно – научниот совет на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, повторно да ја избере кандидатката ас. дипл. фарм. Тања Петреска Ивановска во соработничкото звање помлад асистент по групата предмети: храна и исхрана и токсикологија.

Рецензентска комисија

_______________________

Проф. д-р Лидија Петрушевска-Този с.р.

_______________________

Проф. д-р Татјана Кадифкова Пановска с.р.

_______________________

Доцент д-р Кристина Младеновска с.р.

# РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТИНИЧКО ЗВАЊЕ-**АСИСТЕНТ** ОД ОБЛАСТА **МАТЕМАТИЧКИ НАУКИ, ПО ПРЕДМЕТИТЕ:** МАТЕМАТИКА, ЗА ГРУПАТА ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ, НА АЛБАНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК И МАТЕМАТИКА 1 И МАТЕМАТИКА 2, ЗА ГРУПАТА ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА, НА АЛБАНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК, НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно –научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, на својата одржана седница на 10.3.2010 година, донесе одлука бр.02-147/1 од 12.3.2010 година, за формирање на Рецензентска комисија во состав:

1. проф. д-р Илир Спахиу, претседател,
2. доц. д-р Слаѓана Јакимовиќ, член и
3. проф. д-р Азис Шеху, член.

На конкурсот за избор во соработничко звање-асистент од областа **математички науки**,по предметите:
математика, за групата предучилишно воспитание, на албански наставен јазик, и
математика 1 и математика 2, за групата одделенска настава, на албански наставен јазик, објавен во дневниот весник „Дневник" бр.4188 на 11.1.2010 година, како единствен кандидат се пријави **м-р Методи Главче,** магистер на математички науки.
Откако ги анализиравме доставените материјали од страна на кандидатот, имаме чест на Наставно-научниот совет да му го доставиме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Биогравски податоци за кандидатот

Кандидатот **м-р Методи Главче** е роден на 3.7.1968 во с. Долна Горица-Корча, Р. Албанија. Во 1987 година завршил со одличен успех средно училиште во Корча. Во 1987 година се запишал на Природно-математичкиот факултет во Тирана, насока: математика. Дипломирал во 1991 година. Во 1994 година почнал да работи како наставник во средно училиште во Корча. Потоа се запишал на последипломски студии на Природно-математичкиот факултет во Скопје, насока математика.
Од 1998 до 2003 година работел како помлад асистент по предметите: математика, за групата предучилишно воспитание и математика 1 и

математика 2, за групата одделенска настава на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Фан.С.Ноли "- Корча, Р. Албанија.
На 29 јануари 2005, при Природно-математичкиот факултет во Скопје ја одбрани магистерската тема под наслов:
**Различни пристапи во изградба на основните системи броеви** и со тоа се стекна со научен степен МАГИСТЕР НА МАТЕМАТИЧКИ НАУКИ.
Од 2006/2007 работел како соработник за средно образование при Одделението за образование на град Скопје.
Од 2007 до 2009 работел како асистент по предметите математичка анализа I, математичка анализа II и линеарна алгебра на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип и математика на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

## СТРУЧНА ДЕЈНОСТ НА КАНДИДАТОТ

Својот работен век кандидатот м-р Методи Главче го започнува како наставник во средно образование, а потоа како помлад асистент по предметите: математика за групата предучилишно воспитание и математика 1 и математика 2, за групата одделенска настава на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Фан.С.Ноли" – Корча, Р. Албанија. Стручната дејност кандидатот ја продолжува како асистент по предметите математичка анализа I, математичка анализа II и линеарна алгебра на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип и математика на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Поседува документи за положен испит по англиски јазик од 24.2.1997 година и успешно ја следел и ја завршил обуката за искористување на универзитетската информатичка мрежа во 2001 година.

## СТРУЧНИ ТРУДОВИ НА КАНДИДАТОТ

Кандидатот м-р Методи Главче, како коавтор, има објавено две збирки задачи на албански наставен јазик, и тоа:

1. Збирка задачи на албански наставен јазик: Математички вежби, за студентите од одделенска настава и предучилишно воспитание за Педагошкиот факултет, објавена од издавачката куќа „Д.И.Ј.А-Порадеци" – Поградец, 2003 година.
2. Збирка математички вежби и проблеми на албански наставен јазик за студентите на Педагошкиот факултет и студентите на техничките Факултети објавено од издавачката куќа „Д.И.Ј.А-Порадеци"-Поградец, 2004 година.

Во првата книга од 149 страници има решени задачи од теоријата на математичката логика, пресликувањето, теријата на множеството и алгебарските структури. За сите поставени задачи и математички проблеми има упатства, решенија и соодветни одговори. Областа од тие задачи е

програмата на предметот математика што се изведува на нашиот факултет по предметите: математика, за групата предучилишно воспитание, на албански наставен јазик, математика 1 и математика 2, за групата одделенска настава, на албански наставен јазик, така што и нашите студенти можат слободно да ги користат во изучувањето на предметот математика за групата предучилишно воспитание, математика 1 и математика 2, за групата одделенска настава, на албански наставен јазик.
Во втората книга, на 250 страници се обработени познати теми од математиката, односно од теоријата на реалните и комплексните броеви, равенки и системи на равенки, равенства и неравенства, матрици и детерминанти, системи на линеарни равенки, полиноми, вектори, геометриски проблеми и други математички задачи. За сите поставени задачи и математички проблеми има упатсва, решенија и соодветни одговори. Добар дел од тие задачи се поврзани со програмата на предметот математика што се изведува на нашиот факултет, а во целина книгата слободно може да се користи од студентите на техничките факултети каде што математичките дисциплини се изучуваат на високо ниво.

ЗАКЛУЧОК

Врз основа на горемриложените податоци, може да се констатира дека кандидатот м-р Методи Главче во целост ги исполнува условите утврдени во конкурсот за избор во соработничко звање – асистент од областа математички науки, по предметите: математика, за групата предучилишно воспитание, на албански наставен јазик, и
математика 1 и математика 2, за групата одделенска настава, на албански наставен јазик.
Согласно со тоа, Рецензентската комисија има особена чест да му предложи на Наставно–научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, кандидатот м-р Методи Главче да биде избран во соработничко звање - АСИСТЕНТ од областа м**атематички науки, по предметите:**
**математика, за групата предучилишно воспитание, на албански наставен јазик,**
**математика 1 и математика 2, за групата одделенска настава, на албански наставен јазик.**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Д-р Илир Спахиу, редовен професор с.р.
2. Д-р Слаѓана Јакимовиќ, доцент с.р.
3. Д-р Азис Шеху-член, редовен професор с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА "ОРУЖЈЕТО НА АНТИЧКОТО КРАЛСТВО МАКЕДОНИЈА", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р БОШКО АНГЕЛОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

На редовната седница на Наставно-научниот совет на Институтот за национална историја во Скопје, одржана на 22.3.2010 година, врз основа на одлуката бр.10-37/12 од 24.3.2010 бевме избрани за членови на Комисијата за оцена на докторската дисертација со наслов: **Оружјето во античкото кралство Македонија**, поднесена од м-р Бошко Ангеловски. Нашата оцена за поднесената докторска дисертација е содржана во следниов

## ИЗВЕШТАЈ

М-р Бошко Ангеловски, во февруари 2010 година ја предаде во финална форма својата докторска работа под наслов: **Оружјето во античкото кралство Македонија.**

Оваа докторска дисертација претставува резултат на неговите долгогодишни проучувања на античкото оружје.

Хронолошкиот дијапазон на неговите истражувања е содржан во рамките на епохата на раната антика, а предмет на истражувањата претставуваат, пред се, видовите раноантичко оружје за напад и одбрана, како и проблемите поврзани со развојот на воената тактика и стратегија во античкото кралство Македонија.

Докторската дисертација на м-р Б. Ангеловски опфаќа вкупно 183 страници. Своите научни согледувања кандидатот ги темели врз релевантна стручна и научна литература со цитирани 13 изворни текстови, 93 референци и вкупно 503 фусноти под текстот. Цитирањето на референцијалните дела, како и останатите информации се изведени детаљно и коректно.

Дисертацијата е оформена во шест основни поглавја со список на користена литература. Опремена е со обемен илустративен апарат со приложени 80 илустрации (фотографии и технички цртежи) на крајот.

Акцентот на истражувањата е фокусиран врз деталниот опис на типологијата на античкото македонско оружје. Недостасува картирање барем на основните типови на оружјето, што му сугерираме на кандидатот секако да го приложи во рамките на печатената верзија на трудот.

Првиот дел од дисертацијата започнува со првото кусо поглавје ***Вовед***, во кое авторот ја образлага состојбата на проучувањето и познавањето на раноантичкото македонско оружје и основната цел на трудот.

Во второто поглавје: ***Античкото кралство Македонија***, м-р Б. Ангеловски изнесува детаљна и обемна слика на кралството Македонија низ призмата на географијата и историјата базирана врз најрелевантните авторитети и антички извори за одделни проблеми: Н. Хамонд, S. Елис, Ј. Борза, Б. Панов, Н. Проева и други, како и античките писатели Херодот, Тукидид, Диодор, Аријан, Плутарх, Тит Ливиј и други.

Во третото поглавје *Оружјето во античкото кралство Македонија*, кандидатот изнесува обемен и детален преглед на македонското оружје.

Во првото потпоглавје ***Оружје за напад***, м-р Б. Ангеловски ги проучува и ги анализира: македонското копје сариса, видовите мечеви махајра и ксифос, потоа боевиот нож, лакот и стрелите, праќата и оловните проектили.

Овој дел од докторската студија започнува со деталите на македонската сариса, копјето коешто претставувало круцијален елемент на силата и вештината на македонската фаланга. Кандидатот ги проучува материјалот и модалитетите на производство на дрвениот, дренов дел, и металните делови, просечните димензии и тежина на сарисите, начините на држење, носење и употреба на пешадиската, но и на коњаничката сариса во текот на маршот или, пак, битките. Кандидатот особено детаљно ги претставува примерите сариси од светот но уште подетаљно оние од територијата на Република Македонија, главно датирани од 5 до 3 век пред н.е.

Следува описот и анализата на едносекиот крив меч со брановидно сечиво - махајрата или копис, при што кандидатот открива детали за неговото источно потекло на меч што се проширил во земјите околу Медитеранот, за начините на негова употреба кај македонската војска, но и посочува примери на два типа махајри откриени на територијата на Република Македонија, т.н. хеленска махајра на локалитетите кај Беранци, Дедели, Криви Дол, Радање, Жданец и локален тип махајра, главно од охридско-струшките предели на Дебој, Опејнца, Требениште, Делагожда. Во овој контекст важно е научното согледување на м-р Ангеловски, за припадноста на локалниот вид махајра кон Лихнидскиот оружарски круг со што се побива мнението на М. Паровиќ Пешикан за дарданската припадност.

Потоа м-р Б. Ангеловски го анализира двосекиот ксифос, преку бројните примери од територијата на кралството но и десетина примери од просторот на Република Македонија, главно од валандовскиот регион.

За формите и типовите на боевиот нож, кандидатот изнесува соодветни информации, базирани врз наоди од Вергина и Република Македонија, главно од регионите на Дасаретија, Пелагонија, Амфакситида, но и од Пајонија (Билазора кај Кнежје).

Во потпоглавјето за материјалот, димензиите и видовите на лакот и стрелите, поточно за врвовите од стрелите, кандидатот изнесува мошне детални информаци базирани врз античките писатели и наши и странски истражувачи, при што особено е важен третманот на нашите наоди од Република Македонија.

Посебно научно внимание м-р Ангеловски посветува на праќата, односно оловните проектили што се особено чести наоди од подрачјето на Република Македонија. Праќарите биле составен дел од лесно вооружените единици а во македонската војска, како што констатира кандидатот, забележени се праќари во војските на Александар III, Филип II, Касандар итн. Кандидатот бележи наоди оловни проектили на локалитетите во

македонската стратегија Пајонија, областите Амфакситида, Пелагонија и Линкестида.

Додека во второто потпоглавје ***Оружје за одбрана***, кандидатот научно ги третира: македонскиот штит, македонскиот шлем, оклопот, штитниците за потколениците - кнемидите.

За македонскиот штит веќе постои обемна литература којашто кандидатот со научен респект ја вградува во дисертацијата, изнесувајќи детали околу малите и големите македонски штитови, нивната форма, димензии, материјали и претстави на монетите, односно на камената релјефна пластика, како и за соларната космичка симболика на штитовите, и за наодите на делови од штитовите на териториите на Грција и особено Република Македонија, штитовите на кралот Деметриј I Полиоркет од Старо Бонче кај Прилеп.

Посебно е значајна научната интерпретација на типовите македонски шлем, каде што кандидатот дефинира три различни вида: коринтски, три типолошко развојни фази на грчко-илирскиот и македонски шлем. Во поглед на македонскиот тип на шлем, карактеризиран со извишено ребро во вид на качулка или стилизирана глава на орел во литературата именуван сорсд тоа и како фригиски, токму поради тоа што бил носен исклучиво од македонската војска, кандидатот го истакнува називот македонски тип на шлем. Тој се појавува во времето на Филип II, а познати примероци се најдени во Вергина, од Лихнид и градот на Исар кај Марвинци.

Кандидатот м-р Ангеловски го истражувал оклопот на македонската војска и врз база на релјефната пластика, пишуваните антички извори и примерите откриени во археолошките истражувања, дефинира два типа на оклоп плочкаст и граден оклоп.

Бидејќи се смета дека кнемидите или штитниците за потколениците, во 4 век пр. н.е. излегуваат од употреба кај Хелените, кандидатот ја наведува хипотезата дека кнемидите биле специфика на македонската војска.

Во третото потпоглавје ***Опсадни справи***, кандидатот ги третира овенот, опсадните кули македонскиот катапулт.

Во четвртото поглавје ***Претстави на оружје на македонските монети***, кандидатот м-р Ангеловски посебно студиозно се фокусира на видовите оружје што се претставувани на монетите на античките македонски кралеви. Анализата на овој дел од трудот се базира повеќе врз авторитети кои се занимавале со оваа проблематика од Република Македонија (Н. Шелдаров, В. Лилчиќ, К. Ристов), но тој не ги запоставува научните изводи на странските учени како Р. Васиќ, Г. Т. Грифит, М. Ј. Прајс, М. М. Меркл. Ангеловски во ова поглавје ги лоцира античките македонски кралеви кои во своите монети втиснувале претстави на оружје: Александар I, Пердика II, Архелај, Филип II, Александар III, Касандар, Филип V, Персеј и други. Паралелно ги анализира претставите и изнесува консеквентни заклучоци за копјата - сариси, штитот, шлемот, мечот, тризабецот, двете форми на лакот и стрелите, харпата која единствено не е позната како наод во материјалната култура освен како претстава на монетите на Филип V и Персеј.

Петтото поглавје, ***Развојот на воената тактика во античкото кралство Македонија***, претставува посебно продлабочен текст, заснован врз најрелевантните извори и научни авторитети, за прашањето на раноантичката воена формација во кралството Македонија која во класичниот и хеленистичкиот период усовршува посебна воена техника за напад и одбрана со што под водството на енергичните вешти воени стратези, македонските кралеви, успева да го освои сиот тогашен цивилизиран свет и долго време да ја обезбедува воено-стратегиската супремација во Источниот Медитеран на копно, но и на море. Уште првите македонски кралеви почувствувале потреба да ја унапредуваат војската но и тактичко-стратегиските вештини. м-р Б. Ангеловски го следи организирањето на пешадијата и коњаницата под Пердика II, Архелај, и понатаму во текот на 4, 3 и 2 век пр. н.е. Истакнати се напорите на Архелај за оформување на воени упоришта и тврдини за одбрана на северните и јужните граници на Македонија. Во анализата на големата реорганизација на војската под Филип II, м-р Ангеловски во детали го опишува оформувањето на тогашната нова воено-стратегиска формација - фалангата составена од збиениот ред тешка пешадија. Но Ангеловски посветува внимание и на павидум споредни детали, какви што се на пример, логистичките помошни операции на грижа за опремата, бројноста и улогата на слугите, обврската на војниците за 30-дневно носење храна во текот на летните воени кампањи итн.

Во ова поглавје дознаваме за модалитетите на ракувањето со тешкото и лесното оружје, за видовите воени единици (декадарх, лохос), за т.н. Другарска пешадија на кралот, за синхронизираното дејствување на коњаницата и пешадијата, за Филиповата тактичка новина - формацијата клиновиден удар, за лесно вооружените трупи.

Освен тоа, кандидатот во ова поглавје ги анализира позначајните битки во кои била искалувана и моделирана античката македонска воена стратегија и тактика. Битката кај Херонеја на 2 август 338 година пр. н.е. кога Филип II катастрофално ги поразил силите на сојузните војски на Атина, Теба и Беотија. Битките на Александар III кај Гавгамела и Ис во кои младиот крал, којшто се истакнал многу пред тоа како водач на левото крило кај Херонеја, сега во спојот на извонредно истренираното чувство за приспособување на воената тактика на конкретните теренско-топографски околности, логистичката поддршка и особено лесните извиднички одреди преку кои ги креирал конкретните тактичко-стратегиски постапки што му носеле максимално ефектни победи во битките. М-р Б. Ангеловски воедно го проценува и фаталниот концепт на војувањето на персискиот цар Дариј. Во продолжение е претставен периодот по смртта на Александар III, кога воената формација, тактика и стратегија остануваат речиси непроменети. Јадрото на војската и натаму била тешката пешадиска фаланга во координација со десната елитна пешадиска фаланга (хипасписти, бронзени или сребрени штитови), елитната коњаничка единица, кралската гарда - агема, за врска меѓу пешадијата и елитната Другарска коњаница на десната страна каде што бил позициониран кралот, левото крило со лесната коњаница , странските платеници како составен дел на војската кои бројно се

зголемиле во периодот по смртта на Александар III и резервните воени единици поставувани во задниинската линија на фронтот.

Кон крајот на ова поглавје м-р Ангеловски во детали ја проучува военаta стратегија под антигонидската династија паралелно следејќи ги и видовите оружје, воените единици и формации и самите битки.

Во обемното завршно поглавје, кандидатот м-р Ангеловски ги сублимира сознанијата за територијалниот и воено-стратегискиот експанзионистички подем на кралството Македонија во историскиот сегмент на раната антика, поконкретно во класичниот и хеленистичкиот период, кога кнежевствата се спојуваат во единствена држава, под еден крал. И тогаш, кога во познатите континентални околности на интересот на хеленските градови виа своите крајбрежни колонии, за експлоатацијата на рудните и други ресурси од внатрешноста, тие ги донесуваат на раноантичкиот македонски праг, своите војски од југот, кога од зад протоисторискиот превез константно атакуваат врз Македонија, од северозапад Илирите, од север Дарданците, од североисток тракиските племиња, инвентивните македонски кралеви ја оформуваат најсовршената дотогаш позната воена формација и систематично работејќи на нејзиното усовршување во најразлични околности, не само што успеваат супериорно да ги одбијат северните и јужните закани туку и да го втиснат печатот на името Македонија врз тогашната светска цивилизација.

Кандидатот м-р Бошко Ангеловски, со години наназад ги проучуваше античките оружја, војските и војувањето во источно медитеранскиот простор, така што во неговата дисертација финално ги заокружи сопствените долгогодишни теренски и кабинетски научни проучувања на оваа проблематика низ големиот број дела на авторитетите од светската археологија, историја како и археолошките локалитети во просторите на античкото кралство Македонија. Дисертацијата на м-р Б. Ангеловски претставува прв обемен научен труд во кој е оформена детална, научно поткрепена слика за оружјето во античкото кралство Македонија.

Според тоа, цениме дека кандидатот м-р Бошко Ангеловски во специфичен комбиниран научен метод ја проучил проблематиката на оружјето, тактиките и стратегиите во античка Македонија и создал единствена научно издржана слика на оваа материја, градејќи ја преку елементите на историското обединување на Долномакедонското кралство со горномакедонските кралства, преку еволуцијата на административно-територијалните граници на кралството и поважните цивилизациски центри, секако места на производство - работилниците на античкото македонско оружје.

М-р Б. Ангеловски успеал да изведе комплетна и детална типологија на античкото македонско оружје за напад и одбрана како и основните видови опсадни направи, базирана врз бројни откриени примери од повеќе локалитети и земји, со што македонската современа наука доби досега неелабориран научен квалитет за македонското оружје од трите територии во кои било оформено кралството Македонија во раната антика.

Важен дел од научниот квалитет на трудот претставува проучувањето на претставите оружје на монетите на македонските кралеви.

Кандидатот посветил посебно внимание на проблемите на развојот на воените тактики и стратегијата на војувањето на античката македонска војска, основните и специфичните видови оружје, потоа низ развојот на основните видови воени единици за напад и одбрана во пешадијата и коњаницата. Тој го проучувал во детали феноменот на македонската фаланга како и проблемот на воените гарнизони коишто античките македонски кралеви ги оформувале во новоосвоените територии.

Во овој контекст на пример се истакнува проблемот на посебно оформувани фортификации од страна на македонските кралеви за контрола и одбрана на патиштата, градовите и териториите, што е интензивно присутен во подрачјето на денешна Република Македонија но, се чини, се уште недоволно проучен и познат во нашата и светската наука. Античките македонски кралеви оформувале тврдини на извонредно истакнати и поволни стратегиски точки со цел да контролираат одредени локални племиња и народи, патни комуникации или, пак, северната граница на кралството што биле константно предмет на пробиви од страна на бројни непријателски племиња од зоните на денешна Северна Албанија, Косово и од северните територии. Еден од доказите за тоа се бројните монети откривани на овие места, македонското оружје, но и типичните македонски техники и опуси на воени фортификации, а сето тоа е опишано или индиректно цитирано во дисертацијата на кандидатот м-р Б. Ангеловски и на тој начин неа ја чини посебно квалитетна.

Конечно, имајќи ги предвид, применетата научна методологија во создавањето на трудот во чии рамки кандидатот студиозно прибрал обемен и конкретен научен материјал од релевантни дела од нашата и светската научна мисла за македонското оружје, за примероците оружје од нашите и светските музеи, галериите и збирките, при што создал единствена, научно издржана слика на оружјето во комбинација со нумизматичкиот материјал за истата проблематика и аспектите на тактиките и стратегиите на војувањето конектирани со античките македонски фортификации, цениме дека кандидатот м-р Бошко Ангеловски ја создал првата обемна слика на предложената проблематика, што претставува оригинален прилог кон македонската и светската современа наука.

Комисија
Проф.д-р Виктор Лилчиќ с.р.
Проф.д-р Анета Шукарова с.р.
Проф.д-р Милан Бошкоски с.р.
Доц.д-р Марјан Јованов с.р.
Доц. д-р Антонио Јакимовски с.р.

**ПРЕГЛЕД**

на одобрени теми за изработка на **докторска дисертација** на **Економскиот институт** во Скопје

| *Ред. бр.* | *Име на кандидатот* | *Наслов на темата* | *Комисија за утврдување на подобност* |
|---|---|---|---|
| *1.* | м-р Елена Парнарџиева-Станоевска | Влијанието на информационата економија врз управувањето со банкарските ризици-меѓународни практики, состојби и перспективи во Република Македонија | 1. д-р Драгољуб Арсовски<br>2. д-р Билјана Ангелова<br>3. д-р Снежана Костадиноска-Милошеска |

| *Ред. бр.* | *Име на кандидатот* | *Наслов на темата* | *Ментор* |
| --- | --- | --- | --- |
| *1.* | Сандра Шуманева | Државната регулацијаво функција на подобрување на перформансите на македонската економија | д-р Димитар Ефтимоски |
| 2. | Агим Цафери | Интегрирани анализи на работењето со користење на рацио показатели и нивна практична примена | д-р Билјана Ангелова |
| 3. | Самоил Малчески | Реформи на јавните комунални претпријатија во Република Македонија -форми и модели на реализација | д-р Билјана Ангелова |

# ПРЕГЛЕД

на пријавени теми за изработка на магистерски труд прифатени
од Наставно-научниот совет на Машински факултет-Скопје
на седницата одржана на 1.4.2010 година

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Тони Петрески | Техничките прегледи на возилата во Република Македонија и активностите за услогласување на македонските со европските регилативи | Проф. д-р Тодор Давчев |
| Иљчо Јованоски | Енергетска ефикасност на пречистителните станици за отпадни води | Проф. д-р Томислав Златановски |

Декан

Проф. д-р Атанас Кочов

**ПРЕГЛЕД**
**на прифатени теми за изработка на магистерски труд**
**на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Кирил Крстевски | Застапеност и географска распространетост на инфекцијата со вирусот на син јазик на територијата на Република Македонија | |
| Kiril Krstevski | Prevalence and geographical distribution of Bluetongue virus infection in the Republic of Macedonia | |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Правен факултет "Јустинијан Први"
бр. 03-270/
9 - 7 200 год.
СКОПЈЕ



# РЕЦЕНЗИЈА
# НА ТРУДОТ „ФИЛОЗОФИЈА НА ПРАВОТО" ОД АВТОРОТ АКАДЕМИК ВЛАДО КАМБОВСКИ

На 17. седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет "Јустинијан Први", одржана на 25.2.2010 година, бев определен за ревензент на ракописот/учебникот по предметот "филозофија на правото" од акад. проф. д-р Владо Камбовски по предметот "филозофија на правото", што се изучува во првиот циклус, петти семестар на правните студии, со 7 ЕКТС кредити.

Иако трудот, како целина, ми беше предаден непосредно по погоре споменатата седница на Наставно – научниот совет, напоменувам дека со одделни делови од содржината на трудот бев од порано запознаен. Така, најпрво одделни делови (како, на пример, главите I и II: „поим предмет и метод на филозофијата на правото" и „еволуцијата на филозофско-правната мисла") беа вклопени во наставната содржина на оваа дисциплина во рамките на првиот семестар од учебната 2010/11 година. Воедно, во текот на изминатите неколку месеци, акад. Камбовски мене, како на предметен наставник по научната дисциплина „филозофија на правото" сукцесивно ми доставуваше одделни поглавја од материјата (главите V и VI: „Правна гносеологија" и „Правна логика". Ова е само потврда на фактот дека акад. Камбовски години наназад интензивно се занимавал со проучување на оваа материја за, на крајот, годинава целосно да ја заокружи.

Трудот/учебникот опфаќа вкупно 350 страници текст со учебникарски проред и со 10 страници библиографски единици.

Самиот труд е структуриран во седум тематски поглавја и тоа: Глава прва: *Поим, предмет и метод на филозофијата на правото;* Глава втора: *Еволуција на филозофско-правната мисла*; Глава трета: *Онтологија на правото*; Глава четврта: *Правна аксиологија*; Глава петта: *Правна гносеологија;* Глава шеста: *Правна логика,* и Глава седма: *Правна херменевтика.*

Авторот, уште во самиот пристап, во првиот дел, при определувањето на поимот и предметот на оваа научна дисциплина, укажува на извонредното нејзино значење за целовитоста во поимањето на правниот феномен. Во оваа смисла, авторот ќе констатира дека: „Филозофијата на правото е врвно и најдлабоко знаење за правниот свет, односно за вкупноста на правните феномени и сите облици на изразување на правниот живот, структурирано како единство на *правната онтологија, правната аксиологија и правната гносеологија.*"

Бројните суптилни прашања поставувани од авторот во повеќе наврати во воведниот дел, како на пример: зошто е некое однесување забрането или наредено? каква е смислата на државната присилба? според кои мерила е пропишана правната забрана или наредба, колку е таа справедлива? што е правдата? дали некој случај е правно решен според мерилата на правдата? како и редица други, упатуваат на констатацијата дека филозофирањето започнува таму каде што запираме на збунувачкото прашање: *каква е*

*вистинската смисла на некоја појава, вредносен суд, определено мислење или сознание како да ги објасниме нивните причини.*

Во прилог на ова ќе додадам дека, освен само воведот и теоријата на правото (иако со инклинирање според нормативистичкото поимање на категоријалниот систем), покрај комплексната поставеност на филозофијата на правото во изучувањето на правниот феномен скоро и да нема други дисциплини кои, во рамките на правните студии, за себе можат да речат дека се ослободени од позитивноправниот пристап во проучувањето на правото, пристап кој, не ретко, е и догматизиран.

За потребата од конституирање и развивање на една ваква научна дисциплина, особено во време на транзиција во каква денес се наоѓа и Република Македонија, авторот го дава следниов одговор: „Филозофијата на правото ја подготвува и ја развива правната мисла, спознавајќи го правото како посебен феномен во светот и општеството како негов дел... Нејзина битна антрополошка функција е создавање мисловен свет за правото, кој за свое исходиште и финална цел го има човекот, односно филозофската претстава за човекот".

Во однос на изучувањето на позитивното право и неговата примена, филозофијата на правото, констатира авторот, има неспорно практично значење, зашто нејзиното објаснување на смислата, функциите и целите на правото има конкретна употребна вредност. Самото објаснување на смислата, идејата на правото, имплицира определено негово толкување и разбирање, според законите на логичкото мислење кое се потпира врз релевантни аргументи.

Развивањето на филозофијата на правото како теоретска дисциплина е од посебно значење и за *создавањето на правото* и конципирањето на неговите основни начела. Според авторот, филозофијата влијае врз доминантните идејни и политички, но и *културни и цивилизациски стојалишта* во општеството што потем се обликуваат како основни принципи на правниот систем на државата и институти на одделни гранки на правото. Сето ова, конечно, се одразува и врз ограничувањето на политичката арбитрарност на јавната власт, зашто „власта која го создава и го применува правото, без да ги уважува неговите рационални принципи и идеи, лесно заглибува во тоталитаризам и политичка арбитрарност!"

За филозофијата на правото, акад. Камбовски, како и бројни други теоретичари, за разлика од правната наука, која поаѓајќи од синтетизираното правно искуство (позитивното право, правото во примена) и со користење на емпириски методи ги формулира своите научни закони, филозофијата на правото е во потрага по *рационалните причини и битноста на правото*, значи **по нешто што претходи на правните норми и во нив импрегнираното искуство.**

Предметот на филозофијата на правото, според Хегел, *е идејата на правото, неговото битие, суштина и поим, основа и улога во светот, неговите вредности и значајности, неговата улога во животот на човекот, општеството, државата и целокупното човештво.* Колку и да постојат и други сосема поинакви определби за предметот и местото на филозофијата

на правото во редот на општествените научни дисциплини, сепак, не можеме да се отргнеме од впечатокот дека тука станува збор за основната, најзначајната, фундаменталната дисциплина од редот на правните дисциплини. Преку оваа дисциплина се развива *општата мисловна основа на сфаќањата за поимот и суштината на правото како единство на надискуственото и искуственото, претправното и позитивноправното.*

Уште во пристапните беседења, авторот како круцијално прашање го поставува прашањето за односот на корпусот на општествени (и, посебно, правно-политички) науки кај нас во однос на статусната положба, местото, (не)развиеноста, опфатот и кредибилитетот на филозофијата на правото. Фактите упатуваат на тоа дека, кај нас, и тоа во крајно неразвиен облик, филозофијата на правото на правните студии во Скопје е воведена во 1994 година. Според авторот, главна причина за нејзиниот низок почетнички статус е „уверувањето дека, едноставно, покрај теоријата на државата и правото е речиси ненужно да се развива и филозофија на правото." Се разбира дека таквото стојалиште за правникот и правната наука како целина има погубни ефекти. Ова од причина што, теоријата на државата и правото е „правна дисциплина ориентирана кон теоретска експликација на позитивното право. Таа *премалку* навлегува во објаснување на *претправната, надискуствената природа, идејата на правото.*" Во истозначна смисла, авторот, исто така, тврди дека во рамките на теоријата на државата и правото се уште постои нераскинлива „сијамска врска" на правото со државата, односно сфаќањето за правото како инструмент на државната присилба, сфаќање кое во целост одговара на догматскиот поглед заснован врз аподиктичко тврдење *дека правото не е ништо друго освен продолжена рака на политиката.* А ваквото сфаќање нужно води кон детерминизам во смисла на тоа дека *се е легитимно и објасниво и нема потреба од натамошни збунувачки прашања.* Се разбира, горново од аспект на марксистичкото сфаќање за државата како класна категорија која им служи на интересите на владејачката класа.

Токму од погоре изнесените како и редица други причини, вистинското втемелување на филозофијата на правото како една од базичните наставни дисциплини е еден од врвните приоритети на правничката едукација. Во таа смисла треба што побргу и поефикасно да се отстранат идеолошките причини од делумно изворната, но и догматизираната и извитоперена марксистичка мисла која е сериозна пречка во продлабоченото и вистинско поимање на феноменот право.

Трудот на акад. проф. д-р Владо Камбовски во облик на учебник по филозофија на правото, претставува вистинско освежување и продлабочено сознавање на феноменот право од онтолошка, аксеолошка, антрополошка и гносеолошка гледна точка. Најпосле, пред пошироката научна и стручна, но и студентска јавност, се појавува дело кое со продлабочена експликација и во една интегрална смисла го објаснува феноменот право не само како нормативноправна, позитивноправна, туку и како онострана, претправна, надискуствена онтолошка појава. Имено, за правникот не е само значајно да оперира со позитивноправните поими (како, на пример: хиерархија,

субординација, суверенитет, правна сила, правосилност, извршност итн.), туку и да знае, исто така, дека правото како натправна, праправна, надискуствена и филозофско-спекулативно поимна категорија, значи нешто многу повеќе од примена на гола државна принуда, послушност, табуизирана и тотемизирана позитивноправна норма и дека правичноста, правдата и справедливоста се нешта тесно поврзани со човековата природа и човековото битие.

Одговори на овие и бројни други прашања, акад. Камбовски ни дава низ трудот/учебникот кој, да го констатираме и тоа, е првенец од таков вид во правно-политичката литература кај нас.

Да го споменам уште и тоа дека стилот и јазикот на кој е пишуван трудот е лесно разбирлив и со високо ниво на приемчива експликација на сите наставни единици што, пак, кај студентите, барем врз основа на материјалот што и досега се користеше во наставниот процес, предизвикува особен интерес.

Како за прво издание на една толку сериозна, полезна, но и апстрактна материја во нашата средина, добро е што, безмалку првични сознанија се даваат и за правната логика и павната херменевтика, материја која може но и не мора да е во корпусот на филозофијата на правото. Во бројни средини, надвор од нашата, посочениве области се развиле како самостојни наставни дисциплини.

Конечно, имајќи ја предвид целината на овој труд, неговото несомнено огромно значење што ќе го има на планот на претстојниот развиток на бројни нови правни дисциплини, *имам чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје да му предложам учебникот „Филозофија на правото од акад. Владо Камбовски да го прифати како основна литература по истоимената наставно-научна дисциплина.*

*Во Скопје,*
*11.3.2010*

Рецензент

Проф. д-р Димитар Бајалџиев с.р.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 02-278/
9-7 ...
Скопје



# РЕЦЕНЗИЈА
# НА УЧЕБНИКОТ „ФИЛОЗОФИЈА НА ПРАВОТО“
# ОД АВТОРОТ АКАД. ВЛАДО КАМБОВСКИ

Врз основа на одлуката на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ донесена на неговата 17. седница, одржана на 25 февруари 2010 година, определен сум за рецензент на ракописот за учебник по предметот филозофија на правото од акад. проф. д-р. Владо Камбовски, наменет за учебник по предметот филозофија на правото, што се изучува во првиот циклус на правни студии, петти семестар, со седум ЕКТС- кредити.

Се работи за прво издание на учебникот, број 350 страници со учебникарски проред и со 10 страници библиографски единици. Учебникот опфаќа 7 глави, и тоа: Глава прва: *Поим, предмет и метод на филозофијата на правото;* Глава втора: *Еволуција на филозофско-правната мисла;* Глава трета: *Онтологија на правото;* Четврта глава: *Правна аксиологија;* Глава петта: *Правна гносеологија;* Глава шеста: *Правна логика;* и, Глава седма: *Правна херменевтика.* Следствено, ракописот е во согласност со наставната програма и предвидената наставна материја за предметот филозофија на правото, како и во обем на утврдениот број страници според ЕКТС- системот на настава.

Со оглед на тоа дека се работи за прво издание на учебник по предметот филозофија на правото кој на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје се изучува од 1994 година, најпрво би сакал да укажам на големото значење токму на овој факт и да ја изнесам мојата целосна согласност со две значајни констатации на акад. Владо Камбовски изнесени во воведните делови на ракописот на учебникот: *Вовед: значење на филозофијата на правото и нејзиниот статус* и *Потреба од развивање на филозофијата на правото.*

Најпрво, целосно се согласувам со неговата критичка оцена дека е недозволиво филозофскиот третман на правото во научно-наставната ориентација и традиции на Правниот факултет „Јустинијан Први“ да биде игнориран, а уште помалку неразвиеноста на оваа научна дисциплина и наставен предмет да не предизвикува речиси никаква научна вознемиреност. Се согласувам дека треба да се напушта фокусираноста, негувањето и оптовареноста исклучиво само со правно-позитивистичкиот пристап во изучувањето и наставата за правото, кој многу често потоа во правната практика се сведува на грубо граматичко правно-позитивистичко читање и толкување на правните норми, без да се води сметка и да се има развиен и вешт „правен ум“за да се препознаат и штитат, пред се, правните вредности на кои се темели нашиот уставноправен поредок, а во одлучувањето за човечките животи, човечките материјални и духовни вредности и граѓанските и човековите права да не се разбираат, дури и на едно елементарно ниво, на пример, концептите на правда и правичност, а особено концептите за претправноста (и преддржавноста!) на цел корпус човекови и граѓански права на кои се темелат теоретската мисла, законодавството и правосудството на западната цивилизација до денешни дни. Оттука, на новите генерации правници и консеквентното практикување на правната професија во Република Македонија, Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје треба низ наставата да им го задава предизвикот и да им го отвори „правниот ум“ и кон претправната, онтолошката, аксиолошката и гносеолошката димензија и прашања на правото и за правото. Филозофијата на правото, било како научна, било како наставна

дисциплина, не е ноторно извикувана „аристократија на правото„ и некаков „лукеуз„ наменет само за апстрактно академско промислување на правото по професорските кабинети, туку, како што укажува и авторот на ракописот на учебникот, акад. В. Камбовски, има неспорно практично значење и употребливост зашто, како што истакнува тој: „нејзиното објаснување на смислата, функциите и целите на правото има конкретна употребна вредност за правниците-практичари (судии, јавни обвинители, адвокати и други).....во рамките на законот, судијата треба да ја изнајде вистинската мера на правдата. Во таквото „изнаоѓање на правото" и примената низ конкретна мера на правдата, во конкретниот случај судијата постапува како *практичен филозоф* кој мора да ги познава идеите и вредностите на правото".

Второ, сметам дека со издавање на учебник по предметот филозофија на правото од акад. Владо Камбовски ќе започне да се надминува еден сериозен проблем и пропуст во нашата правна наука и правни студии, имено, „огромната дискрепанца" помеѓу нашата правна мисла и развитокот на правната мисла во светски рамки, а особено на, за нас, релевантните европски правни факултети, секако, во делот на филозофијата на правото. На сите нас кои подолго ја следиме оваа научна дисциплина и имаме подолго искуство во нејзиното изведување низ наставата на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, ни е добро познато дека филозофијата на правото, особено низа нејзини релативно понови филозофско-правни школи и правци, одамна се излезени од академско-универзитетските кругови и имаат сериозно влијание како во правосоздавањето, така и во правораздавањето не само во рамките на националните правни поредоци, туку и на ниво на еден се поактуелен плуралистички концепт и поврзаност меѓу националните и наднационалните правни поредоци, како, на пример, оној на Европската унија. Уште повеќе, серија модерни правно-филозофски правци и автори имаат големо присуство и влијание во јуриспруденцијата како на националното редовно и уставно судство, така и на меѓународните или супранационалните судски инстанци, како што се, на пример, Европскиот суд за човекови права и Судот на правдата на Европската унија. Следствено, апсолутно не е дозволиво идните правници во Република Македонија да се стекнуваат со солидни познавања само во однос на историската еволуција и наследство на филозофско-правната мисла, а со која, мора да укажеме, нашите студентите и досега солидно се запознаваа преку предметите кои од почетоците на нашиот Факулет беа или се актуелно вклучени во наставните програми на додипломските и постдипломските студии: *теорија на државата и право, наука за политиката, современи теории за државата и правото, вовед во правото, теорија на правото и политикологија.* Напротив, особено е важно нашите студенти да добијат солидни знаења и од областа на поновите модерни и постмодерни правно-филозофски правци како што се, на пример, економската анализа на правото, феминистичката филозофија на правото, егзистенцијализмот и постмодернизмот. Дополнително, во наставата по предметот филозофија на правото не треба пренагласено да се изучуваат само континентално-европските правно-филозофски традиции (на пример, рационалното природно право, императивната теорија на правото, германската идеалистичка филозофија на правото, правно-позитивистичките и нормативистичките теории на правото, итн.), туку многу потемелно да се изучуваат и оние од англосаксонското правно подрачје, со оглед на нивното се поголемо влијание врз модерната европска правна мисла, а особено европската јуриспруденција, како, на пример, школите на правниот реализам, аналитичката

јуриспруденција (Харт), теоријата за внатрешната моралност на правото (Фулер), теоријата за природното право (Финис), теоријата за правото како целосност (Дворкин), теоријата на правдата на Џон Ролс итн. Гледано од овој аспект, сметам дека пристапот на акад. В. Камбовски во ракописот на учебникот солидно ќе ја постигне целта и ќе преставува почеток на надминување на ваквиот пропуст, бидејќи во *Глава втора: Еволуција на филозофско-правната мисла* се следи токму ваквата потреба во изведување на наставата по предметот филозофија на правото, каде што на многу јасен и концизен начин се претставени и модерните и постмодерните правно-филозофски правци од континентално-европското и англосаксонското правно подрачје.

За потребите на наставата по предметот филозофија на правото верувам дека студентите добиваат многу јасен и лесно совладлив вовед и знаења во релативно комплексната материја и прашања на онтологијата на правото, изнесена во *Глава трета: Онтологија на правото*. Акад. В. Камбовски прави многу прецизно и логично движење низ материјата. Најправо, објаснувајќи ги поимот и предметот на онтологијата на правото, со ударен и, според нас, од наставно-методолошки аспект сосема правилен пристап на објаснување на односот меѓу битноста и битието на правото, како и разликата меѓу битноста и небитноста во правото, и тоа не само низ призмата на клучните и највлијателни општофилозофски стојалишта, туку и преку еден свеж, индуктивен и оригинален пристап во нашето учебникарство. Имено, со поврзување на онтолошкото прашање со примери од позитивното право и правната, односно судската практика, со што, веруваме, пред студентите ќе се демистифицира не само материјата на онтологијата на правото, туку и често оспоруваната нејзина релевантост и употребна вредност за нивното правничко образование и практикување на правната професија. Потоа, се внесува проблематиката на различните поимања на правото и серијата на онтолошки проблеми кои произлегуваат од тоа, вклучително и пристапот на влијателната аналитичка јуриспруденција на Харт, како и највлијателните и се уште актуелни пристапи во поимањето на правото и онтолошките прашања за основната карактеристика на правото, неговата содржина и функции: нормативистичките, социолошките (фактицистички), интегралните и јуснатуралистичките. Следува проблематиката на еволуцијата на онтолошките погледи врз правото, со што студентите ќе се здобијат со јасна претстава за главните пресврти во онтологијата на правото и ќе добијат сосема јасна слика за се уште актуелната „борба" меѓу правниот позитивизам и јуснатурализмот. Повторно, голема предност на пристапот на акад. В. Камбовски е што овие пресврти и еволуција ги става, на еден неекстензивен но сосема јасен начин, во нивниот правно-историски контекст, со што на студентот по право му се разјаснува поврзаноста на (апстрактната) онтолошка еволуција со реалните општествено-политички и правни процеси (на пример, повторното реафирмирање на правната филозофија на јуснатурализмот во Европа, пост-трагичните искуства со правото на нацизмот и сталинизмот, клучните правни документи низ кои тоа е изразено, на пример, Универзалната декларација за човековите права од 1948 година). Конечно, во овој дел се обработува проблематиката за исправноста на правото и нејзините основни критериуми (човековата слобода, правдата, сигурноста и поредокот и хомоцентричната целесообразност), мошне важна за образованието на идните правници, при што сосема е јасен напорот на авторот идните правосоздавачи и правораздавачи да го разберат правото како социјален феномен ( по традициите на „духот на законите" на Монтескје и влијателниот концепт на Г. Радбрух за

определеноста на правото од правната граѓа) и во оваа смисла, централноста на познавањето на проблематиката на правната антропологија. Во овој дел, како и подоцна во *Глава четврта: Правна аксиологија*, најмногу доаѓа до израз воведно декларираната и главната амбиција на акад. В. Камбовски со овој свој ракопис и во форма на учебник на нашите студенти по право и идните генерации на правници да им ја пренесе сета правно-филозофска традиција, со цел тие да ја разберат насушната важност на нивната идна (и благородна!) професионална мисија на заштитници на човековата слобода во македонското (транзиционо и посттранзиционо) општество, преку објаснување на правно-филозофските концепти на моралната и правната слобода ( но со научно-објективен пристап и стекнување на релевантни сознанија и за детерминистичките и за индетерминистичките филозофски стојалишта за човековата слобода) и идејата за правдата како „супстанција, цел и водечка идеја на правото" (Г. Радбрух) и исклучелно важниот однос на правдата со општествената стабилност (Џ. Ролс).

Во *Глава четврта: Правна аксиологија* од ракописот за учебник на акад. В. Камбовски, студентите добиваат одличен преглед и содржинска анализа на еволуцијата на главните аксиолошки пристапи во филозофијата на правото, повторно преку поврзување со историскиот контекст и клучните (меѓународно) правни документи заради подобра илустрација, демистифицирање и совладување на материјата. Истиот пристап продолжува и во однос на материјата за поимот и значењето на правната аксиологија, поимот и суштината на правната вредност и основната типологизација на правните вредности (општи, чисти и технички), кои се обработени на еден воведен и интересен начин, со вклученост на сите актуелности во врска со проблематиката, но без претерано оптоварување на студентот. Истовремено, токму водејќи сметка за релевантноста и употребната вредност на аксиологијата на правото за идните законодавци, судии, обвинители и другите практичари на правото, авторот најмногу и, според нас, сосема правилно, најекстензивно се задржува на прикажување и содржинско објаснување на клучните правни вредности, актуелни и за (практикување на) македонското право: човекот, неговата слобода и природните права како највисока вредност, мирот, редот и поредокот, правдата, вистината, општото добро, ефикасноста, правната сигурност, целесообразноста и аксиолошките аспекти, дилеми и контроверзи во врска со правната присилба и казната. Особено е за поздравување што акад. В. Камбовски на студентите им дава свое видување и им го отвора „прашањето за вредносната ориентација на правниот систем во општеството во транзиција" (како што е македонското), состојбите со аксиологијата на правото и нејзината релеваност, особено во создавањето, толкувањето и примената на правните норми во рамките на правната професија во Република Македонија. За идните генерации правници особено е значајно што авторот ја внесува на јасен и концизен начин и проблематиката на аксиологијата на правото на ЕУ, вклучително и преку осврт на аксиолошко-правната рамка на Лисабонскиот договор од 2009 година.

Ракописот на учебникот ја вклучува и правно-филозофската проблематика на правната гносеологија (Глава петта), правната логика (Глава шеста) и правната херменевтика (Глава седма). Се согласувам со потребата и важноста студентите да ја изучуваат и оваа проблематика, меѓутоа сакам да сугерирам дека во иднина овие тематски единици треба да се издвојат и тие треба да се развиваат како посебни предмети во наставата во рамките на

правните студии, без преголема оптовареност на студентите со нив низ основниот предмет филозофија на правото каде што, од причини што ги истакнав на почетокот, нагласката, напорот и фокусираноста на студентите треба да биде насочена кон совладување на основните и највлијателните правно-филозофски правци, онтологијата на правото, а особено аксиологија на правото. Дополнително, правната гносеологија, правната логика и правната херменевтика бараат поразличен и поспецифичен методолошко-наставен пристап од оној за правната онтологија и правната аксиологија. Впрочем, од споредбен аспект, тоа е и доминантниот пристап и искуство на повеќе правни факултети и студии по право. Во рамки на предметот филозофија на правото оваа проблематика треба да се покрие само воведно.

Врз основа на моето погоренаведено образложение и оцена, сакам да истакнам дека во целина земено ракописот за учебник на акад. Владо Камбовски сосема јасно, концизно, актуелно и методолошки иновативно ја обработува проблематиката на филозофијата на правото и верувам дека успешно ќе им ја пренесува оваа проблематика на студентите и затоа *имам чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје да му предложам учебникот „Филозофија на правото" од акад. Владо Камбовски да го прифати како основна литература по истоимената наставно-научна дисциплина.*

Во Скопје, 11 март 2010

Рецензент

____________________________

Проф.д-р Миодраг Мицајков с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПАТА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА АРХИТЕКТОНСКИОТ КОНСТРУКЦИИ ВО ИНСТИТУТОТ ЗА ВИСОКОГРАДБА ПРИ АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет, на својата 9-та седница одржана на 10.3.2010 година, нè избра за рецензенти за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања за групата предмети од областа на архитектонските конструкции при Институтот за високоградба на Архитектонскиот факултет во Скопје. Врз основа на поднесената документација и од увидот во неа, до Наставно-научниот совет на Факултетот до доставуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Биографски податоци

Кандидатот ас. д-р Огнен Марина е роден на 3.2.1972 година во Скопје.

Студиите по архитектура на Архитектонскиот факултет во Скопје ги започнал во учебната 1991/92, а ги завршил во октомври 1997 година.

Во октомври 1997 година добитник е на наградата "26 Јули" на Фондацијата „Франк Манинг", која се доделува на најдобрите студенти од академиите и факултетите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Кандидатот наградата ја добил како најдобар студент на Архитектонскиот факултет.

Во мај 1999 година, по повод 50 години на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", добитник е на пофалница со пригоден златник за најдобар студент на Архитектонскиот факултет.

Во учебната 1998/1999 година бил ангажиран како демонстратор по предметот архитектонски конструкции 2.

Во март 2000 година е избран за помлад асистент на Архитектонскиот факултет во Институтот за високоградба по предметот архитектонски конструкции 2 и детаљ и обработка на архитектонски простор.

### 1.1. Образование

Со одбраната на дипломската работа (на 26.10.1997 година) на тема *Астрономска опсерваторија на Водно,* под менторство на проф. д-р Мартин Гулески, кандидатот се стекнал со звањето дипл.инж.арх. Дипломската работа е оценета со највисока оценка (10). Студиите ги завршил со просечна оценка 8,75.

Во учебната 2000/2001 година се запишал на постдипломските студии на Архитектонскиот факултет во Скопје. Постдипломските студии ги завршил во јули 2006 година со јавна одбрана на магистерскиот труд под наслов *Интегрално развивање на архитектонската форма низ интеракција на просторниот и материјалниот аспект – компаративна анализа на просторниот и тектонскиот аспект на примерот на индивидуални станбени објекти од модерната архитектура во град Скопје* и се стекнал со научен степен магистер по архитеткура и урбанизам. Магистерскиот труд го изработил под менторство на проф. д-р Тихомир Стојков.

Во февруари 2010 година ја одбранил докторската дисертација под наслов *Архитектонската форма како систем на динамички трансформации* (реферат, Билтен на УКИМ бр. 979/1.2.2010 година) и се стекнал со научен степен доктор на технички науки. Докторската дисертација ја изработил под менторство на проф. д-р Тихомир Стојков.

### 1.2. Работно искуство

Од мај 200 година кандидатот е вработен на Архитектонскиот факултет во Скопје, во Институтот за високоградба, како помлад асистент по предметите архи-

тектонски конструкции 2 и детаљ и обработка на архитектонски простор во продлабочената настава (Билтен на УКИМ бр. 752).

Во звањето помлад асистент е реизбран на 8.4.2004 година (Билтен на УКИМ бр. 847), а во звањето асистент е избран на 19.3.2007 година (Билтен на УКИМ бр. 914).

Од учебната 2009/2010 година, како асистент, учествува во изведувањето на вежбите и во дел од наставата по предметот архитектонски конструкции 1.

## 2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА, НАУЧНА И СТРУЧНА ДЕЈНОСТ

### 2.1. Наставно-образовна дејност (НО)

Во текот на својата десетгодишна работа како асистент по погоре наведените предмети, кандидатот д-р Огнен Марина се изградил во извонреден педагог со широк дијапазон на афинитети кон наставата и наставно-образовниот процес на Факултетот.

Овој негов капацитет особено е забележлив во работата со студентите, при што секогаш пројавувал особен интерес кон развивање на нивната критичка мисла за аналитичко размислување при совладувањето на знаењата. Темелен, методичен и креативно предиспониран за активно учество, развивање и унапредување на наставниот процес, тој постојано придонесува кон подобрувањето на организацијата на наставата внесувајќи притоа нови, свежи идеи.

Покрај во редовната настава по предметите за кои е избран, кандидатот учествувал во својство на ментор и секретар на Летната школа за архитектура што Архитектонскиот факултет традиционално ја организира во манастирот „Св. Јоаким Осоговски".

Во учебната 2009/2010 година е избран за координатор на првиот циклус на студиската програма според ЕКТС.

Во Анексот 2, кој е составен дел на овој извештај, подетално се наведени сите референци и активности на кандидатот од наставно-образовната дејност.

### 2.2. Научноистражувачка дејност (НИ + СУ)

Во периодот август 2002 – јуни 2003 година, во рамките на програмата за академска размена меѓу Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и Државниот универзитетот на Аризона (ASU, Arizona State University), Темпи, САД, во својство на научен истражувач, престојувал на Архитектонскиот факултет – Колеџот за архитектура и обликување на животната средина. За време на престојот на Државниот универзитет во Аризона, кандидатот покрај интересот за следење на одредени сегменти од наставата на Факултетот, пројавил особен афинитет кон истражување. Во таа смисла, соработувал со професорите Дејвид Пијавка (K. David Pijawka, Director, Letter of Reference/ June 11, 2003) и Нан Елин. Како резултат на оваа соработка, подготвил и одржал три јавни предавања:

- "Identity in City of Skopje", септември 2002;
- "Spatial model of Urban Form", април 2003;
- "Soft constructions", мај 2003

Исто така, зел учество и на конференцијата "Higher Education Issues Facing SEE" со труд под наслов "Connectivity as a Condition for Development of High Educations".

За време на престојот во САД остварил и неколку студиски патувања (Њујорк, Бостон и Лос Анџелес) и ја посетил Високата школа за дизајн (Gradsuate School of Design) на Универзитетот во Харвард во државата Масачусетс.

Во ноември 2003 година остварил студиски престој во Берлин како дел од техничката соработка на Архитектонскиот факултет во Скопје со GTZ, Германија.

Во склоп на работната група од Архитектонскиот факултет, во март 2006 година учествувал на Конференцијата за реформа на архитектонското образование во CARDS-земјите, што се одржа во Сараево (Р. БиХ).

Со свој труд и секциска презентација, во ноември 2009 година учествувал на меѓународната конференција „The Spatial Planning in Southeastern Europe Until the Second World War", одржана во Белград (Р.Србија).

Со свој труд, во февруари 2010 година учествувал на меѓународната конференција "Civil Engineering-Science and Practice", одржана на Плав (Р. Црна Гора). Трудот е публикуван во Зборникот на трудови на Конференцијата.

Во Анексот 2, кој е составен дел на овој извештај, подетално се наведени сите референци и активности на кандидатот од научноистражувачката дејност.

## 3. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ (СА)

Забележливо е учеството на кандидатот ас. д-р Огнен Марина во доменот на стручната и апликативната работа. Од дипломирањето во 1997 година како самостоен проектант или соработник зел учество во изработката на повеќе архитектонски проекти. Во оваа прилика можат да се наведат следниве:

- Идејно решение за доградба на објектот на ИБМ во Скопје;
- Идејно решение за тренинг-центар на Македонски телекомуникации, Охрид;
- Идеен проект за станбено-деловен објект "Бран", Скопје;
- Идејно решение за Меморијалниот центар на АСНОМ во Пелинце (к);
- Идејно архитектонско-урбанистичко решение за плоштад "Македонија", Скопје (к);
- Идејно решение за надградба на ГТЦ, Скопје (к);
- Идејно решение за библиотека во Берово;
- Идејно решение за објектот на Македонската филхармонија, Скопје (к);
- Идејно решение за реконструкција на мостот на Маркова Река, Драчево;
- Идејно решение за пешачки мост на Кејот на реката Вардар, Скопје (к);
- Основен проект за ентериер на продажни салони на „Он Нет", Скопје,
- Реализација на станбен објект на ул. Нобелова, Скопје

Во Анексот 2, кој е составен дел на овој извештај, подетално се наведени сите стручни и професионални референци и активности на кандидатот од стручно-апликативната дејност.

## 4. НАГРАДИ

- Добитник е на главната награда на Биеналето на студентите по архитектура "БИСТА 95".
- Награда на стручното жири за најдобар ентериер на Биеналето на македонската архитектура БИМАС 98, за поќниот клуб "А Квадро" (група автори).
- Трета награда на конкурсот за архитектонско решение на фасадата на објектот Комплекс банки, Скопје
- Трета награда на конкурсот за тренинг-центар на Македонски телекомуникации во Охрид
- Трета награда на конкурсот за надградба на ГТЦ, Скопје
- Трета награда на архитектонскиот конкурс за реконструкција на мостот на Маркова Река, Драчево
- Откуп на конкурсот за партерно уредување на Градскиот плоштад во Скопје
- Откуп на конкурсот за Меморијалниот центар на АСНОМ во Пелинце.

## 5. ПУБЛИКУВАНИ ТРУДОВИ

Кандидатот д-р Огнен Марина во изминатиот период активно учествувал во објавувањето на пишани трудови во списанијата за архитектура: „Арһиш", „Порта 3" и „Актуел", во кои обработувал специфични теми од областа на архитектурата и феномените на просторот. Во оваа прилика можат да се наведат следниве:

- „Мое Маало" - „Арпин", бр. 2;
- Процесот на обликувањето се индивидуализира - „Порта 3", бр. 44;
- Проект Скопје – „Актуел", март 2001;
- „Архитектурата и насилството" - "Актуел", септември 2001.

Ас. д-р Огнен Марина е уредник на публикацијата „Урбан ИД – проект за градење на урбаниот идентитет на град Скопје", во издание на „ГРАДГРАД" и е автор на текстовите „Урбан идентитет" и „Меки конструкции" издадена во мај 2009

## 6. ОПШТЕСТВЕНА ДЕЈНОСТ

Кандидатот ас. д-р Огнен Марина е член на Асоцијацијата на архитекти на Македонија (ААМ) од 1997 година. Во периодот 2006-2008, бил член на Судот на честа на ААМ и член на организациониот одбор на БИМАС 2000.

Основач е и претседател на Здружението на граѓани за развој на урбаниот простор и урбаната култура на живеење „ГРАДГРАД".

Консултант е на Министерството за економија на РМ за организација на настапот на РМ на светската изложба ЕКСПО 2010 во Шангај.

Член е на управниот одбор на проектот „Создавање средини за воведување на енергетска ефикасност во градежните објекти во Р. Македонија", воден од Австриската агенција за енергетика и Агенцијата за енергетика на РМ.

Кандидатот ас. д-р Огнен Марина говори англиски и се служи и со францускиот јазик.

**Прилог: Анекс 2**

## ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Огнен Мирослав Марина**
**Институција:** **Архитектонски факултет - Скопје**
**Научна област:** **архитектонски конструкции**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред.бр | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Архитектонски конструкции I, I циклус студии, зимски семестар, 2009/2010 (56 контакт часа/семестар), 10 групи<br>Вежби: (24 часа/сем. x 0,03 x 5 групи) = 3,6 | 3,6 |
| 2. | Архитектонски конструкции II, I циклус студии, зимски семестар, 2009/2010 (56 контакт часа/семестар), 9 групи<br>Вежби: (24 часа/сем. x 0,03 x 4 групи) = 2,88 | 2,88 |
| 3. | Детаљ и обработка на архитектонски простор (стара програма), зимски семестар, 2009/2010 (4+8), 27 студенти (3 групи)<br>Вежби: (8 часа x 15 недели x 0,03 x 1 група) = 3,6 | 3,6 |
| 4. | Архитектонски конструкции II , I циклус студии, летен семестар, 2008/2009 (56 контакт часа/семестар), 9 групи<br>Вежби: (24 часа/сем. x 0,03 x 3 групи) = 2,16 | 2,16 |
| 5. | Архитектонски конструкции II (стара програма), зимски семестар, 2008/2009 (2+2), 76 студенти, 7 групи<br>Вежби: (24 часа/сем. x 0,03 x 3 групи) = 2,16 | 2,16 |
| 6. | Детаљ и обработка на архитектонски простор (стара програма), зимски семестар, 2008/2009 (4+8), 27 студенти (3 групи)<br>Вежби: (8 часа x 15 недели x 0,03 x 1 група) = 3,6 | 3,6 |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Архитектонски конструкции II , (стара програма), летен семестар, 2008/2009 (2+3), 74 студенти, 7 групи<br>Вежби: (3 часа х 15 недели х 0,03 х 4 групи) = 5,4 | 5,4 |
| 8. | Детаљ и обработка на архитектонски простор (стара програма), летен семестар, 2008/2009 (3+5), 27 студенти (3 групи)<br>Вежби: (5 часа х 15 недели х 0,03 х 1 група) = 2,25 | 2,25 |
| 9. | Архитектонски конструкции II (стара програма), зимски семестар, 2007/2008 (3+2), 112 студенти, 11 групи<br>Вежби: (2 часа х 15 недели х 0,03 х 6 групи) = 5,4 | 5,4 |
| 10. | Архитектонски конструкции II (стара програма), летен семестар, 2007/2008 (2+3), 110 студенти, 10 групи<br>Вежби: (3 часа х 15 недели х 0,03 х 4 групи) = 5,4 | 5,4 |
| 11. | Детаљ и обработка на архитектонски простор (стара програма), летен семестар, 2007/2008 (3+5), 30 студенти (3 групи)<br>Вежби: (5 часа х 15 недели х 0,03 х 1 група) = 2,25 | 2,25 |
| 12. | Архитектонски конструкции II, (стара програма), зимски семестар, 2006/2007 (3+2), 128 студенти, 10 групи<br>Вежби: (2 часа х 15 недели х 0,03 х 4 групи) = 3,6 | 3,6 |
| 13. | Архитектонски конструкции II (стара програма), летен семестар, 2006/2007 (2+3), 130 студенти, 10 групи<br>Вежби: (3 часа х 15 недели х 0,03 х 4 групи) = 5,4 | 5,4 |
| 14. | Детаљ и обработка на архитектонски простор (стара програма), летен семестар, 2006/2007 (3+5), 27 студенти (3 групи)<br>Вежби: (5 часа х 15 недели х 0,03 х 1 група) = 2,25 | 2,25 |
| 15. | Архитектонски конструкции II (стара програма), зимски семестар, 2005/2006 (3+2), 121 студенти, 10 групи<br>Вежби: (2 часа х 15 недели х 0,03 х 4 групи) = 3,6 | 3,6 |
| 16. | Детаљ и обработка на архитектонски простор (стара програма), зимски семестар, 2005/2006 (4+8), 21 студенти (3 групи)<br>Вежби: (8 часа х 15 недели х 0,03 х 1 група) = 3,6 | 3,6 |
| 17. | Архитектонски конструкции II (стара програма), летен семестар, 2005/2006 (2+3), 123 студенти, 10 групи<br>Вежби: (3 часа х 15 недели х 0,03 х 4 групи) = 5,4 | 5,4 |
| 18. | Детаљ и обработка на архитектонски простор (стара програма), летен семестар, 2005/2006 (3+5), 25 студенти (3 групи)<br>Вежби: (5 часа х 15 недели х 0,03 х 1 група) = 2,25 | 2,25 |
| 19. | Архитектонски конструкции II (стара програма), зимски семестар, 2004/2005 (3+2), 121 студенти, 10 групи<br>Вежби: (2 часа х 15 недели х 0,03 х 4 групи) = 3,6 | 3,6 |
| 20. | Детаљ и обработка на архитектонски простор (стара програма), зимски семестар, 2004/2005 (4+8), 21 студенти (3 групи)<br>Вежби: (8 часа х 15 недели х 0,03 х 1 група) = 3,6 | 3,6 |
| 21. | Архитектонски конструкции II (стара програма), летен семестар, 2004/2005 (2+3), 123 студенти, 10 групи<br>Вежби: (3 часа х 15 недели х 0,03 х 4 групи) = 5,4 | 5,4 |
| 22. | Детаљ и обработка на архитектонски простор (стара програма), летен семестар, 2004/2005 (3+5), 25 студенти (3 групи)<br>Вежби: (5 часа х 15 недели х 0,03 х 1 група) = 2,25 | 2,25 |
| 23. | Архитектонски конструкции II (стара програма), зимски семестар, 2003/2004 (3+2), 121 студенти, 10 групи<br>Вежби: (2 часа х 15 недели х 0,03 х 4 групи) = 3,6 | 3,6 |
| 24. | Детаљ и обработка на архитектонски простор (стара програма), зимски семестар, 2003/2004 (4+8), 21 студенти (3 групи) | 3,6 |

| | | |
|---|---|---|
| | Вежби: (8 часа x 15 недели x 0,03 x 1 група) = 3,6 | |
| 25. | Архитектонски конструкции II (стара програма), летен семестар, 2002/2003 (2+3), 123 студенти, 10 групи<br>Вежби: (3 часа x 15 недели x 0,03 x 4 групи) = 5,4 | 5,4 |
| 26. | Детаљ и обработка на архитектонски простор (стара програма), летен семестар, 2002/2003 (3+5), 25 студенти (3 групи)<br>Вежби: (5 часа x 15 недели x 0,03 x 1 група) = 2,25 | 2,25 |
| 27. | Архитектонски конструкции II (стара програма), зимски семестар, 2001/2002 (3+2), 118 студенти, 10 групи<br>Вежби: (2 часа x 15 недели x 0,03 x 4 групи) = 3,6 | 3,6 |
| 28. | Архитектонски конструкции II (стара програма), летен семестар, 2001/2002 (2+3), 114 студенти, 10 групи<br>Вежби: (3 часа x 15 недели x 0,03 x 4 групи) = 5,4 | 5,4 |
| 29. | Архитектонски конструкции II (стара програма), зимски семестар, 2000/2001 (3+2), 112 студенти, 10 групи<br>Вежби: (2 часа x 15 недели x 0,03 x 4 групи) = 3,6 | 3,6 |
| 30. | Учесник во настава - ментор на Летна школа за архитектура, сесија 2000 | 1 |
| 31. | Учесник во настава - ментор на Летна школа за архитектура, сесија 2008 | 1 |
| | **Вкупно** | **109,10** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред.бр | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одбранета докторска теза: „Архитектонската форма како систем на динамички трансформации" (2010) | 8 |
| 2. | Одбранета магистерска работа: „Интегрално развивање на архитектонската форма низ интеракција на просторниот и материјалниот аспект" (2006) | 4 |
| 3. | „Modeling Development of architecturalFormwith System of Cellular Automata" труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од меѓународен научен собир "Civil Engineering-Science and Practice", со меѓународен уредувачки одбор, Жабљак, Република Црна Гора, (2010). | 3 |
| 4. | Секциско предавање на тема „Urban Transformations of Skopje: Fragmented City-Legacy of History", на меѓународен научен собир „The Spatial Planning in SEE until the Cesond World War" со меѓународно учество, Белград, Република Србија, (2009). | 2 |
| 5. | Учество на научен собир: „Higher Education Issues Facing SEE" со реферат „Connectivity as a Condition for Development of Higher Education in SEE", Аризона Стате Университу, Феникс, Аризона, САД. | 1 |
| | **Вкупно** | **18,00** |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. бр | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Идејно архитектонско решение за доградба на објект на НБМ во Скопје (1999) | 2 |
| 2. | Идејно архитектонско решение за тренинг-центар на Македонски телекомуникации во Охрид (2000) | 2 |
| 3. | Идејно архитектонско решение за партерно уредување на плоштад "Македонија" во Скопје (2003) | 2 |
| 4. | Идејно архитектонско решение за Меморијален центар на АСНОМ во Пелинце (2004) | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 5. | Идејно архитектонско решение за надградба на ГТЦ во Скопје (2008) | 2 |
| 6. | Идејно архитектонско решение за објект на Филхармонија во Скопје (2008) | 2 |
| 7. | Идејно архитектонско решение за објект на библиотека во Берово (2007) | 2 |
| 8. | Идејно архитектонско решение за реконструкција на мост на Маркова Река во Драчево (2008) | 2 |
| 9. | Идејно архитектонско решение за пешачки мост на реката Вардар во Скопје (2009) | 2 |
| 10. | Изведен елемент од мебел за локали на Македонски телекомуникации во Скопје (2004) | 1 |
| 11. | Изведен елемент од мебел за локали на ОН НЕТ во Скопје (2007) | 1 |
| 12. | Изведен елемент од мебел за кафе-бар „Змија" во ГТЦ, Скопје (2006) | 1 |
| 13. | Изведен архитектонски објект на ул. Нобелова 5, во Скопје (2005) | 4 |
| 14. | Учество на архитектонско-урбанистички конкурс за тренинг-центар на Македонски телекомуникации (2000) – трета награда | 2 |
| 15. | Учество на архитектонско-урбанистички конкурс за Меморијален центар на АСНОМ во Пелинце (2004) – откуп | 2 |
| 16. | Учество на архитектонски конкурс за реконструкција на објект на НБМ во Скопје (2000) – трета награда | 2 |
| 17. | Учество на архитектонски конкурс за партерно уредување на плоштад „Македонија" во Скопје (2003) – откуп | 2 |
| 18. | Учество на архитектонски конкурс за реконструкција и доградба на објект на ГТЦ во Скопје (2008) – трета награда | 2 |
| 19. | Учество на архитектонски конкурс за реконструкција на мост на Маркова Река во Драчево (2008) – трета награда | 2 |
| 20. | Групно јавно претставување на архитектонско дело на БИМАС 1997 со изведен ентериер за објект Акводро-признание на БИМАС 1997 | 2 |
| 21. | Групно јавно претставување на архитектонско дело на БИМАС 2004 со проект за индивидуален станбен објект на ул. Нобелова, бр. 5 во Скопје | 2 |
| 22. | Групно јавно претставување на архитектонско дело на БИМАС 2006 со изведен индивидуален станбен објект на ул. Нобелова, бр. 5 во Скопје | 2 |
| 23. | Групно јавно претставување на архитектонско дело на БИМАС 2008 со реализација на ентериер за локали на Он нет | 2 |
| 24. | Групно јавно претставување на архитектонско дело на АСК 2001 со проект за станбено-деловен објект Бран на ул. Митрополит Теодосиј Гологанов во Скопје | 2 |
| 25. | Групно јавно претставување на архитектонско дело на АСК 2003 со проект за индивидуален станбен објект на ул. Нобелова, бр. 5 во Скопје | 2 |
| 26. | Групно јавно претставување на архитектонско дело на изложбата „40 архитекти под 40 години" во Истанбул во склоп на XXII Конгрес на УИА (2005) | 2 |
| 27. | Објавен авторски текст „Меки конструкции" во публикација „Урбан ИД – проект за градење на урбаниот идентитет во град Скопје" (2009). | 2 |
| | **Вкупно** | **53,00** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** Поени

| Ред. бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Автор на идеен архитектонски проект за станбено-деловен објект Бран на ул. Митрополит Теодосиј Гологанов, Скопје (2001) | 2 |
| 2. | Автор на идеен архитектонски проект за деловен објект на бул. Климент Охридски, Скопје (2006) | 2 |
| 3. | Автор на основен архитектонски проект за станбено-деловен објект во Кисела Вода, Скопје (2000) | 2 |
| 4. | Автор на основен архитектонски проект за станбено-деловен објект на ул. Благој Давков, Скопје (2004) | 2 |
| 5. | Автор на основен архитектонски проект за деловен објект на бул. Климент Охридски, Скопје (2006) | 2 |
| 6. | Автор на основен архитектонски проект за индивидуален станбен на ул. Браќа Чакреви, Скопје (2006) | 2 |
| 7. | Автор на графички дизајн на публикација Урбан ИД – проект за градење на урбаниот идентитет во град Скопје (2009) | 2 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | Студиски престој на Arizona State University,College of Architecture and Environmental Design, како истражувач од август 2002 до јуни 2003 година. | 2 |
| 2. | Координатор на прв циклус студии по ЕКТС на Архитектонскиот факултет во Скопје | 1 |
| 3. | Член на Комисијата за меѓународна соработка на Архитектонскиот факултет во Скопје | 0,5 |
| | Вкупно | 17,50 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 109,10 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 18,00 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 53,00 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 17,50 |
| **Вкупно** | **197,60** |

**Членови на комисијата**

1. ______________________, претседател
2. ______________________, член
3. ______________________, член
4. ______________________, член

# РЕФЕРАТ

## ЗА ПОДОБНОСТ НА ТЕМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА И ОСПОСОБЕНОСТ НА КАНДИДАТОТ М-Р СЛОБОДЕН ЧОКРЕВСКИ ЗА НАУЧНА РАБОТА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата седница одржана на 7.12 2009 година, со одлука број 0201-4984/4, ја одреди следнава Рецензентска комисија:

- д-р Ристо Проданов, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје-претседател,
- д-р Трпе Ристоски, доцент на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје-член,
- д-р Благица Сековска, доцент на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје-член,

за утврдување на оспособеноста за научна работа на кандидатот м-р Слободен Чокревски, помлад асистент на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, и на подобноста на предложената тема за изработка на докторска дисертација под работен наслов **ОРГАНИЗАЦИОНО – ПРАВНИ И ИНСТИТУЦИОНАЛНИ АКТИВНОСТИ И ПРОБЛЕМИ НА ВЕТЕРИНАРНАТА СЛУЖБА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПРЕТПРИСТАПНИОТ ПЕРИОД ЗА ЧЛЕНСТВО ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА**.

Комисијата, по разгледувањето на доставениот материјал, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Подобноста на кандидатот

Кандидатот м-р Слободен Чокревски е роден на 1.IV 1967 година во Скопје, Република Македонија. Основното и средното образование го завршил во Скопје со одличен успех. Во 1986 се запишал на Ветеринарниот факултет во Белград, каде што дипломирал во 1992 година со просечна оценка 8.42. Од март 1993 се вработил на Ветеринарниот институт во Скопје, како асистент - истражувач на Одделението за овчарство и козарство, каде работел на патологијата и дијагностиката на болестите кај овците и козите. Во јануари 1994 бил избран за помлад асистент на Ветеринарниот факултет во Скопје, на *Катедрата за внатрешни болести на преживните животни*. Истата година бил вклучен во наставата на предметите *внатрешни болести на непреживните животни* и *амбулаторна клиника*. Во периодот од 1994 година до 2002 година како стипендист на USAID, Британскиот совет и Европската комисија, повеќе пати престојувал на повеќе

специјалистички курсеви во повеќе универзитети и референтни дијагностички лабораторији во САД, Велика Британија и Италија.

Во 1996 година бил член на *Републичкиот штаб за сузбивање на лигавката и шапот во Македонија* за време на појавата и спречувањето на ширењето на болеста.

Во 2002 (до 2006) година бил именуван за директор на Управата за ветеринарство во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. За тоа време бил претседавач на *Работната група за земјоделство и рибарство* во рамките на *Советот за соработка помеѓу Република Македонија и ЕУ* и *Поткомитетот за земјоделство и рибарство* во *Комитетот за стабилизација и асоцијација*. Кандидатот м-р Слободен Чокревски бил национален координатор за Поглавјето 12 - *Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика*. Учествувал во изготвувањето на Националната програма за апроксимација на македонското законодавство со законодавството на ЕУ, Акциониот план на РМ за европско партнерство, Националната програма за имплементација на *Acquis Communitaire* и изготвувач е на *Програмата за хармонизација на македонското ветеринарно здравство со законодавството на ЕУ* и учесник во изготвувањето на 7 закони од областа на ветеринарството, како и повеќе правилници. Од 2005 до 2006 година бил претседател на државната комисијата за следење и заштита од авијарната инфлуенца. Во 2002 бил избран за член на Претседателството на Европската комисија за лигавка и шап во FAO во Рим, а во 2004 година бил избран за нејзин потпретседател. Бил делегат во *Светската организација за здравје на животните* - OIE во Париз од 2002 до 2006 година.

Во 2007 година станал PVS - сертифициран експерт на OIE и од тогаш учествува во OIE експертски мисии во Украина, Узбекистан, Азербеџан и Таџикистан каде што врши евалуација на ветеринарните служби по PVS - методот. Истата година бил ангажиран како експерт на Светската банка во Судан, Африка, на *FAO/WHO/OIE/WB - Заедничка мисија за превенција на авијарната инфлуенца и изготвување интегриран национален акциски план.*

На 23.IV 2009 година успешно го одбрани магистерскиот труд со наслов *"Заразна агалакција кај малите преживни животни во Република Македонија"*.

За време на целиот период откако е избран за помлад асистент по предметот *внатрешни болести на преживните животни* успешно ја врши практичната настава, колоквиумот и консултациите со студентите. Од учебната 2006/2007 година до денес ја врши и наставата по предметот управно ветеринарство.

**2. Подобност на темата**

**Вовед**

Доставениот предлог за изработка на докторска дисертација ги содржи следниве елементи за научно истражувачка студија: вовед во кој е даден предметот на разгледување, разработени се целите и задачите на докторската теза, дадени се материјалот и методите на научното истражување, како и очекуваните резултати и литература. Во предлогот

на докторската теза е елабориран и планот на изработка по различни фази.

Во општиот дел, кандидатот го објаснува значењето на квалитетот на ветеринарната служба за развојот на многу земји. Како најважни задачи на ветеринарната служба тој ги наведува ветеринарното јавно здравство (вклучително и болестите кои се добиваат преку храната) и достапноста до регионалните и меѓународните пазари за животни и производи од животинско потекло, а за да се задоволат овие можности, таа треба да функционира на научно базирани принципи и да биде технички независна и имуна на политички притисоци од сите видови. Во понатамошниот текст, кандидатот ја објаснува функцијата на Светската организација за здравје на животните (ОИЕ) во напорите да се зајакне и поддржи ветеринарната служба да соодветствува со меѓународните стандарди.

Во понатамошниот дел од предлог – тезата, кандидатот ги поренцира можностите за Република Македонија што произлегуваат од приемот во Светската трговска организација (СТО) и членството во ЕУ и натамошниот продор на европските пазари. Тој наведува дека трговските можности кои и се достапни со пристапувањето кон членство во Европската унија се извонредни, а ветеринарната служба има клучна улога во контролата, насочувањето, едукацијата и поттикнувањето на трговскиот раст. Ваквите можности за развој на службата во исто време се и огромна одговорност, следена со големи тешкотии за задоволување на сите стандарди кои, покрај основните критериуми зададени од ОIЕ, уште построго се детерминирани во европската легислатива - *Acquis Communitaire*. Тој наведува дека според *Стратегијата за здравствена заштита на животните на Европската унија 2007-2013*", ветеринарната служба е витална карика во синџирот на биосигурност, спречувајќи го и ограничувајќи го ширењето на болести на повеќе нивоа, а ветеринарните доктори је имаат единствената позиција да бидат доктори обучени да го штитат здравјето како на животните, така и на луѓето. Мото на оваа стратегија е: животни + луѓе = едно здравство. Република Македонија со потпишувањето на *Спогодбата за асоцијација и стабилизација* во 2001 и добивањето на кандидатскиот статус во 2004 година превзема обврска да го усогласи националното законодавство со европското со што огромен дел од овој процес претставува обврска на ветеринарната служба.

Во понатамошниот текст, кандидатот се осврнува на проблемите со кои се соочува ветеринарната служба на Република Македонија во претпристапниот период за членство во ЕУ и нивното успешно решавање што е директно поврзано со преговорите во Поглавјето – 12 ,,Безбедност на храната, ветеринарна и фитосанитарна политика" и делумно во Поглавјето 11 ,,Земјоделство" и Поглавјето 13 ,,Рибарство". Кандидатот наведува дека околу една четвртина од вкупното европско законодавство - *Acquis Communitaire*, е директно поврзано со областите кои ги покрива работата на ветеринарната служба во делот на здравствената заштита на животните и болестите кои се пренесуваат на луѓето, безбедноста на храната од животинско потекло, благосостојбата на животните и заштитата на животната средина. Хармонизацијата на националното ветеринарно законодавство со критериумите и стандардите на Меѓународниот ветеринарно-медицински кодекс на ОIЕ и законските

акти на ЕУ, градењето институции и информациски системи во согласност со меѓународните стандарди се основен предуслов за членство во ЕУ.

Во последниот дел од воведот, кандидатот се осврнува на *Извештајот за напредокот на Република Македонија од ноември 2008* година на Европската комисија, цитирајќи го дека дека земјата ќе мора да направи значителни и одржливи напори да го усогласи своето законодавство со *Acquis Communitaire* и ефикасно да го спроведе и примени на среден рок, особено во неколку области, вклучително и земјоделството и руралниот развој и безбедноста на храната, ветеринарната и фитосанитарната политика. Тој понатаму ги цитира клучните наоди од овој Извештај во делот на хармонизација на легислативата каде што стои дека „Македонија се уште се соочува со недостатоци во имплементацијата и ефикасното спроведување на законодавството во областа на слободното движење на стоки, оданочувањето, безбедноста на храната, ветеринарната и фитосанитарната политика".

Кандидатот констатира дека јасна е препораката на ЕУ дека доменот на одговорност на ветеринарната служба, поточно Поглавјето 12 - „Безбедност на храната, ветеринарна и фитосанитарна политика" е особено важно и деликатно во претпристапниот период и доколку процесите на хармонизација на националното законодавство со *Acquis Communitaire* и неговото имплементирање не се забрзаат, се доведува во прашање добивањето датум за преговори и целокупниот процес на пристапување.

Тој заклучува дека постои потреба од детална анализа на процесот на трансформација на ветеринарната служба во Република Македонија на патот кон ЕУ, како во доменот на транспозиција и имплементација на националното ветеринарно законодавство, така и во доменот на градење институции компатибилни на европските и конечно, на целокупното влијание на земјоделството и прехранбената индустрија.

**Цели и задачи**

Целта на предложената дисертација е да направи научна и критичка анализа на постојната состојба во Република Македонија по однос на наведените проблеми со цел да се препорачаат адекватни управни решенија: организационо - правни, институционални, финансиско-економски, куративно-профилактички, дијагностички, ветеринарно-санитарни и други, со цел забрзување на влезот на земјата во ЕУ. За исполнување на така поставената цел, кандидатот ги поставува следниве задачи:

1. анализа на нормативно - правното уредување во РМ - устав, законски и подзаконски акти (со посебно тежиште на законите од областа на ветеринарството);
2. анализа на организационата поставеност на ветеринарната служба;
3. анализа на системот за дијагностика и куративно-профилактичка дејност;
4. анализа на системот на контрола на производите од животинско потекло, нештетно отстранување на отпадоците од животинско потекло и на системот за благосостојба на животните;
5. анализа на информациските системи за идентификација и регистрација на животните, за следење на епизоотиолошката состојба

# ЗАКЛУЧОК

Врз основа на увидот во приложената документација од страна на кандидатот ас. д-р Огнен Марина, Комисијата смета дека тој во целост ги исполнува критериумите утврдени со Законот за високото образование на РМ и Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", за негов избор во наставно-научно звање доцент.

Покрај стекнатите бодови, по основа на сите дејности - 197,60 (НО=109,10, НИ=18,00, СУ=53,00, СА=17,50), кои значително го надминуваат пропишаниот минимум, Комисијата го нагласува неговото широко образование и посветеност кон академската професија и интерес за научноистражувачка работа. Овој квалитет на кандидатот се надополнува со неговиот особен афинитет кон творење и на полето на стручната, стручно-уметничката и публицистичката дејност, што во целина го издвојува како личност со висок интелектуален и творечки потенцијал, солидно позиционирана во поширокатa архитектонска средина.

Комисијата посебно ги истакнува неговите педагошки квалитети и посветеност кон унапредување на наставата по предметите за кои е избран и во таа смисла кон активности од поширок интерес за Архитектонскиот факултет.

Забележливо е неговото учество на меѓународни конференции и следење на најактуелните настани на полето на архитектурата и архитектонската мисла, при што, во оваа прилика, цениме дека е значајно да се нагласи и неговата поширока општествена дејност и активностите кои се однесуваат на унапредувањето и афирмирањето на архитектурата како на локален, така и на меѓународен план.

Ценејќи го претходно наведеното, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, кандидатот ас. д-р Огнен Марина, согласно со чл. 132 од Законот за високото образование и член 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, да биде избран во звањето **доцент** по група предмети од областа на архитектонските конструкции во Институтот за високоградба на Архитектонскиот факултет во Скопје.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Тихомир Стојков, д.и.а., претседател, с.р.
2. Проф. д-р Мирослав Грчев, д.и.а., член, с.р.
3. Проф. д-р Зорица Блажевска, д.и.а., член, с.р.

и информациските системи за контрола и следење на производите од животинско потекло (граници, производни објекти итн.).

**Материјал и методи**

Кандидатот предлага за остварување на така поставената цел и задачи покрај општите методи на научно истражување како што се компаративна анализа, монографска анализа на содржина, аналитичко - конструктивните методи, индукција - дедукција и експертска оцена, да бидат користени и методи кои се специфични за одредување и оцена на квалитетот на перформансите на ветеринарната служба како што се :

- Функционална анализа како алатка со помош на која би се детерминирале стратешките цели, среднорочните цели, функциите и активностите на ветеринарната служба.

- PEST – ПЕСТ - анализата (политичко, економско, социјално и технолошко опкружување) би помогнала експлицитно да се утврдат прашањата во поширокиот деловен контекст кој во иднина може да влијае врз работата на ветеринарната служба.

- SWOT - ПСМЗ - анализата (предности, слабости, можности и закани) на внатрешните надлежности и капацитети на ветеринарната служба. Применувајќи ја ПСМЗ (SWOT) анализата, се утврдуваат предностите и слабостите, како и можностите со кои се соочува ветеринарната служба и некои од опасностите, особено заканите/ризиците што можат да произлезат од нерешавањето на клучните прашања со кои таа се соочува.

- Оцена на општественото влијание (*Impact assesment*) која треба да ги процени институционалните импликации, последиците на кадровската пополнетост, објектите, просторната и техничката опременост како и трошоците на планираните политики и инструменти кои ветеринарната служба мора да ги преземе во претпристапниот период за членство во ЕУ. Оцената на влијанието ќе ги проценува директните трошоци и импликациите за владата и државните институции на сите нивоа, трошоците за задоволување на ЕУ - стандардите од страна на засегнатите бизниси и граѓани и индиректните трошоци општо за економијата на државата.

- Анализата на ризици треба да даде одговор кои се ризиците врзани за неисполнување на барањата кои ветеринарната служба треба да ги исполни во претпристапниот период за членство во ЕУ (во однос на хармонизацијата и имплементацијата на легислативата, институционалните капацитети, човечките и материјалните ресурси, финансирањето, односите и комуникацијата со корисниците на услуги итн.) и како тие можат да влијаат пошироко на анималното производство, трговијата, извозот и на целокупниот процес на преговори и пристапување на државата кон ЕУ.

Во истражувањата кандидатот предлага и користење на OIE PVS - методологијата за оцена на перформансите на ветеринарните служби во однос на меѓународните стандарди за квалитет и евалуација.

**Очекувани резултати**

Оваа докторска дисертација врз основа на научно основани принципи и методи треба да ги лоцира предностите и слабостите во постојното работење на ветеринарната служба и да предложи соодветни правни и организациони решенија. Компаративната анализа ќе даде споредба на перформансите помеѓу ветеринарната служба во Македонија

и некои земји - членки на ЕУ. Еден од очекуваните резултати е анализите да ги идентифицираат и презентираат оправданостите за специфичните потреби на службата кои можат да се користат за аплицирање за финансиска помош како на домашен, уште повеќе на меѓународен план, пред се користејќи ги можностите од претпристапните фондови и механизми на ЕУ.

**План на изработка**

Кандидатот предлага поставените цели и задачи на дисертацијата со помош на наведените методи да бидат обработени во неколку целини:

**I ДЕЛ**

**1. Теоретски аспекти на институционалната поставеност на ветеринарната служба како дел од државната управа**

1.1 Поим на организација

1. Организациона поставеност на ветеринарната служба на светско ниво - Меѓународна организација за здравје на животните OIE и нејзина интеракција со ЕУ,
2. Организациона поставеност на ветеринарната служба на ниво на ЕУ.
3. Компаративна поставеност на ветеринарните служби во некои земји - членки на ЕУ,
4. Организациона поставеност на ветеринарната служба во РМ

**II ДЕЛ**

**2. Историски преглед и анализа на поставеноста на Ветеринарната служба во Македонија**

1. Во периодот до 1991 ( во рамките на СФРЈ)
2. Во периодот од осамостојувањето на Македонија во 1991 година до донесувањето на првиот национален Закон за ветеринарно здравство во 1998 година,
3. Во периодот од 1998 до 2004 и добивањето кандидатски статус за членство во ЕУ
4. Периодот на изготвување на новото ветеринарно законодавство до 2008 - до донесувањето на новите закони и подзаконски акти.
5. Периодот од 2008 до денес - интензификација на односите со ЕУ и започнување на преговорите во Поглавјето 12 во областа на ветеринарството и безбедноста на храната

**III ДЕЛ**

**Меѓународни стандарди во ветеринарството**

1. Меѓународни стандарди на *OIE*, *Codex Alimentarius* и СТО СПС - договорот
2. Европски стандарди и Македонија
3. Имплементација на стандардите
4. Институционални стандарди

**IV ДЕЛ**

**Заклучни согледувања и препораки**

## ЗАКЛУЧОК И МИСЛЕЊЕ

Во Република Македонија досега не постојат научни истражувања кои ги проучуваат организационо - правните и институционални аспекти на ветеринарната служба. Во претпристапниот период за членство во ЕУ во кој се наоѓа земјата, меѓународните стандарди за хигиенската исправност и безбедност на храната секојдневно се зголемуваат, а хармонизацијата и имплементацијата на националните закони секојдневно се контролираат од страна на европските институции.

Предложената тема за докторска дисертација врз основана научно-основани принципи и методи треба да ги открие и анализира предностите и слабостите на работење на ветеринарната служба и да предложи соодветни решенија. Сето ова треба да и помогне на ветеринарната служба во Република Македонија да се трансформира во современа европска служба, а земјата што поскоро да добие полноправно членство во Европската унија.

За спроведување на предложените истражувања, кандидатот има проучено голем број научни трудови и публикации од оваа област. Тој како експерт на Светската организација за здравје на животните OIE и Светската банка, учествувајќи во повеќе мисии во разни делови на светот, има стекнато огромно искуство токму во областа на организација и евалуација на ветеринарните служби. Сето ова дава гаранција дека своето искуство и знаење од оваа област може успешно да ги преточи во изработка на предложената тема за докторска дисертација.

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, да ја прифати оспособеноста за научна работа на кандидатот м-р Слободен Чокревски и предложената тема за изработка на докторска дисертација под работен наслов **ОРГАНИЗАЦИОНО – ПРАВНИ И ИНСТИТУЦИОНАЛНИ АКТИВНОСТИ И ПРОБЛЕМИ НА ВЕТЕРИНАРНАТА СЛУЖБА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПРЕТПРИСТАПНИОТ ПЕРИОД ЗА ЧЛЕНСТВО ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА** и да му одреди ментор на кандидатот за раководење во текот на истражувањата.

Членови на Комисијата

Проф. д-р Ристо Проданов-претседател __________ср______________

Доц. д-р Трпе Ристоски-член __________ср______________

Доц.д-р. Благица Сековска-член __________ср______________

# РЕФЕРАТ
# ЗА ПОДОБНОСТ НА ТЕМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА И ОСПОСОБЕНОСТ НА КАНДИДАТКАТА М-Р РАДМИЛА ЧРЧЕВА НИКОЛОВСКА ЗА НАУЧНА РАБОТА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје при Универзитетот Св.„Кирил и Методиј„ во Скопје, на својата седница одржана на 7.12.2009 година, со одлука број 0201-4984/4, ја одреди следнава Рецензентска комисија:

- проф. д-р Ристо Проданов, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје-претседател
- доц. д-р Зехра Хајрулаи Муслиу, доцент на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје-член
- доц. д-р Павле Секуловски, доцент на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје-член,

за утврдување на оспособеноста за научна работа на кандидатката м-р Радмила Чрчева Николовска, асистент од областа исхрана на домашни животни на Катедрата за исхрана на домашни животни при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, и на подобноста на предложената тема за изработка на докторска дисертација под работен наслов **ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ТИПОТ НА АНИМАЛНИ ПРОТЕИНИ ВО ХРАНА И ДОБИТОЧНА ХРАНА, ЕФЕКТИ ОД УПОТРЕБА ВО ИСХРАНАТА НА ЛУЃЕТО И ЖИВОТНИТЕ И КОМПАРАЦИЈА НА РАЗЛИЧНИ МЕТОДИ ЗА НИВНА ДЕТЕКЦИЈА**.

Комисијата, по разгледувањето на доставениот материјал, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Подобност на кандидатката

Кандидатката м-р Радмила Чрчева Николовска е родена на 31.7.1974 година во Гостивар. Основното и средното образование ги завршила во Скопје со континуиран одличен успех. На Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје се запишала во учебната 1993/94 година, на којшто и дипломирала во 1999 година, стекнувајќи се со звањето доктор по ветеринарна медицина.

Од септември 1999 година е вработена на Ветеринарниот институт во Скопје, како истражувач, најпрво во Лабораторијата за биохемија, потоа во Одделението за контрола на квалитетот на добиточната храна и во Одделението за дијагностика на болести кај овците и козите. Од март 2004 работи во Институтот за храна при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, во Лабораторијата за контрола на квалитетот на добиточната храна, на работното место аналитичар. Од 2003 година доделена и е настава како помлад асистент по предметот биологија на

клетка до 2006 година, од кога е префрлена на Катедрата за исхрана на домашните животни како помлад асистент.

Постдипломски студии од областа клиничка физиологија, биохемија и патофизиологија, на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, запишала во учебната 2001/02 година и на 24.6.2009 година успешно го одбранила својот магистерски труд под наслов „Ефектот на антидијабетична диета врз биохемиски профил кај лабораториски стаорци со индуциран дијабет„, со што се стекна со звањето магистер на ветеринарни науки.

Учествувала на повеќе семинари, научни собири, конгреси и курсеви.

Кандидатката активно е вклучена во имплементацијата на стандардот ISO 17025 во Лабораторијата за контрола на квалитетот на храната. Координатор за квалитет е за стандардот ISO 9001:2008. Автор или коавтор е на шест научно-стручни трудови, објавени во домашни или странски списанија или презентирани на научни собири и конгреси.

Кандидатката м-р Радмила Чрчева Николовска активно го владее англискиот јазик.

Од претходно презентираните податоци, имајќи ги предвид и законските прописи, може да се заклучи дека м-р Радмила Чрчева Николовска е оспособена за самостојна изработка на докторска дисертација и дека таа ги исполнува законските предуслови за подобност.

## 2. Подобност на темата

За изработка на докторска дисертација, кандидатката м-р Радмила Чрчева Николовска ја предложи темата: **ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ТИПОТ НА АНИМАЛНИ ПРОТЕИНИ ВО ХРАНА И ДОБИТОЧНА ХРАНА, ЕФЕКТИ ОД УПОТРЕБА ВО ИСХРАНАТА НА ЛУЃЕТО И ЖИВОТНИТЕ И КОМПАРАЦИЈА НА РАЗЛИЧНИ МЕТОДИ ЗА НИВНА ДЕТЕКЦИЈА**. Во доставениот предлог за изработка на докторската дисертација се содржани: преглед на најнови литературни податоци и досегашни сознанија поврзани со предметот на истражување, цели на истражувањето, експериментален протокол, материјал и методи, очекувани резултати и листа на цитирана литература.

Темата кандидатката ја предлага врз основа на бројните литературни податоци, како и врз основа на претходните искуства на кандидатката во таа област.

Во **воведот** кандидатката дава преглед на досегашните сознанија во врска со наведената проблематика за работа, поткрепувајќи го тоа со податоци од понов датум. Сточарското производство рапидно се зголемува како резултат на зголемената побарувачка на производи од животинско потекло. ФАО проекциите покажуваат дека глобалното производство на месо и потрошувачката ќе се зголемат од 233 милиони тони (2000 год.) до 300 милиони тони (2020 год.), и млеко 568 милиони тони до 700 милиони тони во текот на истиот период. Производството на јајца исто така ќе забележи зголемување од 30 проценти. Оваа прогноза покажува голем пораст во побарувачката на анимални протеини, потребни за задоволување на растот во човечката популација. Големиот

пораст во побарувачката на анималните протеини во текот на последните неколку децении во голема мера е резултат на светскиот раст во интензивното сточарско производство, особено живинарството и свињарството. 233 милиони тони месо, 568 милиони тони млеко и 55 милиони тони јајца произведени глобално содржат повеќе од 65 милиони тони протеини.

Како и низ минатото, денес се посветува посебно внимание на безбедноста на храната од анимално потекло. Во меѓународната трговија со производи од животинско потекло и добиточна храна се бараат докази за потеклото и составните делови на одредени производи, сертификати за физичко-хемискиот квалитет и микробиолошката исправност, видовите на протеини и масти во производите и сл.. Сето ова се прави со цел спречување на ширењето на различни заразни болести и труења кај луѓето и животните кои се во врска со храната или од културни, верски или гастрономски навики. Во последните неколку години особено е актуелен проблемот со појава на Bovine Spongioform Encefalopatic (BSE), што обврзува на контрола на анималните протеини во добиточната храна. Улогата на добиточната храна во производството на безбедна храна е огромна и особено внимание во светски рамки се посветува на јавното здравство во трговијата на добиточна храна и во безбедноста на храната. Појавата на BSE предизвика особена загриженост во индустријата на храна, поради што се превземени повеќе мерки во заштита на добиточната храна и храната со што се спречува ширењето на болеста. Една од мерките е забраната за користење анимални протеини во исхраната на фармските животни. Оваа забрана е регулирана и со одлука на Комисијата (2000/766/ЕС), а во согласност со член 1 од оваа одлука како извор на анимални протеини се дефинирани месо, месно-коскено брашно, коскено брашно, крвно брашно, плазма и останати крвни производи, хидролизирани протеини, брашно од копита, рогови и пердуви и рибино брашно.

Идентификацијата на видовите на месо, односно анималните протеини се прави во многу земји од различни причини, како економски така и религиозни и здравствени. Целта на таа идентификација е спречување на замена на месото, наменето за човечка употреба, со месо кое не одговара или е помалку вредно. Идентификацијата на видот на месото често е отежната поради термичката обработка на месото бидејќи во текот на овие процеси доаѓа до промени во својствата и составот на месото, што посебно се однесува на протеините и мастите. Фалсификувањето на месните производи и нивното погрешно декларирање може да доведе до опасност од појава на алергиски реакции кај потрошувачите со непредвидлив исход.

**Целта на истражувањето** е концизна и стручно дефинирана со реални изгледи да се одговори на поставените задачи. Сметаме дека предвидените параметри и методите се соодветно одбрани. Со истражувањата врзани за оваа докторска дисертација би се прошириле и продлабочиле досегашните скромни сознанија во областа на аналитика на анимални остатоци во храна и добиточна храна. Така би се добила вистинска слика за нивното присуство и би бил овозможен подобар увид во нивната безбедност и сигурност. На тој начин би се контролирало здравјето на животните, а со тоа индиректно и здравјето на луѓето преку

безбедноста на храната, во непрекинатиот синџир на исхрана. Потребата од воведување на стандардна методологија за детекција, и типизација на анималните протеини во храната и добиточната храна, само ја поткрепуваат целта за изработка на оваа докторска дисертација.

Во поглавјето **Материјал и методи,** дадени се експерименталниот протокол и методите кои ќе бидат користени при одредувањето на предвидените параметри во примероците од храна и добиточна храна.

Експерименталниот протокол е поделен на две фази кои се детално опишани: 1) докажување на вид на месо во мешани супстрати (месни производи); 2) детекција и типизација на анимални протеини во добиточни храни. За докажување на видот на месото во мешани супстрати (конзерви, колбаси и сл.), органолептичкиот наод е несигурен, а предност треба да им дадеме на различните аналитички постапки.

Аналитички методи кои ќе ги изведуваме при детекција на анималните протеини (потекло на месото) во месните производи се ELISA методи и молекуларно-биолошки PCR метод, додека, пак, анализата на добиточната храна ќе биде со методот опишан во Директивата 98\88\EC.

Научниците развиваат многу техники за откривање и идентификување на видовите месо, особено во месните производи во текот на последниве децении, кои се многу важни во однос на економијата, религијата и безбедноста. PCR е молекуларно-биолошка метода која се базира на размножување на еден дел од citohrom-b генот. Се изолира ДНК од испитуваниот примерок, а потоа со PCR-метод од испитуваната и познатата референтна ДНК се амплифицираат хомологни делови на citohrom-b генот. Овој ген е особено важен затоа што го има во сите клетки и затоа што меѓународните банки на податоци поседуваат детали за неговите секвенци. По електрофорезата се споредуваат добиените профили, па врз основа на нивната разлика може да се изврши диференцијација на видовите месо. Границата за детекција на анималните протеини за оваа метода е под 1%, а за мултиплекс PCR-методата 0,25%.

ELISA-методите денес се широко распространети во дијагностиката на различни резидуи во храната и добиточната храна (антибиотици, хормони, микотоксини), како и за утврдување на видот на протеините во месните производи. Една од примените на ELISA-тестовите е утврдување на видот на месото во топлински обработени или пак, топлински необработени производи. Корисноста на ELISA-тестовите ја истражувале многу научници, и бројни се литературните податоци (Smajlovic i sur., 2000; Brlek-Gorski i Cipric, 2001) за проверка на ефикасноста на ELISA-тестовите во цел за докажување на различни количини од различни видови на месо во месни производи.

Анализата на добиточната храна за присуството, идентификацијата и/или пресметувањето на количината на составни супстанции од животинско потекло во добиточната храна, во рамките на координирана програма за проверка на полето на исхрана на животните е во согласност со Директивата 95/53/ЕЗ на Советот, и таа треба да се врши во согласност со одредбите од Анексот на оваа Директива. Составните супстанции од животинско потекло се идентификуваат врз основа на типични карактеристики што се откриваат со микроскоп (односно, мускулни

влакна и други честички од месо, 'рскавица, коски, рогови, влакна, остри влакна, крв, пердуви, лушпи од јајца, коски од риба, крлушки). За утврдување на застапеноста на анималните протеини во добиточната храна ќе го користиме методот со микроскопирање. Методот опишан во Директивата 98/88/ЕС на Комисијата од 13 ноември 1998 година за воспоставување на насоки за микроскопска идентификација и пресметување на составните супстанции од животинско потекло за официјална контрола на добиточната храна тековно е единствениот важечки метод за контрола на присуството на животински протеини во добиточната храна.

Во поглавјето **Очекувани резултати**, кандидатката наведува дека од предвидените опсежни истражувања и консултираната литература ќе произлезат повеќе одговори за важноста на анималните протеини во исхраната на луѓето и животните, и се очекува да биде познат процентот на застапеност на анималните протеини во храната и добиточната храна. Со испитувањето ќе имаме можност да се совладаат методите за детекција на анималните протеини, и се очекува добиените резултати да имаат апликативен карактер.

## ЗАКЛУЧОК И МИСЛЕЊЕ

Врз основа на приложениот материјал, предвидениот експериментален модел и предвидените методи и цели, Комисијата едногласно заклучи дека предложената тема за изработка на докторска дисертација ќе ја прифати. Врз основа на погоре изнесените претпоставки, Комисијата се согласува и смета дека кандидатката ќе дојде до нови сознанија за улогата на анималните протеини. Предложената методологија на работа и користените методи ќе дадат можност за компарирање на добиените резултати со досегашните достигнувања во светот. Впрочем, за тоа сведочи и наведената актуелна литература од познати истражувачи од светски центри. За успешно изведување на сите истражувања кои се предвидуваат да се направат, кандидатката има проучено многу голем број научни трудови, а и дополнително, преку своето работно искуство во таа област, тие се гаранција дека таа успешно ќе одговори на предизвикот што го носи оваа студија.

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, да ја прифати кандидатката м-р Радмила Чрчева Николовска, а предложениот работен наслов: ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ТИПОТ НА АНИМАЛНИ ПРОТЕИНИ ВО ХРАНА И ДОБИТОЧНА ХРАНА, ЕФЕКТИ ОД УПОТРЕБА ВО ИСХРАНАТА НА ЛУЃЕТО И ЖИВОТНИТЕ И КОМПАРАЦИЈА НА РАЗЛИЧНИ МЕТОДИ ЗА НИВНА ДЕТЕКЦИЈА да го промени во: ТИПИЗАЦИЈА НА АНИМАЛНИ ПРОТЕИНИ ВО ХРАНА И ДОБИТОЧНА ХРАНА И КОМПАРАЦИЈА НА РАЗЛИЧНИ МЕТОДИ ЗА НИВНА ДЕТЕКЦИЈА и да и одреди ментор на кандидатката за раководење во текот на истражувањата.

**Членови на Комисијата,**

Проф. д-р Ристо Проданов, претседател, с.р.

Доц. д-р Зехра Хајрулаи Муслиу, член, с.р.

Доц. д-р. Павле Секуловски, член, с.р.

# П Р Е Г Л Е Д

на пријавени и прифатени теми за изработка на **магистерски труд** на **Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања - Скопје**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| **Марина Филиповска** | **Нестандардизиран модел на компетенции на психотерапевти** | Проф.д-р Мирјана Борота Поповска |
| **Зоран Мирчевски** | **Наставникот како лидер во училницата** | Проф.д-р Радмил Поленаковиќ |
| **Анче Јованоска** | **Достоинствена работа на работниците во градежништвото** | проф.д-р Јорде Јакимовски |
| **Јасмина Костадиновска** | **Флуктуацијата на вработените во основните училишта** | проф.д-р Јорде Јакимовски |
| **Снежана Соколова** | **Меѓуресорска соработка и координација помеѓу институциите на Владата на Република Македонија** (Студија на случај: Систем за управување со кризи) | проф.д-р Панде Лазаревски |
| **Александра Арсиќ** | **"Интерактивни интернет медиуми и нивниот развој во Република Македонија"** | **проф.д-р Владимир Трајковиќ** |

# П Р Е Г Л Е Д

на одобрени теми за изработка на **докторска дисертација** на **Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања** - Скопје

| Кандидат | Тема | Комисија |
|---|---|---|
| **м-р Антонио Оносимовски** | **Интерперсоналните и стручни компетенции на наставниците** | ***Проф.д-р Мирјана Сланинка Динева*** <br> ***Проф.д-р Кирил Постолов*** <br> ***Проф.д-р Ѓорги Манев*** |

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА НА НАСТАВНА ГРУПА МАШИНИ, ЕНЕРГЕТИКА И ТРАНСПОРТ, ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОСНОВИ НА МАШИНСТВОТО СО ЕНЕРГЕТИКА, МАШИНИ 1, МАШИНИ 2, ТЕОРИЈА НА РЕЖЕЊЕ И АЛАТ, ВНАТРЕШЕН ТРАНСПОРТ, НУМЕРИЧКО УПРАВУВАЊЕ НА МАШИНИТЕ, ИНФОРМАТИКА И ЕЛЕКТРОТЕХНИКА СО ЕЛЕКТРОУРЕДИ НА ШУМАРСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Шумарскиот факултет во Скопје, на својата IV седница одржана на 29.3.2010 година, донесе одлука бр.0201-63/IV-3.4, за формирање на Рецензентска комисија за оцена на пријавените кандидати за избор во сите звања, на еден наставник на наставна група машини, енергетика и транспорт, по предметите основи на машинството со енергетика, машини 1, машини 2, теорија на режење и алат, внатрешен транспорт, нумеричко управување на машините, информатика и електротехника со електроуреди, во состав:

1. д-р Ристо Клинчаров, редовен професор во пензија на Шумарскиот факултет во Скопје;
2. д-р Зоран Трпоски, редовен професор на Шумарскиот факултет во Скопје;
3. д-р Бранко Рабаџиски, редовен професор на Шумарскиот факултет во Скопје.

Комисијата ги прегледа поднесените документи во врска со конкурсот објавен во весникот „Време" од 17.3.2010 година и го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот за избор на еден наставник во сите звања, на групата предмети машини, енергетика и транспорт се пријавил кандидатот д-р Владимир Коњозов, доцент на Шумарскиот факултет во Скопје.

### 1. Биографски податоци

Кандидатот д-р Владимир Коњозов е роден на 17.10.1967 година во Скопје. Основното и средното образование ги завршил во Скопје, со одличен успех.

Во учебната 1985/86 година се запишал на Машинскиот факултет во Скопје. Во текот на студиите бил повеќе пати наградуван како успешен студент. Исто така, бил ангажиран и како демонстратор по предметот нацртна геометрија. Во јули 1989 година бил на тринеделна стручна практика во Краков, Полска, на Краковската политехника, преку размена на студенти на двата универзитета. Дипломирал во 1990 година, со просечен успех во текот на студиите 8,41.

Во учебната 1991/92 година се запишал на постдипломските студии на Машинскиот факултет во Скопје, при Институтот за производно машинство, на насоката за флексибилна автоматизација. Во учебната 1996/97 ги положил сите испити предвидени со планот и со програмата за постдипломски студии на Машинскиот факултет. Магистерската работа под наслов „CAD/CAM систем за проектирање и изработка на производи од дрво" успешно ја одбранил на 6.4.1999 година.

Докторската дисертација под наслов „Истражување на некои фактори во процесот на режење на дрвото" успешно ја одбранил на Шумарскиот факултет во Скопје, на 8.4.2005 година.

На 1.9.1993 година се вработил на Шумарскиот факултет во Скопје, како соработник во звањето помлад асистент по предметите техничка механика и основи на машинството.

Во 1999 година е избран во звањето асистент по предметите техничка механика, основи на машинството со енергетика и на групата предмети машини за обработка на дрво, уреди и транспорт, на кое работно место се наоѓа и денес.

Во 2005 година е избран во звањето доцент на групата предмети машини, енергетика и транспорт и предметот информатика, на кое работно место се наоѓа и денес.

Уште од периодот како студент активно се занимавал со научноистражувачка и стручно-апликативна дејност. Досега има објавено вкупно 33 научни и стручни трудови, а учествувал во 3 научноистражувачки проекти. Коавтор е на 3 основни универзитетски учебници.

промената на бројот на вртежи на тркалата при обработка на буково и борово дрво со лентовидна пила врз вредноста на тангенцијалната сила на режење и моќноста на режење. За целите на истражувањето е применета специјална програма за симулација на процесот на режење на дрвото, чиј автор е пријавениот кандидат.

3.1.2. В.Кољозов, Р.Клинчаров, З.Трпоски., „Влијание на бројот на сечила врз некои параметри во процесот на обработка на дрвото со кружна пила", Шумарски преглед, vol.41, Шумарски факултет, Скопје, стр.34-38, 2006. Во трудот е истражено влијанието на бројот на заби врз вредноста на одредени кинематски и геометриски параметри во процесот на режење на дрвото - дебелината на струшката, поместот по заб и чекорот на забите, при обработка со кружна пила. За целите на истражувањето е применета специјална програма за симулација на процесот на режење на дрвото, чиј автор е пријавениот кандидат. Резултатите од истражувањето овозможуваат определување на максималниот број на сечила при кој ќе се постигне режење со макрострушка.

3.1.3. Г.Златески, В.Кољозов, „Режим за контактно вакуумско сушење на пилански сортименти од даб со дебелина 50 mm", Шумарски преглед, vol.42, Шумарски факултет, Скопје, стр.27-33, 2009. Во трудот се опфатени испитувањата кои се однесуваат за вакуумско сушење на пилански сортименти со контактно загревање на дрвото. Од испитувањата се добиени резултати за режимот на сушење на пилански сортименти од даб со дебелина од 50,0 mm. Режимот е дефиниран со евидентирање на добиените податоци за влагата на дрвото, температурата на грејните тела и температурата на дрвото.

### 3.2. Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир

3.2.1. З.Јањиќ, Ж.Гочев, А.Кавалов, В.Кољозов, „Метода за оценување на комплексната ефикасност при набавка на CNC-обработувачки центри во претпријатијата за производство на мебел", Зборник на трудови од меѓународниот симпозиум „60 години Шумарски факултет", Охрид, 2007. Во трудот е направен преглед на технолошките можности за широката примена на новата генерација машини за производство на производи од дрво, пред сè мебели, какви што се машините со нумеричко програмско управување и дрвообработувачките центри, и врз таа основа предложена е метода за посигурно оценување на комплексното заемно дејство на главните технолошки и економски фактори, при оформување на тоа решение, важно за секој производител на мебел.

3.2.2. В.Кољозов, З.Трпоски, Р.Клинчаров, З.Јањиќ, „Компјутерска програма за аналитичко моделирање на процесот на режење на дрвото", Зборник на трудови од меѓународниот симпозиум „60 години Шумарски факултет", Охрид, 2007. Во трудот се опишани методите за креирање математички модел на механизмот на дејство меѓу алатот и обработуваниот материјал, во рамките на истражувањата на процесот на режење на дрвото. Изработен е аналитички модел со кој се определуваат некои битни параметри во процесот на режење на дрвото, како што се: силата на режење, моќноста на режење, затапувањето и абењето на алатот. Моделот е поддржан со компјутерска програма.

### 3.3. Учество во научноистражувачки проекти

3.3.1. „Унапредување на режимите и квалитетот на контактно вакуумско сушење на елементи од масивно дрво", развојно-истражувачки проект финансиран од Министерството за образование и наука на РМ, соработник (раководител: Г.Златески, 2006-2007).

### 3.4. Ментор на магистерски труд

Во периодот од изборот, д-р Владимир Кољозов бил ментор на еден магистерски труд под наслов „Влијание на големината на сплескувањето на забите и брзината на поместување врз потрошувачката на главниот електромотор и рапавоста на резната површина кај лентовидна пила трупчарка", изработен и одбранет од дипл.инж. Глигорчо Радински.

## 4. Стручно-апликативна дејност

4.1. „Инвестициона програма за производство на бичени материјали", соработник, Шумарски факултет, Скопје, 2005. Раководител: Б.Рабаџиски со група соработници (П.Василев, З.Трпоски, З.Златески, В.Кољозов, М.Станкевиќ).

Во периодот од 1.12.2001 до 28.2.2003 година, како и од 1.11.2005 до денес ја врши должноста администратор на компјутерската мрежа на Шумарскиот факултет во Скопје.

Активно ги владее англискиот и германскиот јазик.

## 2. Наставно-образовна дејност

Д-р Владимир Кољозов, уште како студент, бил ангажиран за демонстратор по предметот нацртна геометрија, а со вработувањето на Шумарскиот факултет во Скопје активно учествувал во изведувањето на вежбите по предметите техничка механика и основи на машинството. Со воведувањето на новите наставни програми според ЕКТ-системот, ги изведува вежбите по предметите основи на машинството со енергетика, теорија на режењето и алат и машини за обработка на дрвото. За потребите на наставно-образовниот процес учествувал во издавањето на три основни учебници од областа што ја покрива Катедрата за машини, енергетика и транспорт.

Своите познавања од областа на информатиката и компјутерската техника успешно ги применува во вршењето на должноста администратор на компјутерската мрежа на Шумарскиот факултет.

За одбележување е неговата секојдневна работа со студентите, непосредната комуникација и педагошкиот пристап, како и желбата за постојано усовршување и подобрување.

**Настава на прв циклус студии:** Од изборот за доцент, д-р Владимир Кољозов ја реализира наставата (предавања и вежби) од додипломските академски студии на студиските програми механичка технологија на дрвото и проектирање и технологија на мебел и ентериер, по предметите *основи на машинството со енергетика, теорија на режење и алат, нумеричко управување на машините со информатика*, а на студиските програми шумарство и озеленување и унапредување на животната средина, по предметот *информатика*.

**Настава на втор циклус студии:** На магистерските студии од втор циклус студии ја реализира наставата по предметите *вовед во теорија на инженерски експеримент, примена на компјутерски програми во паркарството, примена на компјутерската техника во процесот на проектирање, избрани делови од информатика, програмирање на CNC-машини и дрвообработувачки центри, компјутерски симулации во одгледувањето на шумите.*

**Ментор на дипломски труд:** Во периодот од изборот за доцент до денес, д-р Владимир Кољозов бил ментор на 2 (две) дипломски работи.

**Член на комисија за оцена и одбрана на магистерски труд:** Од изборот за доцент, д-р Владимир Кољозов бил член на комисија за оцена и одбрана на 2 (два) магистерски труда.

**Член на комисија за оцена и одбрана на дипломски труд:** Од изборот за доцент, д-р Владимир Кољозов бил член на комисија за оцена и одбрана на 9 (девет) дипломски труда.

**Консултации со студенти:** Во периодот од последниот избор, д-р Владимир Кољозов одржувал консултации со студентите на прв и втор циклус на студии. Бројот на студенти со коишто одржувал консултации по учебни години е следниот: учебна 2005/06 година - 251 студент, учебна 2006/07 - 291 студент, учебна 2007/08 - 365 студенти, учебна 2008/09 - 312 студенти, учебна 2009/10 - 271 студент.

## 3. Научноистражувачка дејност

Кандидатот д-р Владимир Кољозов, до изборот за доцент, има изработено, самостојно или со други автори, 26 научни и стручни трудови, чии рецензии се објавени во Билтенот на Универзитетот бр.593 од 1.4.1993 година, бр.681 од 16.4.1997 година, бр.737 од 15.7.1999 година, бр.801 од 1.4.2002 година и бр.876 од 1.7.2005 година.

Од последниот избор, кандидатот д-р Владимир Кољозов има изработено и приложено за овој избор осум нови труда.

### 3.1. Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научни/стручни списанија

3.1.1. В.Кољозов, З.Трпоски., Р.Клинчаров, „Влијание на бројот на вртежи врз силата на режење и моќноста на режење при обработка со лентовидна пила", Шумарски преглед, vol.41, Шумарски факултет, Скопје, стр.29-33, 2006. Во трудот е истражено влијанието на

промената на бројот на вртежи на тркалата при обработка на буково и борово дрво со лентовидна пила врз вредноста на тангенцијалната сила на режење и моќноста на режење. За целите на истражувањето е применета специјална програма за симулација на процесот на режење на дрвото, чиј автор е пријавениот кандидат.

3.1.2. В.Кољозов, Р.Клинчаров, З.Трпоски., „Влијание на бројот на сечила врз некои параметри во процесот на обработка на дрвото со кружна пила", Шумарски преглед, vol.41, Шумарски факултет, Скопје, стр.34-38, 2006. Во трудот е истражено влијанието на бројот на заби врз вредноста на одредени кинематски и геометриски параметри во процесот на режење на дрвото - дебелината на струшката, поместот по заб и чекорот на забите, при обработка со кружна пила. За целите на истражувањето е применета специјална програма за симулација на процесот на режење на дрвото, чиј автор е пријавениот кандидат. Резултатите од истражувањето овозможуваат определување на максималниот број на сечила при кој ќе се постигне режење со макрострушка.

3.1.3. Г.Златески, В.Кољозов, „Режим за контактно вакуумско сушење на пилански сортименти од даб со дебелина 50 mm", Шумарски преглед, vol.42, Шумарски факултет, Скопје, стр.27-33, 2009. Во трудот се опфатени испитувањата кои се однесуваат за вакуумско сушење на пилански сортименти со контактно загревање на дрвото. Од испитувањата се добиени резултати за режимот на сушење на пилански сортименти од даб со дебелина од 50,0 mm. Режимот е дефиниран со евидентирање на добиените податоци за влагата на дрвото, температурата на грејните тела и температурата на дрвото.

### 3.2. Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир

3.2.1. З.Јањиќ, Ж.Гочев, А.Кавалов, В.Кољозов, „Метода за оценување на комплексната ефикасност при набавка на CNC-обработувачки центри во претпријатијата за производство на мебел", Зборник на трудови од меѓународниот симпозиум „60 години Шумарски факултет", Охрид, 2007. Во трудот е направен преглед на технолошките можности за широката примена на новата генерација машини за производство на производи од дрво, пред сè мебели, какви што се машините со нумеричко програмско управување и дрвообработувачките центри, и врз таа основа предложена е метода за посигурно оценување на комплексното заемно дејство на главните технолошки и економски фактори, при оформување на тоа решение, важно за секој производител на мебел.

3.2.2. В.Кољозов, З.Трпоски, Р.Клинчаров, З.Јањиќ, „Компјутерска програма за аналитичко моделирање на процесот на режење на дрвото", Зборник на трудови од меѓународниот симпозиум „60 години Шумарски факултет", Охрид, 2007. Во трудот се опишани методите за креирање математички модел на механизмот на дејство меѓу алатот и обработуваниот материјал, во рамките на истражувањата на процесот на режење на дрвото. Изработен е аналитички модел со кој се определуваат некои битни параметри во процесот на режење на дрвото, како што се: силата на режење, моќноста на режење, затапувањето и абењето на алатот. Моделот е поддржан со компјутерска програма.

### 3.3. Учество во научноистражувачки проекти

3.3.1. „Унапредување на режимите и квалитетот на контактно вакуумско сушење на елементи од масивно дрво", развојно-истражувачки проект финансиран од Министерството за образование и наука на РМ, соработник (раководител: Г.Златески, 2006-2007).

### 3.4. Ментор на магистерски труд

Во периодот од изборот, д-р Владимир Кољозов бил ментор на еден магистерски труд под наслов „Влијание на големината на сплескувањето на забите и брзината на поместување врз потрошувачката на главниот електромотор и рапавоста на резната површина кај лентовидна пила трупчарка", изработен и одбранет од дипл.инж. Глигорчо Радински.

### 4. Стручно-апликативна дејност

4.1. „Инвестициона програма за производство на бичени материјали", соработник, Шумарски факултет, Скопје, 2005. Раководител: Б.Рабаџиски со група соработници (П.Василев, З.Трпоски, З.Златески, В.Кољозов, М.Станкевиќ).

4.2. „Инвестициона програма за производство на плочи од масивно дрво", соработник, Шумарски факултет, Скопје, 2005. Раководител: З.Трпоски со група соработници (П.Василев, Б.Рабаџиски, З.Златески, В.Кољозов, М.Станкевиќ).

4.3. Д-р Владимир Кољозов е автор на Информативен пакет за студентите запишани во прва година на додипломски студии од прв циклус во академската 2009/10 година.

## 5. Дејности од поширок интерес

**Уредник на зборник на трудови од научен собир:** Д-р Владимир Кољозов бил главен и одговорен уредник на Зборникот на трудови од Меѓународниот симпозиум одржан по повод јубилејот „60 години Шумарски факултет во Скопје", Охрид, 2007.

**Продекан за настава:** Во периодот од 1.10.2008 година до 17.3.2010 година, д-р Владимир Кољозов бил продекан за настава на Шумарскиот факултет во Скопје.

**Член на факултетски комисии:**

- во периодот од 2004 до 2006 година, д-р Владимир Кољозов бил член на Комисијата за јавни набавки на Шумарскиот факултет во Скопје;
- д-р Владимир Кољозов бил член на Комисијата за реализација на Конкурсот за запишување на студентите во учебната 2009/10 година;
- д-р Владимир Кољозов е член на Комисијата за наставни прашања за мандатниот период 2008-2012 година;
- д-р Владимир Кољозов е член на Комисијата за втор циклус студии за мандатниот период 2008-2012 година.

## 6. Заклучок и предлог

Сумирајќи го изнесеното за досегашните наставно-образовни, научноистражувачки, стручно-апликативни и останати активности на пријавениот кандидат д-р Владимир Кољозов, Комисијата констатира дека кандидатот сериозно и темелно ги извршува сите свои обврски и ги исполнува сите услови предвидени со Законот за високото образование и со актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и на Шумарскиот факултет во Скопје за избор во наставно-научното звање вонреден професор.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија има задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Шумарскиот факултет во Скопје, д-р Владимир Кољозов да биде избран во звањето вонреден професор на групата предмети машини, енергетика и транспорт, по предметите: основи на машинството со енергетика, машини 1, машини 2, теорија на режење и алат, внатрешен транспорт, нумеричко управување на машините со информатика, информатика и електротехника со електроуреди.

Рецензентска комисија

1. Д-р Ристо Клинчаров, редовен професор во пензија на Шумарскиот факултет во Скопје, с.р.

2. Д-р Зоран Трпоски, редовен професор на Шумарскиот факултет во Скопје, с.р.

3. Д-р Бранко Рабаџиски, редовен професор на Шумарскиот факултет во Скопје, с.р.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** Владимир Коста Кољозов
(име, татково име и презиме)
**Институција:** УКИМ - Шумарски факултет во Скопје
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** машини, енергетика и транспорт

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Информатика (2+2), 2005/06 - предавања | 1,2 |
| 2 | Информатика (2+2), 2005/06 - вежби | 0,9 |
| 3 | Основи на машинството со енергетика (4+3), 2005/06 - вежби | 1,35 |
| 4 | Теорија на режење (2+2), 2005/06 - вежби | 0,9 |
| 5 | Информатика (2+2), 2006/07 - предавања | 1,2 |
| 6 | Информатика (2+2), 2006/07 - вежби | 0,9 |
| 7 | Основи на машинството со енергетика (4+3), 2006/07 - вежби | 1,35 |
| 8 | Теорија на режење (2+2), 2006/07 - вежби | 0,9 |
| 9 | Нумеричко управување на машините со информатика (2+1), 2006/07 - предавања | 1,2 |
| 10 | Нумеричко управување на машините со информатика (2+1), 2006/07 - вежби | 0,45 |
| 11 | Информатика (2+2), 2007/08 - предавања | 1,2 |
| 12 | Информатика (2+2), 2007/08 - вежби | 0,9 |
| 13 | Нумеричко управување на машините со информатика (2+1), 2007/08 - предавања | 1,2 |
| 14 | Нумеричко управување на машините со информатика (2+1), 2007/08 - вежби | 0,45 |
| 15 | Теорија на режење (2+2), 2007/08 - предавања | 1,2 |
| 16 | Теорија на режење (2+2), 2007/08 - вежби | 0,9 |
| 17 | Основи на машинството со енергетика (4+3), 2007/08 - предавања | 2,4 |
| 18 | Основи на машинството со енергетика (4+3), 2007/08 - вежби | 1,35 |
| 19 | Информатика (2+2), 2008/09 - предавања | 1,2 |
| 20 | Информатика (2+2), 2008/09 - вежби | 0,9 |
| 21 | Нумеричко управување на машините со информатика (2+1), 2008/09 - предавања | 1,2 |
| 22 | Нумеричко управување на машините со информатика (2+1), 2008/09 - вежби | 0,45 |
| 23 | Теорија на режење (2+2), 2008/09 - предавања | 1,2 |
| 24 | Теорија на режење (2+2), 2008/09 - вежби | 0,9 |
| 25 | Основи на машинството со енергетика (4+3), 2008/09 - предавања | 2,4 |
| 26 | Основи на машинството со енергетика (4+3), 2008/09 - вежби | 1,35 |
| 27 | Информатика (2+2), зимски, 2009/10 - предавања | 1,2 |
| 28 | Информатика (2+2), зимски, 2009/10 - вежби | 0,9 |
| 29 | Нумеричко управување на машините со информатика (2+1), 2009/10 - предавања | 1,2 |
| 30 | Нумеричко управување на машините со информатика (2+1), 2009/10 - вежби | 0,45 |
| 31 | Теорија на режење (2+2), 2009/10 - предавања | 1,2 |
| 32 | Теорија на режење (2+2), 2009/10 - вежби | 0,9 |
| 33 | Информатика (2+2), летен, 2009/10 - предавања | 1,2 |
| 34 | Информатика (2+2), летен, 2009/10 - вежби | 0,9 |
| 35 | Основи на машинството со енергетика (2+2), 2008/09 - предавања | 1,2 |
| 36 | Основи на машинството со енергетика (2+2), 2008/09 - вежби | 0,9 |
| 37 | Ментор на дипломски работи (x2) | 0,4 |

| | | |
|---|---|---|
| 38 | Член на комисија за оцена и одбрана на магистерска работа (x2) | 0,6 |
| 39 | Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа (x9) | 0,9 |
| 40 | Консултации со студенти, 2005/06 (231 студенти) | 0,462 |
| 41 | Консултации со студенти, 2006/07 (301 студенти) | 0,602 |
| 42 | Консултации со студенти, 2007/08 (374 студенти) | 0,748 |
| 43 | Консултации со студенти, 2008/09 (319 студенти) | 0,638 |
| 44 | Консултации со студенти, 2009/10 (254 студенти) | 0,508 |
| | **Вкупно** | 44,458 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | В.Коњозов, З.Трпоски., Р.Клинчаров, „Влијание на бројот на вртежи врз силата на режење и моќноста на режење при обработка со лентовидна пила", Шумарски преглед, vol.41, Шумарски факултет, Скопје, стр.29-33, 2006. | 3,2 |
| 2 | В.Коњозов, Р.Клинчаров, З.Трпоски., „Влијание на бројот на сечила врз некои параметри во процесот на обработка на дрвото со кружна пила", Шумарски преглед, vol.41, Шумарски факултет, Скопје, стр.34-38, 2006. | 3,2 |
| 3 | Г.Златески, В.Коњозов, „Режим за контактно вакуумско сушење на пилански сортименти од даб со дебелина 50 mm", Шумарски преглед, vol.42, Шумарски факултет, Скопје, стр.27-33, 2009. | 3,6 |
| 4 | З.Јањиќ, Ж.Гочев, А.Кавалов, В.Коњозов, „Метода за оценување на комплексната ефикасност при набавка на CNC-обработувачки центри во претпријатијата за производство на мебел", Зборник на трудови од меѓународниот симпозиум „60 години Шумарски факултет", Охрид, 2007. | 1,2 |
| 5 | В.Коњозов, З.Трпоски, Р.Клинчаров, З.Јањиќ, „Компјутерска програма за аналитичко моделирање на процесот на режење на дрвото", Зборник на трудови од меѓународниот симпозиум „60 години Шумарски факултет", Охрид, 2007. | 1,2 |
| 6 | Ментор на магистерскиот труд „Влијание на големината на сплескувањето на забите и брзината на поместување врз потрошувачката на главниот електромотор и рапавоста на резната површина кај лентовидна пила трупчарка", изработен и одбранет од дипл.инж. Глигорчо Радински. | 1,0 |
| 7 | „Унапредување на режимите и квалитетот на контактно вакуумско сушење на елементи од масивно дрво", развојно-истражувачки проект финансиран од Министерството за образование и наука на РМ, соработник (раководител: Г.Златески, 2006-2007). | 3,0 |
| | **Вкупно** | 16,4 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | „Инвестициона програма за производство на бичени материјали", соработник, Шумарски факултет, Скопје, 2005. Раководител: Б.Рабаџиски со група соработници. | 1,0 |
| 2 | „Инвестициона програма за производство на плочи од масивно дрво", соработник, Шумарски факултет, Скопје, 2005. Раководител: З.Трпоски со група соработници. | 1,0 |
| 3 | Информативен пакет за студентите запишани во прва година на додипломски студии од прв циклус во академската 2009/10 година. | 0,5 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1 | Главен и одговорен уредник на Зборникот на трудови од Меѓународниот симпозиум одржан по повод јубилејот „60 години Шумарски факултет во Скопје", Охрид, 2007. | 1,0 |
| 2 | Продекан за настава 2008-2010 (1,5 години) | 1,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | Член на Комисијата за јавни набавки на Шумарскиот факултет во Скопје (2004-2006 година) | 0,5 |
| 4 | Член на факултетската Комисија за реализација на Конкурсот за запишување на студентите во учебната 2009/10 година. | 0,5 |
| 5 | Член на факултетската Комисија за наставни прашања за мандатниот период 2008-2012 година. | 0,5 |
| 6 | Член на факултетската Комисија за втор циклус студии за мандатниот период 2008-2012 година. | 0,5 |
| | **Вкупно** | 7,0 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 44,458 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 16,4 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | - |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 7,0 |
| **Вкупно** | 67,858 |

**Членови на Комисијата**

1. Д-р Ристо Клинчаров,
   редовен професор во пензија, претседател, с.р.

2. Д-р Зоран Трпоски,
   редовен професор, член, с.р.

3. Д-р Бранко Рабаџиски,
   редовен професор, член, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА НА ГРУПА НАСТАВНА ПРОГРАМА – ПРИМАРНА ПРЕРАБОТКА НА ДРВОТО И ПРЕДМЕТОТ ХЕМИСКА ПРЕРАБОТКА НА ДРВОТО НА ШУМАРСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно – научниот совет на Шумарскиот факултет во Скопје, на својата 4 – та седница на 29.3.2010 година, именувани сме за рецензенти за оцена на пријавениот кандидат за избор на наставник во сите звања во состав: д-р Бранко Рабаџиски, редовен професор, д-р Јосиф Димески, редовен професор и д-р Митко Нацевски, редовен професор, сите од Шумарскиот факултет во Скопје.

На конкурсот објавен на 16. и 17.3.2010 година во дневните весници: „Време" и „Коха" се пријави само кандидатот д-р Горан Златески, доцент на Шумарскиот факултет во Скопје за избор на наставник во сите звања на група наставна програма примарна преработка на дрвото на предметите: пиланска преработка на дрвото, хидротермичка обработка на дрвото, познавање на материјалите од дрво, технологија на амбалажа и дрвени елементи, пластификација на дрвото и предметот хемиска преработка на дрвото.

Врз основа на доставената документација од кандидатот го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Биографски податоци

Доц. д-р Горан Златески е роден на 20.5.1968 година во Скопје, каде што завршил основно и средно образование. Дипломирал на Шумарскиот факултет во Скопје во 1992 година. По завршувањето на студиите се запишал на постдипломски студии од областа на примарната преработка на дрвото. На Шумарскиот факултет во Скопје се вработил како помлад асистент во 1995 година. Во 1998 година бил преизбран во звањето помлад асистент. Магистрирал на Шумарскиот факултет во Скопје во 1999 година одбранувајќи го магистерскиот труд под наслов: „Проучување на режимите за конвективно сушење на бичена граѓа од ела и бука со различни димензии".

Во соработничко звање – асистент на Шумарскиот факултет бил избран во 2000 година.

Во периодот од 15.2.2001 до 15.5.2001 година престојувал на стручно усовршување во Институтот за технологија на дрвото во Сан Микеле, Италија. Во 2003 година бил преизбран во звањето асистент. Во 2003 година престојувал на едномесечен престој во Институтот за наука и технологија на дрвото во Виена, Австрија.

На 11.11.2004 година успешно ја одбранил докторската дисертација под наслов „Проучување на режимите и квалитетот на контактно вакуумско сушење на пилански сортименти" на Шумарскиот факултет во Скопје.

Во 2005 година бил избран во звањето доцент по групата предмети примарна преработка на дрвото на Шумарскиот факултет во Скопје. Во временскиот период од 1.5.2006 до 31.9.2008 година бил продекан за меѓународна соработка на Шумарскиот факултет во Скопје. Од 1.10.2008 година до сега е раководител на Катедрата за примарна преработка на дрвото при Институтот за дрвна индустрија на Шумарскиот факултет во Скопје.

Во наставниот процес редовно ги изведува предавањата и вежбите по предметите: хидротермичка обработка на дрвото, пластификација на дрвото и

хемиска преработка на дрвото. Исто така активно учествува во научноистражувачката и применувачката работа при Катедрата за примарна преработка на дрвото на Шумарскиот факултет во Скопје.

Коавтор е на универзитетскиот учебник „Хидротермичка обработка на дрвото - I дел" изготвен во 2007 година. Во 2009 година изготвил интерна скрипта (аудиториски вежби) по предметот хидротермичка обработка на дрвото.

Во досегашната работа како студент, асистент и доцент, самостојно или со други автори, учествувал во изготвувањето на повеќе научни и стручни трудови од областа на примарната преработка на дрвото.

Учествувал во повеќе комисии и тела на Шумарскиот факултет во Скопје како и во комисии и тела на други институции. Активно ги владее англискиот и италијанскиот јазик и користи компјутерска техника.

## 2. Наставна – образовна дејност

Во изминатиот период, кандидатот д-р Горан Златески со успех ја изведува наставно-образовната дејност на додипломските студии на Шумарскиот факултет во Скопје, на студиските програми механичка технологија на дрвото и проектирање и технологија на мебел и ентериер по предметите: хидротермичка обработка на дрвото, пластификација на дрвото и хемиска преработка на дрвото.

Кандидатот учествува и во наставата на постдипломските студии на Шумарскиот факултет во Скопје од областа на примарната преработка на дрвото по предметите: сушење и пластификација на дрвото и термодинамички процеси во обработката на дрвото.

Од 2009/10 е предавач на Високата школа во Врање, Р. Србија, по предметот сушење и парење на дрвото на насоката технологија на дрвото.

Наставата ја изведувал на потребното педагошко ниво, користејќи ги искуствата во научноистражувачката и применувачката работа и бројните контакти кои ги имал во земјата и во странство.

## 3. Научноистражувачка дејност

Во својата досегашна работа, д-р Горан Златески изготвил сам или како соработник со други автори вкупно 55 научни и стручни трудови, од кои до изборот за вонреден професор - 39 трудови, рецензирани во билтените број 698 од 29.2.1997 година, број 752 од 25.2.2000 година, број 823 од 28.2.2003 година и во број 874 од 1.6.2005 година. Со оглед на тоа дека предходните 39 трудови се рецензирани при претходните постапки за избор во помлад асистент, асистент и доцент, во понатамошното излагање ќе се рецензираат само оние трудови што се изготвени по изборот во звањето доцент.

**1. Режим за контактно вакуумско сушење на пилански сортименти од орев, Г. Златески, Б. Рабаџиски, Шумарски преглед, Списание за шумарство и дрвна индустрија, стр. 134 – 138, Скопје, 2006 година.**

Научен труд изготвен на 5 страници, во кои се изнесени податоците за вештачко вакуумско сушење со контактно загревање на дрвото од орев со дебелина од 25,0 mm. Се дефинира режим за сушење на пилански сортименти од орев, според кој влагата во дрвото од 31,0% се суши до 10,0% за време од 96 часа. При тоа, температурата во дрвото се движи од 16°C до 60°C, а температурата на грејните тела од 23°C до 65°C.

**2. Утврдување квалитет на сушење на пилански сортименти од даб, Г. Златески, Б. Рабаџиски, Шумарски преглед, Списание за шумарство и дрвна индустрија, стр. 144 – 149, Скопје 2006, година.**

Во трудот е испитуван квалитетот на сушење на пилански сортименти од даб со дебелина од 25,0 mm. Утврдено е дека влагата во површинските слоеви од дрвото изнесува 9,86%, влагата во внатрешните слоеви изнесува 11,38%, додека градиентот на влага има вредност од −1,52%. Според критериумите на стандардот (ГОСТ), а кои се однесуваат на квалитетот на сушење на дрвото врз база на вредноста на градиентот, е констатирано дека сушењето на пиланските сортименти од даб припаѓа на II категорија на квалитет што целосно одговара во производството на мебел од масивно дрво.

**3. Режим за контактно вакуумско сушење на пилански сортименти од бука, Г. Златески, Б. Рабаџиски, Шумарски преглед, Списание за шумарство и дрвна индустрија, стр. 139 – 143, Скопје 2006, година.**

Во трудот се изнесени резултатите од испитувањата за контактното вакуумско сушење на пилански сортименти од бука, со дебелина од 25,0 mm. Дефиниран е режимот за сушење составен врз основа на температурата на грејните тела, температурата на дрвото и влагата во дрвото. Утврдено е дека температурата во дрвото се движи од 20°C до 56°C, а температурата на грејните тела од 27°C до 65°C. Средната влага во дрвото на почетокот од процесот на сушење изнесува 33,0%, а на крајот 10,0%. Ова намалување на влагата е остварено за временски период од 72 часа.

**4. Оптимални температури за пластификација на дрвото при парење на букови трупци, Б. Рабаџиски, Г. Златески, Шумарски преглед, Списание за шумарство и дрвна индустрија, стр. 78 – 85, Скопје, 2006 година.**

Во трудот е испитувана пластификацијата на дрвото при парење букови трупци за добивање на лупен фурнир. Испитувањата се извршени во зимски и во летен период, при што релативната влажност на воздухот се движи од 48 до 70%, а температурата од -8 ° C до 32 ° C. Температурата во јамата за парење има средна вредност од 82,11 ° C за зимскиот и 87,8 ° C за летниот период. Оптималната температура за пластификација на дрвото за зимскиот период за дијаметар на трупците од 36,0 cm до 75,0 cm има средна вредност од 73,79 ° C, додека за летниот период 75,31 ° C.

**5. Оптимални температури за пластификација на дрвото при варење на букови трупци, Б. Рабаџиски, Г. Златески, Шумарски преглед, Списание за шумарство и дрвна индустрија, стр. 86 – 89, Скопје, 2006 година.**

Во трудот се изнесени резултати за оптималните температури за пластификација на дрвото при варење на букови трупци. Оптималната температура на дрвото по варење (зимски период) на челата на трупчињата е со средна вредност 46,27 ° C, а на заоблената површина 44,37 ° C. Што се однесува до оптималната температура на дрвото (летен период), таа на челата на трупчињата изнесува средно 50,02 ° C, а на рестролната 50,79 ° C.

**6. Режим на вакуумско сушење на пилански сортименти од орев, дебелина 50,0 mm , Г. Златески, Б. Рабаџиски, Зборник на трудови – Меѓународен симпозиум, стр. 521 – 525, Охрид, 2007 година.**

Во трудот е разработен режимот на сушење во услови на вакуум на пиалнски сортименти од орев со дебелина од 50,0 mm. Изведени се неколку експериметални циклуси на сушење од кои се добиени резултати за влагата во дрвото, температурата во дрвото, температурата на грејните тела и времето на

сушење. Сушењето започнува со почетна средна влага на дрвото од 33,0 ° С. Условите на сушење диктирани од режимот на сушење овозможуваат влагата во дрвото да испари односно да се намали на 10,0% за времетраење од 168 часа. Температурата на грејните тела за овој временски интервал се движи од 25 до 65 ° С, а температурата во дрвото од 17 ° С до 60 ° С.

**7. Режим на вакуумско сушење на пилански сортименти од даб, дебелина 25,0 mm, Г. Златески, Б. Рабаџиски, Зборник на трудови – Меѓународен симпозиум, стр. 526 – 529, Охрид 2007, година.**

Предмет на проучување на овој труд е контактно вакуумско сушење на пилански сортименти од даб, со дебелина од 25,0 mm. Дефинираниот режим за сушење покажува дека за времетраење од 120 часа влагата во дрвото се намалува од 31,0 % на 10,0%, додека температурата во дрвото како и температурата на грејните тела, се зголемува од 17 ° С на 54 ° С, односно од 24°С на 60 ° С. По сушењето, пиланските сортименти се наменети за изработка на производи од масивно дрво.

**8. Квалитет на сушење на пилански сортименти од бука, дебелина 50,0 mm, Г. Златески, Б. Рабаџиски, Зборник на трудови – Меѓународен симпозиум, стр. 530 – 534, Охрид, 2007 година.**

Со цел утврдување на квалитет на сушење на пилански сортименти од бука, со дебелина од 50,0 mm, анализирана е влагата во површинските и во внатрешните слоеви на дрвото. Влагата во дрвото во површинските слоеви средно изнесува 9,70%, а во внатрешните слоеви 11,41%. Врз база на овие резултати добиен е градиентот на влага по дебелина на сортиментите кој изнесува – 1,71%. Негативниот предзнак укажува дека површината на дрвото е посува од неговата внатрешност, а неговата апсолутна вредност укажува дека сушењето на дрвото припаѓа во II категорија на квалитет, што целосно одговара за изработка на производи од масивно дрво од висока класа на квалитет.

**9. Анализа на природното сушење на окрајчена бичена граѓа од бука – дебелина 50,0 mm, Б. Рабаџиски, Г. Златески, Зборник на трудови – Меѓународен симпозиум, стр. 479 – 485, Охрид, 2007 година.**

Во трудот е испитувано природно сушење на окрајчена граѓа од бука со дебелина од 50,0 mm. Опфатен е периодот од јуни до декември 2006 година. За време на овој временски период, температурата на воздухот се движела во граница од 6,3 ° С до 23,1 ° С , а релативната влажност на воздухот од 52,1 % до 65,2 %. При овие услови на природно сушење, средната влага во дрвото се движи во граница од 13,6 %до 42,2%. Минималната влжност во граѓата е констатирана во месец септември и изнесува 13,6%.

**10. Режим за контактно вакуумско сушење на пилански сортименти од даб, дебелина 50,0 mm. Г. Златески, Б. Рабаџиски, Шумарски преглед, Списание за шумарство и дрвна индустрија, стр. 27 – 33, Скопје, 2009 година.**

Во трудот се опфатени испитувањата кои се однесуваат на еден од начините за забрзано сушење на пилански сортименти, односно вакуумското сушење. По реализирани неколку експериметални режими на сушење, дефиниран е еден оптимален режим со кој влагата во дрвото се намалува без појава на грешки на дрвото. Според овој режим, времетраењето на сушењето при кое дрвото ја намалува својата влага од 32,0% на 10,0%, изнесува 192 часа. Температурата на грејните тела се движи во граница од 25 ° С до 60,0 ° С, а температурата во дрвото од 18 ° С до 53 ° С. Сушењето е реализирано во вакуумска сушилница од типот ES – 3, произведена од фирмата ISVE од Италија.

**11. Инвестициона програма за производство на бичени материјали, раководител: Б.Рабаџиски, соработник: Г. Златески, Шумарски факултет, Скопје, 2005 година.**

Програмата е изработена на 51 страница и 3 прилози. Стандарден проект со сите потребни елементи за производство на неокрајчена, полуокрајчена и окрајчена бичена граѓа со дебелина 25,0 и 50,0 mm. Поделена е на 8 поглавја: основни податоци на инвестицијата, основни податоци на инвеститорот, анализа на пазарот за продажба, техничко–технолошка анализа, анализа на пазарот за набавка, осврт на локацијата, заштита при работа и заштита на човековата околина и економска – финансиска анализа. Се цени дека можниот обем на планираното производство се базира на пилански трупци од бука во количество од 10.000 m³ преработено во една смена во текот на годината. Од ова количество на трупци се добива 960 m³ бичена граѓа со дебелина 25,0 mm, 3.264 m³ бичена граѓа со дебелина 50,0 mm и срцевина 576 m³ или вкупно 4.800 m³ бичена граѓа.

**12. Инвестициона програма за производство на плочи од масивно дрво, раководител: З. Трпоски, соработник: Г. Златески, Шумарски факултет, Скопје, 2005 година.**

Оваа програма е изработена на 57 страници и 2 прилога. Со програмата се предвидува производство на 4.400 m³ полуокрајчена и окрајчена бичена граѓа. Од оваа бичена граѓа, како финален производ според предложената технологија и опрема (должинско – ширинско лепење на дрвени елементи) се добиваат околу 2,552 m³ плочи од масивно дрво со максимална должина до 5,0 m со дебелина од 18,0 до 45,0 mm и широчина до 1,30 m и класа на квалитет на плочите: A/B, B/B и B/C.

**13. Термичка обработка на дрвото (стерилизација) и осовременување на погон за преработка на бичена граѓа и изработка на производи за амбалажа, раководител: Б.Рабаџиски, соработник: Г. Златески, Шумарски факултет, Скопје, 2006 година.**

Оваа студија е изработена на 26 страници и 7 прилози. Во однос на технолошката постапка за стерилизација на бичените сортименти, во конкретниот случај се користи топлинска постапка која има за цел остварување на минимална температура во дрвото од 56°C за времетраење од 30 мин., што е во целосна согласност со Законот за здравје на растенија на Р. Македонија.

**14. Унапредување на режимите и квалитетот на контактно вакуумско сушење на елементи од масивно дрво, раководител: Г. Златески, развојно-истражувачки проект од средства за технолошки развој на Министерството за образование и наука на Р. Македонија, Скопје, 2007 година.**

Во овој проект се изнесени резултати од извршените испитувања за котактно вакуумско сушење на пилански сортименти при постојни услови на работа на претпријатието ДОО „Дизајн Фантазија" - Скопје. При тоа, констатирани се низа предности на вакуумските сушилници во однос на класичните (конвективните) сушилници, од кои би ги издвоиле следниве: поголем капацитет на сушење во функција со покусото време на задржување на дрвото во процесот на сушење, потоа подобар квалитет на сушење, економичност заради помалата потрошувачка на електрична енергија, рамномерно испарување на влагата од внатрешните и надворешните слоеви на дрвото итн.

**4. Заклучок и предлог**

Врз основа на изнесените податоци за кандидатот д-р Горан Златески, доцент на Шумарскиот факултет во Скопје, може да се истакне дека како студент, помлад асистент, асистент, а подоцна како и доцент покажал забележителни резултати во образовната, научната и применувачката работа.

За групата наставна програма – примарна преработка на дрвото и предметот хемиска преработка на дрвото има стекнато солидно познавање и искуство, најнапред преку завршување на дрвноиндустриските студии, а потоа и со магистерските и докторските студии, кои успешно ги завршил. Освен тоа, преку богатата научноистражувачка и применувачка работа, самостојно или со други соработници, публикувал значителен број на трудови од интерес за дрвноиндустриската наука и практиката. Со држењето на практичните вежби и настава по наставните дисциплини за кои конкурира, стекнал драгоцено педагошко искуство за изведување настава на додипломските и постдипломските студии.

Своето искуство во соработката со стопанството го потврдува со раководење на проекти од областа на хидротермичката обработка на дрвото. На Шумарскиот факултет во Скопје бил активно вклучен во работата на повеќе тела и органи како и во разни комисии надвор од Факултетот.

Своето досегашно искуство го потврдил како продекан за меѓународна соработка на Шумарскиот факултет во Скопје и раководител на Катедрата за примарна преработка на дрвото на Институтот за дрвна индустрија.

Доц. д-р Горан Златески се истакнува со својата едноставност, трудољубивост, упорност, комуникативност, педагошка активност, како и со желбата за совладување на најновите сознанија поврзани со наставниот процес на Шумарскиот факултет во Скопје.

Имајќи го предвид напред изнесеното, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно – научниот совет на Шумарскиот факултет во Скопје, **доц. д-р Горан Златески**, да биде избран во звањето **вонреден професор на група наставна програма – примарна преработка на дрвото и предметот хемиска преработка на дрвото.**

**Членови на Комисијата**

1. Д-р Бранко Рабаџиски, редовен професор
на Шумарскиот факултет во Скопје, претседател, с.р.

2. Д-р Јосиф Димески, редовен професор
на Шумарскиот факултет во Скопје, член, с.р.

3. Д-р Митко Нацевски, редовен професор
на Шумарскиот факултет во Скопје, член, с.р.

АНЕКС 2

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО–НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО – СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Горан Благоја Златески
(име, татково име и презиме)

**Институција:** УКИМ – Шумарски факултет во Скопје
(назив на факултетот/институт)

**Научна област:** примарна преработка на дрвото

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Хидротермичка обработка на дрвото (3+3), летен 2005/06 - предавања | 1,8 |
| 2 | Хидротермичка обработка на дрвото (3+3), летен 2005/06 - вежби | 1,35 |
| 3 | Хемиска преработка на дрвото (2+2), летен 2005/06 - вежби | 0,9 |
| 4 | Пластификација на дрвото (3+2), зимски 2005/06 - вежби | 0,9 |
| 5 | Хидротермичка обработка на дрвото (3+3), летен 2006/07 – предавања | 1,8 |
| 6 | Хидротермичка обработка на дрвото (3+3), летен 2006/07 - вежби | 1,35 |
| 7 | Хемиска преработка на дрвото (2+2), летен 2006/07 - вежби | 0,9 |
| 8 | Пластификација на дрвото (3+2), зимски 2006/07 - вежби | 0,9 |
| 9 | Хидротермичка обработка на дрвото (3+3), летен 2007/08 – предавања | 1,8 |
| 10 | Хидротермичка обработка на дрвото (3+3), летен 2007/08 - вежби | 1,35 |
| 11 | Хемиска преработка на дрвото (2+2), летен 2007/08 - вежби | 0,9 |
| 12 | Пластификација на дрвото (3+2), зимски 2007/08 - вежби | 0,9 |
| 13 | Хидротермичка обработка на дрвото (3+3), летен 2008/09 – предавања | 1,8 |
| 14 | Хидротермичка обработка на дрвото (3+3), летен 2008/09 - вежби | 1,35 |
| 15 | Хемиска преработка на дрвото (2+2), летен 2008/09 - вежби | 0,9 |
| 16 | Пластификација на дрвото (3+2), зимски 2008/09 - вежби | 0,9 |
| 17 | Хидротермичка обработка на дрвото (3+3), летен 2009/10 – предавања | 1,8 |
| 18 | Хидротермичка обработка на дрвото (3+3), летен 2009/10 - вежби | 1,35 |
| 19 | Хемиска преработка на дрвото (2+2), летен 2009/10 - вежби | 0,9 |
| 20 | Пластификација на дрвото (3+2), зимски 2009/10 - вежби | 0,9 |
| 21 | Сушење и пластификација на дрвото (3+3) 2009/10 – предавања (втор циклус) | 1,8 |
| 22 | Термодинамички процеси во обработката на дрвото (3+3) 2009/10 – предавања (втор циклус) | 1,8 |
| 23 | Сушење и пластификација на дрвото (3+3) 2009/10 – вежби (втор циклус) | 1,35 |
| 24 | Термодинамички процеси во обработката на дрвото (3+3) 2009/10 – вежби (втор циклус) | 1,35 |

| | | |
|---|---|---|
| 25 | Сушење и парење дрвета (2+3) 2009/10– предавања, Висока школа - Врање, Р. Србија | 1,2 |
| 26 | Сушење и парење дрвета (2+3) 2009/10– вежби, Висока школа - Врање, Р. Србија | 1,35 |
| 27 | Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа (5 студенти) | 0,5 |
| 28 | Ментор на дипломска работа (1 студент) | 0,2 |
| 29 | „Хидротермичка обработка на дрвото - I дел", Универзитетски учебник, 2007 година. (коавтор) | 6,0 |
| 30 | „Хидротермичка обработка на дрвото - I дел", интерна скрипта – вежби, 2009. | 3,0 |
| 31 | Консултации со студенти, 2005/06 (128 студенти) | 0,256 |
| 32 | Консултации со студенти, 2006/07 (84 студенти) | 0,168 |
| 33 | Консултации со студенти, 2007/08 (103 студенти) | 0,206 |
| 34 | Консултации со студенти, 2008/09 (137 студенти) | 0,274 |
| 35 | Консултации со студенти, 2009/10 (110 студенти) | 0,22 |
| | **Вкупно** | **44,424** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Г. Златески, Б. Рабаџиски, Режим за контактно вакуумско сушење на пилански сортименти од орев, Шумарски преглед, Списание за шумарство и дрвна индустрија, стр. 134 – 138, Скопје, 2006 година. | 3,6 |
| 2 | Г. Златески, Б. Рабаџиски, Утврдување квалитет на сушење на пилански сортименти од даб, Шумарски преглед, Списание за шумарство и дрвна индустрија, стр. 144 – 149, Скопје, 2006 година. | 3,6 |
| 3 | Г. Златески, Б. Рабаџиски, Режим за контактно вакуумско сушење на пилански сортименти од бука, Шумарски преглед, Списание за шумарство и дрвна индустрија, стр. 139 – 143, Скопје, 2006 година. | 3,6 |
| 4 | Б. Рабаџиски, Г. Златески, Оптимални температури за пластификација на дрвото при парење на букови трупци, Шумарски преглед, Списание за шумарство и дрвна индустрија, стр. 78 – 85, Скопје, 2006 година. | 3,6 |
| 5 | Б. Рабаџиски, Г. Златески, Оптимални температури за пластификација на дрвото при варење на букови трупци, Шумарски преглед, Списание за шумарство и дрвна индустрија, стр. 86 – 89, Скопје, 2006 година. | 3,6 |
| 6 | Г. Златески, Б. Рабаџиски, Режим на вакуумско сушење на пилански сортименти од орев, дебелина 50,0 mm, Зборник на трудови – Меѓународен симпозиум, стр. 521 – 525, Охрид, 2007 година. | 2,7 |
| 7 | Г. Златески, Б. Рабаџиски, Режим на вакуумско сушење на пилански сортименти од даб, дебелина 25,0 mm, Зборник на трудови – Меѓународен симпозиум, стр. 526 – 529, Охрид, 2007 година. | 2,7 |
| 8 | Г. Златески, Б. Рабаџиски, Квалитет на сушење на пилански сортименти од бука, дебелина 50,0 mm, Зборник на трудови – Меѓународен симпозиум, стр. 530 – 534, Охрид, 2007 година. | 2,7 |
| 9 | Б. Рабаџиски, Г. Златески, З. Трпоски, Анализа на природното сушење на окрајчена бичена граѓа од бука – дебелина 50,0 mm, Зборник на трудови – Меѓународен симпозиум, стр. 479 – 485, Охрид, 2007 година. | 2,4 |

| | | |
|---|---|---|
| 10 | Г. Златески, Б. Рабаџиски, Режим за контактно вакуумско сушење на пилански сортименти од даб, дебелина 50,0 mm. Шумарски преглед, Списание за шумарство и дрвна индустрија, стр. 27 – 33, Скопје, 2009 година. | 3,6 |
| 11 | Унапредување на режимите и квалитетот на контактно вакуумско сушење на елементи од масивно дрво, раководител Г. Златески, развојно-истражувачки проект од средства за технолошки развој на Министерството за образование и наука на Р. Македонија, Скопје, 2006/07 година. | 6,0 |
| | **Вкупно** | **38,1** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Инвестициона програма за производство на плочи од масивно дрво, раководител: З. Трпоски, соработник: Г. Златески, Шумарски факултет, Скопје, 2005 година. | 1,0 |
| 2 | Инвестициона програма за производство на бичени материјали, раководител: Б.Рабаџиски, соработник: Г. Златески, Шумарски факултет, Скопје, 2005 година. | 1,0 |
| 3 | Термичка обработка на дрвото (стерилизација) и осовременување на погон за преработка на бичена граѓа и изработка на производи за амбалажа, раководител: Б.Рабаџиски, соработник: Г. Златески, Шумарски факултет, Скопје, 2006 година. | 1,0 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1 | Продекан за меѓународна соработка во периодот од 1.5.2006 до 30.9.2008 година. | 2,4 |
| 2 | Раководител на катедрата за примарна преработка на дрвото од 1.10.2008 - до сега. | 1,1 |
| 3 | Комисија за самоевалуација на Шумарскиот факултет во Скопје, од 25.12. 2006 - до сега. | 1,5 |
| 4 | Комисија за јавни набавки на Шумарскиот факултет во Скопје, 2006 година. | 0,5 |
| 5 | Комисија за јавни набавки на Шумарскиот факултет во Скопје, 2009 година. | 0,5 |
| 6 | Член на организационен одбор за јубилејната прослава „60 години од основањето на Шумарскиот факултет во Скопје", 2006 година. | 1,0 |
| 7 | Член на работна група за изготвување на предлог-одлука и критериуми за студирање според ЕКТС на Шумарскиот факултет во Скопје. | 0,5 |
| 8 | Член на работна група за изработка на нова наставна програма за III година четиригодишно средно – стручно образование по предметот хидротермичка обработка на дрвото за образовниот профил техничар за обработка на дрво, 2006 година. | 1,0 |
| 9 | Член на работна група за изработка на нова наставна програма за III година четиригодишно средно – стручно образование по предметот хидротермичка обработка на дрвото за образовниот профил техничар за мебел и ентериер, 2006 година. | 1,0 |
| 10 | Член на комисија за регистрација на производители за дрвен материјал за пакување во меѓународниот промет при МЗШВ на РМ, 2006 година. | 1,0 |

| | | |
|---|---|---|
| 11 | Член на комисија за регистрација на производители за дрвен материјал за пакување во меѓународниот промет при МЗШВ на РМ, 2007 година. | 1,0 |
| 12 | Член на работна група за изготвување на измена и дополнување на Законот за здравје на растенија при МЗШВ на РМ, 2009 година | 2,0 |
| | **Вкупно** | **16,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО – ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **44,424** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **38,100** |
| **СТРУЧНО – УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | - |
| **СТРУЧНО – АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **16,500** |
| **Вкупно** | **99,024** |

**Членови на Комисијата**

1. Д-р Бранко Рабаџиски,
редовен професор, претседател, с.р.

2. Д-р Јосиф Димески,
редовен професор, член, с.р.

3. Д-р Митко Нацевски,
редовен професор , член, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ „ЕКОНОМИЈА НА ИНВЕСТИЦИИТЕ“, ТРЕТО ИЗДАНИЕ, ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р МЕТОДИЈА НЕСТОРОВСКИ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, определен сум за рецензент на учебникот **„Економија на инвестициите”, трето издание**, подготвен од д-р Методија Несторовски, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. По опстојното проучување на трудот, до Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје го поднесувам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Подготвениот ракопис е трето, дополнето и изменето издание на учебникот *Економија на инвестициите* од авторот проф. д-р Методија Несторовски - првото издание е објавено во 2000 година, а второто во 2005 година, при што, имав можност и задоволство да бидам еден од рецензентите и на претходните две изданија. Оваа книга се јавува како резултат на потребата да се обезбеди нов учебник, со оглед на тоа што претходното издание е веќе исцрпено, но и како резултат на потребата во новото издание да се внесат неопходните дополнувања и измени кои ќе ги опфатат новите сознанија на науката за инвестициите.

Материјата во трудот е структурирана во три дела и расчленета во 15 глави, кои чинат логична и конзистентна целина. Трудот содржи и прилози, терминологија, како и список на консултирана литература.

За да се добие претстава за содржината и комплексноста на трудот, ги наведувам насловите на одделните делови и нивните поглавја.

**Прв дел: Теориски аспекти на инвестициите и нивните извори**
Глава 1. Инвестициите како економска категорија
Глава 2. Базните категории на инвестициите како алатки за анализа
Глава 3. Инвестициите и економскиот раст
Глава 4. Мотивите и детерминантите на инвестициите
Глава 5. Извори на инвестиции

**Втор дел: Анализа на изведливоста на проектот**
Глава 6. Инвестиционен процес
Глава 7. Анализа на изводливоста на инвестициониот проект
Глава 8. Трошокот на инвестираниот капитал
Глава 9. Проектирање на паричните текови на проектот

**Трет дел: Оценка на ефикасноста на инвестиционите проекти**
Глава 10. Економската ефикасност на инвестициите
Глава11. Период на поврат и стапка на принос на инвестициите
Глава 12. Концептот на сегашна вредност и основните инвестициони критериуми
Глава 13. Интерна стапка на рентабилноста
Глава 14. Примена на инвестиционите критериуми во разни случаи на инвестирање
Глава 15. Анализа на ризикот

**Прилози**: во овој дел се поместени шест прилози, кои се однесуваат на апликации за проекција на дисконтиран готовински тек, оценка на економската ефикасност на проекти, техники за пресметка на инвестициони критериуми, табела на дисконтни фактори, задачи за пресметка на инвестициони критериуми, како и прилог терминологија од областа анализа на инвестициони проекти.

Трудот е презентиран на 554 страници текст без прилозите. Тој содржи и многубројни графички презентации, - графикони, прегледи и табели, кои претставуваат интегрален дел од презентираната материја и многу корисен начин за објаснување на оваа вонредно комплексна проблематика. Од друга страна, авторот, проф. д-р Методија Несторовски, подготвил примери за економска анализа на инвестициони проекти, во форма на прилози, со што учебникот добива и еден посебен квалитет – имено, тој, истовремено, претставува и еден вид на методолошки водич за конкретна инвестициона анализа на практични проекти.

**Првиот дел** од книгата има теоретско-методолошки карактер. Тука авторот, проф. д-р Методија Несторовски, најпрвин, опстојно го елаборира поимот и опфатот на инвестициите, со јасно разграничување на потесниот и поширокиот третман на инвестициите, на инвестициите во продуктивни капитални добра и на финансиските инвестиции, укажувајќи едновремено и на дилемите и различните пристапи во современата економска литература врзани за овие прашања. Анализата продолжува со изложување на поимот и суштинските карактеристики на инвестициониот проект и пошироко на проектното управување со развојот. Во овој дел на трудот е поместен и категоријалниот пристап за инвестициите (бруто и нето - инвестиции, демографски и економски инвестиции, автономни и индуцирани инвестиции, инвестиции во фиксни и трајни обртни средства итн.). Врските помеѓу инвестициите и економскиот раст (инвестициите по својата економска суштина претставуваат зголемување на постојните капитални фондови и придонесуваат за пораст на вкупниот аутпут во економијата, а зголемениот БДП дава можност и за натамошен пораст на масата на инвестиции), мотивите и детерминантите на инвестициите и изворите на инвестициите (домашните, дополнителната акумулација од странство и во тој контекст посебно странските директни инвестиции и нивните детерминанти), исто така, се опстојно и детално анализирани во првиот дел на трудот. Синтетички, за овој дел на трудот може да се каже дека од богатиот теориски фонд на сознанија авторот направил успешна целина, обработувајќи ги најрелевантните теоретски аспекти на инвестициите и нивната поврзаност, т.е. меѓузависност со процесот на економскиот развој.

**Во вториот дел** на учебникот, авторот во почетокот ја елаборира изводливоста на проектот, односно опстојно го анализира инвестициониот процес - економско - финансиската содржина на инвестициониот циклус, неговите фази, понатаму, типичните активности на инвестициониот процес и неговата документациона подлога. Анализата на изводливоста на инвестициониот проект е изведена врз основа на оцена на економско-финансиската способност на инвеститорот, расположливоста на инпутите, локацијата на капацитетот, изборот на технологија, големината на капацитетот и неговата еколошка одржливост. Во овој дел на трудот е поместена и анализата на трошокот на инвестираниот капитал, преку елаборацијата на опортунитетниот трошок, трошокот на долгот (кога финансирањето на проектите оди преку емисија на обврзници), трошокот на сопственичките хартии од вредност (акциите), како и анализата на пристапите и методите за утврдување на стапката на принос на сопствениот капитал и просечниот трошок на инвестираниот капитал (извлечен врз основа на миксот на изворите на

финансирање на инвестициониот проект). На крајот на вториот дел на учебникот се елаборираат паричните текови на проектот. Проекцијата на паричните текови се однесува на компонентите на паричниот тек, износот на инвестицијата (во фиксни и трајни обртни средства), на оперативниот тек, на остатокот на вредноста на проектот, на готовинскиот тек и ликвидноста на проектот и на дисконтираниот паричен тек и рентабилноста на проектот.

**Третиот дел** на учебникот е посветен на оцена на ефикасноста на инвестиционите проекти. Оваа проблематика е од круцијално значење во сферата на инвестициите, бидејќи ефикасноста на инвестициониот проект, во крајна линија, ја детерминира и инвестиционата одлука. Оттука, разбирливо е зошто проф. Несторовски на овој дел на трудот му посветува особено внимание. Анализата на ефикасноста на инвестициониот проект е опстојна, комплексна и ги содржи сите релевантни аспекти неопходни за нејзино изведување: (1) капиталните коефициенти (просечниот, маргиналниот и инкременталниот), како показател за ефикасноста на инвестициите од микро-економски аспект; (2) кост - бенефит анализата, како показател за ефикасноста на инвестициите од општествен аспект; (3) периодот на поврат и стапка на принос на инвестициите (преку детална елаборација на методите на пресметување на периодот на поврат и силните и слабите страни на критериумот стапка на враќање на инвестициите; (4) стапка на принос на инвестициите (повторно преку детална анализа на нејзините основи, техники за пресметка, рангирање и селекција на инвестициите преку овој критериум, неговите слаби страни и сл.); (5) концептот на сегашна вредност, т.е. дисконтирање на идните приходи, преку анализа на сите релевантни аспекти на концептот на временска преференција на парите, проценка на големината на дисконтната стапка, нето - сегашната вредност на проектот и моделите и техниките за нејзино пресметување; (6) утврдување на интерна стапка на рентабилноста и техниките за нејзино утврдување; (7) меѓусебниот однос на инвестиционите критериуми, нивната компатибилност, односно конфликтност и примена на инвестиционите критериуми во услови кога се работи за проекти за проширување и модернизација, за замена на опрема, за купување на претпријатие и сл; (8) анализа на ризикот, преку елаборирање на неговите основи, пристапите за негова квантификација, приспособување на текот на нето - приливите на ризик, приспособување на дисконтната стапка на ризик и утврдување на прагот на рентабилност.

По кратката презентација на содржините поместени во учебникот, посебно сакаме да ги одбележиме и истакнеме следниве квалитативни белези на трудот:

*Прво,* трудот ***Економија на инвестициите*** претставува комплексен и модерно конципиран учебник од оваа област. Долгогодишната научна преокупација на проф. д-р Методија Несторски со оваа значајна материја и неговото долгогодишно и драгоцено педагошко искуство (авторот е повеќе од 20 години ангажиран како наставник на факултетот по предметите од областа на инвестициите) му овозможиле да даде еден оптимален соодност помеѓу теоретските аспекти врзани за инвестициите (категоријалниот пристап, поврзаноста на инвестициите и штедењето, поврзаноста на инвестициите со економскиот раст и, vice versa, значењето на одржливоста на економскиот раст со динамиката и квалитетот на инвестициите) и практичните аспекти кои се однесуваат на инвестициониот процес и економското проектирање на инвестициите и на утврдувањето на економската ефикасност на инвестициите, т.е. инвестиционото одлучување

*Второ,* проблематиката на инвестициите влегува во редот на најсложените економски прашања, којашто во себе инкорпорира значајни

микроекономски и макроекономски аспекти, а нејзиното успешно совладување претпоставува богат фонд на предзнаења и особен напор и ангажирање на студентите. Проф. Несторовски, имајќи го предвид овој факт, вложил евидентни напори оваа комплексна материја да ја пренесе на лесен, разбирлив и за студентите прифатлив начин, со јазик и стил препознатлив за него, а при тоа да не направи компромис на сметка на стручното и научното ниво на елаборација на материјата. Учебник којшто го исполнува овој критериум, а тоа е, без сомнение, случај со учебникот на проф. Несторовски, има квалитет плус, поради што и претходните изданија на овој труд беа одлично прифатени од студентите, но и од инвестиционите аналитичари и другите корисници на учебникот од практиката. Во третово издание, токму овој квалитет на учебникот е уште понагласен, благодарение на конкретните и практичните примери обработени низ текстот и во прилозите на учебникот.

*Трето*, материјата во учебникот е обработена на модерен, современ начин, таа во себе ги инкорпорира новите знаења и достигнувања на науката за инвестициите и е базирана врз нова, релевантна литература, главно од англосаксонското говорно подрачје. Елаборацијата на инвестициониот процес и економското проектирање, оценката на економската ефикасност на инвестициите, прашањата за ризикот, неговата проценка и можните пристапи за негово разводнување, се третирани врз база на современите концепти што денес ги користи економската наука. Тоа е исто така посебен квалитет на учебникот.

*Четврто*, прилозите поместени на крајот на учебникот, а кои се однесуваат на апликации за проекција на дисконтиран готовински тек, оцена на економската ефикасност на проекти, техники за пресметка на инвестициони критериуми, табели на дисконтни фактори, задачи за пресметка на инвестициони критериуми, на студентите и останатите корисници на учебникот им помагаат да разберат како сложените теоретски концепти врзани за сферата на инвестициите функционираат во практиката. Овој факт на учебникот му дава повторно нов квалитет, бидејќи придонесува тој да има и друга употребна вредност, функција, да служи како водич во решавањето на конкретни проблеми од сферата на инвестициите и да им биде подеднакво корисен и на деловните луѓе од практиката кои работат на овие прашања.

*Петто*, учебникот ја следи стандарната структура, т.е. стандардните содржини вообичаени за оваа научна дисциплина (глобализацијата придонесува за стандардизирање на содржините на оваа материја и ја трансформира, како што со право забележува авторот, оваа дисциплина во универзална наука за инвестициите), но ги следи и промените во областа кои настанале во периодот од појавувањето на првото издание до денес (во изминатите 10 години). Во тој контекст, учебникот е во вистинска смисла на зборот, трето, изменето и дополнето издание – дополнето и актуализирано со новите знаења од областа на науката за инвестициите, со нови податоци, со нови аспекти на економската анализа на инвестициите, со засилување на деловите од посебно значење и со изоставување на некои прашања со помала актуелност.

*Шесто*, учебникот на проф. Несторовски е целосно конципиран според наставната програма по предметот економија на инвестициите на Економскиот факултет во Скопје, односно ги обработува и ги покрива сите содржини поместени во неа. Тоа е битно, не само од формален аспект (како обврска на авторот кој пишува универзитетски учебник да се придржува до наставната програма), туку и од суштински аспект, поради фактот што студентите имаат можност знаењата да ги стекнат од учебник којшто претставува компактна целина и кој конзистентно ја следи и ја поврзува теоретската подлога на предметот со практичните аспекти на сложената сфера на инвестициите.

*Седмо,* она што посебно сакам да го потенцирам во оваа пригода е фактот дека проф. Несторовски, со особена ангажираност, темелност и посветеност, долги години, ја истражува и ја предава оваа комплексна материја, благодарение на што успева во континуитет да го подига квалитетот на учебникот, како од аспект на неговата содржинска компактност, модерен третман за категориите, концептите и процесите и законитостите иманентни на оваа материја, со цврста подлога во новата и релевантна литература од областа, така и од аспект на методологијата и начинот на изложување на материјата - факти коишто нè убедуваат дека станува збор за модерен и висококвалитетен универзитетски учебник од оваа сложена област на економската наука.

## Заклучок и предлог

Имајќи ги предвид претходно изнесените квалитети на трудот, комплексен, комплетен и модерно конципиран учебник, со доследно изведена теоретска и практична елаборација на проблематиката на инвестициите, со јасен и разбирлив начин на презентирање на материјата и истовремено со високо стручно и научно ниво на нејзино елаборирање и базиран врз современ фонд на знаења и нова и релевантна литература, со особено задоволство му предлагам на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје да го прифати рецензентскиот извештај на трудот на **проф. д-р Методија Несторовски** под наслов **„Економија на инвестициите"**, *трето издание*, и да одобри негово објавување како **постојан учебник по предметот економија на инвестициите.**

Скопје, март 2010

Рецензент

Академик Таки Фити,с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА РАКОПИСОТ „ЕКОНОМИЈА НА ИНВЕСТИЦИИТЕ", ТРЕТО ИЗДАНИЕ, ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р МЕТОДИЈА НЕСТОРОВСКИ

Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје со одлука бр.012-3415/2 од 19.12.2008 година, ме определи за рецензент на трудот **Економија на инвестициите,** трето изменето и дополнето издание, од проф. д-р Методија Несторовски.

По анализата и проучувањето на текстот го поднесувам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Трудот **Економија на инвестициите** од проф. д-р Методија Несторовски е трета, изменета, дополнета и модернизирана верзија на претходните изданија од истиот автор, објавени во 2000 и во 2005 година, од Економскиот факултет во Скопје. Имав чест и задоволство да бидам еден од рецензентите и на претходното издание. Трудот на проф. Несторовски тематски и структурно и ги задржува базичниот профил и консекутивни секвенци од претходните изданија. Врз постојната етаблираност и функционалност на материјата, потврдена од досегашните искуства, во содржината на последново издание се извршени значителни подобрувања и проширувања преку внесување на нова материја, дополнителни објаснувања, модернизирања и иновирања на претходните содржини

Трудот содржи 614 стандардни страници. Основниот текст е придружен од прилози, поимник - преглед на фреквентната терминологија од областа на инвестициите и список на користена литература од домашни и странски автори.

Бидејќи се работи за, во основа, методолошка дисциплина, задржана е основната архитектура и методолошка структура од претходните изданија, која е добро етаблирана и кореспондира со меѓународните искуства. Трудот е повторно структуриран во три дела, овојпат со изменети наслови и преработени и дополнети содржини.

Извршена е целосна преработка на текстот, во рамките на програмата, но со задржување на методолошките елементи кои не се менуваат, со намалување на опфатот на некои прашања и испуштање на одделни елементи.

Особено првиот дел е целосно преработен, иновиран и внесени се нови податоци, особено, во главата за изворите на инвестициите и нови точки, на пример: меѓународна инвестициона позиција, country risk (специфичните инвестициони ризици за земјата), опкружувањето за бизнис и инвестициона клима). Новина е и внесувањето на прашања и задачи по елаборирањето на материјата во секоја глава.

Во однос на претходното издание додадени се и нови прилози: пример за инвестициона анализа на проект, прилог - испитни задачи, а другите прилози, иако задржани од претходното издание, се дополнети и иновирани.

Материјата во трудот, структурирана во три глобални дела, е расчленета во 15 глави, кои чинат логична и конзистентна целина. Трудот содржи и прилози, терминологија, како и список на консултирана литература.

За да се добие претстава за содржината и комплексноста на трудот, ги наведувам насловите на одделните делови и нивните поглавја.

### *Содржина на трудот*

Трудот инкорпорира 15 глави, групирани во три компактни дела. Централните теми во трудот се елаборирани на 614 стандардни страници. Во остатокот на текстот се содржани прилози, терминологија и список на литература.

Тематски и супстанцијално, трудот е структуриран на следниов начин:

*Прв дел*: ***Теориски аспекти на инвестициите и нивните извори***

Глава 1. Инвестициите како економска категорија
Глава 2. Структурна анализа на инвестициите
Глава 3. Инвестициите, нивото на доходот и економскиот раст
Глава 4. Детерминантите на инвестициите
Глава 5. Извори на инвестициите

*Втор дел*: ***Анализа на изводливоста на проектот***

Глава 6. Инвестиционен процес
Глава 7. Анализа на релевантните фактори за изводливост на инвестициониот проект
Глава 8. Финансирање на инвестиционите проекти и цената на капиталот
Глава 9.Проектирање на паричните текови на проектот

*Трет дел*: ***Економска ефикасност на инвестициите и инвестиционите критериуми***

Глава 10. Ефикаснста на инвестициите
Глава 11. Период на враќање и стапката на принос на инвестициониот проектот
Глава 12. Нето-сегашната вредност и индексот на профитабилноста на проектот
Глава 13. Интерна стапка на рентабилноста на инвестициониот проект
Глава 14. Меѓусебниот однос на инвестиционите критериуми и разни случаи на инвестиционо одлучување
Глава 15. Квантификација на ризикот во инвестиционите проекти

**Прилози**: трудот содржи предговор, вовед, екстензивно елаборирани примери за инвестициона анализа, список на употребената терминологија од областа на инвестициите и литература од домашни и странски автори.

Основниот текст на трудот е придружен со бројни графички презентации - дијаграми, прегледи и табели, кои се интегрален дел од презентираната материја. Тие го олеснуваат движењето низ основниот текст, го прават трудот пристапен до студентите и останатите корисници и го прават компатибилен со доминантните модерни пристапи во обработката на студиската материја.

Преку посебната елаборација на прилозите што се однесуваат на економската анализа на проектите, авторот ја приспособил анализата до

практично користење, со што понудува методолошки водич за конкретна анализа на практични инвестициони проекти.

**Во првиот дел** од трудот се обработени теориските и категоријалните аспекти на инвестициите, теориите за инвестициите и изворите на инвестициите. Потпирајќи се на обемен теориски фонд на сознанија авторот ги обработува најрелевантните теориски аспекти на инвестициите и нивната поврзаност со економскиот развој. Посебно внимание е посветено на изворите на инвестиции, особено на централните аспекти на странските директни инвестиции, обработувајќи го теорискиот rationale, значење, детерминанти и ефекти, како и политиките во врска со нивното привлекување како извор на растот.

**Вториот дел** аналитички е посветен на инвестициониот процес и економското проектирање на инвестиците. Со таквата елаборација која се потпира врз доминантните концепти и меѓународни искуства, како што е концептот на UNIDO, се објаснува содржината на инвестициониот циклус, пристапот и изводливоста на проектите и методологиите за проектирање на инвестициите. Во овој дел се анализирани финансиските аспекти на инвестициите: оперативните трошоци, приходите и готовинските текови, кои се подлога за анализа и оцена на ликвидноста и рентабилноста на проектот.

**Третиот дел** е посветен на процесот на инвестиционото одлучување. Во него се елаборирани најпознатите и најчесто употребуваните инвестициски критериуми. Тие се исцрпно анализирани од аспект на теориската заснованост, калкулативните модалитети и нивните парцијални слабости. Елаборацијата е придружена со примери за оцена на ефикасноста на проектите во различни економски контексти на инвестирање, особено ситуации кои најчесто се појавуваат во практичното економско одлучување. Особено внимание е фокусирано врз анализата на ризикот, преку најчесто употребуваните техники за инвестициона анализа на ризикот – оцена на сензитивноста, сценарио-анализа, симулациона анализа и други.

### *Оценка на трудот*

Материјата на инвестициите е комплексна и во значајни сегменти интердисциплинарна. Авторот извонредно успешно успеал да ја презентира, на опфатен и разбирлив начин, без да направи компромис со специфичната аналитичка комплексност и тежина. Станува збор за обемен, содржински извонредно богат и комплексен труд со висока специфична референтна вредност. Покрај за дисциплинарни цели, трудот има висока вредност за практична употреба во стручната средина за бројни аналитички цели и намени.

Елаборацијата и преминот од теориските концепти кон методолошките пристапи му дава посебна вредност на трудот од аспект на ширината на неговата потенцијална употреба. Публикувани трудови со ваква аналитичност од оваа област во Република Македонија има

релативно малку, што му дава посебна вредност на трудот и го прави добра рамка што ги надминува границите на наставата и студиите.

Стилот на излагање на материјата е модерен, издржан но истовремено пристаплив, што е резултат на богатото искуство на авторот во теориските студии, наставата и практичните ангажмани.

Меѓу централните параметри за оцената на трудот од аспект на неговата намена за учебник е неговата кореспондентност со усвоената наставна програма за оваа дисциплина. Од содржински и структурен аспект, трудот целосно е во согласност со наставната програма. Нивото на обработка исто така е во согласност со барањата на наставата и е пристапно за студентите. Во одделни поглавја, со високата студиозност и релавантна елаборација трудот ги надминува рамките на учебник, што го прави вреден извор на сознанија од областа за многу поширока употреба (студии, истражувања, за државните органи, финансискиот и реалниот сектор од економијата).

Материјата е адекватно структурирана, организирана и логички секвеционирана. Начинот на обработка на материјата му дава на трудот модерна димензија и компарабилност со релевантните референци во областа на инвестициите.

***Предлог***

Рецензентскиот предлог до Наставно-научниот совет се темели на следниве констатации што произлегоа од анализата на текстот:

Трудот **Економија на инвестициите** е многу успешна, извонредно комплексна, интегрирана обемна студија на инвестициониот процес што се движи од теориските одредници и бекграунд, преку методолошките пристапи и дилеми до практичните економски импликации на економскиот избор во процесот на инвестирање. Со својата висока вредност, аналитичност и модерен пристап, тој претставува незаобиколна референца во областа на анализата на инвестициите, било од академско-дисциплинарни или од практични цели.

Трудот еволуира во значителни подобрувања и проширувања преку внесување на нова материја, дополнителни објаснувања, модернизирања и иновирања на претходните содржини

Содржински, структурно и стилски, студијата целосно е во согласност со наставната програма и со меѓународните искуства. Нивото на обработка на материјата исто така е во согласност со барањата на наставата и е прифатливо за студентите. Материјата е адекватно структурирана, организирана и логички секвеционирана што го прави трудот, иако многу сложен, прегледен и практично пристапен за употреба и комуникација. Во трудот се вградени богатите теоретски сознанија и респектабилното наставно искуство на авторот во соодветната област. Во трудот, авторот суверено оперира со комплексните проблеми поврзани со инвестициите, како на теоретски така и на апликативен план, и тоа го пренесува на достапен и конзистентен начин до степен на практична употреба, што претставува посебна вредност на трудот за студирање, но и за дизајнирање на економските и бизнис-политиките. Во подготвувањето на учебникот, авторот користел обемна понова литература од домашни и странски извори. Авторот, исто така, доближува одделни сегменти на трудот до актуелната економска реалност и потреби во земјава. Овие карактеристики

на трудот се потврда дека дека текстот, содржински, методолошки и апликативно во целост ги исполнува потребните стандарди за современ учебник.

Врз основа на претходно искажаните оцени и констатации, ми причинува чест и задоволство да му предложам на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, да го прифати извештајот за трудот **Економија на инвестициите**, трето изменето и дополнето издание, од проф. д-р Методија Несторовски, и да донесе одлука да се објави како **постојан учебник** за дисциплината економија на инвестициите.

Скопје, 7 април 2010

Рецензент

**Академик Гоце Петрески, с.р.**

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

„УЛОГАТА НА НАЦИОНАЛНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕТО НА МЕЃУНАРОДНИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И ПЕРСПЕКТИВИТЕ ЗА НИВНИОТ РАЗВОЈ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА".

ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТКАТА М-Р ЕЛЕНА ТОДОРОВА, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА ВО СКОПЈЕ

Советот на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, на седницата одржана на 1.2.2010 година, со одлука број 02-130/8 од 4.2.2010 година, формира Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Елена Тодорова под наслов „Улогата на националните институции во имплементирањето на меѓународните стандарди за човековите права и перспективите за нивниот развој во Република Македонија", во состав: проф. д-р Мирјана Најчевска - ментор, проф. д-р Мирјана Сланинка Динева, проф. д-р Виолета Чачева, проф. д-р Звонимир Јанкуловски и проф.д-р Наташа Габер Дамјановска.

Комисијата со внимание ја прочита и ја оцени докторската дисертација на кандидатката и на Советот на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања му го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

Содржина на трудот

Докторската дисертација под наслов „Улогата на националните институции во имплементирањето на меѓународните стандарди за човековите права и перспективите за нивниот развој во Република Македонија", од кандидатката м-р Елена Тодорова, опфаќа шест дела и анекси, обработени на 315 страници. Во дисертацијата има 186 фусноти со дадени податоци за користената литература или дообјаснување на некои прашања, а во делот за користената литература и прописи се наведени 121 библиографска единица.

Во првиот дел се дадени воведните белешки и се дефинирани: проблемската рамка, предметот на истражување, целите на истражувањето и очекуваните резултати. Во овој дел е дефнинирана генералната хипотеза, понатаму разработена во три посебни хипотези.

Вториот дел опфаќа 2 глави: „Развој на идејата за човековите права" и „Заштитата на човековите права". Во обработката на овој дел, авторката дава глобална слика на развојот на концептот за човековите права од првите рудименти содржани во филозофските, религиозните и правните учења сѐ до неговото современо конципирање во периодот по Втората светска војна и

посебно специфичниот развој по промената на политичкиот систем во дел од државите во Европа. Посебно внимание, во овој дел, е посветено на развојот на заштитните механизми како составен дел на концептот за човековите права и основни слободи. Во разработката на овој сегмент, кандидатката ја лоцира заштитата на три нивоа: универзално (втемелено во документите и институционалната рамка што ја даваат ООН); регионално (дадено низ идентификување на регионалните структури кои го промовираат концептот за човекови права и развиваат специфични механизми за заштита) и национално ниво (како примарно ниво на заштита во рамките на кое се гарантира практикувањето на човековите права и се развива институционалната рамка којашто треба да ја обезбеди заштитата).

Третиот дел се концентрира на обработка на сегментот на национални институции за човекови права. Во овој дел авторката дава сеопфатен компаративен пресек на постојното видување на националните институции за човековите права низ нивното поимно определување, основните карактеристики, видовите на национални институции и нивното меѓународно идентификување.

Анализата дава комплексна слика на настанувањето, на модусот на дејствување и на значењето на националните институции за човекови права. Посебно внимание во овој дел е посветено на париските принципи и нивната улога во натамошниот развој на идејата за создавање национални институции за човекови права кои ќе бидат доволно различни за да можат да ја покријат разновидноста на политичките, општествените, културните и традиционалните системи во одделни држави, а во исто време ќе поседуваат своевидна унифицираност на базичните принципи на дејствување и структурирање, која ќе ги направи комплементарни со едно пошироко сфаќање на заштитата на човековите права и основни слободи. Овие основни принципи на градење на структурата и модусот на дејствување на националните институции се разработени низ анализата на:

- независноста (дадена низ комплексноста на финансиската, легалната и процедуралната независност);

- одговорноста (поврзана со јавноста, отчетноста и контролата);

- достапноста (дадена низ нивната комуникација со поширокиот општествен аудиториум, нивната препознатливост, можноста да бидат прифатени од страна на најмаргинализираните групи и физичката достапност за сите).

Значајно место во анализата е дадено на определувањето на мандатот на националните институции дефиниран во: мониторингот, советодавните аспекти на дејствување, соработката со останатите заштитни структури на меѓународно, регионално и национално ниво, информирањето на јавноста, едукативната функција и квазисудската функција (поддржана со различни облици на медијаторство и вонсудско разрешување на конкретните случаи).

Анализата содржана во овој дел дава оригинална перспектива на значењето коешто го имаат одделните принципи развиени на меѓународно ниво во нивното имплементирање во практика и флексибилноста на моделот којшто се обликува со цел што е можно поголем опфат на различните конкретни решенија во одделни држави.

Во натамошната анализа на поимот на национални институции за човекови права, авторката се задржува на видовите национални институции кои досега се развиени во одделни држави. Идентификацијата на различните облици на организирање и дејствување на овие институции се врши низ призмата на критериумите за класификација развиени во рамките ООН (посебно во рамките на расправите иницирани од страна на високиот комесар за човекови права при ООН). Поделбата на националните институции е ставена во контекстот на нивните надлежности, легалната рамка во којашто дејствуваат и улогата што ја имаат во конкретен правен и политички систем.

Посебно внимание во класификацијата на националните институции е посветено на:

- комисиите за човекови права (како облици најблиски до рамката што ја развиваат париските принципи);

- специфичните тела поврзани со антидискриминаторската легислатива - тела за еднаквост. Анализата се концентрира на Европската унија и обврските што произлегуваат од Директивата 2000/43/ЕС и Директивата 2002/73/ЕС;

- специјализираните институции со спецификуван мандат насочен кон конкретна ранлива група;

- омбудсманот како една од најстарите институции со посебна трдиција во дел од европските држави;

- институти за човекови права со потенцирана консултативна улога (често комплементарни со некој друг вид на национална институција којшто дејствува на територијата на иста држава).

Составен дел на анализата дадена во третиот дел е претставувањето на Меѓународниот координативен комитет за национални институции за промовирање и заштита на човековите права. Овој комитет има исклучително значење во промоцијата на идејата за развој на вакви институции, дисеменација на париските принципи и градење на канали на соработка меѓу одделни институции. Во овој дел е посветено посебно внимание на процесот на акредитација на националните институции, како процес во рамките на кој се идентификува нивото на имплементација на париските принципи во одделни држави. Постапката за акредитација е разработена во целата нејзина комплексност и специфичното значење коешто го има во натамошниот развој на целокупната идеја на градење на национални институции за човекови права. Авторката се задржува и на анализата на натамошниот развој на целиот систем на акредитација кој добива и регионална компонента, односно, станува

контролен механизам во следењето на работата на одделни национални институции.

Четвртиот дел е посветен на специфичната улога што ја има ООН во промоцијата и развојот на идејата за националните институции за човекови права. Во овој дел е многу детално разработен генералниот приод на ООН кон оваа проблематика и дадени се развојните скалила сублимирани во:

- работата на Комисијата (Советот за човекови права);

- разработката на посебни (специјални) процедури (механизми) за мониторинг и заштита на човековите права;

- улогата на високиот комесар за човекови права.

Улогата што ја има ООН во развојот и поддршката на националните институции за човекови права е опфатена во целата нејзина комплексност низ анализата на:

- воспоставувањето на стандардите за човекови права, изработката на специјализираните насоки;

- новата димензија којашто прашањето ја добива во периодот од 1990 година (во контекстот на изработката на париските принципи како основен водич и генератор во создавањето на националните институции);

- посебното значење на Виенската декларација и програма за акција (A/CONF.157/23), усвоена на Светската конференција за човекови права (одржана во 1993 година).

Авторката дава содржаен преглед на облиците на соработка кои се воспоставуваат меѓу националните институции и органите и телата на ООН (како суштинска компонента на функционирањето на овие институции). Во овој контекст е даден збир на посебни резолуции со кои се дефинира и регулира оваа соработка и се прикажани механизмите низ кои се обезбедува пристап и влијание на националните институции во работењето на телата на ООН.

Интересен сегмент во разработката на темата претставува приказот на еден посебен облик на градење на стандардите во работењето на националните институции - меѓународните работилници и конференции (за што е даден опстоен табеларен приказ и поединечна разработка на најзначајните работилници и конференции и декларациите/завршните документи значајни за натамошниот развој на националните институции за човекови права). Во оваа смисла, посебно внимание е посветено на Шестата меѓународна конференција за национални институции за човекови права која е посветена на борбата со расизмот. Декларацијата од Копенхаген (усвоена на оваа Конференција) е посочена како документ кој треба да го отвори патот на многу повидлива и поактивна работа на националните институции во прашањата поврзани со дискриминацијата и расизмот. Анализата продолжува и во врска со Седмата меѓународна конференција и Декларацијата од Сеул, посветена на почитувањето на човековите права за време на конфликт и во борбата со

тероризмот. Анализата завршува со Деветтата конференција и Декларацијата од Најроби, посветена на ранливите групи и достапот до правдата на луѓето кои припаѓаат на овие групи.

Во петтиот дел авторката ја анализира специфичната улога што ја имаат Советот на Европа и Европската унија во развојот на идејата за формирање национални институции за човекови права и нивното вклопување во глобалниот систем на заштита којшто го градат овие две стуктури. Во трудот е потенцирано значењето на заедничките програми кои ги воспоставуваат Советот на Европа и Европската унија во оваа област, изградбата на посебна мрежа на независни вонсудски структури за човекови права во согласност со париските принципи. Во оваа смисла, дадени се насоките и препораките на Советот на Европа за формирање и за стандардите на националните институции за човекови права и е посветено посебно внимание на формирањето и работата на Агенцијата за основни (фундаментални) права на Европската унија.

Посветеноста и ангажираноста на Советот на Европа во врска со формирањето и дејствувањето на националните институции за човекови права се обработени во посебен дел низ прегледот на состаноците посветени на националните институции и декларациите усвоени на овие средби.

Шестиот дел од трудот е посветен на ситуацијата во Република Македонија и можноста за имплементирање на меѓународните стандарди за формирање на национални институции за човекови права на национално ниво.

Во овој дел е дадена процена на ситуацијата со човековите права во Република Македонија (низ приказ на легалните и институционални решенија и анализа на нивната ефективност и рефлексија во реалните односи). Во анализата е издвоен аспектот на меѓународните договори и нивното вклопување во македонскиот правен систем (во светлото на членовите 98 и 118 од Уставот на Република Македонија).

Во овој дел е посебно анализирана состојбата со законското и институционално адресирање на дискриминацијата, односно, гаранцијата на еднаквоста.

Меѓународните стандарди и практика и искуствата од другите држави се корелирани со актуелната ситуација во Република Македонија и ставени се во функција на перспективите на натамошниот развој на постојните тела за заштита на човековите права и можноста за создавање тело коешто ќе може да биде акредитирано согласно со париските принципи.

Докторската дисертација завршува со заклучни размислувања кои претставуваат сублимат на сите делови на дисертацијата и во рамките на кој авторката ги дава основните пораки од спроведеното истражување. Овој дел содржи краток преглед на појдовните основи на истражувањето и повеќе систематизирани заклучоци, кои ги акцентираат главните поенти во врска со проблематиката опфатена во темата.

Во заклучокот е понудена најглобална рамка на можното решение соодветно за Република Македонија и се идентификувани чекорите кои треба да бидат преземени во таа насока.

Трудот содржи и неколку анекси во коишто се дадени:

- табеларни прикази на статусот на акредитираните национални институции;

- примери на одделни национални институции;

- табеларен приказ на меѓународните договори од областа на човековите права ратификувани од Република Македонија;

- париските принципи кои се однесуваат на статусот на националните институции.

На крајот се наведува листатата на користена литература и прописи, со вкупно 121 библиографска единица кои се однесуваат на оваа проблематика.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ И ОЦЕНИ

Докторската дисертација „Улогата на националните институции во имплементирањето на мегународните стандарди за човековите права и перспективите за нивниот развој во Република Македонија", од кандидатката Елена Тодорова, обработува потполно нова проблематика за Република Македонија и релативно нова и во меѓународни размери. Интересот за националните институции за човекови права секојдневно добива во размери и во значење и претставува суштински дел од натамошната имплементација на концептот за човекови права во Република Македонија, но и во многу пошироки меѓународни рамки.

Примарна цел на истражувањето е натамошен импакт во проучувањето на местото и улогата на националните институции за човекови права во системот на промотивни и заштитни механизми на човековите права и основни слободи. Појдовна претпоставка во истражувањето е дека: „Доколку во една држава постојат соодветни правни прописи за гарантирање и заштита на човековите права и се формирани органи и институции за имплементирање на тие прописи, мегу кои сé поголемо значење и улога добиваат националните институции за човекови права, тогаш може да се каже дека во таа држава постои ефикасен систем за остварување и заштита на човековите права". Основната идеја која провејува низ целата дисертација се однесува на заемната поврзаност на имплементацијата на концептот за човековите права и слободи и развојот на соодветната институционална рамка која треба да ја гарантира заштитата и да обезбеди одржливост на позитивните промени иницирани од страна на меѓународната регулатива.

Генералната оцена на Комисијата за докторската дисертација на м-р Елена Тодорова е позитивна и сметаме дека таа ќе овозможи поширока општествена анимираност на оваа тема, како и делумно имплементирање на одредени заложби на авторката изнесени и потврдени во ова истражување.

Кандидатката успешно и елоквентно ја елаборира суштината на трудот, кој има карактер на научен труд.

Настаните се опфатени хронолошки, со холистички пристап, се даваат ставови и предлози за иновирање на одредени состојби поврзани со темата и нивно имплементирање во реалноста. Тоа секако дава поголем импулс за понатамошни уште попродлабочени и во секој случај пожелни истражувања на ова поле.

При обработката на трудот користена е светска и домашна литература од оваа област. Користењето на соодветни научни методи, дедуктивниот, индуктивниот, компаративниот пристап, како и анализите на случаи, користењето на оригиналните прописи и нивното анализирање, даваат уште поголема валоризација на докторската дисертација.

Врз основа на сето она што беше констатирано и изложено во овој извештај, на Комисијата и причинува задоволство да му предложи на Советот на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје да го усвои извештајот со позитивната оцена дадена во него и да и овозможи на кандидатката да пристапи кон јавна одбрана на дисертацијата.

Скопје, 30.3.2010 г.

Членови на Комисијата

1.Проф. д-р Мирјана Најчевска, с.р

2.Проф. д-р Мирјана Сланинка Динева, с.р

3.Проф. д-р Виолета Чачева, с.р

4.Проф. д-р Звонимир Јанкуловски, с.р

5.Проф. д-р Наташа Габер Дамјановска, с.р

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „АРХАИЗМИТЕ ВО АЛБАНСКИТЕ ГОВОРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ЗАРИЈЕ НУРЕДИНИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", на својата петта редовна седница, не избра за членови на Рецензентската комисија за оценување на докторската дисертација под наслов: *Архаизмите во албанските говори во Р. Мекедонија* од кандидатката м-р Зарије Нуредини.

Рецензенската комисија во состав: д-р Авзи Мустафа, редовен професор, д-р Агим Полоска, редовен професор, д-р Аслан Хамити, редовен професор, д- р Катерина Велјаноска, редовен професор и д-р Валбона Тоска, доцент.

Заблагодарувајќи се за укажаната доверба, чест ни е на Наставно-научниот совет да му го доставиме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација по наслов *Архаизмите во албанските говори во Р. Мекедонија* се состои од 10 поглавја,и тоа:

Докторската десертација: *Архаизмите во албанските говори во Р. Македонија* изработена од м-р Зарије Нуредини, е труд кој содржи 193 страници компјутерски текст со проред 1, 5 со 70 знаци на страница. Трудот е конципиран и поделен на следниве делови: Вовед, (1) Развојот на дијалектната лексика во Р. Македонија, (2) Слојот на дијалектната лексика на албанските говори во Р. Македонија, (3) Архаизмите кај албанските говори, (4) Вистинските архаизми (5) Поимните архаизми, (6) Историските архаизми (7), Архаизмите кои се поврзуваат со религијата, етнографијата, старите мерки, старите пари и монети, (8) Архаизмите што се поврзуваат со разните професии (9), Архаизмите во усната и пишуваната книжевност, (10) Зборови со широка поимна употреба и со локална употреба, мал речник, заклучок и библиографија.

Уште во почетокот е вредно да се напомене дека дисертацијата е напишана најпрвин на албански јазик, а потоа е преведена на македонски јазик, на што се должат и одредени јазични неусогласености.

**Во првата глава**, м-р Зарије Нуредини се задржува на развојниот пат на дијалектната лексика на Албанците во Македонија. Кандидатката проблемот го фокусира на научните аспекти кој се однесува на лингвистичкото подрачје истражено од дијалектолошки аспект, ни дава доволен материјал за анализа преку кој се открива посебниот слој архаизми во албанските говори во Р. Македонија.

Бидејќи главниот дел од проблемот кој се истражува се фокусира на научните аспекти, а се однесува на едно лингвистичко подрачје разгледано од дијалектолошки аспект, ни дава доволен материјал за општи анализи, за кои сметаме дека ќе бидат корисни за да се

анализира проблемот на дијалектната лексика, односно архаизмите, како еден слој на лексиката на албанските говори во Р. Македонија.

Архаизмите претставуваат група зборови кои постојано го привлекувале вниманието на јазичарите. До денеска тие се проучени делумно во склоп на пасивната лексика и од ден на ден заземаат скромно место и во секојдневниот разговор. Токму оваа група зборови претставува објект на студија на овој труд, кој има за цел напоредно со употребата, потеклото, времето на употреба и стареењето (како би рекле нашите автори од старата книжевност), да овозможи нивно формирање и граматички особености што ги имаат. Кандидатката м-р Зарије Нуредини се задржува на истражувањата на новитетите и промените на дијалектниот јазик во содејство со книжевниот стил, што не може да се направи без познавање на процесите и разните појави на развитокот на општеството во Македонија. Новите демографски движења, видното отворање како и поврзаноста на краиштата со сообраќајот но и со развојот и општиот економски и општествено-политичкиот развој, културниот и образовниот развој на Република Македонија, секако наоѓаат место и во отворањето, односно кршењето на дијалектичките граници, како и придобивање на новитети и промени како во градовите така и во селата.

М-р Зарије Нуредини го разгледува и социолингвистичкиот аспект, при што наведува три категории луѓе, или три социолингвистички групи: луѓе кои на свесен начин го владеат или активно го употребуваат литературниот јазик како средство за комуникација во сите области; луѓе кои употребуваат во разни нивоа елементи од литературниот јазик со дијалектни, како и луѓе, малкуобразовани или необразовани, кои го употребуваат стариот дијалектен говор.

**Втора глава**. М-р Зарије Нуредини ги обработува слоевите на дијалектната лексика на албанските говори во Р. Македонија и се задржува на дијалектизмите и провинцијализмите. Таа се потпира врз погледите на А. Косталари. па така освен на дијалектизмите и провинцијализмите, се потпира и врз толковниот речник и на живиот говор на Албанците во Р. Македонија, од што произлегува дека има суштински разлики од јазичниот круг на кој припаѓа нивното териториjално протегање. Изразот „провинцијализам" секако треба да се поврзе со географските, економските и етнографските особености .
Низ примери кандидатката ги објасува провинцијализмите и се задржува на употребата на семантиката на еден збор во еден говор. На пример, зборот „gërtuk" се употребува за зборот „misër„ (пченка) само во кичевскиот говор, или зборот „cabunkë", кој е забележан и во говорот во селото Крушопек, Скопско, за зборот „kalli misri", но има зборови кои се протегаат на пошироко подрачје, како, на пример, зборот: „bathë" за „groshë" или „fasule" (грав) или зборот „loke" за зборот „nënë" (мајка), „kopalla", за она што нема вредност, зборува без семантичко сфаќање. Ajkëtor – gatesë со брашно, со ajkë; ajth-palca, срцето на пченицата, на пченката; akullaç -rrasë akulli; anamendas без да има намера, babëlok baba, дедо, bujanë длабоко место во реката, голема клисура со вода; gazavaj веселба и hidhërim bashkë (веселба и тага заедно). Но овие зборови се употребуваат речиси на целата територија на Македонија, но и во Косово.

**Трета глава.** Овде кандидатката се задржува на проблемот на архаизмите во албанските говори во Р. Македонија и претставува централен дел на нејзината дисертација. Таа почнува со разјаснувањето на поимот архаизам, процесот на архаизацијата на зборовите и факторите кои влијаат за појавување на архаизмите.

Откако го објаснува поимот од етимолошки аспект, се задржува на нивото на времето и просторот за да се карактеризира говорот на личностите и нивниот свет, како и за проширување на сфаќањата, традицијата, општествените и културните особености, па се до хуморот и сатирата. Тоа значи дека овој слој на лексиката не се само зборови, туку и со сфаќања на зборови и градење на цели фрази и ден-денес, иако се заменувани со други, но и со зборови кои означуваат поими, предмети или појави од историското минато, кои веќе не живеат, но како да имаат одредена улога во развојот на материјалната и духовната култура и во општествено - политичката историја на нашиот народ. Овие зборови во јазикот се одбележуваат со поимот историзми. Иако архаизмите се застарени зборови, нивната употреба всушност не претставува знак за сиромашност на јазикот. Напротив, кога тие се употребуваат како што треба, го оживуваат, му даваат разновидност и изразеност. Архаизмите претставуваат извор за збогатување на лексичкиот фонд на литературниот јазик. Процесот на стареење (архаизација) на зборовите и посебните сфаќања во албанскиот јазик како и кај другите светски јазици, не претставува проста појава. Овој процес не се развива одеднаш, туку постепено, на перманентен начин, па и многу бавно отколку раѓањето на новите зборови (неологизми). Со менувањето на стариот начин на живот, стареат и зборовите, кои при нивната ретка употреба, постепено се повлекуваат и преминуваат во пасивната лексика на јазикот.

**Во глава четврта**, м-р Зарије Нуредини ги обработува и типовите архаизми и се задржува на вистинските архаизми, целосните архаизми, зборови кои не се во активна употреба, и на балканските архаизми. Кандидатката м-р Зарије Нуредини во овој дел најмногу се задржува на факторите кои придонесувале во ограничувањето на употребата на таквите зборови исфрлувајќи ги во периферните кругови на јазикот, така што тка почнале да се пасивизираат, додека одреден број сметаме дека се веќе целосно заборавени. Употребата на архаизмите се стеснувала и продолжува да се стеснува како од временски аспект, така и од аспект на бројот на зборувачи. Пасивизацијата на многу зборови кои биле во употреба во одреден крај се целосно непознати за друг крај, а исто така се непознати и за зборувачите од подрачјето од кадешто доаѓа пасивизираниот збор. Третирано од временскиот аспект на пасивизација на зборовите, може да се рече дека се сопственост само на постарите луѓе. Со промените на начинот на живеење изумираат разни манифактурни занаети, а непосредно со нивното изумирање, исчезнува и стариот начин на изработка на разните земјоделски и сточарски производи. Се менува начинот на животот, начинот на облекувањето, а воедно со тоа излегуваат од употреба и многу зборови со кои се именуваат разни видови облека, земјоделски и сточарски алатки, алатки и средства во градежништвото, именувања за празноверие и разни фигури на албанската митологија и друго.

**Во петтата глава,** која претставува и централен дел, кандидатката ги обработува типовите архаизми. Кај појмовните архаизми ги дава сите собрани архаизми чии зборови завршуваат со наставката – **есе,** со наставаките- **тар,** зборови со наставка – **есе**,со- **е-(сope)- (е),- е (си), -оре,** потоа се задржува на појмовните архаизми каде што ги обработува двете групи на појмовните архаизми: во првата група учествуваат: а) архаизми на кои им е застарено само главното значење, б) во втората група се обработени застарените зборови според неглавните значења. Кандидатката исто така се задржала и на рагледувањето на застарените зборови според првото, второто и третото значење. Сите овие категории на архаизми се илустрирани со примери од говорите на Албанците во Р. Македонија.

**Во шестата глава** се обработени историските архаизми, како старите така и поновите историзми, од аспект на лексичките класи. Секој од историзмите може да зазема посебно место во нивната систематизација според групирањата на средствата, објектите или концептите, со кои се поврзуваат, односно кои ги означуваат. За да биде појасно ова мислење, може да се илустрира со примери. На пример, посебна група историзми се зборовите кои одбележуваат објекти употребени во судството, како, на пример: кадија= ofiqar.

Поголемата група историзми ја сочинуваат оние зборови кои се поврзуваат со именувања на областа на државната администрација; тука можеме да ги споменеме именките : *myftar,+i селски кмет или на населба*; çmimtar,+i еден од старите кој ја одредувал вредноста на штетата' *kryepleqësi,+a* орган кој ги управувал работите во селото и ги спроведувал наредбите на владата; mytesarif,+i административен претседател во еден санџак; *kajmekan,+i* заменик-гувернатор на една провинција (во Отоманската Империја); *koçobash,+i* селски кмет (при турската империја), *kryezot,+i* феудален владател кој владеел над другите феудалци; *kadi,+u* службеник за време на Отоманска империја кој вршел работа на судијата ; *vali,+u* највисок владател именуван од страна на султан во еден вилает; *vezir,+i* највисок владин службеник во Отоманската империја и др. Именување на органи или административни ресори, како: *beledi,+a* bashki(општина), (во времето на отоманската емперија); *nahij/e,+a* 1. krahinë, anë- подрачје; 2. административна потподелба, која опфаќала неколку села, општина; *vilajet,+i* поголема административна поделба во Отоманската импеприја

**Глава седма.** Кандидатката ги обработува архаизмите поврзани со именувањата кои се поврзани со областа на етнографијата, старите мерки, парите и старите монети .

Архаизмите во оваа класа ги сочинуваат именувањата поврзани со концепти или појави од религискиот, исламскиот и православниот свет, именување на религиозни функции, ритуалите, на храмовите и нивните делови како mulla,+i назив кој му се давал на оној што следел настава во медресето; varf,+i дервиш, бектеши; ikonom,+i понисоко звање во православната верска хиерархија ; dom,+i звање кое се ставало пред името на католичкиот поп; yshtës,+i тој што ги објаснувал магичните зборови за одбележување на нешто или за да се спаси некој од лошото; молби од верски одредби при погреб; светост, благослови некого; qitap,+i стара книга, без вредност; 2. света книга на муслиманите,

Куран; mekam,+i гроп на муслимански светец; hijeror/e,+ja kungë; faltore(храм); qel/ë,+a домот на попот од една парохија; mungad/e,+ja собрание на калуѓери. Општо земено, зборовите од оваа класа се позајмени од јазикот на турските религиозни извори, грчките и латинските. Потоа се обработени мерките и старите народни мерења, кои ги студира метрологијата како наука, се наследени кај народот како занаетчиска традиција или се зачувани во традицијата како народно поколение до ден-денес. Исто така се објаснети и парите и монетите. Дел од именувањата на професијата не одбележуваат вистински професии, туку излегуваат како именувања за одредена работа што некој ја извршувал, кога се појавувала потреба. Овие „професии" не биле главно средство за живеење и секојдневно работење, туку се реализирале според случајните барања наспроти одредено наградување, на пример: baxhi,+a жена која ги миела умрените жени ; britmëqar/e+ja жена која со висок тон го оплакувала умрениот; ; kecan,+i слуга за тешки работи; njehator/e,+ja жена која плачела за умрениот; qilaxhi,+u тој што се грижел на свадбата за делење на храна; shkarth,+i shërbetor(слуга); yshtës/e,+ja жена која се занимавала со гатање.

**Глава осма. Во неа** се опфатени некои архаизми поврзани со означување на професиите, изворите на историзмите. Оваа појава била присутна и порано и е во временско тесно поврзување со развојот на областите на кои им припаѓаат. Дел од именувањата на професијата не одбележуваат вистински професии, туку излегуваат како именувања за одредена работа што некој ја извршувал, кога се јавувала потреба. Овие „професии" не биле главно средство за живеење и секојдневно работење. Историзмите обично имаат само еден поим, значи одбележуваат единствени концепти, со исчезнувањето на предметите, исчезнуваат и самите зборови. Но, има и зборови кои врз основа на овој застарен концепт добиле поим од потекло, кој ја чува смисловната врска со историзмот, што денес се употребува исто како и зборовите на емоционалната лексика, обично со лошо оптоварување (иронично, понижувачко, пцовачко и др.), на пример: *asqer,+i* 1...2/ лош неуреден војник; *qatip,+i* 1...2. лош, неспособен службеник и бирократ; *salepçi,+u* 1...2. лош, човек без вредност, со стари анадолски закони и др.

**Глава деветта.** Во оваа глава се обработени архаизмите во литературата, и тоа во усната и пишаната книжевност. Во состав на денешниот литературен јазик може да се најде некој современ писател кој, за одбележување на одредено време, врши јазична диференцијација на личностите кои, пак, заедно со говорот на местата од кадешто доаѓаат, донесуваат и лексички разликувачки својства од тие провинции. Понекогаш ова оди уште подалеку, кога авторот поради стилистички причини одлучува да пишува цели делови или долги фрагменти во еден говор, за претставување на едно време и конкретен простор, при тоа донесувајќи и зборови кои продолжуваат да егзистираат и денес во капиталните дела на денешната книжевност (потсети: „Ulku i Uilli" на Vath Koreshi). Такви зборови, како група зборови па и целосни текстови, се сретнуваат во книжевното творештво, било да е тоа усно или пишано.

Усната книжевност освен нејзиниот бескраен амбар кој ни е оставен како наследство, како книжевна душевна вредност, сервирано ни е и група зборови кои некогаш, во времето на нивното создавање

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАУЧЕН РАБОТНИК ПО ПРЕДМЕТОТ ФАРМАКОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата **IV редовна седница** одржана на **24. XII 2009 година**, по конкурсот за избор на еден научен работник на Катедрата за фармакологија со токсикологија донесе решение за формирање Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Стојмир Петров, проф. д-р Петар Милошевски, проф. д-р Петраки Корнети, проф. д-р Трајче Стафилов и доц. д-р Никола Лабачевски.
На распишаниот конкурс објавен во „Утрински весник" на 25.XI 2009, за избор на еден научен работник на Катедрата за фармакологија со токсикологија при Медицинскиот факултет во Скопје се пријавија Димче Зафиров, доктор на медицински науки и ас. Драгица Зенделовска, доктор на хемиски науки. Рецензентската комисија, откако ги разгледа доставените материјали од кандидатите, има чест на Наставно-научниот совет да му го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. ДРАГИЦА ЗЕНДЕЛОВСКА

### БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Драгица Зенделовска е родена на 13.11.1974 година во Штип. Основното и средното образование го завршила со одличен успех. На групата за хемија-препаративна насока на Природно-математичкиот факултет се запишала во учебната 1993/94 година, а дипломирала во 1998 година со просечен успех 9,15 и се стекнала со звањето дипломиран инженер по хемија. Во 2000 година ја одбранила својата магистерска работа под наслов: „Сепарирање и концентрирање на елементи во траги во различни минерали и нивно определување со атомска апсорпциона спектрометрија" и се здобила со звањето магистер на хемиски науки. Во 2003 година на Природно-математичкиот факултет ја одбранила својата докторска дисертација под наслов: „Развој и модификација на методи за определување на некои лекови во биолошки флуиди со примена на високоефикасна течна хроматографија". Од февруари 2000 година е вработена на Институтот за претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија на Медицинскиот факултет во Скопје, најпрво како стручен соработник, потоа како помлад асистент-истражувач и моментално како асистент-истражувач. Прв пат е избрана за асистент-истражувач во 2003 година, а последниот избор во истото звање и е во февруари 2007 година.

### ОЦЕНА ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА ИЗБОР ВО НАУЧНИ ЗВАЊА-ИСТРАЖУВАЧИ

По разгледувањето на поднесените материјали од кандидатката, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката ас. Драгица Зенделовска **не ги исполнува критериумите за избор во звањето научен соработник од научната област фармакологија** согласно со позитивните законски прописи во Република Македонија од следниве причини:

- Во конкурсот објавен во „Утрински весник" на 25.XI 2009 за избор на еден научен работник на Катедрата за фармакологија со токсикологија, како наставно-научна област од која се избира кандидатот е дефинирана научната област **фармакологија** (член 36 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на УКИМ во Скопје, јуни 2009). Во член 27 на истиот Правилник е пропишано дека научно

звање (**научен соработник, виш научен соработник и научен советник**) може да биде избрано лице кое има научен степен **доктор на науки од научната област во која се избира**.

- Законот за научноистражувачка дејност на РМ од 31.3.2008 (Службен весник на РМ број 46, страна 1-11), во членовите 35 и 36 пропишува дека во научни звања (научен соработник, виш научен соработник и научен советник) може да биде избрано лице кое има научен степен **доктор на науки од научното подрачје за кое се избира.**
- Според приложената документација ас. Драгица Зенделовска е доктор на хемиски науки, односно согласно со класификацијата на научните полиња, подрачја и области (дисциплини) на истражување според стандардите на ОЕЦД (Службен весник на РМ бр.55 од 20.7.2001 година, страна 3694-3705) се има стекнато со научен степен доктор на науки од научното подрачје **хемија (точка 1.07** од претходно спомената класификација). Научната област **фармакологија**, за која е објавен конкурсот, како посебна научна област спаѓа во научното подрачје на истражување **„Фундаментални медицински науки" (точка 3.01, код 30107** од претходно споменатата класификација според стандардите на ОЕЦД).
- Врз основа на овие податоци, Комисијата заклучи дека кандидатката ас. Драгица Зенделовска нема научен степен доктор на науки од наставно-научната област за која е распишан конкурсот (член 36 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на УКИМ во Скопје, јуни 2009).
- Комисијата заклучи дека кандидатката нема научен степен доктор на науки ниту од научното подрачје на истражување во кое спаѓа областа на истражување-**фармакологија**, а за која научна област е распишан конкурсот (Закон за научно истражувачка дејност на РМ од 31.3.2008 ).

Поради тоа, Рецензентската комисија заклучи дека не е потребно да се врши оцена на другиот дел од документацијата поднесена од кандидатот (оцена на документацијата поднесена за наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната активност на кандидатот).

## 2. ДИМЧЕ ЗАФИРОВ

### БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Д-р. Димче Зафиров е роден на 25.12.1965 година во Виница, каде што завршил основно и средно образование со одличен успех. Медицински факултет завршил на 28.12.1992 година во Скопје со просечен успех 9.27.

Од 10.1.1995 година е вработен на Институтот за претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија.

Во звањето помлад асистент по предметот фармакологија со токсикологија е избран во 1996 година, во 2001 за асистент, а во 2005 година е реизбран во истото звање.

Во учебната 1995/96 година се запишал на постдипломски студии од областа на фармакологијата и со успех ги положил предвидените испити. Во јули 2002 година го одбранил магистерскиот труд на тема: „Ефектот на r-HuEPO во превенција на анемија индуцирана од хемотерапија кај стаорци".

Специјализацијата по клиничка фармакологија ја започнал во 1997 година, а специјалистичкиот испит го положил на 20.6.2000 година.

Докторската дисертација со наслов „**Нефропротективни ефекти на епоетин алфа и амифостин на ренални оштетувања предизвикани со цисплатин кај стаорци**" ја одбранил на 12.11.2009 година на Медицинскиот факултет во Скопје.

## ОЦЕНА ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА ИЗБОР ВО НАУЧНИ ЗВАЊА-ИСТРАЖУВАЧИ

По разгледувањето на поднесените материјали од кандидатот, Комисијата констатира дека кандидатот д-р Димче Зафиров **ги исполнува критериумите за избор во звањето научен ѕоработник од научната област фармакологија** согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на УКИМ во Скопје (јуни 2009) и Законот за научноистражувачка дејност на РМ од (Службен весник на РМ број 46 од 2008 година).

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Кандидатот од изборот во звањето помлад асистент, активно учествува во изведувањето на практичната настава по предметот фармакологија со токсикологија за студентите по медицина, фармација и стоматологија. Од 2008 година учествува во изведувањето на практичната настава по предметот клиничка фармакологија за студентите на медицина. Од 2007 година активно е вклучен и во изведувањето на теоретската настава од прв циклус за студентите на Високата школа за редтген-техничари и стручни медицински сестри. Активно има учествувано во подготвувањето на материјалите од практичната и теоретската настава за предметот фармакологија со токсикологија и за предметот клиничка фармакологија.

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во изминатиот период кандидатот континуирано активно учествува во научноистражувачката работа на Институтот. Научноистражувачката работа му е насочена главно кон базични и клинички истражувања од областа на фармакодинамијата и токсикологијата. Досега, како автор и коавтор, има објавено голем број на трудови во домашни и странски списанија. Учествувал во изведбата на голем број национални и меѓународни научни проекти кои се изведуваат на Институтот за претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија при Медицинскиот факултет во Скопје и тоа како главен истражувач, одговорно лице за научната работа во истражувачкиот проект или истражувач.
При досегашните избори и реизбори на кандидатот за помлад асистент и асистент, рецензирани се 20 труда објавени во билтените на УКИМ во Скопје.
Од последниот избор во звањето асистент, кандидатот во научни и стручни списанија има објавено 15 труда со оригинални научни резултати и 1 труд во зборник на трудови од научен собир.
Во последните пет години кандидатот осум пати бил раководител на меѓународен научен проект, четири пати бил одговорно лице за научната работа во меѓународен научен проект, два пати бил раководител на национален научен проект, 24 пати учествувал како истражувач во меѓународен научен проект и единаесет пати учествувал како истражувач во национален научен проект.
Кандидатот има одржано 4 предавања на секциски стручни собири, од кои 3 со меѓународно учество.

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Кандидатот во изминатиов период активно учествува во севкупната здравствена дејност на Институтот. Успешно ги врши сите експертски активности што се изведуваат на Институтот во смисла на изготвување на експертски извештаи за фармаколошко - токсиколошката (претклиничката) и клиничката документација за лековите во постапката за добивање на одобрение за ставање на лекот во промет, како и изведување на клинички студии со лекови во Р. Македонија.

Во периодот на последните 5 години, заклучно со 27.11.2009, д-р Димче Зафиров има изработено вкупно 227 експертски извештаи од горенаведената област.

Д-р Димче Зафиров е лице вклучено во листата на експерти на Министерството за здравство за изработка на експертски извештаи и проценки на претклиничката и клиничката документација, како и експертски проценки на студиите на биоеквивалентност во постапката за добивање на одобрение за ставање на лек во промет во Р. Македонија. Од септември 2007 година до октомври 2009 година има изработено вкупно 153 експертски проценки со извештаи во наведената област.

Кандидатот има воведено 3 нови лабораториски методи кои наоѓаат практична примена во работата на Институтот.

Во текот на изминатиот период учествувал на повеќе семинари, симпозиуми, конференции и тренинг-курсеви од областа на фармаковигиланцата и болничката употреба на лековите, како што се Годишното собрание на СЗО на националните центри за меѓународен мониторинг на несаканите дејства на лековите (Женева, 1997); семинар на земјите од Централна и Источна Европа за подобрување на употребата на лековите во болниците (Бон, 1999), СЗО-семинар на земјите од централна и источна Европа за рефундирање на лековите (Прага, 2000). Има учествувано и на неколку семинари и работилници за етичките и регулаторните аспекти на добрата клиничка практика при изведувањето на клиничките истражувања (Велинград 1996, Скопје 2005, Загреб 2008, Скопје 2009). Од 2008 година активно е вклучен во IPA-програмата на ЕМЕА (Европската Агенција за лекови) која се реализира во седиштето на ЕМЕА во Лондон за приспособување на регулативата на националните агенции за лекови на земјите-кандидати за членство во ЕУ.

Подолг временски период активно учествува во подготовката на национални документи кои се однесуваат на законската регулатива во делот на медицината и фармацијата. Досега има учествувано во подготовката на 1 закон, 14 подзаконски прописи (правилници) и 1 национален документ за лековите (есенцијална листа на лекови).

Кандидатот учествувал во изработката на повеќе монографии од посебен интерес, како што се Упатствата за практикување на медицина заснована на докази (монографија издадена во 5 тома), 4 изданија на Регистрар на лекови на Република Македонија, 1 издание на Фармацевтски дозирани форми и 1 издание на Фармакотерапевтски прирачник.

Д-р Димче Зафиров учествува во работата на Националниот центар за несакани дејства на лекови, кој функционира во рамките на Институтот за фармакологија.

Исто така, член е на Македонското лекарско друштво, Лекарската комора на Македонија, Здружението за хипертензија на Македонија, Здружението на фармаколози на Македонија и на Светското здружение на фармаколози (YUPHAR).

# ЗАКЛУЧОК

На конкурсот за избор на еден научен работник од наставно-научната област фармакологија на Катедрата за фармакологија со токсикологија при Медицинскиот факултет во Скопје се пријавија ас. Драгица Зенделовска и д-р Димче Зафиров, вработени на Институтот за претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија при Медицинскиот факултет во Скопје.

Од изнесеното, Рецензентската комисија заклучи дека ас. Драгица Зенделовска не ги исполнува критериумите за избор во звањето научен соработник од научната област фармакологија пропишани во Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Законот за научноистражувачка дејност на РМ.

Врз основа на наставно-образовните, научноистражувачките и стручно-апликативните активности на кандидатот може да се види дека д-р Димче Зафиров ги поседува сите квалитети за избор во звањето научен соработник од наставно-научната област фармакологија на Катедрата за фармакологија со токсикологија при Медицинскиот факултет во Скопје. Кандидатот ги исполнува и сите услови за избор во звањето научен соработник пропишани во Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Оценувајќи ги сите квалитети на кандидатот, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Димче Зафиров да биде избран во звањето научен-соработник од наставно-научната област фармакологија на Катедрата за фармакологија со токсикологија при Медицинскиот факултет во Скопје.

**Рецензентска комисија**

1. Проф. д-р Стојмир Петров, с.р ____________
2. Проф. д-р Петар Милошевски с.р. ____________
3. Проф. д-р Петраки Корнети с.р. ____________
4. Проф. д-р Трајче Стафилов с.р. ____________
5. Проф. д-р Никола Лабачевски с.р. ____________

# ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Димче Љупчо Зафиров
**Институција:** Институт за претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија, Медицински факултет, УКИМ, Скопје
**Научна област:** медицина (фармакологија)

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Година | Часови годишно | Поени |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Одржување на теоретска настава од прв циклус студии за Високата школа за стручни медицински сестри (редовни студенти):** | 2007 | 30 | 3,6 |
| | | 2008 | 30 | |
| | | 2009 | 30 | |
| | **Одржување на теоретска настава од прв циклус студии за Високата школа за стручни медицински сестри (вонредни студенти ):** | 2007 | 20 | 2,4 |
| | | 2008 | 20 | |
| | | 2009 | 20 | |
| 2. | **Одржување на теоретска настава од прв циклус студии за висока школа за радиолошки технолози ( редовни студенти ):** | 2007 | 30 | 3,6 |
| | | 2008 | 30 | |
| | | 2009 | 30 | |
| 3. | **Одржување на теоретска настава од прв циклус студии за Високата школа за радиолошки технолози (вонредни студенти):** | 2007 | 20 | 2,4 |
| | | 2008 | 20 | |
| | | 2009 | 20 | |
| 4. | **Одржување на теоретска настава од прв циклус студии за Високата школа за радиолошки технолози (диференцијали):** | 2007 | 10 | 1,2 |
| | | 2008 | 10 | |
| | | 2009 | 10 | |
| 5. | **Одржување на практична настава од прв циклус студии за студенти на Медицинскиот факултет:** | 2005 | 242 | 42,4 |
| | | 2006 | 250 | |
| | | 2007 | 218 | |
| | | 2008 | 194 | |
| | | 2009 | 156 | |
| 6. | **Одржување на практична настава од прв циклус студии за студенти на Фармацевтскиот факултет:** | 2005 | 124 | 18 |
| | | 2006 | 118 | |
| | | 2007 | 108 | |
| | | 2008 | 84 | |
| | | 2009 | 16 | |
| 7. | **Одржување на практична настава од прв циклус студии за студенти на Стоматолошкиот факултет:** | 2005 | 124 | 18 |
| | | 2006 | 118 | |
| | | 2007 | 112 | |
| | | 2008 | 96 | |
| 8. | Консултации со студенти во периодот 2005-2009 година | | 600 часа | 1,2 |
| 10. | Пакет материјали за практична настава по предметот фармакологија со токсикологија | | | 1 |
| 11. | Пакет материјали за практична настава по предметот клиничка фармакологија | | | 1 |
| | | | Вкупно | 94,8 |

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одбранета докторска теза | 8 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2. | **Одбранета магистерска работа** | | 4 |
| 3. | **Завршена специјализација по клиничка фармакологија** | | 2 |
| 4. | **Раководител на национален научен проект: 2 пати** | | |
| | Title | COMPARATIVE, SINGLE-DOSE, BIOAVAILABILITY STUDY OF TWO 20 mg OMEPRAZOLE CAPSULE FORMULATIONS IN HEALTHY VOLUNTEERS | 6 |
| | Title | COMPARATIVE, SINGLE-DOSE, BIOAVAILABILITY STUDY OF TWO 20 mg FOSINOPRIL TABLET FORMULATIONS IN HEALTHY VOLUNTEERS UNDER FASTING CONDITION | 6 |
| 5. | **Раководител на меѓународен научен проект: 8 пати** | | |
| | Title | COMPARATIVE, SINGLE-DOSE, 3-WAY SEMI-REPLICATE CROSS-OVER BIOAVAILABILITY STUDY OF TWO ATORVASTATIN 80 mg TABLET FORMULATIONS IN HEALTHY VOLUNTEERS UNDER FASTING CONDITIONS | 9 |
| | Title | COMPARATIVE, SINGLE-DOSE, 3-WAY SEMI-REPLICATE CROSS-OVER BIOAVAILABILITY STUDY OF TWO ROSUVASTATIN 20 mg TABLETS FORMULATIONS IN HEALTHY VOLUNTEERS UNDER FASTING CONDITIONS | 9 |
| | Title | COMPARATIVE, SINGLE-DOSE, 2-WAY CROSS-OVER BIOAVAILABILITY STUDY OF TWO ESOMEPRAZOLE 40 mg TABLET/CAPSULE FORMULATIONS IN HEALTHY VOLUNTEERS UNDER FED CONDITIONS | 9 |
| | Title | COMPARATIVE, SINGLE-DOSE, 2-WAY CROSS-OVER BIOAVAILABILITY STUDY OF TWO ESOMEPRAZOLE 20 mg TABLET/CAPSULE FORMULATIONS IN HEALTHY VOLUNTEERS UNDER FASTING CONDITIONS | 9 |
| | Title | COMPARATIVE, SINGLE-DOSE, BIOAVAILABILITY STUDY OF TWO CANDESARTAN CILEXETIL 8 mg TABLET FORMULATIONS IN HEALTHY VOLUNTEERS UNDER FASTING CONDITIONS | 9 |
| | Title | COMPARATIVE SINGLE-DOSE 4-WAY REPLICATE CROSS-OVER BIOAVAILABILITY STUDY OF TWO 40 mg ESOMEPRAZOLE FORMULATIONS IN HEALTHY VOLUNTEERS UNDER FED CONDITIONS | 9 |
| | Title | COMPARATIVE, SINGLE-DOSE, BIOAVAILABILITY STUDY OF TWO 160 mg/12.5 mg VALSARTAN/HYDROCHLOROTHIAZIDE FORMULATIONS IN HEALTHY VOLUNTEERS UNDER FASTING CONDITIONS | 9 |
| | Title | COMPARATIVE, SINGLE-DOSE, 4-WAY CROSS-OVER BIOAVAILABILITY STUDY OF TWO 12.5 mg CARVEDILOL TABLET FORMULATIONS IN HEALTHY VOLUNTEERS UNDER FASTING AND FED CONDITIONS | 9 |
| 6. | **Одговорно лице за научната работа во истражувачкиот проект (Clinical Research Scientist): 4 пати** | | |
| | Title | COMPARATIVE, SINGLE-DOSE, 3-WAY SEMI-REPLICATE CROSS-OVER BIOAVAILABILITY STUDY OF TWO ALISKIREN 300 mg FILM-COATED TABLET FORMULATIONS IN HEALTHY VOLUNTEERS UNDER FED CONDITIONS | 9 |
| | Title | SINGLE-DOSE, 3-WAY PHARMACOKINETIC STUDY OF THREE PERINDOPRIL TABLET FORMULATIONS IN HEALTHY VOLUNTEERS UNDER FASTING CONDITIO NS | 9 |
| | Title | COMPARATIVE, SINGLE-DOSE, 3-WAY SEMI-REPLICATE CROSS-OVER BIOAVAILABILITY STUDY OF TWO RABEPRAZOLE 20 mg TABLET FORMULATIONS IN HEALTHY MALE VOLUNTEERS UNDER FASTING CONDITIONS | 9 |
| | Title | COMPARATIVE, SINGLE-DOSE, 3-WAY SEMI-REPLICATE CROSS-OVER BIOAVAILABILITY STUDY OF TWO RABEPRAZOLE 20 mg TABLETS FORMULATIONS IN HEALTHY VOLUNTEERS UNDER FEDCONDITIONS | 9 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7. | **Учесник во меѓународен научен проект: 24 пати**<br>Title | COMPARATIVE, SINGLE-DOSE, BIOAVAILABILITY STUDY OF TWO 8 mg PERINDOPRIL TABLET FORMULATIONS IN HEALTHY VOLUNTEERS UNDER FASTING CONDITIONS | 5 |
| | Title | COMPARATIVE, SINGLE-DOSE, 4-WAY CROSS-OVER BIOAVAILABILITY STUDY OF FOUR CANDESARTAN CILEXETIL 32 mg TABLET FORMULATIONS IN HEALTHY VOLUNTEERS UNDER FASTING CONDITIONS | 5 |
| | Title | COMPARATIVE, SINGLE-DOSE, 3-WAY CROSS-OVER BIOAVAILABILITY STUDY OF THREE 0.4 mg TAMSULOSIN PROLONGED RELEASE TABLET FORMULATIONS IN HEALTHY VOLUNTEERS | 5 |
| | Title | COMPARATIVE, SINGLE-DOSE, BIOAVAILABILITY STUDY OF TWO 160 mg/25 mg VALSARTAN/HYDROCHLOROTHIAZIDE FORMULATIONS IN HEALTHY VOLUNTEERS UNDER FASTING CONDITIONS | 5 |
| | Title | COMPARATIVE, SINGLE-DOSE, 4-WAY CROSS-OVER BIOAVAILABILITY STUDY OF FOUR 75 mg CLOPIDOGREL TABLET FORMULATIONS IN HEALTHY VOLUNTEERS UNDER FASTING CONDITIONS | 5 |
| | Title | COMPARATIVE, PILOT, SINGLE-DOSE, 4-WAY CROSS-OVER BIOAVAILABILITY STUDY OF FOUR ESOMEPRAZOLE TABLET/CAPSULE FORMULATIONS IN HEALTHY VOLUNTEERS | 5 |
| | Title | COMPARATIVE, SINGLE-DOSE, 4-WAY CROSS-OVER BIOAVAILABILITY STUDY OF TWO 30 mg LANSOPRAZOL CAPSULE FORMULATIONS IN HEALTHY VOLUNTEERS UNDER FED CONDITIONS | 5 |
| | Title | COMPARATIVE, SINGLE-DOSE, BIOAVAILABILITY STUDY OF TWO 30 mg LANSOPRAZOLE ORODISPERSIBLE TABLET FORMULATIONS IN HEALTHY VOLUNTEERS | 5 |
| | Title | COMPARATIVE, PILOT, SINGLE-DOSE, 3-WAY CROSS-OVER BIOAVAILABILITY STUDY OF THREE EZETIMIBE 10 mg TABLET FORMULATIONS IN HEALTHY VOLUNTEERS | 5 |
| | Title | COMPARATIVE, PILOT SINGLE-DOSE, BIOAVAILABILITY STUDY OF 30 mg LANSOPRAZOLE ORODISPERSIBLE TABLET FORMULATIONS IN HEALTHY VOLUNTEERS UNDER FED CONDITIONS | 5 |
| | Title | COMPARATIVE, SINGLE-DOSE, 4-WAY CROSS-OVER BIOAVAILABILITY STUDY OF FOUR 30 mg LANSOPRAZOL CAPSULE FORMULATIONS IN HEALTHY VOLUNTEERS | 5 |
| | Title | COMPARATIVE, SINGLE-DOSE, BIOAVAILABILITY STUDY OF TWO 20 mg PANTOPRAZOLE TABLET FORMULATIONS IN HEALTHY VOLUNTEERS | 5 |
| | Title | COMPARATIVE, SINGLE-DOSE, 4-WAY CROSS-OVER BIOAVAILABILITY STUDY OF TWO 5 mg CILAZAPRIL TABLET FORMULATIONS IN HEALTHY VOLUNTEERS | 5 |
| | Title | COMPARATIVE, SINGLE-DOSE, BIOAVAILABILITY STUDY OF TWO 40 mg PANTOPRAZOLE TABLET FORMULATIONS IN HEALTHY VOLUNTEERS | 5 |
| | Title | COMPARATIVE, SINGLE-DOSE, BIOAVAILABILITY STUDY OF TWO 160 mg VALSARTAN TABLET FORMULATIONS IN HEALTHY VOLUNTEERS | 5 |
| | Title | COMPARATIVE, SINGLE-DOSE, BIOAVAILABILITY STUDY OF TWO 40 mg PANTOPRAZOLE TABLET FORMULATIONS IN HEALTHY VOLUNTEERS UNDER FED CONDITIONS | 5 |
| | Title | COMPARATIVE, SINGLE-DOSE, BIOAVAILABILITY STUDY OF TWO 40 mg PANTOPRAZOLE TABLET FORMULATIONS IN HEALTHY VOLUNTEERS | 5 |
| | Title | SINGLE-DOSE, RANDOMIZED, 3-WAY CROSS-OVER BIOAVAILABILITY STUDY OF TWO 30 mg LANSOPRAZOLE | 5 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Title | CAPSULE FORMULATIONS IN HEALTHY VOLUNTEERS COMPARATIVE, PILOT, SINGLE-DOSE, 4-WAY CROSS-OVER BIOAVAILABILITY STUDY OF FOUR 30 mg LANSOPRAZOLE CAPSULE FORMULATIONS IN HEALTHY VOLUNTEERS | 5 |
| | Title | COMPARATIVE, PILOT, SINGLE-DOSE, 4-WAY CROSS-OVER BIOAVAILABILITY STUDY OF FOUR 40 mg PANTOPRAZOLE TABLET FORMULATIONS IN HEALTHY VOLUNTEERS | 5 |
| | Title | COMPARATIVE, SINGLE-DOSE, 3-WAY CROSS-OVER BIOAVAILABILITY STUDY OF THREE 160 mg VALSARTAN TABLET FORMULATIONS IN HEALTHY VOLUNTEERS | 5 |
| | Title | COMPARATIVE, SINGLE-DOSE, 3-WAY CROSS-OVER BIOAVAILABILITY STUDY OF THREE 30 mg LANSOPRAZOLE CAPSULE FORMULATIONS IN HEALTHY VOLUNTEERS | 5 |
| | Title | COMPARATIVE, SINGLE-DOSE, 3-WAY CROSS-OVER BIOAVAILABILITY STUDY OF THREE 40 mg PANTOPRAZOLE TABLET FORMULATIONS IN HEALTHY VOLUNTEERS | 5 |
| | Title | COMPARATIVE, PILOT, SINGLE-DOSE, 3-WAY CROSS-OVER BIOAVAILABILITY STUDY OF THREE 40 mg PANTOPRAZOLE TABLET FORMULATIONS IN HEALTHY VOLUNTEERS | 5 |
| **8.** | **Учесник во национален научен проект: 11 пати** | | |
| | Title | COMPARATIVE, SINGLE-DOSE, BIOAVAILABILITY STUDY OF TWO 2 mg RISPERIDONE CAPSULE FORMULATIONS IN HEALTHY VOLUNTEERS | 3 |
| | Title | A STUDY TO COMPARE THE BIOVAILABILITY OF TWO 320 mg VALSARTAN FILM-COUTED TABLETS PRODUCTS | 3 |
| | Title | A STUDY TO COMPARE THE BIOVAILABILITY OF TWO 500 mg CLARITHROMYCIN TABLET PRODUCTS | 3 |
| | Title | COMPARATIVE, SINGLE-DOSE, BIOAVAILABILITY STUDY OF TWO 10 mg ZOLPIDEM TABLET FORMULATIONS IN HEALTHY VOLUNTEERS | 3 |
| | Title | A SINGLE-DOSE, RANDOMISED, TWO-WAY, TWO-PERIOD, CROSS-OVER STUDY TO COMPARE THE RATE AND EXTENT OF ABSORPTION OF A TEST FORMULATION OF LAMOTRIGINE : LAMAL®-ALKALOID AD, TABLETS WITH LAMICTAL®-GLAXO-SMITH-KLINE TABLETS IN 24 HEALTHY MALE VOLUNTEERS. | 3 |
| | Title | A SINGLE-DOSE, RANDOMISED, TWO-WAY, TWO-PERIOD, CROSS-OVER STUDY TO COMPARE THE RATE AND EXTENT OF ABSORPTION OF A TEST FORMULATION OF LOSARTAN ALKALOID AD, TABLETS WITH COZAAR®-MSD TABLETS IN 24 HEALTHY MALE VOLUNTEERS. | 3 |
| | Title | A SINGLE-DOSE, RANDOMISED, TWO-WAY, TWO-PERIOD, CROSS-OVER STUDY TO COMPARE THE RATE AND EXTENT OF ABSORPTION OF A TEST FORMULATION OF SIMVASTATIN: HOLLESTA®-ALKALOID AD, TABLETS WITH ZOCOR®-MSD TABLETS IN 24 HEALTHY MALE VOLUNTEERS | 3 |
| | Title | A SINGLE-DOSE, RANDOMISED, TWO-WAY, TWO-PERIOD, CROSS-OVER STUDY TO COMPARE THE RATE AND EXTENT OF ABSORPTION OF A TEST FORMULATION OF AMLODIPIN: AMLODIPIN-ALKALOID AD, TABLETS WITH NORVASC®-PFIZER TABLETS IN 24 HEALTHY MALE VOLUNTEERS | 3 |
| | Title | A SINGLE-DOSE, RANDOMISED, TWO-WAY, TWO-PERIOD, CROSS-OVER STUDY TO COMPARE THE RATE AND EXTENT OF ABSORPTION OF A TEST FORMULATION OF LISINOPRIL: SKOPRYL®-ALKALOID AD, TABLETS WITH CARACE®-BRISTOL MYERS SQUIBB TABLETS IN 24 HEALTHY MALE VOLUNTEERS. | 3 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Title | A STUDY TO COMPARE THE BIOVAILABILITY OF TWO 3 mg RISPERIDONE FILM-COATED TABLETS PRODUCTS. | 3 |
| | Title | EVALUATION OF THE BIOEQUIVALENCE OF TWO ORAL PREPARATIONS CONTAINING PROPAFENONE IN HEALTHY VOLUNTEERS | 3 |
| 9. | **Монографии:** | | |
| | – Анета Димитровска, Емилија Фредро-Кумбараџи, Антон Дамевски, Димче Зафиров, Јасмина Тројачанец, Весна Настеска-Неданоска, Ангелина Бачановиќ: *Фармацевтски дозирани форми, начин на употреба и контактни пакувања-стандардни изрази и дефиниции.* Министерство за здравство на Република Македонија, Скопје, 2002. | | 4 |
| | – Димитровска А, Трајковиќ-Јолевска С, Лабачевски Н, Зафиров Д и сор. РЕГИСТАР НА ЛЕКОВИ на РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА. I/2006 | | 4 |
| | – Димитровска А, Трајковиќ-Јолевска С, Лабачевски Н, Зафиров Д и сор. РЕГИСТАР НА ЛЕКОВИ на РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА. II/2007 | | 4 |
| | – Димитровска А, Трајковиќ-Јолевска С, Лабачевски Н, Зафиров Д и сор. РЕГИСТАР НА ЛЕКОВИ на РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА. III/2008 | | 4 |
| | – Димитровска А, Трајковиќ-Јолевска С, Лабачевски Н, Зафиров Д и сор. РЕГИСТАР НА ЛЕКОВИ на РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА. IV/2009 | | 4 |
| | – Бранислав Никодиевиќ и сор. Фармакотерапевтски прирачник за лекари, фармацевти и стоматолози. Министерство за здравство на Република Македонија, Фармацевтска комора на Р. Македонија и Лекарска комора на Р. Македонија, Скопје, 2007. | | 4 |
| | – Катица Зафировска и сор.: Упатства за практикување медицина заснована на докази. Министерство за здравство на Република Македонија, Скопје, 2007. | | 4 |
| 10. | **Трудови рецензирани до последниот избор** | | |
| | – Тројачанец Ј., Зафиров Д., Јаковски К., С.Т.Поповска, Мицеска С.М., Петров С.: Тераписко мониторирање на моноклонален циклоспорин А кај пациенти со трансплантиран бубрег. Acta Biologiae et Medicinae Experimentalis 1996,21(1), 52. $11^{th}$ Yugoslav Congress of Pharmacology with International Participation, Igalo 1996. | | / |
| | – Зафиров Д., Тројачанец Ј., Јаковски К., С.Т.Поповска, Пипонски М., Петров С.: Компаративен приказ на мониторирани серумски концентрации кај антиепилептични лекови. Acta Biologiae et Medicinae Experimentalis 1996,21(1),52. $11^{th}$ Yugoslav Congress of Pharmacology with International Participation, Igalo 1996 | | / |
| | – Петров С., Зафиров Д., Тројачанец Ј., Јаковски К., Пипонски М.: Квантитативна детерминација на 5-хидрокси пропафенон во серум кај здрави доброволци. Acta Biologiae et Medicinae Experimentalis 1996,21(1),52. $11^{th}$ Yugoslav Congress of Pharmacology with International Participation. | | / |
| | – Labacevski N., Petrov S., Milosevski P., Zafirov D., Jakovski K.The bioavailability of two oral formulations of diclofenac (Naklofen duo capsules 75 mg and Naklofen-retard tablets-100 mg) in healthy volunteers. Acta Biologiae et Medicinae Experimentalis 1996,21(1),52. | | / |
| | Зафиров Д. Лекови против туберкулоза. Македонски медицински преглед, год. 1996, бр.50; 5-6. | | / |
| | – J. Trojacanec, K. Jakovski, D. Zafirov, N. Labacevski, O. Sibinovska, E. Kostova, S. Petrov, P. Milosevski: Cyclosporinaemia and patients with transplantated kidneys. Fundamental & Clinical Pharmacology. $2^{nd}$ European Congres of Pharmacology, Budapest, Hungary, 3-7 July 1999. | | / |
| | – D. Zafirov, J. Trojacanec, K. Jakovski, E. Kostova, M. Piponski, P. Milosevski,. S. Petrov.: Comparative values of endogenous erythropoietin, systolic blood presure, haematological and biochemical parameters of normotensive and spontaneusly hypertensive rats. Fundamental & Clinical Pharmacology. $2^{nd}$ European Congres of Pharmacology, Budapest, Hungary, 3-7 July 1999 | | / |
| | – N. Labacevski, M.S. Miceska, J. Trojacanec, D. Zafirov, M. Piponski, S. Petrov, P. Milosevski.:Influence of sex on pharmacokinetics of theophilline given per os, in a single dose, in normotensive rats.Fundamental & Clinical | | / |

| | | |
|---|---|---|
| | Pharmacology. 2nd European Congres of Pharmacology, Budapest, Hungary, 3-7 July 1999<br>– T. Balkanov, M. Slaninka-Miceska, N. Labacevski, D. Zafirov, P. Milosevski,. S. Petrov. The protective role of nitric oxide on experimentally provoked gastric ulcer with ketoprofen in the rat. Fundamental & Clinical Pharmacology. 2nd European Congres of Pharmacology, Budapest, Hungary, 3-7 July 1999 | /<br>/ |
| | – A. Sikole, G. Spasovski, D. Zafirov, M. Polenakovic: Epoetin omega for treatment of anaemia in maintenance hemodialysis patients. XXXVII Congress of ERA-EDTA, Nica, 2000; Abstracts 163 | / |
| | – Н.Лабачевски, С.Петров, М.Сланинка - Мицеска, Д. Зафиров, К.Јаќовски. Влијание на ципрофлоксацин врз елиминацијата на теофилин. Македонско списание за медицина 2001; 47(1-2):97-102. | / |
| | – Маја Сланинка -Мицеска, Н.Лабачевски, Д. Зафиров, К. Јаќовски, О. Сибиновска, П. Милошевски. Компаративна биолошка расположивост на две орални формулации на 1-алфа-хидроксивитамин Д3 кај здрави доброволци. Македонско списание за медицина 2002; 48(1-2):67-71 | / |
| | – Никола Лабачевски, Маја Сланинка -Мицеска, Димче Зафиров, Круме Јаќовски, Миле Болисковски, Никола Пановски, Петар Милошевски. Азитромицинот има позитивни профилактички ефекти врз експериментално предизвикани интраабдоминални инфекции кај стаорци. Македонско списание за медицина 2002; 48(1-2):83-90 | / |
| | – R.M. Ristovski, V. Janevska, L.S. Spasevska, S. Kostadinova, D. Zafirov, S. Rogac. Timing of renal and bone marrow morfology changes after cisplatin and 5-FU therapy combined with erithropoietin. Histopathology 2002; Volume 41 Supplement 1. XXIVth International Congress of the International Academy of Pathology 5-10 October 2002, Amsterdam-The netherland | / |
| | – Никола Лабачевски, Маја Сланинка-Мицеска, Трајан Балканов, Димче Зафиров, Стојмир Петров: Индукција на микрозомалните цитохром Р-450 ензими. Македонско списание за медицина 2003; 49(1-2):123-135. | / |
| | – Zafirov D, Balkanov T, Kostova E, Kikerkov I, Jovanoska E, Ristovski M, Petrov S. Effect of epoetin alfa in prevention of cisplatin-induced anemia in rats. Macedonian pharmaceutical bulletin, 2004; 50(1)15-22 | / |
| | – Slaninka-Miceska M, Labachevski N, Zafirov D, Jakovski K, Kostova E, Jovanoska E: Comparative bioavailability of two oral presentations of oral cefixime in healthy volunteers. World Conference on Magic Bullets Celebrating Paul Ehrlich's 150th Birthday. Nurnberg, Germany, Sptember 9-11,2004. | / |
| | – M.Miceska, N.Labachevski, D.Zendelovska, D.Zafirov, K.Jakoski, S.Simeska, P.Miloshevski, S.Petrov: Microsomal Cytochrome P450 Induction with Phenobarbitoal in Rats. The Proceedings of the 6th Xenobiotic Metabolism and Toxicity Workshop of Balcan Countries, Banja Luka, Bosnia and Herecegovina, June 16-19, 2004. | / |
| | – Петрова-Костова Е, Јованоска Е, Зафиров Д, Јаковски К, Балканов Т, Сланинка-Мицеска М. Антицитокинската терапија кај воспалителните цревни заболувања и ревматоиден артритис. Македонски медицински преглед, 2005;59:71-5. | / |
| | – Zendelovska D, Simeska S, Sibinovska O, Kostova E, Milosevska K, Jakovski K, Jovanovska E, Kikerkov I, Trojacanec J, Zafirov D. Development of an HPLC method for the determination of nifedipine in human plasma by solid-phase extraction. Chromatogr B Analyt Technol Biomed Life Sci. 2006 Jul 24;839(1-2):85-8. Epub 2006 Apr 18. | / |
| | **Трудови објавени по последниот избор**<br>Труд со оригинални научни резултати објавен во научно/стручно списание: 15 труда<br><br>– Sikole A, Spasovski G, Zafirov D, Polenakovic M. Epoetin omega for treatment of anemia in maintenance hemodialysis patients. Clin Nephrol. 2002 Mar;57(3):237-45. | <br><br><br>2.4 |

| | | |
|---|---|---|
| | – Лабачевски Н., Сланинка-Мицеска М., Зафиров Д., Јаќовски К., Балканов Т., Тројачанец Ј., Милошевски П., Петров С. Ефект на фенобарбитал врз серумските концентрации на карбамазепин и валпроати кај пациенти со епилептични напади. Мак. спи. мед., 2004; 50 (1-2): 53-61. | 2.4 |
| | – Zafirov D, Slaninka-Miceska M, Trojacanec J, Jakovski K, Ristovski M, Korneti P, Petrov S. Differences between Cisplatin and 5-fluorouracil induced anemia and the role of endogenous erythropoietin in their development. Maced Pharm bull 2004; 50 (2): 15-24. | 2.4 |
| | – Zafirov D, Labachevski N, Kostova E, Jovanoska E, Gruevski T, Miloshevski P, Petrov S. Epoetin alfa in prevention of anemia induced by 5-fluorouracil in rats. Macedonian Journal of Medicine 2005; 51 (1-2): 69-84. | 2.4 |
| | – Kostova E, Jovanoska E, Zafirov D, Jakovski K, Maleska V, Slaninka-Miceska M. Dual inhibition of angiotensin converting enzyme and neutral endopeptidase produces effective blood pressure control in spontaneously hypertensive rats. Bratisl Lek Listy. 2005;106(12):407-11. | 2.4 |
| | – Zafirov D, Trojachanec J, Labachevski N, Korneti P, Cekovska S, Kikerkov I, Atanasovska E, Georgievska K, Petrov S. Epoetin alfa reduces cisplatin induced nephrotoxicity in rats. Maced Pharm bull 2006; 52 (1,2): 41-48. | 2.4 |
| | – Зафиров Д., Тројачанец Ј., Сланинка-Мицеска М., Јаќовски К., Зенделовска Д., Коловска В., Милошевски П., Петров С. Ефекти на амифостин во превенција на нефротоксичност индуцирана со цисплатин кај стаорци. Maced Pharm bull 2006; 52 (1,2): 25-32. | 2.4 |
| | – Тројачанец Ј., Зафиров Д., Лабачевски Н., Балканов Т., Кикерков И., Коловска В., Цековска С., Петров С. Ефектите на простациклин во третманот на дијабетичната нефропатија кај стаорци. Maced Pharm bull 2006; 52 (1,2): 33-40. | 2.4 |
| | – Атанасовска Е., Петров С., Милошевски П., Сланинка-Мицеска М., Костова Е., Јаќовски К., Зафиров Д., Ѓорѓиевска К., Кикерков И., Лабачевски Н. Влијание на хроничната администрација на фруктоза врз метаболичките и хемодинамските параметри кај Wistar-стаорци. Physioacta, 2008, Vol 2 – No. 2:17-28. | 2.4 |
| | – Zafirov D, Petrusevska G, Sikole A, Trojacanec J, Labacevski N, Kostova E, Jakovski K, Atanasovska E, Petrov S. Erythropoietin reduces cumulative nephrotoxicity from cisplatin and enhances renal tubular cell proliferation. Prilozi. 2009;29(2):167-84. | 2.4 |
| | – Тројачанец Ј., Зафиров Д., Сланинка- Мицеска М., Лабачевски Н., Костова Е., Ѓорѓиевска К., Милошевски П., Петров С. Улогата на ендотелин-1 во развојот на дијабетична нефропатија индуцирана со стрептозоцин. Maced Pharm bull 2006; 52 (1,2): 65-72. | 2.4 |
| | – Тројачанец Ј, Зафиров Д, Сланинка-Мицеска М, Костова Е, Јаќовски К, Коловска В, Цековска С, Петров С. Ефектите на еналаприл на стрептозоцин индуцираната дијабетична нефропатија кај стаорци. Physioacta, 2008, 2 (1):9-22. | 2.4 |
| | – Атанасовска Е., Сланинка-Мицеска М., Костова Е., Зафиров Д., Зенделовска Д., Лабачевски Н. Влијание на фенофибрат врз осетливоста кон инсулин кај експериментален модел на метаболички синдром. Physioacta, 2009, Vol 3 – No. 2:2-14. | 2.4 |
| | – Јаќовски К., Зенделовска Д., Сибиновска О., Кикерков И., Зафиров Д., Костов К., Милошевски П. Влијание на лацидипин и витамин Е врз нивоата на МДА (Malondialdehyde) при хронична нефротоксичност предизвикана со циклоспорин кај стаорци. Physioacta 2009; 2 (1): 23-33. | 2.4 |
| | – Зафиров Д., Тројачанец Ј., Лабачевски Н., Костова Е., Ѓорѓиевска К., Петров С. Долготрајниот ефект на епоетин алфа во превенција на хематолошка токсичност индуцирана со хронична администрација на цисплатин кај стаорци. Physioacta 2009; 2 (2): 65-71 | 2.4 |
| | – Atanasovska E, Labachevski N, Korneti P, Miloshevki P, Slaninka-Miceska M, Balkanov T, Kostova E, Zafirov D, Jakovski K, Kikerkov I, Gjorgjievska K, Trojachanec J, Petrovski O, Petrov S. Effects of rosiglitazone on metabolic | 1.8 |

| | | |
|---|---|---|
| | profile, adiponectin level and adipose tissue distribution in fructose-fed rats. Journal of Diabetes. Abstract from the 3rd International Congress on Prediabetes and the Metabolic Syndrome 2009 Vol 1 (Suppl 1): A239. (Труд со оригинални научни/стручни резултати објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: 1 труд | |
| 11. | Секциско предавање на научен/стручен собир: 1 предавање | 1 |
| 12. | Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество: 3 предавања | 6 |
| | **Вкупно** | **359.8** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија: 153 предмети | 153 |
| 2. | Експертски извештаи за фармаколошко-токсиколошката и клиничката документација: 227 предмети | 227 |
| 2. | Воведување на нова лабораториска/клиничка метода: 3 методи | 12 |
| | | |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | **Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.):**<br>• Закони : 1<br>• Правилници: 14<br>• Есенцијална листа на лекови: 1 | 32 |
| 2. | **Учество во комисии и тела на државни и други органи:** 7 комисии | 7 |
| | Вкупно | **431** |

| | |
|---|---|
| Професионални референци на кандидатот за избор во звање | |
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **94,8** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **359,8** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | / |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 431 |
| **Вкупно** | **885,6** |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Стојмир Петров, с.р ____________________
2. Проф. д-р Петар Милошевски с.р. ____________________
3. Проф. д-р Петраки Корнети с.р. ____________________
4. Проф. д-р Трајче Стафилов с.р. ____________________
5. Проф. д-р Никола Лабачевски с.р. ____________________